М-р Станојоска Ангелина

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ (MODUS OPERANDI)

Докторска дисертација

Скопје, јуни 2014 година

МЕНТОР: Проф.Д-р Злате Димовски
вонреден професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Оливер Бачановиќ
редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

Проф.Д-р Трпе Стојановски
редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

Проф.Д-р Марина Малиш - Саздовска
вонреден професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

Проф.Д-р Марјан Николовски
вонреден професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

Датум на одбрана: _____________ 2014 година
Датум на промоција: ___________ 2014 година

Научна област: Доктор на безбедносни науки

**ИЗЈАВА**

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека докторскиот труд е авторско дело, дека при неговата изработка ги почитував законските прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди, како и дека податоците кои се содржани во него се точни.

Изјавил,

М-р Станојоска Ангелина

## Резиме

Трговијата со луѓе, како и секоја друга појава во општеството, целосно ги приспособила своите карактеристики на моменталните случувања, односно во зависност од можностите во рамките на заедницата зависи и нејзиното функционирање.

Тргнувајќи од фактот дека феноменот претставува сложен криминален процес, неговото изучување повлекува потреба истото да се разгледува од повеќе аспекти. Сите тие се однесуваат на една страна на појавата, притоа поврзувајќи ја истата со исти или слични на неа дејствија, оставајќи ни простор да дискутираме за постоењето на синоними, антоними или хомоними.

Денешниот облик на трговијата со луѓе, вака поставен целосно ни дава можност истиот да го поврзуваме со сличните на него практики од минатото и токму таму да ги бараме неговите корени. Низ целокупната анализа на тогашните и денешните случувања би заклучиле дека содржината останува иста, се менуваат формата, донекаде и улогите на субјектите и објектите на делото.

Криминалистичките карактеристики на едно кривично дело даваат информации околу конкретната ситуација во која е извршено кривичното дело која претставува систем на елементи кои го опкружувале сторителот во моментот на извршување на кривичното дело. Користејќи ги нив би научиле како делото се извршува на територијата на Република Македонија, кои организирани криминални групи го вршат, кои средства ги користат, за преку тие информации да може да се изградат стратегиите за спречување на делото, да се пресмета потребата од одреден вид на мерки поврзани со проактивната истрага.



**Клучни зборови:** карактеристика, криминалистика, начин на извршување, Република Македонија , трговија со луѓе.

**Abstract**

Trafficking in human beings, like every other appearance, has adjusted its characteristics on the happenings in modern world. Its normal functioning is directly into dependence from the possibilities in the community.

Starting from the fact that the phenomenon is complicated criminal process, its research asks the same to be viewed from different aspects. All of those aspects refer to one side of the crime, connecting it with same or similar acts, leaving us a space to discuss the existence of synonyms, antonyms and homonyms.

Today's form of trafficking in human beings, gives us a possibility to connect it with similar practices from the past and search its roots. Through analyses of past and today's forms we could conclude that content is still the same, what changes is the form, and to some levels the roles of the subjects and objects of the crime.

Criminalistic characteristics of one crime give us information connected to the concrete situation in which a crime has been committed, a situation defined as system of elements that surrounded the perpetrator in the moment of committing the crime. Using them we could learn about the modus operandi of the organized criminal groups on the territory of Macedonia, their instrumentum operandi, and at the end use the information to built strategies for preventing the crime, calculate which measure connected to proactive investigation should be used.

**Key words:** characteristic, criminalistics, modus operandi, Republic of Macedonia, trafficking in human beings.

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ, ШЕМАТСКИ И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗИ

**Табели** **стр.**

Табела бр.1 - Обем и динамика на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а) во периодот 2002 - 2012 година 79

Табела бр.2 - Обем и динамика на к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 80

Табела бр.3 - Обем и динамика на феноменот трговија со луѓе (чл.418-а и чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 82

Табела бр.4 - Споредба на обемот и динамиката на к.д. трговија со луѓе (чл.418-а) и к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 84

Табела бр.5 - Процентуален удел на феноменот трговија со луѓе во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година 86

Табела бр.6 - Процентуален удел на к.д.трговија со луѓе(чл.418-а) во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година 87

Табела бр.7 - Процентуален удел на к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година 88

Табела бр.8 - Споредба на обемот и динамиката на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а), к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) и к.д.криумчарење мигранти (чл.418-б) во периодот 2002 - 2012 година 88

Табела бр.9 - Појавни облици на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а) во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година 91

Табела бр.10 - Појавни облици на к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година 92

Табела бр.11 - Појавни облици на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а) и к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година 92

Табела бр.12 - Бројот на пријавени, обвинети и осудени лица за кривичните дела (418 – а и 418 – г) во периодот 2002 - 2012 година 93

Табела бр.13 - Начинот на регрутацијата кај к.д.трговија со луѓе (чл.418-а од КЗ на РМ) во периодот 2002 - 2012 година 134
Табела бр.14 - Начинот на регрутацијата кај к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г од КЗ на РМ) во периодот 2002 - 2012 година 136
Табела бр.15 - Видови експлоатација кај к.д.трговија со луѓе (чл.418-а од КЗ на РМ) во периодот 2002 - 2012 година 138
Табела бр.16 - Видови експлоатација кај к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г од КЗ на РМ) во периодот 2002 - 2012 година 138
Табела бр.17 - Полот на сторителите на трговијата со луѓе (чл.418-а, чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 205
Табела бр.18 - Возраста на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година 207
Табела бр.19 - Државјански статус на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година 208
Табела бр.20 - Занимање на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година 209
Табела бр.21 - Пол на жртвите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година 213
Табела бр.22 - Возраст на жртвите на к.д. трговија со луѓе (процентуално учество на малолетните жртви) во периодот 2002 - 2012 година 213
Табела бр.23 - Државјанство на жртвите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година 214
Табела бр.24 - Возраст на жртвите на к.д. трговија со малолетно лице во периодот 2008 - 2012 година 215
Табела бр.25 - Државјанство на жртвите на к.д. трговија со малолетно лице во периодот 2008 - 2012 година 216
Табела бр.26 - Територијална распределеност на к.д.трговија со луѓе и трговија со малолетно лице во периодот 2002 - 2012 година 230
Табела бр.27 - Видови електронско набљудување 247
Табела бр.28 - Во однос на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице, кој вид истрага најчесто се применува? 259
Табела бр.29 - Во однос на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице, кој вид истрага најчесто се применува? 260

Табела бр.30 - На територијата на Република Македонија, овие кривични дела најчесто ги вршат 261
Табела бр.31 - Во случаите на организираното извршување на кривичното дело, што мислите, дали постојат семејни врски помеѓу сторителите? 261
Табела бр.32 - Дали сторителите/сторителот ги познавале жртвите? 262
Табела бр.33 - Минувањето државни граници, доколку ги има, најчесто е 263
Табела бр.34 - Дали во текот на транспортот се користат некои објекти за сместување на жртвите? 264
Табела бр.35 - Која е најчестата експлоатација на жртвите? 264
Табела бр.36 - Како најчесто сторителите го затскриваат кривичното дело? 265
Табела бр.37 - Што мислите, дали досега постоел случај во кој биле вклучени и овластени службени лица? 266
Табела бр.38 - Имајќи ја предвид комплексноста на кривичното дело, што мислите дали се случува Јавното обвинителство да ја промени законската инкриминација на кривичното дело која претходно ја навела полицијата? 267

**<u>Шематски прикази</u>** **стр.**

Шематски приказ бр.1 - Различните пристапи при дефинирањето на трговијата со луѓе и нивната меѓусебна поврзаност 68
Шематски приказ бр.2 - Процесот на трговијата со луѓе со неговите фази 112
Шематски приказ бр.3 - Поделба на присилната работа по сектори 131
Шематски приказ бр.4 - Кругот на ропската работа (должничкото ропство) 132
Шематски приказ бр.5 - Процесот на трговијата со луѓе во Република Македонија (Шематски приказ на <u>modus operandi)</u> 141
Шематски приказ бр.6 - Врската меѓу можностите, вклучените страни и корупцијата во процесот на трговијата со луѓе 155
Шематски приказ бр.7 - Криминалните организирани групи и нивното место во општествената структура 164
Шематски приказ бр.8 - Хоризонтална структура на организирана криминална група која врши трговија со луѓе 165
Шематски приказ бр.9 - Дијаграм на врски 168
Шематски приказ бр.10 - Концептот на “претпријатие” кое се занимава со трговија со луѓе 173

Шематски приказ бр.11 - Шематска поставеност на функциите кај криминална организација која врши трговија со луѓе заради сексуална експлоатација 182
Шематски приказ бр.12 - Функционирањето на албанските организирани криминални групи 187
Шема бр.13 - Поврзаноста на трговијата со луѓе и трговијата со дрога 197
Шематски приказ бр.14 - Процесот на криминалистичка анализа и утврдување на профил на сторителот на кривичното дело 222
Шематски приказ бр.15 - Изглед на процесот на научно - индуктивно профилирање 225
Шематски приказ бр.16 - Таргетирање на жртвите на трговијата со луѓе: субпопулации и популации каде се таргетираат жртвите на трговијата со луѓе 226
Шематски приказ бр.17 - Односот на трите страни директно поврзани со кривичното дело 228
Шематски приказ бр.18 - Модел на полициско дејствување врз основа на разузнавачки информации 239
Шематски приказ бр.19 - Подрачја на собирање на разузнавачки информации 241
Шематски приказ бр.20 - Процесот на „легализирање“ на нелегално стекнатите средства од трговијата со луѓе 254
Шематски приказ бр.21 – Препораки на меѓународно ниво 274
Шематски приказ бр.22 - Потребни чекори на регионално и државно ниво 275

**<u>Графички прикази</u>** **стр.**

Графички приказ бр.1 - Обемот и динамиката на к.д. Трговија со луѓе (чл.418-а) во периодот 2002 - 2012 година 79
Графички приказ бр.2 - Обемот и динамиката на трговијата со малолетно лице (чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 81
Графички приказ бр.3 - Обемот и динамиката на феноменот трговија со луѓе (чл.418-а и чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година 82
Графички приказ бр.4 - Обемот и динамиката на к.д. трговија со луѓе 85

(чл.418-а) и к.д. трговија со малолетно лице (чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година

Графички приказ бр.5 - Обемот и динамиката на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а), к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) и к.д.криумчарење мигранти (чл.418-б) во периодот 2002 - 2012 година 89

Графички приказ бр.6 - Пол на испитаниците 257

Графички приказ бр.7 - Студиски години на испитаниците 258

Графички приказ бр.8 - Студиски години на испитаниците од машки пол 258

Графички приказ бр.9 - Студиски години на испитаниците од женски пол 259

**Географски мапи** **стр.**

МТМ Мапа на нелегална миграција и мешани миграциони рути за 2012 година Западна, Северна и Источна Африка, Европа, Медитеранот и Средниот Исток 124

## **Листа на кратенки**

БДП – Бруто домашен производ

БиХ – Босна и Херцеговина

ЕУ – Европска Унија

ИЛО (ILO) – Меѓународна Организација за Работа (International Labour Organization)

ИОМ (IOM) – Меѓународна Организација за Миграција (International Organization of Migration)

КД – Кривично дело

КЗ – Кривичен Законик

МВР – Министерство за внатрешни работи

ОБСЕ (OSCE) – Организација за безбедност и соработка во Европа (Organization for Security and Cooperation in Europe)

ООН (UN) – Организација на Обединетите Нации (United Nations)

РМ – Република Македонија

САД – Соединети Американски Држави

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

УН – ГИФТ (UN – GIFT) – Глобална Иницијатива за борба против трговијата со луѓе на Обединетите Нации (United Nations – Global Initiative to Fight Human Trafficking)

УНОДЦ (UNODC) – Канцеларија за дрога и криминал на Обединетите Нации (United Nations Office on Drugs and Crime)

УНХЦР (UNHCR) – Канцеларија на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (United Nations High Commissioner for Refugees)

УО – Угостителски објект

## Содржина

Вовед 17

**I Формулација на проблемот и теоретско - методолошки пристап кон неговото истражување**

1. Формулација на проблемот 22
2. Предмет на истражувањето 27
3. Хипотези на истражувањето 30
4. Начин на истражување 31
5. Цел на истражувањето 32
6. Научна и општествена оправданост на истражувањето 33

**II Правни аспекти на трговијата со луѓе**

1. Дефинирање на трговијата со луѓе 37
   1.1. Различни пристапи при дефинирањето на трговијата со луѓе 37
      1.1.1. Трговијата со робови и трговијата со луѓе 38
         1.1.1.1. Генеза на ропството и трговијата со робови 38
         1.1.1.2. Модерната страна на старото ропство 40
      1.1.2. Трговијата со луѓе и глобализацијата 44
      1.1.3. Трговијата со луѓе како форма на организиран криминал 47
      1.1.4. Трговијата со луѓе и проституцијата 50
      1.1.5. Трговијата со луѓе и миграцијата 55
      1.1.6. Трговијата со луѓе и човековите права 62
2. Кривично правно одредување на трговијата со луѓе 69

**III Криминолошки карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија**

1. Феноменологија на криминалитетот 76
   1.1. Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе во Република 77

Македонија во периодот 2002 - 2012 година
1.1.1. Обем и динамика на трговијата со луѓе во Република Македонија 78
1.1.2. Структура и структурни промени на трговијата со луѓе во Република Македонија 90
1.1.3. Компаративен на бројот на поднесени кривични пријави, обвинителни акти и судски пресуди во врска со феноменот на трговијата со луѓе, односно пријавени, обвинети и осудени сторители 93
2. Етиологија на трговијата со луѓе 94
2.1. Краток преглед на факторите на оттурнување и привлекување 98

## IV Криминалистички карактеристики на трговијата со луѓе

1. Краток преглед на поимот на криминалистиката 105
2. Поим за криминалистички карактеристики 106
3. Криминалистички карактеристики на трговијата со луѓе 108
3.1. Начинот на извршување на трговијата со луѓе (modus operandi) 108
3.1.1. Поим за modus operandi 108
3.1.2. Modus operandi кај трговијата со луѓе 109
3.1.2.1. Процесот на трговијата со луѓе 110
3.1.2.1.1. Регрутација 112
3.1.2.1.2. Транспорт 116
3.1.2.1.3. Експлоатација 124
3.1.3. Modus operandi кај трговијата со луѓе во Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година 132
3.1.3.1. Modus operandi кај трговијата со луѓе пред инкриминацијата на кривичното дело во Кривичниот Законик на Република Македонија 141
3.1.3.1.1. Случајот на Д.Б.Л. 142
3.2. Instrumentum operandi кај трговијата со луѓе 150
3.3. Трагите кај трговијата со луѓе 155
3.4. Криминалната ситуација кај трговијата со луѓе 156
4. Организирани криминални групи, со посебен осврт на тие кои се занимаваат со трговија со луѓе 157

4.1. Поим за организирана криминална група 157
4.2. Структура на организираните криминални групи 161
4.2.1. Организирана криминална група: социјална мрежа или интерес 161
4.2.2. Матрица на организираните криминални групи 164
4.2.3. Модели на организираните криминални групи 168
4.2.3.1. Трговијата со луѓе како пазар 168
4.2.3.2. Трговијата со луѓе како бизнис 170
4.2.4. Внатрешна структура на организираните криминални групи кои се занимаваат со трговија со луѓе 176
4.2.5. Некои карактеристични криминални групи кои тргуваат со луѓе 182
4.2.5.1. Албански организирани криминални групи 183
4.2.5.2. Турски организирани криминални групи 186
4.2.5.3. Руски организирани криминални групи 187
4.2.5.4. Бугарски организирани криминални групи 190
4.2.5.5. Кинески организирани криминални групи 191
4.2.5.6. Нигериски организирани криминални групи 193
5. Трговијата со луѓе и трговијата со дрога 194
6. Трговијата со луѓе и трговијата со органи, ткива и клетки 197

**V Карактеристики на сторителот и жртвата на кривичното дело трговија со луѓе**

1. Карактеристики на сторителот и жртвата на трговијата со луѓе 201
1.1. Личноста на сторителот на кривичното дело и неговите карактеристики 201
1.2. Личноста на жртвата на трговијата со луѓе и нејзините карактеристики 212
2. Метод на профилирање 217
2.1. Краток историски преглед на употребата на профилирањето 217
2.2. Поим на профилирањето 220
2.3. Видови на профилирање 223
2.4. Профили на сторителите и жртвите на кривичното дело трговија со луѓе 225
3. Географско профилирање 226

## VI Методика на откривање на кривичното дело трговија со луѓе


1. Модели на криминалистичките истраги преку кои може да се открие кривичното дело трговија со луѓе 232

1.1. Реактивна истрага кај трговијата со луѓе 234

1.2. Истрага за прекин или спречување на активностите на извршителите на кривичните дела 235

1.3. Проактивната истрага кај трговијата со луѓе 236

1.3.1. Криминалистичкото разузнавање како елемент на проактивната истрага 237

1.3.2. Специјалните истражни мерки како елемент на проактивната истрага 242

1.3.3. Финансиска истрага кај трговијата со луѓе 251

2. Истражување на сознанијата на студентите за криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе 257

**Заклучоци и предлози** 270

**Прилози** 280

**Библиографија** 285

*На првата генерација (2004 - 2008 година) дипломирани криминалисти*
*на Полициската академија во Скопје,*
*оние кои никогаш не добија можност да се борат против криминалот*
*и да се грижат за безбедноста на граѓаните на Република Македонија*

## Вовед

Држејќи се до тезата дека трговијата со луѓе, денес не е ништо повеќе од ропството во минатото би констатирале дека станува збор за неговата криминална форма, прилагодена на моменталните односи во општеството, на потребата од лесна материјална добивка.

Градејќи ја сликата за вистинското лице на трговијата со луѓе во Република Македонија, преку истражувањето на неговите феноменолошки карактеристики, дојдовме до сознанија за кривичното дело на овие простори. Сепак сознанијата за одредена појава би биле залудни, доколку истите не би биле искористени при градењето стратегии и преземањето чекори за превенирање на идните случувања на појавата и колку што е можно повеќе, сузбивање на истата.

Токму заради тоа улогата на криминалистичките карактеристики е клучна. Преку начинот на кој се извршува делото, средствата кои се користат за исполнување на забранетите дејствија, и останатите карактеристики врзани за феноменот, но и за сторителот и жртвата на кривичното дело, доаѓаме до информации чија вредност може да се пронајде во подоцнежната изградба и избор на мерките потребни за успешна истрага, откривање на сторителите и нивно санкционирање.

Докторскиот труд е поделен на шест дела, односно глави, од кои секоја посебно претставува засебна целина која обработува одреден аспект од многубројните можности за истражување на трговијата со луѓе.

Почетниот дел го опфаќа воведот во проблемот кој ќе се истражува, тргнувајќи од местото кое го има трговијата со луѓе меѓу криминалните проблеми на денешницата, материјалниот профит кој неизбежно доаѓа со неа, како и последиците кои најмногу ги чувствуваат експлоатираните. Исто така, овој дел, детално ги објаснува начините преку кои ќе го истражиме поставениот проблем, методите и средствата потребни за целосно откривање на појавата, потребната анализа на меѓународните и домашните документи посветени на кривичното дело.

Заради целосно определување на кривичното дело, втората глава детално го обработува неговиот кривично правен аспект, почнувајќи од Протоколот од Палермо како базичен документ врз кој националните законодавства го темелат своето законско

решение. Овој дел нуди преглед на поврзаноста на појавата со други појави, како од минатото, така и денес. Преку поврзаноста со трговијата со робови и ропството; организираниот криминал; проституцијата; миграционите движења; како одговор на продирањето на глобализацијата во секоја пора на општественото живеење, па и во криминалната; кршењето на основните права и слободи на човекот и граѓанинот отсликано во уривањето на вредностите поврзани со достоинството на секое човечко суштество, може да се прикаже комплексноста на кривичното дело.

Во истиот, втор дел, се обработуваат и мерките кои ги презела Република Македонија за исполнување на обврските добиени од потпишувањето на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал и дополнителните Протоколи, мерки кои подоцна се преточени во инкриминацијата содржана во Кривичниот Законик на Република Македонија. Самата инкриминација е обработена од нејзиниот првичен изглед од 2002 година, па преку сите извршени измени се до последната година од интерес на нашето истражување, 2012.

Третиот дел е посветен на криминолошките карактеристики на трговијата со луѓе, кои иако не се централна тема на нашиот интерес, сепак се важни заради добивање поцелосна слика за појавата. Знаејќи ја важноста на феноменологијата при обработката на едно кривично дело, овој дел дава податоци околу обемот на делото, неговата динамика, структура и промени во неа, како и за неговите појавни облици поделени според различни карактеристики поврзани со секоја поединечна фаза на криминалниот процес. Од друга страна пак, краткиот преглед на етиолошките карактеристики, односно причините, условите и поводите за појава на кривичното дело, дава добра основа за нивно искористување во изградбата на стратегиите за сузбивање и превенирање на овој вид криминалитет, како и при изборот на мерките кои треба да се акцентираат во процесот на криминалните истраги.

Следната, четврта глава, е централниот дел на докторскиот труд, бидејќи таа го содржи и обработува нашиот предмет на интерес и истражување. Криминалистичките карактеристики ја претставуваат основата за откривање на фактот дека одредено кривично дело е извршено, како и основата за откривање на неговиот сторител или сторители. Обработувајќи ги средствата со кои се извршува делото, трагите, криминалната ситуација, како и личноста на сторителот и на жртвата, но и посебно осврнувајќи се на начинот на извршување на кривичното дело, преку анализата на секундарните податоци добиени од Министерството за внатрешни работи, добиваме целосно составен преглед на модусот на работа на сторителите на овие простори, со

чие познавање би можеле да изградиме стратегија со мерки со чија употреба би се работело на сузбивањето и превенирањето на ова кривично дело.

Исто така, во овој дел, се врши и анализа на структурата на организираните криминални групи, како главни и најчести сторители на овој вид криминалитет; анализа на моделите на тргување со луѓе во зависност од територијата каде делото се извршува, како и анализа на поставеноста на криминалните групи. На крајот, се дава и краток преглед на попознати организирани криминални групи, тргнувајќи од нивната етничка основа, но и од континенталните граници во чии рамки се занимаваат со овој криминален бизнис.

Наредниот дел повторно е поврзан со криминалистичките карактеристики, но е поставен самостојно во структурата на трудот. Личноста на учесниците во криминалниот процес игра значајна улога, со важност која може да се согледа во текот на криминалните истраги. Имајќи информации околу демографските, но и психичките карактеристики на сторителите, како и на жртвите, добиваме можност за изградба на профил и на двете страни, преку кој подоцна можат да се извлекуваат заклучоци околу идните, потенцијални жртви, но и околу можните сторители.

Шестата глава ги обработува криминалните истраги, објаснувајќи ги придобивките од употребата на која било од нив, но притоа неизбежно акцентирајќи ја важноста на криминалистичкото разузнавање и проактивното работење кога станува збор за, условно кажано, модерните кривични дела. Иако, обработката на мерките кои можат да се преземат е далеку од навлегување во сржта на оваа проблематика, сепак неизбежна е потребата истите да бидат споменати, со што се отсликува намерата и се отвора можноста за некои идни, подетални истражувања на таа област.

Понатаму, во овој дел е содржана и анализата на податоците добиени со анкетирање на студенти на Факултетот за безбедност во Скопје. Студентите се од три студиски години, од втора до четврта. Тргнувајќи од идејата дека по нивното дипломирање, тие лица би требало да се во првата борбена линија составена од државните органи за безбедност надлежни за спречување на ова кривично дело, анкетирањето би требало да даде информации околу тоа колку тие ја познаваат проблематиката.

Докторскиот труд, низ неговите страници, преку сублимација на заклучоците добиени од анализата на најбитните делови кои го сочинуваат криминалниот процес на едно сложено кривично дело, како што е трговијата со луѓе, треба да даде информации за постоењето на кривичното дело на македонско тло, за неговото штетно влијание врз

повеќе животни и општествени сфери, за мерките кои се преземаат и треба да се преземат за во иднина делото да се превенира, доколку не може да се сузбие целосно.

# ГЛАВА I

# ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО - МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Формулација на проблемот

Во минатото постоел однос на разликување на луѓето врз основа на добиеното од природата. Според тој критериум било заклучено дека меѓу луѓето постојат разлики...машкиот во споредба со женскиот пол – едниот е посилен, другиот послаб; првиот управува, вториот е потчинет. Таквиот однос е нужен и кај сите луѓе; оние што се разликуваат онолку, колку душата од телото и човекот од ѕверот се по природа робови. Зашто по природа е роб оној, кој може да му припаѓа на друг и кој учествува во мислењето толку колку да разбере, но не и за да го има...И природата сака да ги направи различни телата на слободните луѓе и на робовите – на вториве, силни за нужната потреба, а на првите, исправени и неспособни за такви работи, но полезни за државнички живот.[1] Па, така јасно е, дека некои луѓе се раѓаат како слободни, додека други како робови, и за овие вторите состојбата на ропство е и добивка и правда.[2] Порано луѓето сметале дека имаат право на потчинување на луѓето со пониско потекло, моќ, доблест, и воопшто, во поглед на сето она во што човек има голема надмоќ над другите.[3] Бидејќи човековата природа е зла: тоа гарантира сила! Оние раси кои не можат да ја поднесат осудени се на пропаст; оние кои ја чувствуваат како најголема благодет, предодредени се да бидат господари.[4]

Робовите и трговијата со нив најголемата експанзија ја имале во текот на XV век. Шпанија е првата европска земја која ја дозволила трговијата со робови, но многу брзо потоа тоа го направиле и Португалија, Холандија, Франција и Велика Британија. Во 1672 година, Кралот на Англија со документ на Кралската Африканска Компанија ѝ дозволил да продава робови, со што до крајот на тој век, ропството станало легална и посакувана гранка на трговијата воопшто.[5] Тогаш почнува и периодот на Атлантската трговија со робови од Африка која траела 350 години.

XVIII век е познат како период кога започнала аболицијата на ропството, која завршила во 1980 година со последната земја која се откажала од односите во

[1] Аристотел. *Политика.* (Скопје: Слово, 2006), стр.14
[2] Ибид, стр.15
[3]Аристотел. *Реторика.* (Скопје: Ѓурѓа, 2010), стр. 92
[4]Фридрих Ниче. *Волја за моќ* (Скопје: Ѓурѓа, 2008), стр. 12
[5] Mitchel P.Roth, *Global Organized Crime.* (Santa Barbara: ABC-CLIO, 2010), p.17

општеството во кое човечки суштества се третираат како нечија сопственост. Но, и покрај целосното укинување, човековата бескрајна инспирација за нови нешта, макар тоа биле средства за уништување на сопствениот вид, кулминираше со појавата на трговијата со луѓе.

И затоа денес, како огледало за моралниот карактер, фразата "Џекил и Хајд" (Jekyll and Hyde) е насекаде прифатена за објаснување на темната страна на човекот, која е скриена некаде во него,[6] затоа што развојот на човековата цивилизација во чекор постојано е следен од страна на човековиот ум. Така, користејќи го минатото, криминалните групи трговијата со робови ја претворија во еден од најисплатливите криминални бизниси на денешницата - трговијата со луѓе.

Бројот на кривични дела драстично се зголеми со глобализацијата на општеството, со издигнувањето на недозволената трговија и со крајот на Студената Војна. Слободните пазари, слободната трговија, зголемената економска конкуренција, како и немешањето на државата во целокупната пазарна економија со себе го доведоа процесот на глобализација. Овој процес, денес се карактеризира со зголемена мобилност на стоки и луѓе, како и полесна комуникација. Многу претходно, условно кажано, зафрлени делови од светот, сега се вклучени во целокупната глобална економија. Но, контролата за влез во највлијателните земји во светот, се уште претставува пречка за сите оние кои сакаат да мигрираат. Таквите чекори само создаваат погодна почва за криминогени дејствија, при што многу од потенцијалните мигранти бараат начини незаконски да влезат на територијата на тие земји.[7]

Појава на трговијата со луѓе во својата основа е длабоко поврзана со голем број општествени процеси. Пристапот базиран на миграцијата, на пример, се фокусира на миграционите политики и работата на мигрантите, можностите за работа во другите земји, глобализацијата на економијата и стратегиите за развој. Пристапот базиран врз кривичната правда е насочен кон легислативата и нејзината имплементација, полициските стратегии, пречките при кривичното гонење и вклученоста на организираниот криминал. Пристапот кој во својата основа ги има човековите права ја признава важноста на правдата, но причините за трговијата со луѓе ги наоѓа во злоупотребата на власта, корупцијата на државните органи, дискриминацијата, и незаштитувањето на граѓанските, политичките, економските и социјалните права на

[6] Don Jacobs. *Analyzing Criminal Minds: Forensic Investigative Science for the 21$^{st}$ Century.* (Santa Barbara-Denver-Oxford: Praeger, 2011), p.15
[7] Kathryn Cullen – DuPont. *Human trafficking.* (New York: Facts on file, 2009), p.37

луѓето, од страна на државата. Најголемиот број феминистички движења го прифаќаат најголемиот дел од овие пристапи, но нив ги ситуираат во половата, расната и класната нееднаквост, и моќта која им дава можност на некои да злоупотребуваат други. Во нивната анализа под трговијата со луѓе се подразбира експлоатацијата на жените. Феминистичките теории во својата основа како примарна причина за појавата на трговијата со луѓе ја имаат побарувачката за секс од страна на мажите.[8]

Штом трговијата со луѓе ќе успее да навлезе длабоко во одредена држава, истата придонесува кон зголемување на интензитетот на заканите за нејзиното нормално функционирање. Ова е дотолку повеќе изразено поради тоа што оваа практика има карактер на транснационален организиран криминал што пак претставува сериозна закана за стабилноста на државите, националната и меѓународната безбедност.[9]

Трговијата со луѓе, денес, само во Европа донесува приход во висина меѓу седум до тринаесет милијарди долари на годишно ниво, од кои седум се само од трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација. На годишно глобално ниво, сексуалната експлоатација на жртвите на трговијата со луѓе остварува профит од околу 60 милијарди американски долари. Тоа е за 400% повеќе од истата таа пресметка од почетокот на деведесеттите години на минатиот век, што во финансиска смисла значи нејзино изедначување со профитот од “наркокриминалот”. [10] Како резултат на карактеристиките кои го олеснуваат процесот на трговијата со луѓе, денес, таа полека, но сигурно станува важна индустрија по моќност и финансиска добивка и се наоѓа во чекор со трговијата со дрога и оружје. На пример, вкупната сума на финансиски средства до кои се дошло преку трговијата со луѓе за секаква екплоатација во 2007 година приближно изнесувала 152.3 билиони долари, со профит од 91.2 билиони долари. Всушност, станува збор за индустрија која доведува до добивка од 70%, што ја нема ниту Google, чиј годишен профит во 2006 година изнесувал 29%.[11] Според Стејт Департментот (State Department) приближно 800 000 лица се тргувани преку меѓународните граници секоја година. Иако мажите, жените и децата се јавуваат како

---

[8]Lara Fergus, *Trafficking in Women for Sexual Exploitation.*(Melbourne: Australian Centre for the Study of Sexual Assault, 2005), p.8

[9] Бистра Неткова. “Анализа на трговијата со луѓе од аспект на организираниот криминал”*Организиран криминал – правни аспекти (2008):* 138

[10] Саша Мијаковиќ. “Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима” *Безбедност бр.1 (2010):* 42

[11]Siddharth Kara, *Sex trafficking: Inside the business of modern slavery* (New York: Columbia University Press, 2009), p.19

жртви, сепак состојбата на терен покажува дека станува збор за кривично дело кое диспропорционално најмногу ги погодува жените и девојките кои претставуваат скоро 80% од лицата тргувани транснационално, најчесто заради сексуална експлоатација.[12]

Ваквите карактеристики на модерното ропство неизбежно придонесуваат тоа да се проширува слободно и да навлегува во сите пори на оштеството. Затоа, слично како и кога станува збор за болестите кои го напаѓаат човековиот организам, така и кај тие кои го напаѓаат целокупното општество во кое една единка опстојува, како и нејзините основни слободи и права, се јавува потребата од истражувања кои би дале потенцијални, добри средства за спречување на таквите појави.

Квалитативните критериуми што го одредуваат интересот и ангажманот во справувањето со оваа појава произлегуваат од нејзината суштина. Во овој случај се продава или се купува нешто што човекот не може да го продаде, бидејќи со тоа човекот се претвора во стока, како и секоја друга чија вредност се одредува во зависност од побарувачката и понудата. [13]

Науките чија цел е изучување и објаснување на криминалитетот од најразлични аспекти го обработуваат феноменот на трговијата со луѓе. Нивната поврзаност е неминовна и потребна за успешно изучување и спротивставување на кривичното дело. Криминологијата, пред се преку феноменологијата јасно го отсликува целокупниот процес на појавата, а криминалистиката тие информации ги користи при изградбата на стратегии и методики за откривање и справување со делото.

Криминалистичките карактеристики на едно кривично дело даваат информации околу конкретната ситуација во која е извршено кривичното дело која претставува систем на елементи кои го опкружувале сторителот во моментот на извршување на кривичното дело. Понатаму, за начинот на извршување и средствата користени при извршувањето на делото, за трагите кои ја опфаќаат секоја видлива, или со голо око невидлива материјална промена настаната на местото на настанот, на жртвата или на сторителот, во врска, или во ситуацијата на извршување на кривичното дело. Исто така криминалистичките карактеристики ги опфаќаат и карактеристиките на личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело. На ваков начин се добива многу појасна слика за криминалитетот воопшто или пак за одредени видови на кривични

---

[12] Nina Tavakoli. “A Crime that Offends the Conscience of Humanity: A Proposal to Reclassify Trafficking in Women as an International Crime” *International Criminal Law Review 9* (2009): 80

[13] Љупчо Арнаудовски, Трпе Стојановски. *Трговија со луѓе – Криминалитет.* (Скопје:Скенпоинт, 2002), стр.83

дела. Информациите добиени преку истражувањата на криминалистичките карактеристики, корисни се во борбата против него. Преку нив полесно би можеле да се утврдат потребните мерки за успешна репресија, но пред се превенција.

Начинот на извршување на делото (modus operandi) за умислените кривични дела е основниот елемент на нивните криминалистички карактеристики. Тој ги опфаќа припремните дејствија, самото дејствие на извршување, дејствијата post factum.[14] Во потесна смисла тоа е самото дејствие на извршување на кривичното дело. Додека во поширока смисла, во себе го опфаќа видот на кривичното дело, методот на извршување на делото, средството за извршување, објектот на напад, местото на извршување на кривичното дело, времето на извршување на делото, како и други објективни, но и субјективни карактеристики поврзани со одреден стил на извршување на одредено кривично дело.[15] Методологијата на извршување на трговијата со луѓе никогаш не мирува, криминалните групи можат постојано да го менуваат својот modus operandi, да ги менуваат рутите на движење, начините на регрутација, да го менуваат својот идентитет. Сепак постои една битна карактеристика на ова кривично дело – неговата крајна цел, профитот.[16] За да биде профитабилно, жртвите мора да бидат на пазарот, во обласа во која се врши нивно експлоатирање. Тој е тесно поврзан со сите три фази на кривичното дело, бидејќи без неговата последна, тоа не би ни постоело.

Во однос на борбата со ваквите кривични дела, долго време во спротивставувањето на нив секогаш бил користен т.н.реактивен пристап, кој се состои во преземање законски пропишани мерки и дејствија по извршеното кривично дело, со цел негово расветлување и докажување. Во овој вид на кривична и криминалистичка процедура проблемот не е во пронаоѓање и доаѓање до сознанија дека кривичното дело е извршено, туку акцентот се става врз пронаоѓањето на докази неопходни за негово процесуирање. Меѓутоа, заради експанзијата на организираниот криминал и појавата на т.н. консензуални деликти, еден од потешките проблеми за криминалистиката е доаѓањето до информации околу извршено кривично дело. Иако постојат бројни индикатори за неговото постоење на одредено подрачје (на пример, експанзијата на бордели во кои се нудат сексуални услуги за пари, при што комерцијалните сексуални работнички се во најголем број странски државјанки, од неразвиени и сиромашни

[14] Марјан Котески, *Криминалистички карактеристики кај убиствата.* (Скопје, 2006), стр.36
[15] Vlado Peric, *Kako se prikupljaju i provjeravaju objavestenja o krivicnim djelima za koja se goni po sluzbenoj duznosti.* (Savremena administracija: Beograd, 1971), str.32
[16] Злате Димовски. *Прирачник за криминалистичко разузнавање.* (Графотранс: Скопје, 2007), стр.26

земји – индикатор за постоење на трговија со луѓе), сепак директни сознанија за времето и местото на извршување на кривичното дело изостануваат, најчесто заради немањето пријава од страна на оштетеното лице (во случајот жртвата), но и заради високата организираност и професионализам на сторителите на кривичното дело. Од друга страна, во однос на поединците и криминалните групи, постои сомнеж дека се работи за незаконски активности, односно дека тие активности претставуваат опасност за поединците и општеството. Меѓутоа, не постојат сознанија за извршени поединечни, конкретни кривични дела, со што реактивниот пристап на спротивставување на криминалитетот не може да биде применет. Затоа во последните неколку години се повеќе се заговара употребата на нов пристап на криминалистичко работење, кој е т.н. проактивен пристап.[17]

Смислата на проактивниот пристап треба да се бара во неговата заснованост врз оперативните сознанија и податоци околу кривичното дело и неговите сторители, собрани преку користење на технички средства и луѓе, употреба на тајни методи и посебни истражни дејствија.

Анализирајќи ги сите претходно споменати аспекти на трговијата со луѓе, добиваме информации околу кривичното дело на просторот на Република Македонија, а преку нив можеме да изградиме систем од мерки за превенција на идните случувања поврзани со него.

## 2. Предмет на истражувањето

Во однос на кривичното дело од интерес, јасно може да се заклучи дека трговијата со робови и трговијата со луѓе претставуваат две страни на една иста појава.

Денес, поврзаноста на трговијата со луѓе, пред се на таа транснационалната, со организираниот криминал е повеќе од очигледна. Но, неможноста да се состави прифатлива дефиниција за него, се отсликува и во однос на трговијата со луѓе за која консензусот за нејзиниот поим се уште не е можен.

Конвенцијата од Палермо (UN Convention against Transnational Organized Crime) која всушност е носечкиот документ за кој е врзан и Протоколот посветен на трговијата со луѓе, директно не го дефинира поимот на организираниот криминал, туку

[17] Саша Мијалковиќ. "Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима" *Безбедност бр.1 (2010):* 46-47

се задржува на дефинирање на поимот на организирана криминална група, како основна клетка на дејствијата поврзани со модерниот криминалитет.

Така, поимот организирана криминална група е дефиниран како структурирана група од три или повеќе лица која постои определен период и која дејствува со цел да изврши едно или повеќе тешки кривични дела или дела востановени во согласност со оваа Конвенција, со цел од тоа да извлече, директна или индиректна финансиска или друга материјална корист.[18] На ваков начин се отвора можност за различно толкување на значењето, а со тоа и до појава на несинхронизираност во акциите и мерките за спречување на кривичните дела поврзани со овој вид криминал.

Важна појдовна основа за какви било мерки против трговијата со луѓе е јасното дефинирање на кривичното дело. Доколку кривичното дело не е јасно и прецизно дефинирано, истражувањето на обемот и елаборацијата на начинот на решавање на проблемот се невозможни. Солуциите исто така зависат од начинот на кој проблемот се дефинира. Без јасна дефиниција, невозможно е и вклучувањето на меѓуграничната соработка. Се додека државните органи и невладините организации не се фокусираат на истото кривично дело и не ги препознаат истите видови жртви на ова дело, на предложените решенија ќе им недостасува координираност и ефикасност.[19]

Најприфатената дефиниција која го објаснува феноменот на модерното ропство е донесена во 2000 година, од страна на Обединетите Нации. Важноста на Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца (Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children)[20]е и во тоа што е прв обид да се даде поопширна и сеопфатна дефиниција на трговијата со луѓе.

Членот 3, став (а), трговијата со луѓе ја дефинира како "*регрутирање, транспорт, трансфер, прифаќање или примање на лица со помош на употреба на уцена или сила или други начини и форми на насилство, измама, заблуда, или со помош на употреба на моќ или искористување на состојба на ранливост, или со давање или земање на парични средства или бенефиции за да се постигне целта да се има*

---

[18] Article 2, paragraph a, United Nations Convention against Transnational Organized Crime, available at http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/covention_%20traff_eng.pdf [24.12.2011]

[19] Организација за безбедност и соработка во Европа. *Прирачник за ревизија на законските регулативи против трговијата со луѓе.* (Скопје: OSCE/ODIHR, 2001), стр.49

[20]Во понатамошниот дел од текстот Протокол од Палермо. Донесен на 15 ноември 2000 година, стапил на сила на 25 декември 2003 година, достапен на http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/covention_%20traff_eng.pdf

*контрола врз лицето, се со цел лицето да се експлоатира. Експлоатацијата вклучува минимум експлоатација при проституција или каква било друга сексуална експлоатација, принудна работа или вршење на други услуги, ропство или сличен на него однос и трговија со човечки органи.*"[21]

Дефиницијата го прифаќа, но не го разработува фактот што овој криминалитет е повеќедимензионален, се остварува во поврзан процес низ повеќе фази, при што секоја фаза има или се остварува низ повеќе различни облици на криминални појави. Според тоа, овој криминалитет не се манифестира, не се остварува низ поединечен криминален чин, туку низ многубројни криминални дејства кои се самостојни или се надоврзуваат едно на друго низ различните фази, кои и самостојно и заедно се криминална активност составена од повеќе различни криминални дејства.[22] Таа јасно ја отсликува комплексноста на делото, како и комплексноста на неговите карактеристики, пред се на начинот на неговото извршување, кој не е константен, туку се менува во зависност од условите во текот на целокупниот процес.

Од друга страна, извршувањето на кривичното дело, пред modus-от operandi на сторителите на делото, без разлика дали станува збор за организиран начин на извршување на делото или не, дали станува збор за меѓународна или за внатрешна трговија со луѓе, е тесно поврзано со промените во општеството, со територијата каде кривичното дело се извршува, со потенцијалните жртви, и др.

Како феномен кој е поврзан со прекршувањето на најелементарните човекови права, феномен кој го повредува човековото достоинство, трговијата со луѓе отсекогаш била и се уште е синоним за многубројни истражувања, како во светски рамки, така и на европскиот континент. Најголемиот број од нив се задржуваат на феноменолошките карактеристики на кривичното дело, пред се на неговите појавни облици, иако мора да се спомене дека одредени публикации се посветени на други негови сегменти. Би ја спомenале публикацијата на Обединетите Нации (United Nations), т.е. Канцеларијата за дрога и криминал (United Nations Office on Drugs and Crime) под наслов Алатки за борба против трговијата со луѓе (Toolkit to combat Trafficking in Persons) која теоретски ја обработува т.н. 3P парадигма и која дава насоки за тоа на каде треба да се движат

[21] Член 1, Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе посебно со жени и деца, достапен на http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/covention_%20traff_eng.pdf
[22] Љупчо Арнаудовски. "Криминалитетот "Трговија со луѓе" – проблеми во дефинирањето" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 61

понатамошните чекори во борбата со трговијата со луѓе и во која насока да се движат истрагите на органите на кривичниот прогон.

Исто така, многу други меѓународни организации во рамките на своите истражувања го споменуваат и начинот на извршување на кривичното дело, пред се во деловите посветени на фазите на криминалниот процес.

Во светски рамки, многу автори во рамките на своите публикации зборуваат за одредени криминалистички карактеристики на кривичното дело, пред се за начинот на неговото извршување и карактеристиките на сторителите на делото и нивните жртви, како и за нивниот меѓусебен однос.

## 3. Хипотези на истражувањето

**Генерална хипотеза**

Бројот на кривичните дела "трговија со луѓе" и "трговија со малолетно лице" во последните неколку години е во постојано намалување.

**Генералната хипотеза** ќе биде проверена преку емпирискиот дел на истражувањето.

Заради сеопфатност на истражувањето поставивме и **поединечни хипотези.**

1. Регрутацијата на жртвите во најголемиот број случаи се врши со измама.

2. Транспортот се врши со фалсификувани или оригинални документи, на легален начин.

3. Кривичното дело го вршат организирани криминални групи.

4. Начинот на извршување се менува во однос на условите во општеството, следејќи ги притоа глобалните и регионалните трендови.

5. Експлоатацијата најчесто е сексуална или мешовита (сексуална и трудова експлоатација).

6. Делото најчесто се извршува во пограничните делови на Република Македонија.

7. Во последните години е зголемен бројот на малолетни жртви;

8. Професионален, добро обучен и запознат кадар со карактеристиките на трговијата со луѓе, меѓу нив и криминалистичките, е предуслов за поуспешно спротивставување и сузбивање на феноменот (а таков се образува на Факултетот за безбедност).

## 4. Начин на истражување

Како резултат на комплексноста на истражувањето, се јавува потреба од користење на поголем број методи и средства заради исполнувањето на нашите цели и проверката на поставените хипотези.

Ќе го користиме компаративниот метод, заради подобро претставување на промените во облиците на трговијата со луѓе низ годините кои се предмет на интерес на истражувањето.

Преку анализата на содржина на секундарните податоци, изворите на теоретските поставовки посветени на предметот на истражувањето, треба да дојдеме до податоци околу средствата со кои се користат сторителите при извршувањето на кривичното дело и чекорите кои ги преземаат за успешно заокружување на криминалниот процес.

Покрај нив ќе ги користиме и аналитичко – синтетичкиот метод и индуктивно – дедуктивниот метод, како општи методи на општествените науки.

За користење на овие методи и исполнување на целта на истражувањето, како и проверка на хипотезите, како извори на податоци ќе бидат користени секундарни извори. И тоа:

- **Полициска статистика**. Анализата на добиените податоци од Министерството за внатрешни работи, ќе ни даде информации околу бројот на откриени кривични дела „трговија со луѓе„ и “трговија со малолетно лице” во временскиот период на интерес и околу нивните криминалистички карактеристики. Исто така, преку нив би можеле

појасно и подлабоко да го објасниме начинот на извршување на двете дела;

- **Податоци од Државниот Завод за статистика на Република Македонија**;
- **Податоци од Јавното обвинителство на Република Македонија**;
- **Извештаите на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**;
- **Меѓународни документи** кои се однесуваат на трговијата со луѓе или се тесно поврзани со неа;
- **Закони од законодавството на неколку европски земји;**
- **Закони од законодавството на Република Македонија.**

Понатаму, ќе биде користена и анкета, преку која ќе бидат анкетирани студенти на Факултетот за безбедност во Скопје. Анкетата ќе се однесува на нивните сознанија околу криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе. Податоците кои ќе бидат добиени ќе треба да го потврдат нашето мислење дека еден од предусловите за успешно спротивставување на трговијата со луѓе е професионалниот, обучен кадар. Студентите на Факултетот за безбедност - Скопје се граѓани кои во иднина би требало да работат во органите на безбедноста кои се директно инволвирани во спречувањето и превенирањето на ова кривично дело.

Резултатите од статистичката анализа ќе бидат презентирани преку проценти, индекси, табели и графикони.

## 5. Цел на истражувањето

### Научна цел

Основната цел на истражувањето е добивање на една целосна слика, од криминалистички аспект, за состојбата со трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, за периодот 2002 - 2012 година, т.е. од инкриминирањето на трговијата со луѓе, па се до крајот на 2012 година.

Понатаму, како што се стеснува предметот на нашето истражување, преку посебниот осврт на начинот на извршување на кривичното дело би се објаснил начинот на кој функционираат сторителите на делото, како и начинот на кој тие го извршуваат

него на територијата на Република Македонија. На ваков начин би се отворила можноста за идни, потесни истражувања на појавата.

**Општествена цел**

Резултатите би биле искористени за подобрување на работата на органите на прогонот, пред се на полициските органи. Добивајќи информации околу начинот на извршување, би отвориле многу можности околу проширувањето на дијапазонот на методи за репресија на кривичното дело, но и за негово превенирање, преку употреба на нови, модерни начини на истражување на криминалниот процес.

Исто така, резултатите би можеле и да се искористат и за информирање на граѓаните, пред се групите граѓани кои директно се најзасегнати како можни жртви во иднина. Информирање во однос на начинот на извршување на делото, методите кои сторителите ги користат за регрутирање на жртвите, начинот на нивно транспортирање и експлоатирање.

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Споредувајќи ја со трговијата со дрога или оружје, трговијата со луѓе има една очигледна предност: за разлика од другите "стоки", човечкото суштество може да биде продавано постојано без да изгуби многу од својата вредност. Според полициските извештаи, младите девојки можат да се купат за цена од 500 до 5 000 евра, и откако ќе бидат присилени да се проституираат, истите можат да заработат по 15 000 евра месечно; потоа можат да бидат продадени на друго место и заменети со друга жртва. Недостатокот од социјална свест, слабите закони и (во случаите на Косово и, Босна и Херцеговина) големото присуство на меѓународни мировни сили и бирократи, заедно со факторите на оттурнување на жртвите, ја претворија трговијата со луѓе, пред се со жени, во ниско ризично и високо профитабилно претпријатие. Токму затоа и не е чудно, што во XXI век, Западниот Балкан е рај за овој бизнис: на крајот на XX и почетокот на XXI век приближно 2 000 жени биле вклучени во ланецот на трговијата со луѓе во Србија. Борделите, најчесто маскирани како ноќни клубови, агенции за придружба и салони за масажа, не беа само присутни, туку и масовно рекламирани во медиумите, заедно со огласите за добро платени работни места за атрактивни девојки во земјите на Западна Европа. Во Босна и во Косово, стотици "ноќни клубови" во тој период нудеа сексуални услуги на странци и локални "бизнисмени", скоро во секој

случај со знаење и под заштита на локалната и меѓународната полиција.[23] Исто така, не би смееле да ја заборавиме директната инволвираност на членови на меѓународните мировни сили на Обединетите Нации во трговијата со луѓе за сексуална експлоатација по воениот конфликт на територијата Босна и Херцеговина.

Всушност, Балканскиот Полуостров отсекогаш бил почва поврзана со постојано економско пропаѓање, нестабилност, која е резултат на војните и вооружените конфликти кои се случуваа на неговите простори. Ваквите епитети, доведоа и до создавање погодни услови за појава, но и постојан развој на современите, организирани кривични дела.

Во 2000 година Република Македонија ја потпиша Конвенцијата од Палермо и нејзините два Протоколи, од кои едниот е Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца, и се вклучи во светската борба против ваквата форма на модерно ропство. Тоа доведе до потреба од постојано следење на појавата како на меѓународно, така и на внатрешно ниво.

Конфликтите како на територијата на нашите соседи, така и на територијата на нашата земја, доведоа до присуство на голем број припадници на мировните сили, кои само го зголемија бројот на кривични. Токму заради тоа со воведувањето на кривичното дело во кривичното законодавство на Република Македонија, дојде до појава на висок процент на учество на овие кривични дела во целокупниот криминал во 2002 година. Транснационалноста беше нивна карактеристика се до 2006 година, кога внатрешната трговија ја замени меѓународната пред се заради можноста полесно да се исполни целиот криминален процес, а притоа да не се ризикува премногу.

Постојаните промени на активностите на органите на кривичниот прогон, значат и потреба од постојани промени на начинот на дејствување на сторителите на кривичните дела. Секогаш сторителите се чекор понапред од полициските органи. Токму заради тоа, истражувајќи го начинот на кој тие дејствуваат, функционираат, начинот на кој го вршат кривичното дело, значи да се направи обид да се биде донекаде во чекор со нив.

Научната оправданост на нашето истражување треба да се бара како надоврзување на општествената, бидејќи криминалистиката претставува важна алатка

---

[23] Dejan Anastijevic. *Organized crime in the Western Balkans.* p.8 (*First Annual Conference on Human Security, Terrorism and Organized Crime in the Western Balkan Region*, organized by the HUMSEC project in Ljubljana, 23-25 November 2006). available at http://www.humsec.eu/cms/fileadmin/user_upload/humsec/Workin_Paper_Series/Working_Paper_Anastasijevic.pdf [29.01.2013]

за утврдување на сите релевантни факти кои се важни за подобро разбирање на феноменот, како во целост, така и на одредени негови обележја. Подобро разбирање во однос на се она што го одбележува модерното ропство од гледна точка на науката посветена на откривањето на кривични дела и нивните сторители. А, на таков начин и можност за подобрување на методите и средствата за откривање на извршените кривични дела и нивните сторители.

Исто така, научната оправданост на истражувањето треба да се бара во фактот што со него ќе ја надополниме научната мисла во Република Македонија посветена на еден комплексен и современ феномен. Важноста на истражувањето е голема, пред се заради фактот што досега, криминалистичките карактеристики на овие кривични дела не биле тема на научни истражувања, иако трговијата со луѓе, последниве години, е честа тема на интерес на нови истражувања.

# ГЛАВА II

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

# 1. Дефинирање на трговијата со луѓе

Прашањето за дефинирање на појавите е филозофски проблем од стојалиште на теоретските пристапи од кои се тргнува кон нивното објаснување, научен проблем од стојалиште на објаснувањето на нивната општествена детерминираност и практичен проблем за општеството кое треба да го одреди својот однос кон нив и да ги смести во својот вредносен систем.[24]

Заедно со тероризмот и организираниот криминал, трговијата со луѓе, е една од трите појави кои и денес не се дефинирани на начин и форма која би била прифатлива за сите страни во меѓународната заедница.

## 1.1. Различни пристапи при дефинирањето на трговијата со луѓе

Почнувајќи од првиот меѓународен документ посветен на трговијата со луѓе (според него трговија со бело робје), па се до денес, составувањето прифатлива дефиниција која би била прифатлива за сите инволвирани учесници ( и владини и невладини) претставува потешкотија. Тргнувајќи од нејзината природа и мултидимензионална политика, како кривично дело кое задира во основните човекови права, а тргнува од миграцијата и организираниот криминал, искористувајќи ја слабоста, пред се на понежниот пол, трговијата со луѓе во моментов е феномен чие дефинирање тргнува од иста почетна точка, но има карактеристики кои потоа процесот го водат во повеќе различни насоки.

При дефинирањето се тргнува од шест клучни концепти. Тоа се:

* трговијата со луѓе како модерна форма на ропството и трговијата со робови;
* трговијата со луѓе како пример за глобализацијата на криминалот воопшто;
* трговијата со луѓе како проблем на транснационалниот организиран криминал;
* трговијата со луѓе како синоним за проституцијата;

[24] Љупчо Арнаудовски. “Криминалитетот "Трговија со луѓе" – проблеми во дефинирањето" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 48 - 49

* трговијата со луѓе како проблем на миграцијата;
* трговијата со луѓе како предизвик кој длабоко е поврзан со прекршувањето на човековите права.[25]

Битно е да се напомене дека не станува збор за поделба во која секој од различните пристапи останува во своите граници. Тоа би било невозможно, знаејќи ја флуидноста на појавата и нејзината сложеност. Сите претходно наведени пристапи, при дефинирањето и објаснувањето на трговијата со луѓе, содржат траги и делови од останатите, иако во основата тргнуваат од различни почетни точки.

Понатаму ќе направиме обид да го објасниме значењето на трговијата со луѓе во рамките на секој од претходно наведените пристапи и притоа да ја прикажеме важноста и поврзаноста на трговијата со луѓе и различните носители на концептите, и нивната меѓусебна зависност и постоење.

## 1.1.1. Трговијата со робови и трговијата со луѓе

### 1.1.1.1. Генеза на ропството и трговијата со робови

Тргнувајќи од фактот дека минатото, сегашноста и иднината, постојано се преплетуваат низ сите пори на човековото постоење, тогаш следствено и она што денес се случува на планот на трговијата со луѓе треба да се истражува преку неговото минато, или подобро кажано преку неговите форми кои постоеле пред многу години.

Првиот опис на ропството датира уште од 4000 п.н.е., на цртежите кои покажувале како воени заробеници биле врзани, камшикувани и присилени да работат од страна на Сумерите. Подоцна, од 2100 п.н.е. пронајдени се папируси на кои е запишана сопственоста од страна на граѓаните на Египет врз робови, а и на кои за прв пат е пронајден документ на кој може да се прочита цената на еден роб: 11 сребрени шекели. Со појавата на парите, трговијата со робови се претвори во начин за заработка за живот, па така во Египет често биле организирани експедиции за снабдување со робови, пред се од Сирија, од каде во една сезона биле пренесувани 1 554 робови.

Околу 1790 п.н.е., се појавиле и првите пишани закони кои го вовеле законскиот статус и значењето на робовите. Вавилонскиот Законик пропишувал дека робовите вредат многу помалку од “вистинските луѓе”, принцип кој останал да важи и во наредните четири илјади години. Интересен е фактот што во сите сфери робовите биле третирани како производ кој би можел лесно да биде заменет. На пример, Законикот

[25] Maggy Lee. *Trafficking and global crime control.* (London: SAGE Publications, 2009). p.20

содржел членови како овој: доколку лекар направи грешка во однос на пациент, ќе му бидат отсечени неговите раце, освен во случај кога пациентот е роб, во кој случај единствено би требало да го замени робот.[26]

Ропството и трговијата со робови можат да бидат набљудувани како феномени од кои денешната трговија со луѓе ги црпи своите корени. Иако станува збор за дејствија поврзани со античките цивилизации од Средниот Исток и Медитеранот, сепак биле поискористени во времето на Римската Империја, по што подоцна останале како наследство за сличните практики во Европа и Северна Америка. Римското право им давало можност на римските граѓани да поседуваат робови, кои ги третирале како приватна сопственост и добивале можност да работат само одреден вид работи како слуги, чувари, готвачи, секс робови или проститутки, или изработувачи на накит, производи од стакло, производи од глина итн. Кон крајот на Римското Царство (V и VI век од нашата ера), ропството и трговијата со робови биле напуштени на неговите територии. Па, така, многумина ги ослободиле своите робови пред се заради морални причини поради прифаќањето на Христијанството, други не можеле веќе да ги чуваат, бидејќи било скапо, додека пак некои робови биле во можност да ја откупат својата слобода.[27]

По распадот на Римското Царство, феноменот продолжува да живее на териториите наследнички. Така, на источниот дел, во Византија, императоротот Јустинијан донел Закон кој бил во сила се до распадот на Византиското Царство. Во еден негов дел стои дека *робовите се во власт на нивните господари; бидејќи тоа го има кај сите нации кои се господари над тие кои се робови, нациите кои ја имаат силата на живот и смрт над своите робови, а и се она што робот ќе го заработи му припаѓа на неговиот господар.*[28] Подоцна Законот е прифатен и во многу други европски кралства во периодот на Средниот Век. Исто така, трговијата со робови и нивното искористување, пред се во рудниците за злато и јаглен, како работници на плантажите со шеќерна репка, или како слуги, е поврзано и со исламските земји, особено во годините на експанзија на Отоманската Империја.

Двете појави се поврзани со текот на целиот Среден век, но најголемата експанзија ја имале во текот на XV век. Шпанија е првата европска земја која ја

---

[26] Kevin Bales. *Ending slavery: How we free today's slaves.* (Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2007). p.10
[27] Tom Obokata.*Trafficking of Human Beings from Human Rights* (*Perspective.*Leiden – Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2006). p.10
[28] Ibid

дозволила трговијата со робови, но многу брзо потоа тоа го направиле и Португалија, Холандија, Франција и Велика Британија. Во 1672 година, Кралот на Англија со документ на Кралската Африканска Компанија и дозволил да продава робови, со што до крајот на тој век, ропството станало легална и посакувана гранка на трговијата воопшто.[29]

Всушност, се започнало со првиот чекор на Шпанците на американскиот континент. Во 1443 година, при второто патување преку Атлантскиот Океан, дури и пред да биде започнат процесот на колонизирање, Кристофер Колумбо заробил стотици Таино Индијанци и ги пренел во Шпанија. Бранот на освојување на Шпанците, за домородците значел уништување и ропство. Но, подоцна, кога Индијанците започнале да умираат под ударот на шпанската бруталност и болестите на Европскиот континент, правецот на снабдување со робови бил променет кон југ, т.е кон Африка.[30] Во 1518 година, Кралот Карлос од Шпанија дал кралска согласност за почеток на пренесувањето робови од Африка, што на крајот се претворило во 350 години долга голгота на африканските луѓе.

Во текот на тие 350 години, европските колонизатори пренеле 8 милиони црни мажи и жени од Африка во новиот свет, во периодот помеѓу XVI и XIX век, со што ропството било трансформирано во комплексна трговска унија, обединувајќи ги Северна и Јужна Америка, Европа и Африка, преку движењето на мажи и жени, добра и капитал.[31] На таков начин трговијата со робови и ропството станале движечка сила на целокупниот капитал на колонизаторските земји, кои години подоцна ќе ја почнат индустријализацијата на своите општества.

Аболицијата на ропството започнува во XVIII век со револуциите на американскиот континент, за потоа да се прелее во Европа и на крајот на териториите на Латинска Америка.

### 1.1.1.2. Модерната страна на старото ропство

Тргнувајќи од историскиот развиток на ропството, а потоа и појавата на трговијата со робови, како и неговите карактеристики би заклучиле дека постои блискост со трговијата со луѓе која се случува денес.

[29] Mitchel P.Roth, *Global Organized Crime.* (Santa Barbara: ABC-CLIO, 2010), p.17
[30] Bales, Kevin, and Roon Soodalter.*The slave next door.* (Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2009);p.8
[31] Barbara L.Sollov. *Slavery and the rise of the Atlantic System.* (Cambridge: Cambridge University Press, 1991). p.1

За полесна анализа на двете појави, како и полесна споредба, а со тоа и успешна потврда на тврдењето дека станува збор за појави кои се длабоко поврзани и кај кои едната води потекло од другата и претставува нејзина нова, модерна форма, првично би ги анализирале дефинициите на двата феномена, како и процесите по кои тие се одвиваат.

Трговијата со луѓе е дефинирана во Протоколот од Палермо. Дефиницијата содржана во членот 3, став (а), е единствената дефиниција која досега била најшироко прифатена од страна на меѓународната заедница. Таа дефиниција гласи: "*регрутирање, транспорт, трансфер, прифаќање или примање на лица со помош на употреба на уцена или сила или други начини и форми на насилство, измама, заблуда, или со помош на употреба на моќ или искористување на состојба на ранливост, или со давање или земање на парични средства или бенефиции за да се постигне целта да се има контрола врз лицето, се со цел лицето да се експлоатира. Експлоатацијата вклучува минимум експлоатација при проституција или каква било друга сексуална експлоатација, принудна работа или вршење на други услуги, ропство или сличен на него однос и трговија со човечки органи.*"[32]

Трговијата со робови може да се дефинира како процес на набавување, регрутирање, засолнување, примање или пренесување на индивидуа, на најразлични начини, на кое било растојание, во услови на ропство или на експлоатација слична на ропство.[33] Ропството е процес на присилна работа или други услуги од заробената индивидуа, на најразлични начини, вклучувајќи експлоатација на телото или на делови од телото.[34] Ропството претставува однос меѓу две лица. Тоа е и социјален и економски однос. Сржта на ропството треба да се бара во контролата врз лицата, а не во сопственоста.[35] Тоа е социјален и економски однос во кој лицата се контролирани преку насилство или закани со насилство, без материјална добивка и со економска експлоатација.[36] Во минатото постоел однос на разликување врз основа на добиеното од природата. Според тој критериум било заклучено дека меѓу луѓето постојат разлики...машкиот во споредба со женскиот пол – едниот е посилен, другиот послаб;

---

[32]Член 1, Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе посебно со жени и деца, достапен на http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/covention_%20traff_eng.pdf

[33] Siddharth Kara. *Sex trafficking: Inside the business of modern slavery* (New York: Columbia University Press, 2009). p.5

[34] Ibid

[35]Kevin Bales. *New Slavery*.(Santa Barbara: ABC-CLIO, 2004). p.3

[36] Ibid. p.4

првиот управува, вториот е потчинет. Таквиот однос е нужен и кај сите луѓе; оние што се разликуваат онолку, колку душата од телото и човекот од ѕверот се по природа робови. Зашто по природа е роб оној, кој може да му припаѓа на друг и кој учествува во мислењето толку колку да разбере, но не и за да го има...И природата сака да ги направи различни телата на слободните луѓе и на робовите – на вториве, силни за нужната потреба, а на првите, исправени и неспособни за такви работи, но полезни за државнички живот.[37] Па, така јасно е, дека некои луѓе се раѓаат како слободни, додека други како робови, и за овие вторите состојбата на ропство е и добивка и правда.[38] Порано луѓето сметале дека имаат право на потчинување на луѓето со пониско потекло, моќ, доблест, и воопшто, во поглед на сето она во што човек има голема надмоќ над другите.[39]

Најприфатената дефиниција за ропството, денес, е таа содржана во Конвенцијата за ропството (Slavery Convention)[40] од 1926 година. Оваа Конвенција се темели на Бриселскиот Конференциски Акт од 1890 година (Brussels Conference Act)[41] кој се однесувал на *ставењето крај на трговијата со Африкански робови по копно и по море, и подобрување на моралните и материјалните услови на домородните раси.* Потоа во 1919 година, во Сен-Жермен-ан-Ле (Saint-Germain-en-Laye), била донесена Конвенција во која земјите потписнички *ја афирмирале нивната интенција да обезбедат комплетно потиснување на ропството во сите негови форми и трговијата со робови преку море и копно.* По овие два чекори, Лигата на народите (League of Nations) во 1924 година формирала Времена Комисија за ропството.

Две години подоцна, е донесена Конвенцијата за ропството[42], како меѓународен документ кој е прв документ чија цел е укинување на ропството и трговијата со робови и нивно етикетирање како феномени кои целосно го уништуваат човековото достоинство и длабоко навлегуваат во сферата на човековите права.

Конвецијата во чл.1 ги дефинира ропството и трговијата со робови, и тоа:

(1) Ропството е статус или состојба кога врз лицето е насочено некое или сите сили кои се поврзани со правото на сопственост.[43]

---

[37] Аристотел. *Политика.* (Слово: Скопје, 2006), стр.14
[38]Ибид, стр.15
[39]Аристотел. *Реторика.* (Ѓурѓа: Скопје, 2010), стр. 92
[40] достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/slavery.pdf [30.01.2013]
[41] донесен на 2 јули 1890 година во Брисел, стапил на сила 31 август 1891 година.
[42] донесена 26 септември 1926 година во Женева, додека влегла во сила на 9 март 1927 година.
[43] Article 1 from the Slavery Convention

(2) Трговијата со робови ги вклучува сите акти во кои се инволвирани заробување, стекнување или отстранување на лице со намера тоа да се постави во ропски однос; сите акти кои вклучуваат стекнување со роб со намера тој да се продаде или замени; сите акти на отстранување или замена на роб со намера да биде продаден или заменет, и, во основа, секој акт на трговија или транспорт на робови.[44]

Триесет и една година подоцна, како резултат од потребата на проширување на дијапазонот на дејствија поврзани со ропството, Обединетите Нации ја донесоа Дополнителната Конвеција за аболиција на ропството, трговијата со робови, институциите и практиките слични на ропството (Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery)[45].

Дополнителната Конвеција [46] ја проширува дефиницијата на ропството воведувајќи притоа дејствија кои во својата основа го имаат ропството, но кои сепак постојат како самостојни акти на “наметната сопственост”. Така, во членот 1 се дефинирани должничкото ропство, слугувањето и присилните бракови, преку обврска за земјите потписнички да соработуваат во спречувањето на оваа појава.

Анализирајќи ги дефинициите, како и користејќи ја и претходно изнесената кратка историја на ропството, би можеле да заклучиме и да изведеме неколку заеднички карактеристики.

Прво, ропството е поврзано со сопственоста, контролата врз друго човечко суштество. Робовите се третирани како стока на сопствениците или трговците со робови и се без призната правна способност. Второ, сопственоста врз робовите била од постојан карактер. Трето, ропството е поврзано со целосно непочитување и прекршување на основните човекови права, како што се слободата на движење, и правото на слобода и сопственост. Денешниот, модерен феномен ги има истите карактеристики, но прилагодени на промените во општеството.[47] Доколку направиме паралела меѓу ропството од минатото и ова денешното, модерно ропство, последново се карактеризира со многу ниски трошоци за робовите, многу висока добивка за трговците, временски кратка врска меѓу робот и трговецот, голема маса на потенцијални робови (бидејќи сега не постојат посебни слоеви на робови, туку секој

[44] Ibid
[45] достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/slaverytrade.pdf [30.01.2013]
[46] донесена на 1 септември 1956 година во Женева, стапила на сила на 30 април 1957 година.
[47] Tom Obokata.*Trafficking of Human Beings from Human Rights* (*Perspective.*Leiden – Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2006). p.13

може да стане дел од ланецот) и ирелевантност на етничките разлики.[48] Атрибути на модерното ропство се: невидливоста, мобилноста и организираноста во меѓународни рамки.[49] Невидливоста се однесува на можноста делото да се врши затскриено зад легални бизниси или во случајот на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација во земји каде проституцијата е легализирана, истата да се затскрива зад легалните бордели. Мобилноста го опфаќа постојаното движење на жртвите на кривичното дело, минувањето граници од почетокот на делото (земјата на потекло), па се до крајната дестинација (која не мора да е една држава). И се разбира, организираноста како неизбежна карактеристика, бидејќи најчесто делото го вршат криминални групи кои се добро организирани на меѓународно ниво.

Трговијата со луѓе се однесува на "комплетната контрола врз лице заради економска експлоатација преку насилство или со закана за насилство". Модерниот феномен не е обележан со законска сопственост врз едно човечко суштество од страна на друго, за него карактеристична е времена сопственост, ниски трошоци, висок профит, должничко ропство и присилна работа. Накратко, трговијата со луѓе претставува дел од незаконско, нерегулирано економско царство во кое луѓето се третирани како "алати за правење пари."[50] Се користи терминот „алати", бидејќи за разлика од дрогата и оружјето кои можат да бидат продадени само еднаш, човекот може да биде продаден многупати, а притоа истиот да не изгуби на својата вредност.

Токму поради горенаведените факти, клучот за успешно истражување и составување дефиниција би требало да се бара во тргнувањето од елементите на ропството и трговијата со робови кои претставуваа сопственост врз некого заради постојана експлоатација со употреба на насилство и закана, и забрана на нивните слободи и кршење на нивните права.[51]

### 1.1.2. Трговијата со луѓе и глобализацијата

Дефинициите на глобализацијата ја потенцираат конекцијата на далечни локации во менувањето форми и последици, односно компресијата на времето и просторот преку технолошките иновации и напливот на различни култури на едно

[48] Kevin Bales, *Disposable people: New slavery in the global economy* (Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2004), p.15
[49]Natasa Petrovic – Mrvic, "Trgovina ljudskim bicima kao specificna forma zenske migracije" *Spisanie Temida, br.1 (2002):* 13
[50] Maggy Lee. *Trafficking and global crime control.* (London: SAGE Publications, 2009). p.21
[51]Tom Obokata.*Trafficking of Human Beings from Human Rights Perspective.*(Leiden – Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2006), p.9

место. Глобализацијата понекогаш се гледа како универзијализација и хомогенизација на културата според американскиот стил на општество или место тоа, како феномен кој ја добил формата низ фрагментација и локализација, како и преку маргинализација на периферните делови од страна на влијателниот центар. Заедно со зборот “глобализација” кој денес се користи секојдневно, се појавија и други термини преку кои се прави обид да се објасни комплексноста и контрадикциите на глобализацијата кога се вели дека таа настанала во моментите кога светот минувал низ “фрагментација” или “глокализација”.[52]

Самиот феномен, исто како и трговијата со луѓе, продуцира голем број дефиниции. Се користи за да се објасни широкиот спектар на меѓународни процеси, почнувајќи од проширувањето на транснационалните слободни пазари, па се до ширењето на културните вредности и норми. Исто така, глобализацијата се однесува и на растечкото чувство за интерконекцијата на светот: дека настаните во еден дел од светот влијаат врз последиците од настаните во другиот дел, и дека економските активности и социјалните мрежи слободно дејствуваат и покрај постоењето на национални граници. На крајот, глобализацијата наметнува повлекување на националното донесување одлуки во многу важни области, за да економските и политичките одлуки се носат од страна на учесници или сили преку националните граници и националните контроли и интереси.[53]

Всушност, трговијата со луѓе е појава која претставува пример на глобализацијата на криминалот. Социјалните, културните и технолошките услови кои ги овозможува глобализацијата (пред се, зголемувањето на опфатот на глобалните мрежи, интезитетот на светската интерконекција, брзината на глобалниот проток на луѓе и идеи) создадоа “нова почва која оди во прилог на криминалот.” Процесот на глобализацијата е тој кој ги зголемува можностите за криминално однесување и оперативните способности на организираните криминални групи, пред се преку развој на “скоро неразбирлива мрежа на јазли и незаконски односи.”[54] Во вакви услови транснационалните мрежи кои делуваат во полето на организираниот криминал, стануваат способни за комуникација и меѓусебно поврзување, оперирајќи на меѓународно ниво, притоа уживајќи во плодовите на економската глобализација, новите транспортни средства и средства за комуникација.

---

[52] Elina Penttinen. *Globalization, prostitution and sex - trafficking.* (New York: Routledge, 2008).p.3

[53] Sally Cameron, and Edward Newman.*Trafficking in humans – Social, political and cultural dimensions.* (Hong Kong: United Nations University Press, 2008). p.59

[54] Maggy Lee. *Trafficking and global crime control.* (London: SAGE Publications, 2009). p.24

Исто така, глобализацијата длабоко се поврзува со губењето граници, нивно бришење во смисла на слободен проток и движење на луѓето. Но, и покрај ваквата поврзаност која е дел од основните елементи врз кои се одржува кривичното дело, парадоксот секојдневно станува поголем, со воведувањето поголеми контроли на националните граници.

Се јавува потребата од разбирање на заедничкото засилување на глобализацијата и мобилноста, а и истовремено повторно ставање акцент врз територијалноста. Всушност, тоа се два процеси кои не можат да постојат одделно. Имено, додека глобализацијата и губењето граници е сегашност за некои, локализирањето и затворањето граници е реалност за други (и би рекле за голем дел од човековата популација).[55] Ваквите чекори доведоа до политизација и секуритизација на миграционите движења, пред се во последните десетина години. Европа, Америка и Австралија добија епитет на “континенти тврдини”, со засилени надворешни граници, а лесна можност да дојдат до евтина работна сила. Од почетокот на деведесеттите години на XX век, поголемиот дел од развиените земји започнаа со практицирање на мерки за заштита на своите граници од наплив на мигранти. Мерките најчесто вклучуваа зголемени контроли на границите, воведување визи, санкции за авионските компании кои пренесуваа патници без целосна и уредна документација за патување, проверки на идентитетот на лицата, инспекции на работни места, модернизирање на техниките за детекција на фалсификувани документи, како и многу строги казни за тие кои би биле фатени во момент на прекршување на легислативата посветена на оваа област.

Падот на Берлинскиот Ѕид првично ветуваше зближување на двете Европи, кои иако делеа исто потекло, до тој момент се однесуваа како два различни континенти. Но, ефектот на многуте револуции за менување на сликата на секојдневниот живот, резултираа со сосема поинаков исход од очекуваниот. Европската Унија подигна “ѕидини” кон останатиот дел, т.е. земјите кои не се нејзини членки. На крајот, профитираа само организираните криминални мрежи. Криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе станаа секојдневие и крајна цел на она што првично претставувало потрага по подобар живот.

[55] Aas, Katja Franko. *Globalization and crime.* (Los Angeles, London, New Delhi and Singapore: SAGE Publications, 2007). p.31

Како и да е, и покрај широкиот дијапазон на можни недозволени дејствија, трговијата со луѓе останува клучен феномен кога станува збор за резултатите на глобализацијата.

## 1.1.3. Трговијата со луѓе како форма на организираниот криминал

“Камен на сопнување” на кој било пристап, било да е тоа криминолошки, кривичноправен, меѓународноправен или каков било друг, кон организираниот криминал претставува неговото дефинирање, односно постигнувањето на минимална согласност за основните елементи што ја сочинуваат неговата структура. Отворено е и прашањето дали овој поим има сопствена структура, или е трансцедентален поим што упатува на други поими (организирана терористичка активност, организирано перење пари итн.), во однос на кои има карактер на обичен атрибут или на вредносен, нормативен поим.[56] Резултат на потребата од формирање заедничка дефиниција, која би била прифатлива за целокупната меѓународна заедница или за нејзиниот најголем дел е Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал.

Со дефинирањето на организираниот криминал, како и со дефинирањето на другите “нови форми” на криминал се случува една интересна појава - главниот импут во борбата против овие појави да доаѓа од страна на меѓународната заедница, што е несомнено реакција не само на неусогласениот (нееднаквиот) пристап на државите, туку и на фактот дека тоа е единствениот начин државите кои се и самите криминализирани да се присилат да преземат определени мерки за превенција и репресија на криминалот.[57] Всушност, идејата за меѓународна соработка на планот на спротивставувањето на транснационалниот организиран криминал му се припишува на италијанскиот судија Џовани Фалконе (Giovanni Falcone), кој во 1992 година, два месеци пред да биде убиен, во својство на шеф на италијанската делегација ја обзнанил на меѓународната конференција.[58] Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца претставува резултат на ваквите напори во периодот на крајот на XX век.

Последните три години од минатиот век се обележани со најразлични активности поврзани со подготвувањето на текстот на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал (UN Convention against Transnational

[56] Владо Камбовски. *Организиран криминал.* (Штип: 2ри Август, 2005), стр.21
[57] Ибид, стр.23
[58] Љупчо Арнаудовски, и Трпе Стојановски. *Трговија со луѓе – Криминалитет.*(Скопје:Скенпоинт, 2002). стр.125

Organized Crime)[59] и три дополнителни Протоколи.[60] Во 1998 година, на предлог на Комисијата (формирана во 1997 година од страна на Генералното Собрание на ООН), Генералното Собрание на ООН формираше ad hoc комитет за елаборација на Конвенцијата и нејзините три дополнителни Протоколи.

Во 2000 година, беше отворено нејзиното потпишување како и тоа на нејзините Протоколи (12 - 15 декември) во Палатата на Правдата (Palazzi di Giustizia) во Палермо (Сицилија), Италија. Потоа беше префрлено во седиштето на ООН во Њујорк, САД, каде траеше до 12 декември 2002 година

Важноста на Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца (Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children)[61] првично треба да се бара во формирањето, за прв пат, на дефиниција[62] која е прифатена од најголем број единки на меѓународната заедница, но и во промовирањето на познатиот систем на 3P (заштита - protection; кривично гонење - prosecution; превенција - prevention).

Дефиниран, процесот на трговија со луѓе се состои од три клучни елементи:[63]

- збир од најразлични активности **(дејства)** за движење на жртвите (регрутирање, транспорт, трансфер, прифаќање или примање на лица);
- опис на најразличните механизми **(средства)** за заплашување на жртвите (употреба на уцена или сила или други начини и форми на насилство, измама, заблуда, или употреба на моќ или искористување на состојба на ранливост, или давање или земање на парични средства или бенефиции); и

---

[59] Донесена 2000 година, а стапила на сила во 2003 година, достапна на http://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf [31.01.2013]

[60] Протоколите требаше да се однесуваат на спречувањето на трговијата со жени и деца; спречувањето на илегалната трговија и транспорт на мигранти; и за спречување на илегалното производство и трговијата со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

[61] Во понатамошниот дел од текстот Протокол од Палермо. Донесен на 15 ноември 2000 година, стапил на сила на 25 декември 2003 година, достапен на http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/convention_%20traff_eng.pdf [31.01.2013]

[62] Трговијата со луѓе е дефинирана во членот 3, став (а), како "*регрутирање, транспорт, трансфер, прифаќање или примање на лица со помош на употреба на уцена или сила или други начини и форми на насилство, измама, заблуда, или со помош на употреба на моќ или искористување на состојба на ранливост, или со давање или земање на парични средства или бенефиции за да се постигне целта да се има контрола врз лицето, се со цел лицето да се експлоатира. Експлоатацијата вклучува минимум експлоатација при проституција или каква било друга сексуална експлоатација, принудна работа или вршење на други услуги, ропство или сличен на него однос и трговија со човечки органи.*"

[63] Cherif Bassiouni. *Addressing International Human Trafficking in Women and Children for Commercial Sexual Exploitation in the 21st Century*, 10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC (2010), p.5

- употребата на првите две заради исполнување на конечната **цел** – експлоатација (проституција или каква било друга форма на сексуална експлоатација, принудна работа или вршење на други услуги, ропство или сличен на него однос и трговија со човечки органи).

Според тоа, овој криминалитет не се манифестира, не се остварува низ поединечен криминален чин, туку низ многубројни криминални дејства кои се самостојни или се надоврзуваат едно на друго низ различните фази, кои и самостојно и заедно се криминална активност составена од повеќе различни криминални дејства.[64]

Современата дефиниција содржана во Протоколот од Палермо има неколку позитивни аспекти кои ја отсликуваат реалноста на современата трговија со луѓе. Пред сé, оваа дефиниција ги признава сите облици на трговијата со луѓе и не ја ограничува само на сексуалната експлоатација. Акцентот го става и на другите видови на експлоатација, како што се присилната работа, ропството, слугувањето и ропската положба, кои како такви се дефинирани во меѓународното право. Понатаму, таа не се фокусира исклучиво само на жени и девојки, туку признава дека сите луѓе можат да бидат жртви на трговијата со луѓе. Како трето, таа не бара жртвите да преминуваат меѓународно признати граници, земајќи предвид дека со луѓето може да се тргува и во рамките на една држава, од еден во друг регион. Исто така, во дефиницијата, Протоколот предвидува еден вид на дисторзија на слободната волја на жртвите, на пример со употреба на сила, измама или злоупотреба на сила, при што се зема предвид способноста на полнолетните лица да донесат сопствени одлуки за нивниот живот, особено за изборот на работното место и миграцијата.[65]

Но, поврзаноста на Протоколот со Конвенцијата, во улога на нејзино дополнување, ја дава нејзината зависност од организираното извршување и транснационалноста, без притоа да се помисли дека трговијата со луѓе може да се сретне во границите на една земја и дека постои можност кривичното дело да го извршат индивидуални сторители.

---

[64] Љупчо Арнаудовски. “Криминалитетот "Трговија со луѓе" – проблеми во дефинирањето" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 61

[65] Организација за безбедност и соработка во Европа, *Прирачник за ревизија на законските регулативи против трговијата со луѓе (со посебен осврт на Југоисточна Европа),* (Скопје: ОБСЕ, 2001), стр.50-51

### 1.1.4. Трговијата со луѓе и проституцијата

Денес, проституцијата длабоко се поврзува со трговијата со луѓе заради сексуалната експлоатација. Таквата поврзаност не е ништо ново, доколку се погледне хронолошкиот список на меѓународните документи посветени на оваа област.

Во таа насока, во 1904 година бил донесен Меѓународниот договор за сузбивање на трговијата со "бело робје" (International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic)[66], чија цел била во давање насоки на земјите потписнички како да постапат при откривање на жени кои биле доведени од странство за неморални цели, како и кои чекори да ги преземат во случај на нивно откривање и протерување.

Потоа во 1910 година била донесена Меѓународната Конвенција за сузбивање на трговијата со "бело робје"(International Convention for the Suppression of the White Slave Traffic)[67], која во членот 1 и 2 го опишува дејството на овозможување сексуални услуги од страна на "бели" жени и девојки, преку санкционирање на сторителите.

Членот 1 од Конвенцијата вели дека *тој што, во насока да ги задоволи страстите на друго лице, набавува, намамува, или одведува, дури и со нејзина согласност, жена или малолетна девојка, ќе биде казнет, без оглед на тоа дали актите конституираат кривично дело во различни земји.* [68] Наредниот член се однесува на санкционирањето на *тој кој за да ги задоволи страстите на друго лице, со измама, средства на насилство, закана, злоупотреба на положбата, или некој друг метод на присила, набавува, намамува или одведува жена или малолетна девојка, за неморални цели, без разлика дали различните акти конституираат кривично дело во различни земји.*[69]

Па, во 1921 година, Меѓународната Конвенција за сузбивање на трговијата со жени и деца (International Convention for the Suppression of the Traffic of Women and Children)[70], кој е документ на Лигата на Народите и се однесува на меѓународната трговија со жени и деца.

Кога била формирана Лигата на народите, првично не вклучувала групи кои се бореле за правата на жените. Неколку години подоцна на иницијатива на претседателот

[66]Донесен на 18 мај 1904 година во Париз, а стапил на сила на 18 јули 1905 година, достапен на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1904.html [30.01.2013]
[67] Донесена на 4 мај 1910 година, а стапила на сила на 5 јули 1920 година, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1910.html [30.01.2013]
[68] Article 1. International Convention for the Suppression of the White Slave Traffic
[69] Article 2. International Convention for the Suppression of the White Slave Traffic
[70]Донесена на 30 септември 1921 година, а стапила на сила на 15 јуни 1922 година, достапна на http://cil.nus.edu.sg/rp/il/pdf/1921%20IC%20Women%20and%20Children%20Traffic%20Suppression-pdf.pdf [30.01.2013]

на САД, Вудроу Вилсон (Woodrow Wilson) и францускиот премиер Жорж Клемесо (Georges Clemenceau) било поддржано учеството на групите за женски права. Тие се согласиле дека е најдобро да се решаваат проблемите околу тие права. Токму преку овие иницијативи се појавила погоре споменатата Конвенција.

Оваа Конвенција имаше за задача да ја осигура заштитата од трговијата со луѓе и сексуалната експлоатација на меѓународно ниво. Во членот 6 постои обврска за земјите потписнички кои ако немаат поставено норми за лиценцирање и супервизија врз агенциите за вработување, да донесат такви правни норми со цел да се осигура заштита на жените и децата во случаи на вработување во странство. Членот 7 пак смета дека тргнувајќи од поврзаноста на трговијата со жени и деца со имиграцијата и емиграцијата државите потписнички имаат за обврска да донесат административни и законски мерки за проверки на патувањата на жените и децата, во случаите на тргнувања и пристигнувања.

Десетина години подоцна, исто така како резултат на иницијативата на групите за женски права, е донесена Меѓународната Конвенција за сузбивање на трговијата со жени во полна возраст (International Convention for the Suppression of Traffic in Women of Full Age).[71] Со неа за казниви се сметаат дејствијата кога *некое лице заради задоволување на страстите на друго лице, набавува, мами или одведува, дури и со нејзина согласност, девојка или жена во полна возраст за неморални цели во друга држава, ќе биде казнет, без разлика дали преземените активности конституираат дејствие кое било преземено во различни држави. И обидот, и во законските граници, подготвителните акти, се казниви.*[72] На ваков начин, Лигата на народите, повторно ја нагласува потребата од санкционирање на трговијата со жени, но исто така, повторно ја нагласува единствената и блиска поврзаност на тргувањето со лица од женски пол, пред се заради нивно сексуално експлоатирање во секторот на проституцијата.

Во 1949 година, Обединетите Нации ја донесуваат Конвенцијата за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатацијата и проституцијата на други (Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others)[73].

---

[71]Донесена на 11 октомври 1933 година, а стапила на сила на 24 октомври 1934 година, достапна на http://ec.europa.eu/anti-trafficking/download.action;jsessionid=2G8CRJ5LWfrQwKSBTylnQMm6dZWSMbNG3Q7KWzC81JST6GdDdGDh!-1082208435?nodeId=6594e692-d48e-4b10-bfa3-d2d38bcc1635&fileName=1933+International+Convention_en.pdf&fileType=pdf [30.01.2013]

[72] Article 1 from the 1933 International Convention for the Suppression of the Traffic in Women of Full Age

[73] Донесена на 2 декември 1949 година, а стапила на сила на 25 јули 1951 година, достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/trafficpersons.pdf [30.01.2013]

Се до 2012 година, 82 земји ја ратификувале Конвенцијата, додека 13 ја имаат потпишано, но се уште не ја ратификувале.

Конвенцијата од државите потписнички бара да го санкционираат (член 1) *секое лице, кое за да ги задоволи страстите на друг:*

*(1) набавува, мами или одведува, за проституција, друго лице, дури и со негова согласност;*

*(2) експлоатира друго лице во секторот на проституцијата, дури и со негова согласност.*

Односно (член 2) да го санкционираат *секое лице кое:*

*(1) чува или раководи, или знаејќи финансира или е дел од финансирањето на бордел;*

*(2) знаејќи дава или издава објект или друго место за извршување на дејствијата поврзани со проституцијата.*

Понатаму во текстот на Конвенцијата, од државите потписнички се бара да ги напуштат сите регулативи поврзани со проституцијата и да воведат специјална регистрација или поседување на специјален документ или други исклучителни барања за супервизија или нотификација. Се бараат специјални мерки на надзор над агенциите за вработување, за да се превенира можноста лицата кои бараат работа, пред се жените и децата, да бидат изложени на опасност од тргување и подоцна сексуално експлоатирање.

Со овој документ, Обединетите Нации, иако се уште трговијата со луѓе ја поврзуваат единствено со сексуалната индустрија, сепак ги проширувaат рамките на можни жртви и за прв пат во меѓународен документ го користат терминот **трговија со луѓе.**

Сите горенаведени документи во својата основа ја имаат проституцијата како извор за материјална заработка на криминалните групи и поединци, а како целна експлоатација поради која и започнува процесот на тргување.

Имено, уште од периодот на 90тите години на XIX век и почетокот на XX век се обележани со кампањите против **трговијата со "бело робје"**, која мора да се признае во многу нешта се разликувала од ропството во трансатлантскиот период. Станувало збор за транспорт на жени и деца во бордели заради нивна сексуална експлоатација.

Општоприфатено е сфаќањето според кое терминот "трговија со бело робје" е назив за жени и девојки кои, заведени и со лажни ветувања за успех, просперитет и

богатство, се одведуваат во други земји и се користат за проституција.[74] Притоа главен проблем биле киднапирањата на европските жени заради проституција во Јужна Америка, Африка или на “Ориентот” од страна на незападните мажи или други “потчинети”.[75]

Имено, кога станува збор за модерното ропство, се до појавата на денешниот термин, трговија со луѓе, феноменот единствено бил поврзуван со проституцијата како крајна цел на целокупниот процес.

Глобализацијата ја конкретизира проституцијата на индивидуално ниво, додека кај трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација таа дејствува како нејзина био-енергија.[76] Ваквиот исход е помалку изненадувачки, доколку го земеме во предвид учењето на феминистите, кое учење скоро два века проституцијата ја дефинира како модел на потчинетоста на жените.[77]

Проституцијата има општествени, морални и легални импликации и може да се дефинира како секоја сексуална размена во која наградата не е ниту сексуална ниту емоционална.[78] Таа претставува продавање на телото и љубовна вештина заради добивање на материјална корист.[79] Многу често трговијата со луѓе се објаснува како “агресивна варијанта на проституцијата”, што е сосема погрешно и неадекватно согледување на феноменот. Тоа е пред се заради повеќеслојната природа на трговијата со луѓе, нејзината социјална комплексност која може да биде анализирана од најразлични контексти: психолошки, криминолошки, виктимолошки, кривично – правен, морален, миграционен, работен и многу други.[80]

Денес, термините “проституција” и “каква било друга форма на сексуална експлоатација” не се дефинирани во Протоколот од Палермо. Причината за недефинирањето на терминот  “проституција” треба да се бара во постоењето на двете

[74] Љупчо Арнаудовски. “Криминалитетот "Трговија со луѓе" – проблеми во дефинирањето" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 57

[75] Џо Доезема. “Распуштени жени или изгубени жени? Повторно појавување на митот за белото робје во современиот дискурс за трговијата со жени” *Родова перспектива на трговијата со со луѓе (2004)*: 214

[76] Elina Penttinen. *Globalization, Prostitution and Sex-Trafficking.*(New York: Routledge, 2008). p.2

[77] Sheilla Jeffreys. *The industrial vagina: The political economy of the global sex trade*, (New York: Routledge, 2009), p.1

[78] Мајкл Д. Лајман и Гари В. Потер. *Организиран криминал*. (Скопје: Магор, 2009). стр.175

[79] Љупчо Арнаудовски, Трпе Стојановски. *Трговија со луѓе – криминалитет*,(Скопје: Скенпоинт, 2002). стр.51

[80] Vesna Nikolic – Ristanovic i Copic Sanja “ Krivicno djelo Trgovina ljudskim bicima – medjunarodni dokumenti, savremena zakonska resenja i Krivicni Zakon SR Jugoslavije” *Spisanie Temida, br.1 (2002):*35

различни теоретски струи оформени од неколку женски организации: радикален феминизам и феминизмот на сексуалната работа.[81]

Радикалниот феминизам смета дека проституцијата е насилство врз жените, односно дека таа ги виктимизира сите жени, го оправдува продавањето сексуални услуги и дека жените, т.е. нивното постоење, единствено ги сведува на секс. За разлика од радикалниот феминизам, втората струја смета дека постојат два вида на проституција – принудна проституција и доброволна проституција. Според неа, принудната проституција и трговијата со луѓе се манифестации на насилство врз жените, тие се повреди на правото на самоопределување на возрасните лица.[82] Но, согласноста е категорија или на маргинална или на непостојна сигурност, па затоа тоа е само привид на слободен избор. Теоретски, присилата/принудата може да биде присутна само при “влегувањето” во процесот на трговијата со луѓе или само при “излегувањето” од истиот или и во едниот и во другиот случај. Првата можност е, најверојатно, само теоретска, останува прашањето дали ситуацијата во која присилата/принудата која е врзана за “излегувањето”, навистина е дел од процесот на трговијата со луѓе. Потврдниот одговор би ја изедначил трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација со присилната проституција, која судејќи по тежината на санкциите, во моментов се смета за помало општествено зло од другиот феномен.[83]

Феминистичките движења го предизвикуваат традиционалниот пристап поврзан со безбедноста, кога станува збор за трговијата со луѓе, и тоа го прават на две нивоа: етичко и прагматично. Тие сметаат дека кога станува збор за трговијата со луѓе од етичка гледна точка, таа е кршење на човековите права. Фокусирајќи се на трговијата со луѓе како закана по безбедноста, државата ги занемарува гласовите на жртвите, чии што човекови права, има обврска да ги штити. Проширувајќи ги своите истражувања, феминистичките организации започнаа со анализа на искуствата на жртвите на трговијата со луѓе, пред се ставајќи го акцентот врз жртвите на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација. Од гледна точка на ефикасноста, феминистите сметаат дека традиционалниот безбедносен пристап повеќе го проширува проблемот, отколку што го решава. Прво, репресивната контрола на границите ја отежнува миграцијата и ја прави поопасна со што ја зголемува ранливоста на мигрантите, а со тоа го отвора

[81] Silvia Scarpa.*Trafficking in human beings: Modern slavery* (New York: Oxford University Press, 2008), p.6
[82] Џо Доезема. “Распуштени жени или изгубени жени? Повторно појавување на митот за белото робје во современиот дискурс за трговијата со жени” *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004)*: 229
[83] Александар Штулхофер, " За поимот и за некои аспекти на трговијата со жени и деца заради сексуална експлоатација " *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 159

пазарот на потенцијални жртви на организираните криминални групи. Второ, жртвите кои се депортирани стануваат потенцијална цел за ре-виктимизација. Накратко, феминистите го држат стојалиштето дека традиционалните безбедносни пристапи се и морално и практично дефицитарни.[84]

Многу феминистички движења трговијата со луѓе ја дефинираат како купување и продажба на жени и деца заради сексуална експлоатација. Ваквата дефиниција ги вклучува сите форми на проституција, порнографија и некоја друга работа во секс индустријата и не бара да не постои согласност од страна на жртвите. Дефиницијата предвидува дека не постои лице (жена или дете) кое би избрало да врши таква активност доколку не е во прашање некоја форма на економска или социјална закана.[85]

За разлика од неа, дефиницијата од Протоколот од Палермо за трговијата со луѓе не се занимава со индустријата во која лицето е принудено да работи, туку со елементите на сила или закана како делови од работата. Станува збор за многу поширока дефиниција која ја вклучува принудната работа во која било индустрија. Како и да е, елементот на закана е централен во разбирањето на трговијата со луѓе, па во оваа дефиниција не може да се најде слободно работење во секс индустријата.[86]

Иако денешните истражувања поврзани со трговијата со луѓе го прошируваат спектарот на можни начини на експлоатација на жртвите до граници до кои дури ниту нормалната човекова фантазија не би успеала да стигне, сепак првичниот интерес за модерното ропство тргна токму од сексуалната експлоатација. Дури и денес, кога станува збор за бројот на жртвите на кривичното дело, се уште бројот на лицата од женски пол е тој кој “води” пред другиот пол, исто како и сексуалната експлоатација пред останатите видови експлоатација.

### 1.1.5. Трговијата со луѓе и миграцијата

Постојаниот општествен развој, глобализацијата, технолошкиот развој, постојаното менување на светската рамнотежа, како и многу други фактори, не само што создаваат погодна почва, туку и постојано ја потхрануваат “потребата” од човековото движење. Сепак, ваквата “потреба” кај развиените земји, кои најчесто се земји на дестинација за мигрантите, доведе до појава на отпорност и затворање на

---

[84] Jennifer K.Lobazs. “Beyond Border Security: Feminist Approaches to Human Trafficking” *Security Studies 18 (2009):* 321 - 322

[85] Melissa Hope Ditmore. *Encyclopedia of Prostitution and Sex Work, Vol. 1&2*. (Westport-London: Greenwood Press, 2006). p.490

[86] Ibid

границите за странците. Таквата ситуација пак, претставуваше само прв чекор кон појавата на алтернативни облици на мигрирање, кои се разбира тргнуваат од максимата *кога не може нешто да се добие на дозволен, тогаш се оди на забранетиот начин.*

Терминот миграција доаѓа од латинскиот migrare, што значи преместување од едно до друго место. За прв пат се појавил како термин кој се однесувал на луѓе, а потоа и на животни. Денес, терминот опфаќа поголем број на движења, меѓу кои пренесувањето податоци меѓу компјутерски системи, или движењето на микроорганизмите меѓу луѓе, животни или растенија. Јасно е дека миграцијата од различен вид е есенцијална за животот од многу аспекти и дека, за луѓето, таа вклучува организација, промена и прилагодување.[87]

Миграцијата претставува дел од слободната волја за избор на секој човек, автор на сопствениот животен план, кој како резултат на неразвиеноста на многу земји, односно поради желбата за ново искуство, може да се одлучи да се пресели од својата земја на потекло.[88] Секаде низ светот луѓето се во постојано движење преку меѓународните граници кои ги минуваат нелегално, без документи, заради најразлични причини. Некои тоа го прават заради политичко насилство, етнички конфликт, природни катастрофи, лоши економски услови, подобри можности во другата земја. На таков начин тие стануваат нелегални мигранти.

Нејзината историја почнува некаде на почетокот на човештвото, во Африка, од каде помеѓу 1.5 милиони и 5 000 години BC, Homo Erectus и Homo Sapiens мигрирале во Европа, а потоа и на другите континенти.

Во античкиот свет, грчката колонизација и римската експанзија зависеле од самата миграција, а надвор од Европа, битни движења во тој период имало во Месопотамија, во империите на Инките и Хиндусите.

Во поновата историја, како пресуден настан, кој целосно ја промени демографската слика на континентите, пред се од новиот свет, била Трансатланската трговија со робови. Приближно 12 милиони луѓе, најмногу од Западна Африка, биле принудно пренесени преку Индискиот Океан и Медитеранот кон Новиот Свет.[89]

---

[87] Thanh-Dam Truong. Des Gasper. *Transnational Migration and Human Security: The Migration–Development–Security Nexus.* (London - New York: Springer, 2011). p.4

[88] Елизабета Рози, " Кон усогласување на одредбите за трговија со луѓе и крумчарење мигранти: Борба против трговијата со луѓе, стратегии и соработка во истрагата " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor's Office, Collection of texts (2009):* 375

[89] За повеќе види кај Barbara L.Sollov. *Slavery and the rise of the Atlantic System.* (Cambridge: Cambridge University Press, 1991)

Доброволната миграција се појавила со периодот на проширувањето на Европа. Во тие години некои од големите колонијални сили, како Велика Британија, Кралството Холандија, Шпанија и Франција, промовирале мигрирање на нивното население во колониите, и тоа не само на работници, туку и на питачи, пензионирани војници, осуденици и сираци. Ваквата миграција, постоела се до крајот на XIX век, т.е. до појавата на антиколонијализмот.

Наредниот период на миграција е поврзан со развојот на Соединетите Американски Држави како индустриска сила. Милиони работници од слабо развиени региони низ светот, но и од земји со репресивни политички режими од Северна, Јужна и Источна Европа, мигрирале во САД во периодот од 1850 се до Големата депресија во 1930 година.

Следен бран миграции следел по завршувањето на Втората Светска Војна, кога работната сила била потребна за да се развијат пост-воените економии во Европа, Северна Америка и Австралија. Овој период е клучен за миграцијата на многу Турци во Германија, а Африканци од северниот дел на Африка во Франција и Белгија. Тоа е и периодот кога многу Британци мигрирале во Австралија, за каде добивале бесплатен билет и 10 фунти. Ваквата политика била поддржана од Австралиската влада, со цел да бидат привлечени нови жители и работна сила.

Идејата за создавање на меѓународен документ кој ќе се занимава со спречувањето на кривичното дело поврзано со миграцијата се родила некаде во деведесеттите години на XX век. Во 2000 година, заедно со Конвенцијата од Палермо и Протоколот посветен на трговијата со луѓе, за потпис бил отворен уште еден Протокол, кој се однесува на криумчарењето мигранти. Поточно, Протоколот за спречување на криумчарењето мигранти по копнен, воден и воздушен пат (Protocol against the Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air).[90]

Членот 3 од Протоколот посветен на криумчарењето мигранти ги содржи дефинициите на процесот на пренесување мигранти до земјите на дестинација, нелегалниот влез во земјата, документите кои се користат за извршување на дејствието, како и средствата кои се користат при транспортот.

*(а) Криумчарењето мигранти значи овозможување, во насока да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална добивка, нелегален влез*

---

[90]Достапен на http://www.uncjin.org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/convention_smug_eng.pdf [30.01.2013]

*на лице во земја членка на која лицето не е државјанин или за која нема дозвола за постојан престој;*

*(b) Нелегалниот влез опфаќа минување граници без исполнување на потребните барања за легален влез на нејзината територија;*

*(c) Измамнички патен или идентификациски документ е секој документ:*

*(i) кој бил фалсификуван или изменет на некој начин од страна на некое лице кое не е лице кое работи во агенцијата за изработка на лични документи авторизирана од страна на државата; или*

*(ii) кој бил неправилно издаден или добиен преку грешка, корупција или принуда или некој друг незаконски начин; или*

*(iii) кој е користен од страна на лице кое не е неговиот правилен носител;*

*(d) Пловило е секој вид на водно превозно средство, вклучувајќи и авиони кои слетуваат на вода, користени како средства за транспорт на вода, со исклучок на воени бродови, поморски помошни или други пловила во сопственост на или користени од страна на Владата и користени, во одредено време, единствено за владина некомерцијална употреба.*[91]

Целта на Протоколот е заштитата на мигрантите, а преку поврзувањето на криумчарењето мигранти со организираниот криминал редукција на моќта и влијанието на организираните криминални групи кои преку злоупотребата на мигрантите стекнуваат материјална добивка.

Целосно е истакната потребата од меѓународна соработка на полето на сузбивање на појавата, како и постоењето мерки, пред се во социјалната и економската област заради полесно адресирање на основните причини за појавата на миграционите движења.

Обединетите Нации мигрантот го дефинираат како лице кое останува надвор од неговото место на живеење подолго од една година. Според оваа дефиниција, денес во светот има околу 200 милиони лица кои се мигранти, од нив 50 милиони се илегални мигранти, а 9 милиони се бегалци.

Според некои автори, бројот на мигранти во последните 25 години бил двојно зголемен, а само во првите пет години на XXI век бил зголемен за 25 милиони лица. Така, помеѓу 1980 и 2000 година, бројот на мигранти се зголемил од 48 на 110 милиони лица. Во текот на 2000 година, 60 милиони мигранти се наоѓале во Европа, 44 милиони

[91] Article 3 from the Protocol against the Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air

во Азија, 41 милион во Северна Америка, 16 милиони во Африка и 6 милиони во Јужна Америка и Австралија. Денешните истражувања покажуваат дека бројот на жени како мигранти е зголемен, дури во 2005 година, статистиката на Обединетите Нации покажала дека таа година бил значително поголем бројот на жени како мигранти.

Меѓународната заедница би требало да се обиде да ги контролира миграциските бранови, пред се обезбедувајќи им средства на земјите во развој или земјите во кои има вооружени конфликти, односно таму каде што миграциските бранови се тесно и драматично поврзани со таквите ситуации, но исто така и употребувајќи политички средства за уредување и поедноставување на регуларните миграциски движења, пред се на оние кои се поврзани со потребите од работна сила во индустриски развиените земји.[92]

Под поимот “нелегален мигрант” подразбираме *лице кое, како последица на нелегалниот влез или истеченоста на неговата виза, нема легален статус при преминот на границата на земјата – домаќин.*[93]

Поврзаноста на трговијата со луѓе со миграцијата треба да се бара во транснационалниот карактер на истата. Всушност, феноменот, и денес, иако внатрешната трговија со луѓе се повеќе се среќава низ статистичките податоци, своите жртви ги бара, пред се, низ потенцијалните мигранти. Имајќи ја таа карактеристика, трговијата со луѓе со себе го носи товарот на кривично дело, при кое нелегално се минуваат граници (најчесто), па честопати односот кон неговите жртви знае да биде ист со односот на државата кон нелегалните мигранти.

Исто така, испреплетувањето на трговијата со луѓе и миграцијата, денес најмногу може да се најде во блискоста на кривичното дело поврзано со миграцијата, односно криумчарењето мигранти. Станува збор за кривични дела кои меѓусебно во одредени фази се толку блиски едно со друго, што на моменти доаѓа и до нивно целосно поклопување, иако мора да се напомене дека станува збор за две самостојни кривични дела.

Криумчарењето мигранти, во својата најлесна форма, која прави најмалку проблеми за органите на прогонот, претставува комерцијално пренесување и е класичен пример на кривично дело без жртва. Лица бараат да ја преминат границата

---

[92] Елизабета Рози, " Кон усогласување на одредбите за трговија со луѓе и крумчарење мигранти: Борба против трговијата со луѓе, стратегии и соработка во истрагата " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor’s Office, Collection of texts (2009):* 375

[93] Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција,*Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Стразбур – Женева: 2006), стр.19

без документи во замена за пари. Криминалците заработуваат за живот префрлувајќи мигранти нелегално преку границите, а клиентите по платените услуги го добиваат тоа што го барале – премин преку граница. Пример кој никогаш, на ваков начин опишан, не може да се доведе во никаква врска со трговијата со луѓе.[94] За да постои кривичното дело потребно е да постои договор меѓу двете страни, кој се исцрпува со недозволеното влегување во државата која е крајна дестинација на незаконското минување граници.[95] За разлика од ова, кај трговијата со луѓе, односот меѓу двете страни е строго забранет, меѓу нив не постои договор. Тој е резултат на најразлични насилни, измамнички, присилни средства.

Од дефиницијата во Протоколот јасно произлегува дека криумчарењето мигранти претставува чин на помагање во нелегалното преминување на граница и илегален влез. Според тоа, криумчарењето мигранти секогаш содржи транснационален елемент и е главно насочено против интересите на државата, а не против поединец. За разлика од него, трговијата со луѓе својот клучен елемент го има во експлоатирачката цел. Трговијата со луѓе ја вклучува намерата да се експлоатира одредено лице, и тоа во принцип без оглед на тоа како жртвата ќе стигне до местото на кое ќе биде вршена експлоатацијата.[96] Трговијата со луѓе не мора да содржи транснационален елемент, т.е. не мора да се минуваат меѓународни граници, бидејќи таа може да има и облик на внатрешен криминален процес.

Протоколот посветен на трговијата со луѓе го користи терминот "луѓе", додека тој за криумчарењето мигранти го користи терминот "мигранти". Ваквата разлика е базирана на свесен избор од страна на законодавците и се однесува на фактот дека криумчарењето мигранти секогаш се врши со минување државни граници, од една земја до друга, додека трговијата со луѓе може да остане во рамките на една, иста земја.[97]

Криумчарењето мигранти е обезбедување на илегален влез во странска држава на лице кое не е нејзин државјанин или лице со дозвола за постојан престој, а со цел

[94] Cherif Bassiouni. *Addressing International Human Trafficking in Women and Children for Commercial Sexual Exploitation in the 21st Century,* 10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC (2010), p.6

[95] Лоренцо Пикоти, "Борбата против трговијата со луѓе во глобалниот свет – кривично – правен преглед - " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor's Office, Collection of texts (2009):*300

[96] Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Стразбур – Женева: 2006), стр.19-20

[97] Harald Haugom Olsen. "The Snake from Fujian Province to Morecambe Bay: An Analysis of the Problem of Human Trafficking in Sweated Labour". *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice 16* (2008): 9

стекнување, на посреден или непосреден начин, финансиска или друга материјална корист.[98] Тоа може да се смета за дел од трговијата со луѓе, како негова фаза, но не и да се поистоветува. Бидејќи може да се сфати како фаза на трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти претставува потесен поим и тоа секогаш може да премине во трговија со луѓе, доколку организаторите сакаат дополнителен профит.

Лицата кои се нелегални мигранти и кои сакаат да стигнат до одредена дестинација ја имаат контролата врз процесот и можат да го прекинат во кој и да било момент, додека жртвите на трговијата со луѓе се оставени на трговците кои ја имаат нивната судбина во свои раце. Токму од тука произлегува и следниот заклучок, дека процесот на криумчарење мигранти завршува со пристигањето на дестинацијата, додека процесот на трговијата со луѓе продолжува и таму, можеби во својата најбрутална фаза, фазата на експлоатација.

Денес, се почесто, криминалните групи ги вршат и двете дела и користат канали за поврзување и патишта за меѓународен превоз кои се совпаѓаат. Исто така, од социјална гледна точка може да се каже дека дури доаѓа и до поклопување на пазарите на овие две кривични дела.[99] Бидејќи со луѓето се тргува или тие се криумчарат пред се заради исти причини; жртвите на трговијата со луѓе и криумчарените мигранти во најголемиот број случаи стануваат загрозени пред се поради економските прилики, потрагата за подобар живот, работа, заработка. [100] Постојат и случаи кога криумчарењето мигранти може да премине во трговија со луѓе, и тоа преку должничкото врзување.

“Должничкото врзување” може да биде дефинирано како статус или состојба која произлегува од залогот на должникот на неговите лични услуги или на лица под негова контрола, како сигурност за долгот, доколку вредноста на тие услуги, разумно определена, не е приклучена кон ликвидацијата на долгот или должината и природата на тие услуги не е ограничена, ниту дефинирана.[101] На ваков начин, мигрантите се врзани за криминалната група се до моментот до кој не го исплатат својот долг. Но, не смее да се заборави дека најчесто тој долг никогаш и не успеваат да го исплатат.

---

[98] Sasa Mijalkovic, *Vidovi i oblici trgovine ljudima, spisanie Temida, br.1,* (Beograd: Prometej 2005): 33

[99] Марко Месколини, " Трговијата со луѓе како нова форма на ропство: димензиите на појавата и одговори на интернационално ниво " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor’s Office, Collection of texts (2009):*342 - 343

[100] Sanja Copic, “ Putevi trgovine ljudime u Evropi” *Spisanie Temida, br.4 (2008):* 51

[101] Cornelius Friesendorf, *" Strategies against Human Trafficking: The Role of Security Sector "*,10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC (2010),p.154-155

## 1.1.6. Трговијата со луѓе и човековите права

Во 1948 година од страна на Обединетите Нации беше донесен документ, кој иако никогаш не стана правно обврзувачки за државите, низ годините го доби епитетот основа за многу други меѓународни документи, а истовремено многу држави при градењето на своите највисоки правни акти тргнаа токму од зборовите содржани во него.

Во Преамбулата на Универзалната декларација за човековите права (Universal Declaration on Human Rights)[102] е наведено дека само признавањето на еквивалентните и неотуѓуви права и вроденото човеково достоинство можат да претставуваат фундамент на слободата, правдата и мирот во светот, бидејќи самото непочитување на корпусот на човековите права и слободи би водело кон методи еднакви на варварство, кои би ја навредувале совеста на човештвото и би ги оневозможувале луѓето да ја уживаат слободата на говорот, вероисповедта, вредноста на сопствената личност и рамноправноста на половите, што би резултирало со тоа луѓето да се побунат против тиранијата и угнетувањето и да го поттикнат општествениот напредок и да ги подобрат условите за живот во поголема слобода.[103]

Универзалната Декларација во членот 3 го гарантира правото на слобода (заедно со правото на живот и безбедност), а во членот 4 вели дека *"никој не смее да биде држан во ропство или ропски однос; ропството и трговијата со робови ќе бидат забранети во сите нивни форми "*, членот 5 кој се однесува на забраната на тортурата, членот 6 кој го гарантира правото на секој да биде признат како лице пред правото, првиот став на членот 7 (сите луѓе се еднакви пред правото и имаат право, без да се дискриминирани, на еднаква заштита пред правото) и членот 23, кој се однесува на слободниот избор на работа и на праведен и соодветен надоместок за таа работа. Заштитените човекови права вака прикажани, нам јасно ни ги прикажуваат различните начини на кои трговијата со луѓе може да е сериозна закана за нивната заштита и почит.[104]

---

[102] Ратификувана на 10 декември 1948 година, достапна на http://www.un.org/en/documents/udhr/index.shtml [30.01.2013]

[103] Зоран Филиповски, " Криминолошки и кривично – правни аспекти на трговијата со луѓе во Република Македонија " *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 141

[104] Leslie Holmes. *Trafficking and Human Rights: European and Asia-Pacific Perspectives.* (Cheltenham - Northampton: Edward Elgar Publishing Limited, 2010). p.11

Глобалната Алијанса против трговијата со жени (The Global Alliance Against Trafficking in Women (GAATW)) постојано акцентира дека трговците рутински при секое ново кривично дело ги кршат многуте човекови права содржани во Универзалната Декларација за човекови права. Меѓу нив би ги споменале:

* право да се биде слободен од физичко насилство, вклучувајќи тука силување, сексуален напад, семејно насилство, присилна проституција, и трговија со луѓе (член 3);
* право на слобода (никаква можност за ропство) - (член 4);
* право да не се биде подложен на тортура или друго сурово и деградирачко однесување (член 5);
* право на персонална автономија (член 12);
* слобода во изборот на престојувалиште и слободно движење во рамките на сопствената земја (член 13.1);
* право на безбедни и здрави работни услови (член 23.1);
* право на еднаква плата за еднаква работа (член 23.2);
* право на праведен и поволен надоместок (член 23.3);
* право на психичко, физичко и сексуално здравје (член 25).[105]

Заедно со Универзалната Декларација, во рамките на Универзалниот договор за човековите права (Universal Bill of Human Rights), во 1966 година, донесени се и Меѓународниот пакт за цивилни и политички права (International Covenant on Civil and Political Rights)[106] и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights)[107].

Во рамките на првиот, во членот 8, се констатира дека никој не смее да биде држан во ропство и дека сите форми на трговија со робови се забрануваат (став 1) или ропски однос (став 2), но и дека од никого нема да се бара да врши присилна или принудна работа; додека другиот договор е важен за нашата област пред се заради членот 10, во кој е потенцирано дека браковите се резултат на слободна волја и дека се забрануваат присилните бракови (кои често се целна експлоатација кај трговијата со луѓе).

---

[105] Jennifer K.Lobazs. "Beyond Border Security: Feminist Approaches to Human Trafficking" *Security Studies 18 (2009):* 330

[106] Донесен на 16 декември 1966 година, а стапил на сила 23 март 1976 година, достапен на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/ccpr.pdf

[107] Донесен на 16 декември 1966 година, а стапил на сила 3 јануари 1976 година, достапен на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/cescr.pdf

Ваквите меѓународни документи јасно укажуваат на потребата поимот трговија со луѓе да биде сместена во контекст на човековите права, бидејќи трговијата најчесто се смета за современ вид на ропство, односно за негација на фундаменталните човекови права како што се слободата на одлучување, слободата на движење и физичкиот интегритет на личноста.[108] Таа е комплексно криминогено однесување кое директно задира во човековите права и слободи, што има сериозни импликации врз стабилноста, демократијата и владеењето на правото во национални и во регионални рамки.[109]

На територијата на Европа, тргнувајќи од иницијативата на ООН, Советот на Европа (Council of Europe), две години подоцна ја донесе Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms) [110] , денес попозната како Европска Конвенција за човековите права (European Convention on Human Rights) во чиј член 4, исто така, е забрането ропството или присилната работа. Нејзиното почитување е во надлежност на Европскиот Суд за човекови права во Стразбур, кој кога станува збор за трговијата со луѓе, за нас е важен поради неколку спорови за кои тој решаваше, а се однесуваа на ропството.

Судот, во 2005 година, за случајот Силиадин против Франција (*Siliadin v.France*)[111], кој се однесуваше на девојка од Того која беше задржана како неплатена домашна помошничка во период од повеќе од четири години, притоа работејќи по 15 часа на ден, без ниту еден слободен ден во текот на неделата, констатираше прекршување на одредени членови на Конвенцијата, но прописи кои се поблиски до слугувањето, а не ропството. Заради тоа, Судот ја користеше дефиницијата на Конвенцијата за ропството од 1926 година, но во одлуката потенцира дека дефиницијата содржана таму кореспондира на класичното ропство, додека во овој случај доказите не сугерираат постоење на класично ропство, туку дека обвинетата

---

[108] Александар Штулхофер. " За поимот и за некои аспекти на трговијата со жени и деца заради сексуална експлоатација " *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 156

[109] Трпе Стојановски, " Елементи за превенција и сузбивање на трговијата со луѓе" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 112

[110] Донесена на 4 ноември 1950 година, а стапила на сила на 3 септември 1953 година, достапна на http://conventions.coe.int/treaty/en/Treaties/Html/005.htm

[111] достапен на http://ec.europa.eu/anti-trafficking/download.action;jsessionid=cyqRQXZbj2lmTTjLQJnLhJQszKv92Xx4zx8Sqf5FZHWnsm8yN4jK!134714294?nodeId=0236dd77-487c-4cdc-9041-b9f8d21d9827&fileName=Siliadin_v_France_en.pdf [30.01.2013]

страна го проширила своето изворно право на сопственост врз својата вработена, притоа неа сведувајќи ја на објект.[112]

Пет години подоцна, на 10 јануари 2010 година, Судот донесе одлука во однос на случајот Ранцев против Кипар и Русија (*Rantsev v Cyprus and Russia*)[113]. Имено, таткото на девојката која работела како танчерка на Кипар, по нејзината сомнителна смрт, ги тужел нејзината родна земја и земјата на дестинација заради прекршување на некој од членовите содржани во Европската Конвенција за човекови права. Во однос на случајот, постојат индиции дека Ранцева била принудувана да дава сексуални услуги.

Судот одлучи дека постои кршење на членовите 2, 4 и 5 на Европската конвенција за човекови права во однос на Кипар и членот 4 во однос на Русија, потоа од земјите побара да обезбедат ефикасни механизми за заштита на жртвите, да ја подобрат истрагата на таквите дела, и да ги гонат и казнат сторителите.

Европскиот Суд за човекови права, во одлуката за случајот *Rantsev v Cyprus and Russia* прифаќа дека трговијата со луѓе, тргнувајќи од нејзината природа и цел на експлоатација, е базирана на употребата на моќ која отсекогаш била поврзана со правото на сопственост. Таа ги третира човечките суштества како средства кои можат да бидат продавани или купувани или присилени на работа...иако притоа во наредните редови од одлуката не признава дека трговијата со луѓе е кршење на членот 4 од Европската Конвенција за човекови права.[114]

Исто така, и Протоколот од Палермо содржи дел кој се однесува на заштитата на човековите права на жртвите на кривичното дело. Потребата за заштита на *меѓународно признатите човекови права* е содржана во Преамбулата на Протоколот, а членот 2 многу јасно ја подвлекува потребата од заштита на жртвите на трговијата со луѓе *со целосен почит на нивните човекови права*, како една од главните цели на документот.[115]

Рамката на човекови права, во која последните неколку години активно се става и разгледува проблемот на трговијата со луѓе, во однос на тој проблем можеме да ја

---

[112] Jean Allain. *The Slavery Conventions: The Travaux Préparatoires of the 1926 League of Nations Convention and the 1956 United Nations Convention.* (Leiden - Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 1965). p.4

[113] достапен на http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/economiccrime/corruption/Projects/CAR_Serbia/ECtHR%20Judgements/English/RANTSEV%20v%20CYPRUS%20%20RUSSIA%20-%20ECHR%20Judgment%20_English_.pdf [30.01.2013]

[114]Siddharth Kara, "Designing More Effective Laws Against Human Trafficking" *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010),p.4

[115] Tom Obokata.*Trafficking of Human Beings from Human Rights* (*Perspective.*Leiden – Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2006). p.34

поставиме на две нивоа. Првото ниво е тоа кое се однесува на истражувањето и идентификацијата на релевантни човекови права, норми и принципи кои се во тесна врска со модерното ропство. Тоа би биле, без притоа да се затвори листата за нови примери, правото на живот, работа, здравје, како и прохибицијата на тортурата и ропството. Следното ниво, е нивото на акција во чии рамки би биле и човековите права. Во него, симултано би се правеле обиди за наметнување законски обврски на државите, како обврската за забрана на трговијата со луѓе, кривично гонење на трговците, заштита на жртвите, како и адресирање на причините и последиците на феноменот. Постоењето на ваква рамка, во која човековите права ќе го имаат своето место во нејзиното јадро, би извршило поголем притисок врз државите да ги поврзат човековите права со овој феномен.[116]

Во насока на градењето политики за спречување на трговијата со луѓе во духот на човековите права, Советот на Европа во 2005 година ја донесе Конвецијата за акција против трговијата со луѓе (Convetiot on action against Trafficking in Human Beings)[117].

Станува збор за меѓународен документ чија перцепција е поразлична од таа на Протоколот од Палермо поради нејзиниот став да стави акцент на заштитата на човековите права и заштитата на жртвите на трговијата со луѓе, пред нејзината превенција. Всушност, во самата Преамбула на Конвецијата е подвлечена потребата од подобрување на заштитата која е содржана во Протоколот и развој на стандардите кои се пропишани во него.[118]

Целите на Конвенцијата се: превенцијата  и борбата со трговијата со луѓе; заштита на човековите права на жртвите; ефективна истрага и кривично гонење; промовирање на меѓународната соработка. Конвенцијата се однесува на сите форми на тргување, и тоа и со жени, мажи или деца, со цел да се прошири дијапазонот на гледање на Протоколот, опфаќајќи притоа и кривични дела кои се извршени меѓу земји или дела кои немаат никаква врска со организираниот криминал.[119]

Во рамките на Конвенцијата, трговијата со луѓе е окарактеризирана како повреда на човековите права и задирање во достоинството и интегритетот на човековото суштество, укажувајќи на можноста таа да доведе до ропска состојба на

---

[116] Ibid. p.35
[117] Отворена за потписи на 16 мај 2005 година, додека влегла во сила на 1 февруари 2008 година. Достапна на http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/trafficking/Source/PDF_Conv_197_Trafficking_Erev.pdf [30.01.2013]
[118] Anne Gallagher. “Recent Legal Developments in the Field og Human Trafficking: A Critical Review of the 2005 European Convention and Related Instruments”. *European Journal of Migration and Law 8 (2006):* 174
[119] Ibid. p.174-175

жртвата на трговијата (како екстремна последица во однос на положбата на жртвата).[120]

Трговијата со луѓе во овој меѓународен документ е дефинирана преку преземање на нејзината дефиниција од Протоколот од Палермо. Важно е да се напомене дека за прв пат е дадена дефиниција за жртвата на трговијата со луѓе, која е дефинирана како секое физичко лице кое станало предмет на трговија со луѓе, во смисла на дефиницијата од членот 4, став а.[121]

---

[120]Оливер Бачановиќ, " Правата, заштитата и помошта на жртвите во Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе " *Годишник на Полициската Академија (2007):* 69
[121]Article 4, paragraph a, from the Convetion on action against Trafficking in Human Beings

***Шематски приказ бр.1***

***Различните пристапи при дефинирањето на трговијата со луѓе и нивната меѓусебна поврзаност***



## 2. Кривично - правно одредување на трговијата со луѓе

Категоризацијата на кривичните дела на меѓународни кривични дела и сериозни кривични дела од меѓународна грижа, која во 1999 година ја дава Г.С.Гудвин Гил (G.S. Goodwin Gill) во своето дело Криминалот во Меѓународното право: Обврски erga omnes и обврска за кривично гонење, во својата основа ја има универзалната јурисдикција.[122] Трговијата со луѓе е транснационално кривично дело од меѓународна грижа кое е забрането со меѓународни документи, кои во основа, се договори за заедничка кривична помош базирана врз традиционалната национална јурисдикција. За разлика од ова, ропството е меѓународно кривично дело[123] и неговото спречување ги врзува сите земји потписнички на меѓународните договори посветени на него, чии норми носат епитет на ius cogens.

Иако во својата основа меѓународните документи посветени на трговијата со луѓе претставуваат договори за заедничка помош околу кривичното гонење и спречувањето на феноменот, сепак нивното потпишување со себе носи и придобивки, и обврски.

Протоколот од Палермо во членот 5 ја содржи обврската за криминализација на трговијата со луѓе. Документот од секоја земја бара да усвои законска регулатива или некои други мерки преку кои трговијата со луѓе ќе ја востанови како кривично дело, за кое извршување со закон е предвидена соодветна санкција.

Република Македонија, Протоколот од Палермо го потпиша на првиот ден од тродневното потпишување во Палермо, Сицилија, т.е. на 12 декември 2000 година, додека го ратификува на 12 јануари 2005 година.

Како резултат на потпишувањето на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал и нејзините Протоколи, Република Македонија, со измените на Кривичниот Законик на 25 јануари 2002 година, во Главата XX[124]XIV (Кривични дела против човечноста и меѓународното право) го додаде членот 418-а (Трговија со луѓе).

[122] Универзалната јурисдикција им овозможува на државите или меѓународните организации да бараат кривично гонење над обвинето лице без разлика каде е извршено кривичното дело, без разлика на неговата националност, или некоја друга врска со обвинетото лице. Кривичните дела кои се гонат под универзалниот принцип се сметаат за кривични дела против сите, премногу сериозни за да се гонат по арбитражата на одредена држава.

[123] Nina Tavakoli. “A Crime that Offends the Conscience of Humanity: A proposal to Reclassify Trafficking in Women as an International Crime”. *International Criminal Law Review 9 (2009): 78-79*

Кај овој облик на криминална активност во преден план е ставена повредата на основните слободи и права на луѓето што се предмет на трговија заради експлоатација од кој било вид.[125] Недозволената трговија се прикажува како сложено кривично дело, чија структура зависи од типот на меѓучовечките односи кои опфаќаат или претполагаат ограничување на слободата на самоопределување на жртвата со цел нејзино експлоатирање. Токму поради тоа, ова кривично дело би требало да се вброи во листата на кривични дела на т.н. "вештачка соработка" со жртвата, бидејќи од неа се бара активно да соработува и на некој начин да го надополнува однесувањето на сторителот. Таа "вештачка соработка" е резултат на изопачената волја на невалидна согласност (поради употребените средства или малолетноста).[126]

Инкриминацијата од 2002 година[127], го дефинира дејствието на основното кривично дело, на неговите квалификувани облици (кога жртвата е малолетна и кога делото е извршено организирано), и исто така го санкционира уништувањето идентификациски документи и овозможувањето користење сексуални услуги, без разлика на возраста на жртвата. Вака поставен, законскиот облик на делото, целосно не го опфаќа процесот на модерното ропство, давајќи им можност на криминалните групи своите идни чекори да ги изградат врз основа на она што не е инкриминирано.

По потпишувањето и ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија во 2004 година, Република Македонија во делот од Спогодбата што се однесува на Поглавјето Правда и внатрешни работи, беше обврзана да изврши усогласување на законодавството во насока на поефикасна соработка во борбата со најтешките форми на организираниот криминал, и во тој контекст и на трговијата со луѓе. Стратешка цел на Република Македонија во текот на 2004 година беше борбата против организираниот криминал, уште повеќе ако се има во предвид дека Конвенцијата од Палермо заедно со протоколите ја нагласува потребата од етаблирање на единствена и ефикасна правна рамка како есенцијален предуслов за давање на појак и конзистентен одговор во борбата против овој вид на софистицирано ропство на 21 век.[128]

---

[125] Владо Камбовски, *Организиран криминал*, (Штип: 2ри Август С, 2005), стр.264

[126] Лоренцо Пикоти,"Борбата против трговијата со луѓе во глобалниот свет – кривично – правен преглед - " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor's Office, Collection of texts (2009):* 301

[127] Кривичен законик на Република Македонија. Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 4/02.

[128] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за периодот 2005 - 2008 година*. (Скопје: Влада на РМ, 2006). стр.11

Токму затоа, во 2004 година, Кривичниот Законик беше повторно изменет. Трговијата со луѓе, во основниот облик доби нови облици на експлоатација, понатаму беше воведена кривична одговорност на правните лица, како и обврска да се одземат предметите и превозните средства кои се користат во процесот на извршување на кривичното дело. Имајќи ја предвид сериозноста на кривичното дело и неговите последици врз лицата кои станале негови жртви, законодавецот ја заостри криминалната политика, пред се во делот каде жртвите се малолетни лица.

Исто така, во функција на заштитата на идентитетот и приватноста на жртвите на трговијата со луѓе во измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка усвоени во октомври 2004 година со што беше воведена нова Глава XIX-а: Заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите. Согласно со овие одредби, се определуваат процесни и непроцесни мерки за заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите[129] на модерното ропство.

Во 2007 година Министерството за правда спроведе анализи за компатибилноста на националното законодавство со одредбите на Конвенцијата на *Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе* и состави извештај со препораки за сите правни и законодавни интервенции што треба да се преземат пред ратификацијата на Конвенцијата. Врз основа на анализите, правната рамка за борба против трговија со луѓе беше битно изменета во насока на исполнување на стандардите од Конвенцијата од 2005 год. Особено, Кривичниот законик и Законот за кривична постапка беа изменети во насока на дополнување и подобрување на постоечките мерки за *идентификација и заштита на децата (потенцијални) жртви на трговија со луѓе.*[130]

2008 година, во однос на процесот на обликување на законските решенија на феноменот на трговијата со луѓе, има важно место како хронолошка категорија. Имено, во таа година, со измените на Кривичниот Законик, тргувањето со малолетни лица стана посебна законска инкриминација. Беше воведен членот 418-г, кој ја опфати трговијата со малолетно лице. Со неговото воведување, малолетните лица го добиваат заслуженото, централно место во системот на нивна заштита од кое било кривично дело. Новата инкриминација целосно ги опфаќа недозволените дејствија поврзани со процесот на тргувањето и ја заострува криминалната политика, санкционирајќи ги

---

[129] Ибид

[130] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за периодот 2009 - 2012 година*. (Скопје: Влада на РМ, 2009). стр.29

построго оние кои го прекршуваа законот. Членот 418 - г од Кривичниот Законик на Република Македонија[131], гласи:

*(1) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.*

*(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години.*

*(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од малолетно лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.*

*(4) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.*

*(5) Согласноста на малолетното лице со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење на постоењето на кривичното дело од став 1.*

*(6) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.*

*(7) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.*

Во однос на членот 418-а, дури шест години од првичното инкриминирање, македонскиот законодавец прифати дека согласноста на жртвата е ирелеватна за постоењето на кривичното дело, што целосно ја отвори вратата за уште поуспешно кривично гонење и спречување на модерното ропство и неговите креатори.

Во 2008 година, новиот Закон за странци е претставен како *заштитна политика за превенција од илегална миграција и трговија со деца* преку налог за построги мерки/барања за влез на непридружувани малолетни лица на територијата на

[131] Кривичен законик на Република Македонија. Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08.

Република Македонија. Новиот Закон за странци, исто така, овозможува период на одлучување во траење до два месеци на странските жртви кој им дозволува на жртвите повеќе време да добијат помош и да одлучат дали ќе сведочат против трговците со луѓе. На жртвата по периодот на одлучување и се издава дозвола за привремен престој во траење од шест месеци со можност за нејзино продолжување доколку судскиот процес се продолжи. Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе е ратификувана на 14 април 2009 година.[132]

Имајќи го предвид фактот дека исполнувањето на целокупниот процес на тргување зависи од непреченото движење на нештата, честопати и службени лица биле дел од криминалните групи кои го извршувале кривичното дело или пак биле во улога на олеснувачи на криминалниот процес, на пример во акцијата „Југ“ кога беа откриени 28 лица, дел од организирана криминална група која се занимавала со трговија со луѓе, криумчарење мигранти и крадење скапи возила. Токму заради тоа во 2009 година беше заострена казнената политика во однос на службените лица кои го извршиле делото во вршење на својата служба.

Денешното законско решение на трговијата со луѓе, по сите измени, изгледа вака:

*(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.*

*(2) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставот 1 на овој член ќе се казни со затвор од најмалку четири години.*

[132] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за периодот 2009 - 2012 година*. (Скопје: Влада на РМ, 2009). стр.29

*(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид на експлоатација од лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(4) Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку осум години.*

*(5)Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1, не се од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.*

*(6) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.*

*(7) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.*

Инкриминацијата која денес е содржана во Кривичниот Законик на Република Македонија претставува конечен производ на долг процес на менување, прилагодување и втемелување на кривично - правните аспекти кога трговијата со луѓе е во центарот на вниманието. Тоа е инкриминација која целосно ги прифаќа и опфаќа препораките на Конвенцијата и Протоколот од Палермо, ги санкционира придружните дејствија на процесот, лицата кои се консументи на “умислените” услуги и лицата кои, користејќи ја својата професионална положба и моќ, го помагаат или учествуваат во извршувањето на кривичното дело.

## ГЛАВА III

## КРИМИНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Феноменологија на криминалитетот

Криминологијата може да се дефинира како самостојна, теориско - емпириска, интердисциплинарна општествена наука за феноменолошките карактеристики и причините за криминалитетот како масовна општествена појава и криминалното однесување како поединечна појава, со цел негово објаснување и сузбивање.[133]

Основната поделба на криминологијата е на дел кој се занимава со феноменолошките карактеристики или **криминална феноменологија** и дел кој ги изучува причините за појавата на криминалитетот или **криминална етиологија**.

Пинател (Pinatel), но и Грасбергер (Grassberger), истакнуваат дека криминалната феноменологија се занимава со проучување на надворешните облици на кривичните дела, како и со начинот на живот на престапниците.

Звонимир Шепаровиќ не дава поим за криминалната феноменологија, но подразбира дека се работи за појавните облици на криминалитетот и сродните појави, статистичко следење на криминалитетот, непознатиот криминалитет и "темната бројка", новите појавни облици и класификација на криминалците и делинквентите.[134]

За професорот Милутиновиќ, феноменологијата, криминалната, се однесува на опишувањето и изучувањето на морфологијата на кривичните дела, на начинот на нивното извршување, на нивните сторители.[135]

Понатаму, криминалната феноменологија претставува дел од криминологијата која ги проучува надворешните манифестации на криминалитетот како масовна општествена појава и фактите низ кои се манифестира едно поединечно криминално однесување.[136]

Криминалната феноменологија или феноменологијата на криминалитетот претставува подрачје на криминологијата како наука што се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и делинквенцијата во општествена реалност со обемот, динамиката и структурата и структуралните

---

[133] Slobodanka Konstantinovic-Vilic, Vesna Nikolic-Ristanovic. *Kriminologija.* (Nis: PROSVETA Nis, 2003), str.20

[134] Љупчо Арнаудовски. *Криминологија*. (Скопје: 2ри Август (Штип), 2007), стр.242

[135] Milan Milutinovic. *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i kriminologije.* (Beograd: Savremena Administracija, 1973), str.139

[136] Slobodanka Konstantinovic-Vilic, Vesna Nikolic-Ristanovic. *Kriminologija.* (Nis: PROSVETA Nis, 2003), str.33

промени, со распространетоста на криминалитетот и делинквенцијата и нивните карактеристики што се израз на времето и просторот, со квалитативните и квантитативните карактеристики што произлегуваат од неговиот карактер на индивидуална и општествена појава, со штетните последици и жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат сознанија за објаснување на нивната етиологија.[137]

Вака сфатена, криминалната феноменологија ни дава одговор за **обемот** на кривичните дела што го претставува вкупниот број на извршени кривични дела на определен простор во определено време, за **структурата** на криминалитетот со што се утврдуваат неговите видови на кривични дела и нивниот меѓусебен однос, за **динамиката** на криминалитетот со што се добива појасна слика за опаѓањето или порастот на криминалитетот во однос на некој друг временски период, како и за **појавните облици** на кривичните дела.

## 1.1. Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година

Феноменолошките карактеристики на кривичните дела претставуваат едни од најбитните теоретски елементи при истражувањето на целокупниот криминалитет или пак при истражувањето на негов одреден вид. Преку нив за периодот кој се истражува се добива целосна слика за видот на криминалитетот кој е од интерес, и тоа почнувајќи од бројчаното движење на тие кривични дела, преку формата и обликот во кои се појавуваат, карактеристиките и на двете инволвирани страни - сторителот и жртвата, за потоа преку таквите информации да се прогнозираат идните трендови на тој вид криминалитет.

Иако фокусот на истражувањето е насочен кон криминалистичките карактеристики, пред се начинот на извршување (modus operandi), мора да се напомене дека и феноменолошките карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија се од голема важност. Заедно со криминалистичките карактеристики, феноменолошките градат целосен мозаик за појавата, а сознанијата кои тие ги даваат подоцна ја отвораат можноста за поуспешна изградба на методиката која би била искористена за откривање на кривичните дела и нивните сторители.

[137] Љупчо Арнаудовски. *Криминологија*. (Скопје: 2ри Август (Штип), 2007), стр.244

Истражувањето го опфаќа периодот од 2002 година, кога трговијата со луѓе за прв пат беше криминализирана, па се до 2012 година. Периодот од единаесет години многу добро би ја објаснил целокупната состојба со феноменот. Станува збор за период во кој политичките, географските и воените прилики се менувале во регионот, период кој се уште бил под влијание на бурната последна декада на XX век, декада во која воените дејствија на Балканот не престанувале, туку само ја менувале територијата на која се одвивале.

### 1.1.1. Обем и динамика на трговијата со луѓе во Република Македонија

Како што споменавме и претходно, криминалната феноменологија се однесува на обемот, динамиката, структурата, структуралните облици и појавните облици на феноменот.

Обемот на криминалитетот се однесува на вкупниот број на сторени кривични дела и други деликти, опфатени со поимот криминалитет и делинквенција во одредено време и на одреден простор.[138] Оваа дефиниција прилагодена на нашите потреби би гласела *обемот на феноменот на трговијата со луѓе се однесува на вкупниот број извршени кривични дела од членот 418 – а (трговија со луѓе) и членот 418 – г (трговија со малолетно лице), во одредено време (во нашето истражување тоа е периодот 2002 – 2012 година) и на одреден простор (во нашиот случај територијата на Република Македонија).*

Динамичноста на криминалитетот и делинквенцијата се детерминирани со нивниот карактер на општествени појави. Секој период од историскиот развој на класното општество има свој криминалитет. Подлабоките промени во општествените, економските, социјалните и културните и други односи, се одразуваат и врз динамиката на криминалитетот и неговите одделни видови.[139] Всушност, динамиката одблиску ни ги прикажува промените во бројот на кривични дела, а притоа го вклучува алармот за проверка на причините за променливоста на бројката на одредено кривично дело. Понекогаш тоа може да е резултат на ефективната и ефикасна работа на државните органи на прогонот, но понекогаш може да е резултат на софистицираниот начин на дејствување на криминалните групи или индивидуалните сторители на

[138]Љупчо Арнаудовски, *Криминологија* (Скопје: 2ри Август (Штип)), 2007, стр.241
[139]Ибид, стр.252

кривичното дело. Со други зборови, и индивудуалните и општествените промени во која и да било од областите на човековото живеење може да предизвикаат и промени во бројот на извршените кривични дела.

***Табела бр.1***

***Обем и динамика на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а)***

***во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Кривични дела | Сторители |
|---|---|---|
| 2002 | 18 | 33 |
| 2003 | 42 | 78 |
| 2004 | 19 | 42 |
| 2005 | 12 | 40 |
| 2006 | 3 | 4 |
| 2007 | 3 | 4 |
| 2008 | 1 | 4 |
| 2009 | 1 | 1 |
| 2010 | 0 | 0 |
| 2011 | 2 | 6 |
| 2012 | 3 | 4 |
| Вкупно | 104 | 216 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[140]

***График бр.1***

**Графички приказ на обемот и динамиката на к.д. Трговија со луѓе (чл.418-а) во периодот 2002 - 2012 година**




Анализирајќи го бројот на регистрирани кривични дела во текот на сите единаесет години кои се цел на истражувањето, би рекле дека делото својата кулминација ја имало во 2003 година. Имено, од годината кога тоа првично е

[140] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

инкриминирано и внесено во Кривичниот Законик на Република Македонија, во која се извршени 18 кривични дела, една година подоцна, таа која и претходно ја споменавме како година во која делото го има својот најголем број, биле извршени дури 42 кривични дела кои биле подведени под членот 418-а. Што значи дека бројот на кривични дела од овој феномен се зголемил дури за 75% во однос на претходната година.

Потоа во 2004 година бројот повторно се намалува и тоа за 45.2% во однос на претходната година.

2005та година се карактеризира, повторно со намалување, и тоа за 63.2% во однос на бројката од 2004 година. Во таа година се регистрирани 12 кривични дела.

Периодот од 2006 година па се до 2012 слободно може да се нарече период во кој бројот на кривични дела драстично опаѓа. Во 2006 и 2007 година тој е по 3 кривични дела во секоја година, а во 2008 и 2009 година само по едно кривично дело.

Во текот на 2010тата година не е регистрирано ниту едно кривично дело кое би било подведено под членот 418-а од Кривичниот Законик на Република Македонија.

Една година подоцна, во 2011 година, регистрирани се 2 кривични дела, што повторно доведува до појавување на појавата низ статистичките податоци.

Во последната година од периодот кој е од наш интерес, извршени се три кривични дела, што е бројка која се држи до трендот на делото во последните неколку години.

***Табела бр.2***

***Обем и динамика на к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г)***

***во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Кривични дела | Сторители |
|---|---|---|
| 2008 | 9 | 21 |
| 2009 | 7 | 15 |
| 2010 | 3 | 12 |
| 2011 | 5 | 28 |
| 2012 | 1 | 2 |
| Вкупно | 25 | 78 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[141]

[141] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

***График бр.2***




Трговијата со малолетно лице се до 2008 година не постоеше како посебно кривично дело, па сите кривични дела чии жртви биле малолетни, исто така биле карактеризирани како трговија со луѓе (чл.418-а). Од 2008 година, па наваму, со измените на Кривичниот Законик, и статистички трговијата со малолетни лица се следи како посебно кривично дело, иако во основа станува збор за истата појава.

Во 2008 година, биле регистрирани 9 кривични дела во кои експлоатирани биле малолетни лица. Една година подоцна бројот се намалил на 7, за во 2010 година тој да се намали дури за 33.3% во однос на бројот на кривични дела од 2008 година, па биле регистрирани 3 кривични дела. Потоа во 2011 година бројот повторно се зголемува и изнесува 5 кривични дела. Во 2012 година делото бележи бројка од 1 кривично дело, која е пад за 4 пати во однос на претходната година.

### *Табела бр.3*

### *Обем и динамика на феноменот трговија со луѓе (чл.418-а и чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година*

| Година | Кривични дела | Сторители |
|---|---|---|
| 2002 | 18 | 33 |
| 2003 | 42 | 78 |
| 2004 | 19 | 42 |
| 2005 | 12 | 40 |
| 2006 | 3 | 4 |
| 2007 | 3 | 4 |
| 2008 | 10 | 25 |
| 2009 | 8 | 16 |
| 2010 | 3 | 12 |
| 2011 | 7 | 34 |
| 2012 | 4 | 6 |
| Вкупно | 129 | 294 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[142]

### *График бр.3*




Во претходните две анализи го разгледавме обемот и динамиката на трговијата со луѓе и трговијата со малолетно лице одделно. Но, за да се добие вистинска слика за состојбата со трговијата со луѓе, чии жртви можат да бидат и полнолетни и малолетни, потребно е да се согледа вкупниот број на кривични дела, во кој ќе бидат вклучени и дејствијата од двете законски инкриминации.

[142] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

Од анализата на табела бр.3, би можеле да заклучиме дека периодот од 2002 до 2005 година е период кој се карактеризира со голем број на кривични дела трговија со луѓе. Иако делото за прв пат е инкриминирано во 2002 година, најголемиот обем го има една година подоцна. Како причина би можела да се наведе неможноста да се докаже делото и можеби се уште недоволната подготвеност на органите на прогонот да го препознаат кривичното дело. Така бројот на кривични дела во 2002 година изнесувал 18, за година подоцна истиот да се зголеми за повеќе од два пати. Имено, 2003 година е всушност годината во која бројот на кривични дела е и највисок од сите 11 години кои се предмет на наш интерес и истражување. Токму во таа година се гледа добивката на инкриминирањето на феноменот на трговијата со луѓе, бидејќи дотогаш сите кривични дела кои во своето јадро претставувале трговија со луѓе, биле подведувани под други законски инкриминации. Најчесто, бидејќи на територијата на Република Македонија, трговијата со луѓе во најголемиот број случаи била заради сексуална експлоатација, до 2002 година, таквите дела биле гонети и санкционирани како ***посредување во вршење проституција (чл.191 од КЗ на РМ).***

Во 2004 година, бројката се намалува на 19 кривични дела или падот е за 45.2% во однос на бројката од 2003 година. Иако, бројот е намален, сепак може да се каже дека станува збор за се уште висока бројка на кривични дела.

2005 година е последната од годините во кои бројот на извршени кривични дела е двоцифрен. Во нејзиниот тек се извршени 12 кривични дела, со што за скоро една третина е намален бројот на дела од претходната 2004 година.

По 2005 година, следува двегодишен период во чиј тек кривичното дело скоро и да не се појавува. И во 2006 и во следната 2007 година извршени се по 3 кривични дела. Намалувањето секако може да се запише како успех на органите на прогонот, кои од денот на инкриминирањето на делото во 2002 година постојано работеа на усовршување на сите аспекти на истрагата поврзана со ова кривично дело и строгото санкционирање на сторителите, но и во превенцијата на кривичното дело преку голем број настани и кампањи за подигнување на свеста кај потенцијалните жртви.

2008 година, како и што веќе напоменавме погоре, при анализата на обемот и динамиката на кривичното дело трговија со малолетно лице (чл.418-г), ќе остане запаметена како година во која за прв пат, феноменот на модерното ропство доби две различни кривични дела кои единствено зависат од возраста на неговата жртва, односно дали таа е малолетна или е полнолетна. Јасно е дека на ваков начин,

законодавецот во Република Македонија не прави дискриминација на жртвите користејќи ја нивната возраст, туку сака да напомене дека, како и во секоја земја, така и во Република Македонија, децата, кои според дефиницијата во Конвенцијата од Палермо се деца додека не наполнат осумнаесет години, го имаат централното место во општеството кога станува збор за нивната заштита од каков било вид на кривични дела. Но, токму таа 2008 година, исто така треба да се запамети и како годината во која феноменот трговија со луѓе повторно се искачува на двоцифрен број кривични дела, и тоа 10, пред се благодарение на високиот број кривични дела чии жртви биле малолетни лица.

Во 2009 година, бројот губи само една петтина од годината претходно, и изнесува 8 кривични дела, по што падот продолжува и во 2010 година, кога извршени се само 3 кривични дела и тоа сите три се дела во кои жртвите немале наполнето осумнаесет години на живот.

Но, падот трае само таа една година, бидејќи во 2011 повторно има зголемување на бројот со 7 извршени кривични дела. Во наредната, 2012, година, бројот на кривични дела паѓа за скоро половина, односно изнесува 4 кривични дела.

Феноменот од 2003 година, па се до денес, е во постојан пад, освен помалите зголемувања на бројот на кривични дела во 2008 и 2011 година.

***Табела бр.4***

***Споредба на обемот и динамиката на к.д. <u>трговија со луѓе (чл.418-а)</u> и к.д.<u>трговија со малолетно лице (чл.418-г)</u> во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | к.д. трговија со луѓе (чл.418-а) | к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) |
|---|---|---|
| 2002 | 18 | / |
| 2003 | 42 | / |
| 2004 | 19 | / |
| 2005 | 12 | / |
| 2006 | 3 | / |
| 2007 | 3 | / |
| 2008 | 1 | 9 |
| 2009 | 1 | 7 |
| 2010 | 0 | 3 |
| 2011 | 2 | 5 |
| 2012 | 3 | 1 |
| Вкупно | 104 | 25 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[143]

[143] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

Анализата на табелата бр.4 би требало појасно да ни ја прикаже состојбата на секое од двете кривични дела одделно, иако веќе тоа и претходно беше прикажано, но и да даде до знаење дека периодот кој се истражува може да се подели на период во кој најголемиот број жртви биле полнолетни (2002 - 2007 година) и период во кој најголемиот број на жртвите биле малолетни лица (2008 - 2012 година).

Имено, од 2008 година наваму или воопшто нема кривично дело трговија со луѓе (чл.418-а) или тоа е бројка од 1 или 2 такви кривични дела годишно. За разлика од него, трговијата со малолетно лице, од 2008 година, единствено во 2010 и 2012 година има пад, додека генерално неговиот тренд се држи на 9 во 2008, 8 во 2009 и 7 во 2011 година. Ваквата бројка, иако на прв поглед изгледа занемарувачка во однос на бројките на други видови кривични дела кои се случуваат на територијата на Република Македонија, сепак не треба да се гледа со резерва, пред се заради комплексноста која ја има ова кривично дело, неговата содржина и се разбира заради ранливоста на групата на малолетни лица, која очигледно полека, но сигурно станува се почеста цел на интересот на сторителите на ова кривично дело.

***График бр.4***

**Графички приказ на обемот и динамиката на к.д. трговија со луѓе (чл.418-а) и к.д. трговија со малолетно лице (чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година**



*Табела бр.5*

***Процентуален удел на феноменот трговија со луѓе во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупен број на извршени кривични дела на територијата на Република Македонија | Вкупен број на извршени кривични дела трговија со луѓе (чл.418-а) и трговија со малолетно лице (чл.418-г) | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 18 308 | 18 | 0.10 |
| 2003 | 22 547 | 42 | 0.19 |
| 2004 | 22 663 | 19 | 0.08 |
| 2005 | 22 634 | 12 | 0.05 |
| 2006 | 22 024 | 3 | 0.01 |
| 2007 | 26 224 | 3 | 0.01 |
| 2008 | 28 327 | 10 | 0.03 |
| 2009 | 27 330 | 8 | 0.03 |
| 2010 | 28 489 | 3 | 0.01 |
| 2011 | 29 529 | 7 | 0.02 |
| 2012 | 29 939 | 4 | 0.01 |
| Вкупно | 278 014 | 129 | 0.05 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[144]

Табелата бр.5 има за цел да го прикаже процентуалниот удел на феноменот на трговијата со луѓе во вкупниот број на извршени кривични дела на територијата на Република Македонија. И при оваа анализа повторно би спомenале дека иако на прв поглед процентуалниот удел изгледа многу мал споредувајќи го со бројот на вкупно извршените кривични дела, сепак би предупредиле дека овие кривични дела длабоко навлегуваат во сржта на човековото достоинство и неговите основни човекови права и слободи.

Обемот на вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во текот на годините од периодот кој се истражува е во тренд на зголемување и тоа со скоро повеќе од 6 200 кривични дела повеќе во 2007 година, отколку во претходната година. Иако 2002 година завршила со 18 308 кривични дела, сепак година подоцна, во 2003 година, кога и бројот на извршени кривични дела од феноменот на модерното ропство е највисок, бројот на вкупниот криминалитет се зголемува за околу 4 000 кривични дела. Потоа цели 4 години се држи скоро на исто ниво од околу 22 000 кривични дела со мали осцилации нагоре или надолу за неколку стотина кривични дела. Но, како што и претходно беше напоменато, најголемата промена се случува во 2007 година, за потоа тој нагорен тренд да продолжи и во 2008 година, во 2009 бројот е

[144] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

намален за околу 1 000 кривични дела, но година подоцна тој повторно се враќа на состојбата од 2008 година. Но, во 2011 и 2012 година, вкупниот број на извршени кривични дела е во пораст во однос на 2010 година.

Во однос на процентуалниот удел на трговијата со луѓе во вкупниот криминалитет во Република Македонија, во текот на сите години, тој е помал од 1%. Најнизок е во 2006, 2007, 2010 и 2012 година (0.01%), додека највисок во 2002 и 2003 година (0.1% и 0.19%).

***Табела бр.6***

***Процентуален удел на к.д.трговија со луѓе(чл.418-а) во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупен број на извршени кривични дела на територијата на Република Македонија | Вкупен број на извршени кривични дела трговија со луѓе (чл.418-а) | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 18 308 | 18 | 0.10 |
| 2003 | 22 547 | 42 | 0.19 |
| 2004 | 22 663 | 19 | 0.08 |
| 2005 | 22 634 | 12 | 0.05 |
| 2006 | 22 024 | 3 | 0.01 |
| 2007 | 26 224 | 3 | 0.01 |
| 2008 | 28 327 | 1 | 0.003 |
| 2009 | 27 330 | 1 | 0.004 |
| 2010 | 28 489 | 0 | / |
| 2011 | 29 529 | 2 | 0.007 |
| 2012 | 29 939 | 3 | 0.01 |
| Вкупно | 278 014 | 104 | 0.04 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[145]

[145] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

***Табела бр.7***

***Процентуален удел на к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) во вкупниот криминалитет на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупен број на извршени кривични дела на територијата на Република Македонија | Вкупен број на извршени кривични дела трговија со луѓе (чл.418-а) и трговија со малолетно лице (чл.418-г) | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 18 308 | / | / |
| 2003 | 22 547 | / | / |
| 2004 | 22 663 | / | / |
| 2005 | 22 634 | / | / |
| 2006 | 22 024 | / | / |
| 2007 | 26 224 | / | / |
| 2008 | 28 327 | 9 | 0.03 |
| 2009 | 27 330 | 7 | 0.02 |
| 2010 | 28 489 | 3 | 0.01 |
| 2011 | 29 529 | 5 | 0.02 |
| 2012 | 29 939 | 1 | 0.003 |
| Вкупно | 278 014 | 25 | 0.09 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[146]

***Табела бр.8***

***Споредба на обемот и динамиката на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а), к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) и к.д.криумчарење мигранти (чл.418-б) во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | к.д.трговија со луѓе (чл.418-а) | к.д. трговија со малолетно лице (чл.418-г) | к.д.криумчарење мигранти (чл.418-б) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 18 | / | / |
| 2003 | 42 | / | / |
| 2004 | 19 | / | 21 |
| 2005 | 12 | / | 35 |
| 2006 | 3 | / | 23 |
| 2007 | 3 | / | 32 |
| 2008 | 1 | 9 | 36 |
| 2009 | 1 | 7 | 26 |
| 2010 | 0 | 3 | 27 |
| 2011 | 2 | 5 | 27 |
| 2012 | 3 | 1 | 34 |
| Вкупно | 104 | 25 | 261 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[147]

[146] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.
[147] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

*График бр.5*

***Графички приказ на обемот и динамиката на <u>к.д.трговија со луѓе (чл.418-а),</u> <u>к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г) и к.д.криумчарење мигранти (чл.418-б)</u> во периодот 2002 - 2012 година***




Знаејќи ја природата на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, кои како кривични дела, се мисли на законодавството, се појавија на почетокот на XXI век, како производ на потпишувањето на Конвенцијата од Палермо и нејзините два Протоколи кои се однесуваат на овие два феномени, би заклучиле дека од моментот кога нивните инкриминации беа внесени во кривичното законодавство на земјите потписнички, во пракса се појавија проблеми кои беа резултат на нивното постојано мешање, иако кога ќе се разработат нивните законски дефиниции, без никаква недоверба може да се заклучи дека станува збор за две различни дејствија.

Во Република Македонија, првата (трговија со луѓе) како и што веќе споменавме беше инкриминирана во 2002 година, додека втората (криумчарењето мигранти) две години подоцна, т.е. во 2004 година. Оттогаш до денес бројот на кривични дела постојано се менувал како резултат на различните општествени прилики, полициските чекори, промената на начините на извршување и сл.

Доколку почнеме со анализата од 2004 година, кога и за прв пат двете кривични дела заедно се појавуваат во полициската статистика, со сигурност би заклучиле дека тоа е единствената година во која двете кривични дела се блиску едно до друго во

нивниот број. Од следната година, бројот на кривични дела трговија со луѓе постојано опаѓа, додека бројот на кривичните дела од чл.418-б или се зголемува или се намалува во различни години, но постојано го држи трендот на двоцифрена бројка и тоа во секоја година бројот на извршени кривични дела е над 25.

Како една од причините поради која криумчарењето мигранти постојано го има големиот број на кривични дела извршени на годишно ниво, во однос на трговијата со луѓе, би го спомenале (пократкото) дејствие на извршување, односно непостоењето на последната фаза, фазата на експлоатација. Имено, кај криумчарењето мигранти по минувањето на меѓународните граници и пристигањето на сакананата дестинација (онаа за која мигрантот исплатил одреден паричен надомест на лицето кое го пренесува преку граници), процесот е завршен. Не постои потреба од дополнителен ризик како што е фазата на експлоатација кај трговијата со луѓе.

## 1.1.2. Структура и структурни промени на трговијата со луѓе во Република Македонија

Структурата не претставува само механички збир на расфрлени делови, туку на факти поставени во еден систем што ја изразуваат целината на појавата. Таа ја објаснува квалитативната страна на појавата, бидејќи не е ниту случајна ниту се формира независно од оние општествени фактори што го условуваат нејзиното настанување.[148]

Комплексноста на трговијата со луѓе како криминален процес кој во себе содржи збир од поединечни дејствија кои кога ќе се соберат го затвораат кругот и резултираат со модерното ропство. Токму таа комплексност на феноменот ја дава можноста истиот да се структуира според најразлични критериуми, како што се: начинот на регрутација, начинот на транспорт, видот на експлоатацијата, возраста на жртвата, полот на жртвата, територијата на која се одвива, бројот на сторители и сл.

Во однос на начинот на регрутацијата на жртвите, најчесто таа се врши со измама во однос на условите во кои тие би работеле (доколку знаат што би работеле) или во однос на работата која би ја извршувале.

Во однос на полот на жртвата зборуваме за трговија со жени и трговија со мажи, додека во однос на возраста на жртвата појавата може да е трговија со полнолетни или трговија со малолетни лица.

[148] Љупчо Арнаудовски, *Криминологија* (Скопје: 2ри Август (Штип)), 2007, стр.248

Во однос на бројот на сторителите на кривичното дело, истото може да е извршено од страна на организирани криминални групи или поединци. Територијално истите може да минуваат меѓународни граници со што трговијата со луѓе станува транснационална, или едноставно може делото да го вршат на територијата на една земја, со што трговијата е внатрешна трговија со луѓе.

Но, структурата според видот на експлоатацијата е класификацијата која најчесто и најмногу се прави. Експлоатацијата е крајната цел на сите активности кои сторителите на делото ги преземаат, почнувајќи од регрутацијата на жртвите, преку нивниот транспорт до земјата на дестинација и нивното искористување преку експлоатација заради материјалната добивка на организираните криминални групи или поединците.

***Табела бр.9***

***Појавни облици на к.д.трговија со луѓе (чл.418-а)***

***во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупно пријавени кривични дела – трговија со луѓе (чл.418 - а) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за сексуална експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за трудова експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а ( за незаконско посвојување) |
|---|---|---|---|---|
| 2002 | 18 | 18 | / | / |
| 2003 | 42 | 42 | / | / |
| 2004 | 19 | 19 | / | / |
| 2005 | 12 | 12 | / | / |
| 2006 | 3 | 2 | / | 1 |
| 2007 | 3 | 3 | / | / |
| 2008 | 1 | 1 | / | / |
| 2009 | 1 | / | 1 | / |
| 2010 | / | / | / | / |
| 2011 | 2 | 2 | / | / |
| 2012 | 3 | 1 | 2 | / |
| Вкупно | 104 | 100 | 3 | 1 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[149]

Според податоците содржани во табелата бр.9, би можеле да заклучиме дека на територијата на Република Македонија во случаите на трговијата со луѓе (чл.418-а од КЗ на РМ), најчесто лицата се тргуваат заради нивна сексуална експлоатација. Евидентиран е случај на трговија со луѓе заради незаконско посвојување во 2006 година, како и еден случај на трудова експлоатација во 2009 година.

[149] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

***Табела бр.10***

***Појавни облици на <u>к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г)</u>***

***во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупно пријавени кривични дела - трговија со малолетно лица (чл.418-г) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за сексуална експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за трудова експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а ( за присилен брак) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а ( за сексуална и трудова експлоатација) |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 9 | 2 | / | / | 7 |
| 2009 | 7 | / | / | / | 7 |
| 2010 | 3 | 2 | 1 | / | / |
| 2011 | 5 | 3 | 1 | 1 | / |
| 2012 | 1 | / | / | 1 | / |
| Вкупно | 25 | 7 | 2 | 2 | 14 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[150]

Појавните облици на трговијата со малолетно лице (чл.418-г од КЗ на РМ), како што може да се забележи од табелата бр.10, се движат од трговија со луѓе заради сексуална експлоатација, до еден случај со целна експлоатација - присилен брак. Меѓутоа, најчест облик во истражуваниот период е експлоатацијата во која сексуалната и трудовата експлоатација се јавуваат комбинирано.

***Табела бр.11***

***Појавни облици на <u>к.д.трговија со луѓе (чл.418-а) и к.д.трговија со малолетно лице</u>***
***<u>(чл.418-г)</u> во однос на видот на експлоатацијата во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупно пријавени кривични дела - трговија со луѓе (чл.418-а) и трговија со малолетно лице (чл.418-г) | Вкупно пријавени кривични дела - чл.418-а и чл.418-г (за сексуална експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела - чл.418-а и чл.418-г (за трудова експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела - чл.418-а и чл.418-г (за мешовита експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела - чл.418-а и чл.418-г (за незаконско посвојување) | Вкупно пријавени кривични дела - чл.418-а и чл.418-г (за вонбрачен живот) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 18 | 18 | / | / | / | / |
| 2003 | 42 | 42 | / | / | / | / |
| 2004 | 19 | 19 | / | / | / | / |
| 2005 | 12 | 12 | / | / | / | / |
| 2006 | 3 | 2 | / | / | 1 | / |
| 2007 | 3 | 3 | / | / | / | / |
| 2008 | 10 | 3 | / | 7 | / | / |
| 2009 | 8 | / | 1 | 7 | / | / |
| 2010 | 3 | 2 | 1 | / | / | / |
| 2011 | 7 | 5 | 1 | / | / | 1 |
| 2012 | 4 | 1 | 2 | / | / | 1 |
| Вкупно | 129 | 107 | 5 | 14 | 1 | 2 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[151]

[150] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

### 1.1.3. Компаративен на бројот на поднесени кривични пријави, обвинителни акти и судски пресуди во врска со феноменот на трговијата со луѓе, односно пријавени, обвинети и осудени сторители

Иако првиот чекор по откривањето на кривичното дело е поднесувањето на кривичната пријава, сепак за спречувањето на трговијата со луѓе да биде навистина успешно се јавува потребата од подигнат обвинителен акт и правосилна судска одлука со која на сторителите им се изречени санкции.

Целта на краткиот компаративен преглед на податоците поврзани со кривичните пријави па нивното прифаќање односно неприфаќање од страна на органите на Јавното обвинителство па се до судската одлука е да се провери колкав процент од кривичните пријави, т.е. пријавените сторители, завршуваат со санкција, но и да се согледа казнената политика на Република Македонија во однос на овие две кривични дела.

***Табела бр.12***

***Бројот на пријавени, обвинети и осудени лица***

***за <u>кривичните дела (418 – а и 418 – г)</u> во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Број на пријавени лица | Број на обвинети лица | Процент (%) | Број на осудени лица | Процент (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 33 | 1 | 3.03 | 1 | 100 |
| 2003 | 78 | 5 | 6.4 | / | |
| 2004 | 42 | 9 | 21.4 | 9 | 100 |
| 2005 | 40 | Нема инф. | / | Нема инф. | / |
| 2006 | 4 | 7 | - | 7 | - |
| 2007 | 4 | 3 | 75 | 2 | 66.7 |
| 2008 | 25 | 22 | 88 | 15 | 68.1 |
| 2009 | 16 | 8 | 50 | 3 | 37.5 |
| 2010 | 12 | 9 | 75 | / | / |
| 2011 | 6 | 6 | 100 | 3 | 50 |
| 2012 | 4 | 4 | 100 | / | / |
| Вкупно | 294 | 74 | 25.2 | 40 | 54.05 |

Извор: Сектор аналитика, истражување и документирање при МВР на РМ,
Јавно обвинителство на РМ (Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција), Основен суд Скопје I и Државен Завод за статистика на РМ

Во однос на бројот на сторители, обвинителни акти се подигнати против 25% од вкупниот број лица против кои биле поднесени кривични пријави, а 1/2 завршиле со судска пресуда. По години мораме да ги забележиме 2002, 2003 и 2004 година, како години во кои се обвинети многу мал број лица и покрај големиот број на пријавени

[151] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

лица. Додека, 2005 година како година во која дури 88% од пријавените се обвинети, а 68.1% од нив осудени.

Ваквата состојба, пред се на почетокот на периодот на истражување, можно е да се должи на недостатокот на докази кои би ја поддржале инкриминацијата содржана во кривичната пријава, бидејќи во 2002 година органите на прогонот за прв пат се сретнаа со ова кривично дело.

## 2. Етиологија на трговијата со луѓе

Криминалната етиологија е дел од криминологијата која ги проучува општите причини за криминалитетот како масовна општествена појава и поединечните, посебните, непосредните причини, услови и поводи за појава на криминалитетот (криминогени фактори).[152] Овој дел од криминологијата дава одговори на прашањата сврзани со природата на криминалитетот како општествен феномен, со причините што го условуваат настанувањето и последиците што ги предизвикува криминалното однесување.[153]

Трговијата со луѓе се карактеризира со специфичност на етиологијата, пред се заради кумулативно делување на повеќе причини и услови кои доведуваат до настанокот, опстојувањето и развојот на појавата, а кои можат да бидат класификувани на разни начини, на пример, фактори на оттурнување и привлекување, ендогени и егзогени фактори, внатрешни и меѓународни фактори и сл.[154]

Токму заради тоа кога станува збор за причините за појавата на трговијата со луѓе, во зависност од теоретскиот пристап различни причини се поврзуваат со појавата на феноменот.

Пристапот базиран на миграцијата, на пример, се фокусира на миграционите политики и работата на мигрантите, можностите за работа во другите земји, глобализацијата на економијата и стратегиите за развој. Пристапот базиран врз кривичната правда е насочен кон легислативата и нејзината имплементација, полициските стратегии, пречките при кривичното гонење и вклученоста на организираниот криминал. Пристапот кој во својата основа ги има човековите права ја

[152] Slobodanka Konstantinovic-Vilic, Vesna Nikolic-Ristanovic. *Kriminologija.* (Nis: PROSVETA Nis, 2003), str.35
[153] Љупчо Арнаудовски, *Криминологија* (Скопје: 2ри Август (Штип)), 2007, стр.525
[154] Саша Мијалковиќ. "Теоријско одређење појма трговине људима" *НБП - Београд, Vol.IX, 2-3* (2004): 177

признава важноста на правдата, но причините за трговијата со луѓе ги наоѓа во злоупотребата на власта, корупцијата на државните органи, дискриминацијата, и незаштитувањето на граѓанските, политичките, економските и социјалните права на луѓето, од страна на државата. Најголемиот број феминистички движења го прифаќаат најголемиот дел од овие пристапи, но нив ги ситуираат во половата, расната и класната нееднаквост, и моќта која им дава можност на некои да злоупотребуваат други. Во нивната анализа под трговијата со луѓе се подразбира експлоатација на жените. Феминистичките теории во својата основа како примарна причина за појавата на трговијата со луѓе ја имаат побарувачката за секс од страна на мажите.[155]

Друга поделба на факторите е таа на структурални, непосредни и посредни фактори. Овие фактори можат да се јават и во земјите на потекло и во земјите на дестинација.

Структуралните фактори помагаат да се сфатат причините за ранливоста која води кон трговијата со луѓе, иако мора да се напомене дека тие не ја конституираат целосно парадигмата на овој феномен. Покрај структуралните врз процесот на трговијата со луѓе влијаат и т.н. посредни фактори кои го продлабочуваат сфаќањето на кривичното дело.

Структуралните фактори ги опфаќаат економските фактори: глобализација, сиромаштија, падовите на економијата, слободна пазарна економија, дерегулацијата; социјалните фактори: социјалната нееднаквост, половата дискриминација, дискриминацијата базирана на возраста, половиот статус, проституцијата; идеолошките фактори: расизмот, ксенофобијата, стереотипите во однос на полот и културата; геополитичките фактори: војна, граѓанска војна, конфликти, воени бази и операции.[156]

Непосредните фактори се однесуваат на три подгрупи на фактори: законски и полициски аспекти: национални законски режими, слаба полициска организација, имиграционо право, неадекватни и слаби закони и стандарди за заштита од присилна работа; владеење на правото: корупција, учество на државата во криминални активности, поддршка на подземјето од страна на државни функционери, организирани криминални мрежи, криумчарење, трговија со оружје и дрога; неадекватно партнерство

[155] Lara Fergus, *Trafficking in Women for Sexual Exploitation.*(Melbourne: Australian Centre for the Study of Sexual Assault, 2005), p.8

[156] Sally Cameron, Edward Newman.*Trafficking in humans – Social, political and cultural dimensions.*(Hong Kong: United Nations University Press, 2008), p.21

меѓу државата и граѓанското општество: слаби едукативни кампањи, ниско ниво на информирање кај ранливите групи, апатично граѓанско општество, слаба одговорност на државните органи.

Промените во општеството, пред се структуралните промени настанати по завршувањето на Студената Војна, не само во тогаш комунистичките земји, туку и во други делови на светот, доведоа до појава на фактори кои, покрај другите, многу го потпомогнаа слободното тргување со луѓе.[157]

Ваквите фактори целосно го променаа текот на миграционите движења, и влијаејќи негативно во земјите на потекло, а позитивно во земјите на дестинација, па на таков начин жртвите ги оттурнуваат од своите земји, а ги привлекуваат да мигрираат во побогати земји во потрага по подобар живот. Така, во земјите на потекло станува збор за **фактори на оттурнување (push factors)**, додека во земјите на дестинација за **факторите на привлекување (pull factors).**

Двете групи фактори меѓусебно се поврзани преку економските, политичките и воените односи меѓу земјите на потекло и земјите на дестинација кон жртвите на трговијата со луѓе.[158] Весна Николиќ – Ристановиќ за двете групи на фактори вели дека се "мостови" меѓу земјите на потекло и земјите на дестинација. Ваквата поделба на факторите може да се примени и во случаите на внатрешна трговија со луѓе, кога транспортот е од рурални во урбани центри или од посиромашни кон побогати краеви на една држава.

Мапирањето на главните канали на движењето на трговијата со луѓе покажа дека таа секогаш е пазарно ориентирана, движејќи се од земјите со голема понуда кон земјите со уште поголема заработувачка: Исток – Запад, Исток – Исток или од земји во развој кон развиени земји, од погодени од војна земји кон развиени земји, но има и случаи кога движењето е од сиромашни кон помалку сиромашни земји во развој, дури и од сиромашни кон од војна погодени земји.[159] Постојат две објаснувања на ваквиот феномен, трговијата да се случува меѓу две или повеќе сиромашни земји. Првото, разликата во благосостојбата меѓу земјите во еден сиромашен регион. Второ, некои од

[157] Vesna Nikolic – Ristanovic, " Trgovina zenama u Srbiji i okolnim zemljama: obim, karakteristike i uzroci" *Spisanie Temida, br.1 (2002):* 9
[158] Ibid
[159]Ibid

земјите, пред се тие во Југоисточна Азија, имаат добри туристички врски со западните земји со што стануваат дестинации за секс – туризам.[160]

Факторите на оттурнување (push factors) кои настанале како резултат на општествените промени во земјите на потекло, би можеле да ги поделиме на:

* Економски фактори;
* Социјални фактори;
* Политички фактори;
* Културни фактори;
* Фактори поврзани со милитаризација и воените конфликти.[161]

Спротивно од нив, иако како групи ги носат истите имиња, факторите на привлекување (pull factors) се поволна спротивност на првите. Така, нивната поделба би била иста како на тие во земјите на потекло.

Факторите на оттурнување го вклучуваат распаѓањето и дезинтеграцијата на мултикултурните земји, придружени со религиозни и етнички конфликти, природни катастрофи, дискриминација, политичка нестабилност и граѓански војни, економски ситуации, неконтролиран растеж на популацијата, широки разлики во економскиот и растежот на населението, како и осиромашување. Pull факторите вклучуваат недостаток на работна сила, добро социјално осигурување, позитивна економска ситуација, демократски системи на владата, политичка и општествена стабилност, историски врски меѓу земјите, заеднички јазици, постоење на заедници и очекувања.[162]

Мора да се напомене дека некои автори, покрај факторите на оттурнување и привлекување, споменуваат и трета група фактори, според оваа поделба, т.н. олеснувачки фактори. Олеснувачките фактори ги опфаќаат глобализацијата на работата и пазарот, модернизацијата на транспортните средства придружена со намалувањето на трошоците за патување, брзото ширење на миграциите, појавата на многу нови технолошки пронајдоци. [163] Овие фактори, т.е. нивната улога е

[160]Филип Рајкел, *Прирачник за транснационален организиран криминал и правда.* (Скопје: Датапонс, 2009), стр.204 - 205

[161]Vesna Nikolic – Ristanovic, “ Trgovina zenama u Srbiji i okolnim zemljama: obim, karakteristike i uzroci” *Spisanie Temida, br.1 (2002):* 9

[162]Филип Рајкел, *Прирачник за транснационален организиран криминал и правда.* (Скопје: Датапонс, 2009), стр.204

[163]Silvia Scarpa, “Fighting Against Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation: The Actions in Western Europe". *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010), p.4

дооформување на сликата за појавата на трговијата со луѓе, како и за нејзиното брзо ширење во светски рамки.

## 2.1. Краток преглед на факторите на оттурнување и привлекување

Политичката нестабилност, војната и конфликтите можат да придонесат кон послободно извршување на кривичното дело. Ова е случајот со транзиционите општества каде непочитувањето на правата, губењето на националниот идентитет и политичката нестабилност можат да создадат погодна почва за организираниот криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе. Во такви случаи, распаѓањето на традиционалниот живот во заедница, заедно со неговата заштитна рамка, резултира со зголемување на ранливоста на населението на трговијата со луѓе.[164]

Крајот на Студената Војна доведе до зголемување на бројката и траењето на меѓудржавните и регионалните конфликти. Конфликтите доведоа до дислоцирање на многу лица. Елиминираните семејства и заедници станаа мети на трговците со луѓе. Посткомунистичката транзиција најмногу ги погоди жените и децата.[165] Бегалците мошне често се јавуваат како жртви на трговијата со луѓе, пред се заради нивната дислокација. Потребата од безбеден живот, на крајот завршува со обид за нелегален премин на границите преку помош од страна на организираните криминални групи, но честопати таквиот премин завршува со уште една од многуте жртви на трговијата со луѓе.

Политичките кризи и воените жаришта, особено на територијата на републиките од поранешната југословенска федерација, се одразија и врз миграционите процеси предизвикани од социјалните и економските состојби, како и во повредите на корпусот на основните човекови права и слободи во матичните држави на овие лица.[166]Воените судири, криминализирањето на парамилитарните и државните безбедносни трупи доведоа до инвестирање, спонзорирање, но и нивно директно вклучување во работата на криминалните пазари.[167]

[164]United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *UN Handbook for Parliamentarians.*Vienna: UNODC, 2009, p.66-67
[165] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective,* (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.49
[166]Зоран Филиповски, " Криминолошки и кривично – правни аспекти на трговијата со луѓе во Република Македонија " *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 133
[167]Vesna Nikolic – Ristanovic, " Ilegalna trzista, trgovina ljudima i transnacionalni organizovani krimalitet" *Spisanie Temida, br.4 (2003):* 8

Мировните мисии на овие територии исто така низ годините го подгревале проблемот со феноменот трговија со луѓе. Присуството на многу млади војници во опасни услови, далеку од нивните домови, доведе до појава на борделите, а нив ги претвори во нивни редовни посетители. Заедно со воената филозофија на овие различни мировни мисии дека “момците секогаш ќе си останат момци”, злоупотребата на жените во борделите и баровите стана рутина. Многу моќни новинари го фокусираа вниманието на Балканот, посочувајќи го како место на кое постои тесна врска меѓу мировните мисии и трговијата со луѓе. [168] Цивилниот конфликт и постојаната нестабилност на Балканот во деведесеттите години на крајот резултираше со голем број на ранливи жени. Жртвите од женски пол се тие чии семејства најчесто загинале во војната или жени кои се нашле во средината на крвната одмазда на едно семејство кон друго. [169] По завршувањето на војната на територијата на Југославија, според Дејтонскиот мировен договор од 1995 година, на територијата на Босна и Херцеговина биле распоредени 76 000 војници од мировните сили, како и персонал од други меѓународни организации и агенции.

Токму заради тоа се покажа дека сексуалната индустрија би била добар бизнис, пред се во Босна и Херцеговина, земја која во поранешна Југославија го носеше епитетот на најслабо развиена членка на федерацијата, и која во војната ја претрпе најголемата штета.[170] Баш повоениот период е период познат по трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација на почвата на Балканот, период низ кој постојано ќе се провлекува прашањето “чиј мир беше чуван од страна на мировните сили”, бидејќи наместо тие да ги превенираат некои видови на насилство, тие воспоставуваа режим на злоупотреба.[171] Стационирањето воени трупи на Балканот во разни мировни мисии и присуство на хуманитарните невладини организации овозможи, заради нивни потреби, да се зголеми бројот на новорегистрирани угостителски објекти, каде што преку разни форми на забава, на латентен начин, се продуцираше локалната сексуална индустрија во овој регион.[172]

[168] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective,* (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.50-51
[169] Ibid
[170]Obbi Ebbe N.I., and DilipK.Das.*Global trafficking in women and children*.(Boca Raton: CRC Press, 2008), p.115
[171]Sheilla Jeffreys, *The industrial vagina: The political economy of the global sex trade*. (New York: Routledge, 2009), p.121
[172]Зоран Филиповски, " Криминолошки и кривично – правни аспекти на трговијата со луѓе во Република Македонија " *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004):145

Неправдата која ја трпат жените можеме да ја видиме преку вертикалните врски на моќ, конструирани како биноми. Преку биноми повидливо може да се идентификуваат врските на моќ кои ги разделуваат мажите и жените – полот, бојата на кожата – белата раса од останатите, земјите на северот од тие на југот, возрасните од децата итн. Овие биноми се карактеризираат со вертикална примена на моќта на еден субјект врз друг, така во некои општества на мажите тоа им дава повеќе моќ и права од жените или пак право за дискриминација и доминација врз другите раси.[173]

"Дали жените постоеле во модерното време надвор од машките стравови и фантазии?" Секако дека жените постојат во машките соништа и кошмари: авторите велат дека жените заведуваат, задоволство чуствуваат само преку машката енергија. Во Политиката и уметноста, Русо (Rousseau) предупредува дека "луѓето не можат да пропаднат од конзумирањето вино; сите пропаѓаат од немирот по жените." Додека виното ги прави мажите глупави, *немирот по жените* содржи многу пороци кои можат да доведат една влада до пропаст. Така, умните жени мора да бидат држани настрана од креативните страни на модерното општество. Жените се негативната страна на доминантните мажи: тие се празниот простор на патријархалниот поредок. Затоа жените секогаш беа и се *другите* во криминалот, тие се отсутни од криминалните статистики, но се голем дел од тие на спротивната страна – на жртвите.[174] Есенцијалноста тука треба да се бара во фактот дека глобализацијата не ги промени само традиционалните односи меѓу класите во светот, туку и му даде една длабока, полова димензија на феноменот, структурирајќи го преку нееднаквите односи на моќ меѓу мажите и жените, и меѓу сиромашните и влијателните жени.[175] Понатаму тука е и комодификацијата на жената. Овој термин се користи во капиталистичката економија за да се објасни вредноста на одредени продукти, услуги или работи. Нивната вредност за општеството е поврзана во нивната економска вредност. Комодификацијата на човековото тело претставува негово претставување како предмет на размена, објект или продукт кој е вреднуван само по својата економска вредност

[173]Organizacion Internacional para las Migraciones. *Valores, Conceptos y Herramientas contra la Trata de Personas: Guia para la Sensibilizacion.* (Bogota: OIM),p.11
[174] Wayne Morrison, *Theoretical Criminology: from Modernity to Post – modernism,* (London – Sydney: Cavendish Publishing Limited, 1995), p.383 - 384
[175]Katja Franko Aas, *Globalization and crime.* (Los Angeles, London, New Delhi and Singapore: SAGE Publications, 2007), p.42

и/или преку можноста за генерирање профит каде не постои разлика меѓу работата која се извршува и лицето кое ја врши.[176]

Жените скоро секогаш се претставени како продукт за машкото задоволство и искористување. Понекогаш се прави и нивно визуелно помешување, на пример на некој алкохол и женската форма. Жената и продуктот стануваат еднакви и заменливи со што и двете се промовирани како објект за задоволство. Понежниот пол е претставен како објект, како комодитет, со што нивната човечност и субјективитет се неприфатени. Нивната улога во општеството е да ги задоволат туѓите потреби и желби, па мажите сметаат дека жените треба да бидат изворот на задоволување на нивните потреби и желби.[177]

Сиромаштијата е адресирана како еден од клучните фактори и во Протоколот од Палермо. Таа ги поставува луѓето во ситуации каде имаат малку можни алтернативи. Нивниот очај ја зголемува нивната ранливост на измама и закана. Исто така ја зголемува нивната неспособност да се ослободат кога ќе се најдат во ситуација кога се експлоатирани. Индивидуалната ранливост може да е резултат на недостаток на образование, да се биде едно од многу деца во едно семејство и со лимитирано разбирање на животот надвор од локалната средина е само една од карактеристиките поврзани со сиромашните животи. Понатаму, видливите разлики на животниот стандард на луѓето може да доведе тие самите да се прашаат за сопствената ситуација и да тргнат да ја подобруваат, а со тоа да бидат оттурнати во миграција. Има случаи кога слабите економии промовираат работна миграција, бидејќи на таков начин добиваат нивните економии од паричните средства кои мигрантите ги праќаат на своите семејства кои останале да живеат во земјата на потекло. Слабите економии и ниските плати во јавниот сектор може да влијаат кај носителите на јавни функции, зголемувајќи ја можноста и леснотијата тие да бидат корумпирани, а криминалните мрежи да можат да дејствуваат без проблеми.[178]

Причините за зголемената миграција на жените треба да се бараат во побарувачката за надворешна работна сила, пред се во развиените земји, но зголемување на побарувачката на женска работна сила. Второ, зголемувањето на

[176] Melissa Hope Ditmore, *Encyclopedia of Prostitution and Sex Work, Vol. 1&2.* (Westport-London: Greenwood Press, 2006), p.154

[177] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година.* Магистерска теза. 2011. стр.134

[178] Sally Cameron, Edward Newman.*Trafficking in humans – Social, political and cultural dimensions.*(Hong Kong: United Nations University Press, 2008), p.23

бројот на земји кои дозволуваат соединување на семејствата – многу од жените со своите деца одат во земјите каде нивните сопрузи работеле претходно. И на крајот, тука е и зголемената миграција на жените за работа во нечие домаќинство, миграцијата за договорени бракови и за работа во секс индустријата.[179] "Феминизацијата" на сиромаштијата како резултат на долгиот процес на транзиција доведе до маргинализирање на жените во општеството[180], а со тоа до зголемување на нивната ранливост, кога станува збор за трговијата со луѓе. Резултатот на тоа е фактот дека 70% од 985 милиони луѓе кои живеат во екстремна сиромаштија се жени.[181] Економската несигурност, исто така, може да доведе до политичка нестабилност, корупција и лошо управување, а таквите повеќекратни проблеми заедно ги туркаат луѓето во потрага по подобар живот на друго место.[182]

Понатаму, би ги спомenале факторите кои се последица на поставеноста на денешниот систем, тргнувајќи од тие од типот на дисперзија на моќта во одлучувањето, родовите предрасуди во составувањето на законите и легислативата, родовите диференцирања за да се дозволи барање и заштита на правата.[183] Желбата на жените за нивно економско осамостојување, за ослободување од стегите на патријархалното семејство[184], кое е резултат на периодот на патријархатот, чии промени се активни веќе два века.

Две важни демографски сили дадоа голем придонес кон развојот на трговијата со луѓе – зголемувањето на светското население и зголемувањето на јазот меѓу бројот на машкото и женското население во некои земји. Во Азија која е епицентарот на трговијата со луѓе, жените претставуваат помалку од 50% од населението на Кина и на сите други земји од Јужна Азија. Во Кина жените се во помал број од мажите, бидејќи многу женски фетуси се абортирани заради политика на едно дете и општественото прифаќање на машките лица. За разлика од Кина, во Непал, Индија, Бангладеш и некои други азиски земји, намалениот број на лица од женски пол се должи на директната и

---

[179] Khalid Koser, *International Migration: A Very Short Introduction. (*New York: Oxford University Press Inc., 2007), p.7

[180]Елда Багавики Бериша, " Сиромаштијата и војните во Југозападна Европа – импликации за трговијата со луѓе" *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 200

[181]Siddharth Kara,*Sex Trafficking: Inside the Business of Modern Slavery.*(New York – Chichester: Columbia University Press, 2009), p.31

[182]Совет на Европа и Меѓународна организација за миграција. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Стразбур – Женева: 2006), стр.26

[183]Елда Багавики Бериша, " Сиромаштијата и војните во Југозападна Европа – импликации за трговијата со луѓе" *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 200

[184]Оливер Бачановиќ, *Жртви на трговијата со луѓе, Организиран криминал – Проект на програмата на ТЕМПУС и КАРДС.*(Скопје, 2002), стр.158

индиректната дискриминација во обезбедувањето на храна, медицинска помош, образование, како и на постојаното физичко и сексуално малтретирање.[185]

[185] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.47

# ГЛАВА IV

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

## 1. Краток преглед на поимот на криминалистиката

Потребата од мулдимензионално и мултидисциплинарно проучување на криминалитетот, како појава која го следела човекот низ неговиот развој, резултира со изградбата на многу научни дисциплини кои го проучуваат него од различни аспекти.

Криминалистиката вообичаено се определува како наука која ги проучува, ги пронаоѓа и ги усовршува научните и врз практичното искуство засновани методи и средства, кои се најпогодни за откривање и за разјаснување на кривичното дело, да го открие и да го приведе кон кривична санкција сторителот, да се обезбедат и да се фиксираат сите докази заради утврдување на објективната вистина, како и да се спречи извршувањето на идните планирани и непланирани кривични дела.[186]

Се работи за неодминлива дефиниција, дефиниција која јасно ја објаснува целта на криминалистиката, но и ја прикажува нејзината триделна поделба, поделба на тактика, техника и методика.

Криминалистичката техника како еден од потсистемите на криминалистичката наука претставува систем на знаења за проучување и примена на најсоодветни средства, начини и методи од областа на природните и техничките науки, кои ги користи, ги прилагодува, ги усовршува или создава нови на нив слични методи за потребите на преткривичната и кривичната постапка, како и за откривање, прибирање, обезбедување и фиксирање на траги и предмети од кривичното дело, се со цел за откривање и утврдување на кривичното дело и на неговиот сторител и воопшто за спречување на криминалитетот.[187]

Вториот дел е криминалистичката тактика која претставува систем од научно разработени знаења кои се однесуваат на проучување на: појавните облици на начините на извршување на кривичните дела во најширока смисла на зборот, својствата на личноста на сторителот на кривичното дело, како и на практиката за откривање, истражување и спречување на криминалитетот, за да ги усоврши начините, методите и правилата, но и да пронајде нови, кои сите заедно служат за откривање,

---

[186] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката*. (Скопје: Соларис Принт, 2009), стр.23
[187] Методија Ангелески. *Оперативна криминалистика* (Скопје: Берати - Ареал, 2005), стр.18

разјаснување и спречување на кривичните дела, а не се од техничка природа и со тоа на практиката и дава најоптимални модели на постапување кои се од општа природа (важат за сите типови кривични дела), и на крајот врши органско поврзување на техничките и тактичките начини на работа.[188]

Додека криминалистичката тактика ги проучува и ги разработува основните правила и работни методи типични за откривањето, за истражувањето и за разјаснувањето на сите видови кривични дела, криминалистичката методика ги истражува и ги проучува посебностите (специфичностите).[189]

## 2. Поим за криминалистички карактеристики

Држејќи се до тезата дека трговијата со луѓе, денес не е ништо повеќе од ропството во минатото би констатирале дека станува збор за негова криминална форма, прилагодена на денешните односи во општеството, на потребата од лесна материјална добивка. Градењето стратегии за сузбивање на одреден тип криминалитет е поврзано со неговото истражување, истражување од најразлични аспекти. Токму заради тоа улогата на криминалистичките карактеристики е клучна. Преку начинот на кој се извршува делото, средствата кои се користат за исполнување на забранетите дејствија, и останатите карактеристики врзани за кривичното дело, но и за сторителот и жртвата на кривичното дело, доаѓаме до информации чија вредност може да се пронајде во подоцнежната изградба на мерките потребни за успешна истрага, откривање на сторителите и нивно санкционирање.

Значењето на поимот и суштината на криминалистичките карактеристики на кривичните дела се гледа „во вградувањето на таква организација и правилна стратегија на борбата против криминалитетот која ќе се засновува и во целост ќе ги респектира, покрај другото, и овие криминалистички својства кои се карактеристични за поединечни типови на кривични дела или на цели групации слични кривични дела.[190]

Криминалистичките карактеристики на едно кривично дело даваат информации околу конкретната ситуација во која е извршено кривичното дело која претставува систем на елементи кои го опкружувале сторителот во моментот на извршување на кривичното дело. Понатаму, за начинот на извршување и средствата користени при

188 Методија Ангелески. *Оперативна криминалистика* (Скопје: Берати - Ареал, 2005), стр.18
189 Гоце Цуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Скопје: Соларис Принт, 2009), стр.25
190 Методија Ангелески. *Криминалистика.* (Скопје: НИО Студентски Збор, 1993), стр.119

извршувањето на делото, за трагите кои ја опфаќаат секоја видлива, или со голо око невидлива материјална промена, настаната на местото на настанот, на жртвата или на сторителот, во врска, или во ситуацијата на извршување на кривичното дело. Исто така криминалистичките карактеристики ги опфаќаат и карактеристиките на личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело. На ваков начин се добива многу појасна слика за криминалитетот воопшто или пак за одредени видови на кривични дела. Информациите добиени преку истражувањата на криминалистичките карактеристики, корисни се во борбата против него. Преку нив полесно би можеле да се утврдат потребните мерки за успешна репресија, но пред се превенција.

Важноста на овие карактеристики треба да се бара и во нивната поврзаност со индициите. Имено, самите тие, ја играат улогата на индиции за извршено кривично дело.

Индициите се факти кои укажуваат на постоење или непостоење на кривично дело или на поблиска врска, меѓу тоа дело и некое лице. Нивната основна карактеристика е таа што нивната доказна сила не е во самите нив, туку е во заедница со другите факти, поради што при нивната примена е најважно да се утврди токму врската на едните факти со другите.[191]

Во основа кога зборуваме за криминалистичките карактеристики зборуваме за:

- Начинот на извршување на кривичното дело (modus operandi);
- Средствата искористени при извршувањето на кривичното дело (instrumentum operandi);
- Трагите од кривичното дело;
- Личноста на сторителот на кривичното дело;
- Личноста на жртвата на кривичното дело;
- Криминалната ситуација.

Вака поставени, криминалистичките карактеристики преку нивното истражување резултираат со градба на механизмот на извршување на кривичното дело од страна на група или индивидуален сторител. Бидејќи трговијата со луѓе е кривично дело, кое најчесто не се случува само еднаш без притоа да не биде повторено, истражувањето на криминалистичките карактеристики би резултирало во разбирање на механизмот на функционирање на организираните криминални групи или

[191] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Скопје: Соларис Принт, 2009), стр.205

индивидуалните сторители при движењето од фаза во фаза, се до крајната цел, експлоатацијата и материјалниот бенефит.

Токму заради тоа, за да се добијат сознанија за дејствувањето на организираните групи или индивидуалните сторители, да се разберат разликите меѓу нив, и на крајот да се изберат најдобрите мерки при планирањето на чекорите за сузбивање на овој феномен, поединечно ќе ги разгледаме секоја од карактеристиките преку секундарните податоци добиени од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија (Сектор за аналитика, истражување и документирање).

## 3. Криминалистички карактеристики на трговијата со луѓе

### 3.1. Начинот на извршување на трговијата со луѓе (Modus operandi)

#### 3.1.1. Поим за modus operandi

Начинот на извршување на едно кривично дело е поврзан со карактеристиките на сторителот на кривичното дело, поради што претставува средство преку кое со анализа може да се изгради профилот на можниот сторител на кривичното дело притоа користејќи го неговото криминално оперирање како појдовна точка.

Едно од првите споменувања на терминот modus operandi потекнува од периодот на XV век, поточно 1654 година, во дело познато како Зоотомија (Zootomia), во кое се зборува за причините и начинот на дејствување. Популарноста и важното место го добива во 1800тите години, односно во цитатите во Списанието Единбург (Edinburgh Review) од 1835 година, во Логиката на Џон Стјуарт Мил (John Stuart Mill) од 1843 година и во краткиот расказ на Кенет Грахам (Kenneth Graham) од 1898 година, насловена како “Праведно убиство” (Justifiable Homicide).[192]

Сепак, стандардното место во литературата посветена на криминалистичките истраги, начинот на извршување ја добива во доцните триесетти години на минатиот, XX век. Во 1947 година, Едвин Сатерленд (Edwin Sutherland) го дефинира modus operandi како *принцип според кој криминалецот најчесто ја користи истата техника постојано и дека со анализа и документирање на техниката користена за извршување на сериозни кривични дела би се добиле средства за идентификација на сторителот на одредено кривично дело.*[193] Со текот на времето, преку употребата на сознанијата поврзани со одреден начин на извршување во текот на истрагата, во кој

---

[192] Robert D.Keppel. William J.Birnes. *Serial Violence: Analysis of Modus Operandi and Signature Characteristics of Killers.* (Boca Raton - London - New York: CRC Press, 2009). p.2

[193] Ibid. p.3

modus operandi како карактеристика почна да се користи од 1980 година, стана јасно дека понекогаш начинот на дејствување при извршување на кривичното дело се менува од дело до дело, во зависност од околностите при неговото извршување. Всушност, прилагодувајќи се на околностите, сторителите без намера го менуваат својот modus operandi, но не во толкава мера за тој да не може да им се припише токму ним.

Модерната употреба на терминот modus operandi според Хазелвуд (Hazelwood) и Ворен (Warren) е длабоко поврзана со сите преземени чекори и однесувањето на одреден сторител заради успешно извршување на кривичното дело. Тој ги опфаќа сите дејствија иницирани од страна на сторителот за пронаоѓање на жртвата и комплетирање на криминалниот акт без опасност од негова идентификација или лишување од слобода.[194]

Всушност, во самата основа на оваа криминалистичка карактеристика се напорите да се заштити идентитетот, да се овозможи сигурен успех и да се олесни бегството. Понатаму, во зависност од видот на кривичното дело, начинот на извршување може да биде многу прост, но и доста сложен. Врз ваквото степенување големо влијание имаат и искуството на сторителот, мотивите поради кои го врши делото и степенот на неговата интелигенција. И на крајот се разбира, своја улога врз комплексноста на начинот на извршување имаат и карактеристиките на жртвата, нејзината достапност, начинот на кој таа реагира на кривичното дело, како и присуството на други лица при извршувањето на актот.

## 3.1.2. Modus operandi кај трговијата со луѓе

Тргнувајќи од комплексноста на трговијата со луѓе, како кривично дело кое во своето законско битие содржи поголем број дејствија чие исполнување е потребно заради постоење на самото кривично дело, со сигурност би можеле да констатираме дека во нејзиниот случај и начинот на извршување со себе го носи епитетот комплексен и дека како карактеристика се прилагодува на временските и територијалните услови.

Дефиницијата содржана во Протоколот од Палермо, како и кривично - правната инкриминација од Кривичниот Законик на Република Македонија која всушност е прилагодена верзија на претходно споменатата дефиниција, јасно укажуваат на структурната поделеност на феноменот составена од палета на можни дејствија со кои

[194] Robert D.Keppel. William J.Birnes. *Serial Violence: Analysis of Modus Operandi and Signature Characteristics of Killers.* (Boca Raton - London - New York: CRC Press, 2009). p.5

се исполнува законското битие, но сепак поделеност која постои само во теоријата, додека во практиката поврзаноста и неможноста од поединечно постоење е неспорна реалност.

### 3.1.2.1. Процесот на трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе се состои од три, условно кажано, фази, и неколку потфази меѓу нив кои играат улога на мост од едната кон другата главна фаза или олеснувачко дејствие. Тргнувајќи од дефиницијата на трговијата со луѓе од Протоколот од Палермо, неа би ја структуирале во следните три фази:

- ✓ фаза на регрутација;
- ✓ фаза на транспорт;
- ✓ фаза на експлоатација.

Во текот на секоја од нив, начинот на извршување на кривичното дело зависи од тоа дали делото се извршува од страна на организирана криминална група или од поединци, дали е транснационална или внатрешна трговија со луѓе, од полот на жртвите, видот на експлоатацијата, територијалната распространетост на влијанието на сторителите.

Како феномен кој постоел многу одамна, но кој потребната посветеност од меѓународните организации ја доби дури на почетокот на XXI век, трговијата со луѓе се карактеризира со низа епитети, кои во основа ја прават толку насилна, распространета на глобално ниво и тешко видлива, иако во најголемиот број случаи се случува пред очите на сите нас.

Модерното ропство, како што денес многумина ја нарекуваат, се карактеризира со противправност, неморалност, организираност, специфична етиологија, специфичност на виктимолошките димензии, специфичен процес на реализација на делото, мултиманифестност, специфичност на составот на организараните криминални групи, распространетост, интернационалност, висока профитабилност, висок степен на општествена опасност, насилност, постојан пораст на бројот на вакви кривични дела, латентност, висока темна бројка, мобилност, динамичност, еластичност, непредвидливост, поврзаност со други облици на криминал, недоволна ефикасност на

органите вклучени во борбата против неа, недоволна теоретска проученост на некои нејзини делови.[195]

[195] Саша Мијалковиќ. "Теоријско одреџење појма трговине људима". *НБП - Београд, Vol.IX, 2-3* (2004): 177-179

***Шематски приказ бр.2*** [196]

***Процесот на трговијата со луѓе со неговите фази***




196 Europol. *Trafficking in human beings in the European Union*. Knowledge product. (The Hague, 2011). p.9

### 3.1.2.1.1. Регрутација

Регрутирањето подразбира збир на методи, постапки и средства со чија поединечна или комбинирана употреба одредено лице се "вовлекува" во мрежата на трговијата со луѓе.[197] Оваа фаза е тесно поврзана со земјата на потекло, која всушност е земјата од која доаѓаат потенцијалните жртви.

Криминалните организации обично прават избор на земјите кои би требало да им служат за извор на луѓе за трговија. Тој избор најчесто се темели врз одредени нивни карактеристики, како што се слабите економски можности за вработување на лицата; понатаму земји во кои криминалните организации се добро дефинирани и организирани; и земји во кои културата ја истакнува субординираната улога на жените во општеството.[198]

Како најпогодни за регрутирање се јавуваат штитениците на домови за деца без родители, бебиња, лица од нестабилни семејства, деца на разведени родители, жртви на сексуално злоставување и семејно насилство, душевно болни лица, ментално заостанати лица, лица кои живеат во подрачја зафатени од воени дејствија, воени заробеници, бегалци, припадници на дискриминирани малцинства, странски државјани при патувања во друга земја, илегални мигранти, мигранти кои се криумчарат, проститутки, сиромашни лица, бездомници и др.[199] Регрутирањето е најпогодно во периоди на економска криза, природни катастрофи и воени конфликти.[200]

Во однос на методите кои сторителите ги користат за регрутирање на жртвите, во литературата, различни автори даваат различни поделби, иако во основа станува збор за истите начини на намамување.

Една од таквите поделби е таа на:[201]

- Присилна регрутација;
- Целосно измамничка регрутација;
- Делумно измамничка регрутација; а некои автори тука го додаваат и

[197] Саша Мијалковиќ. "Трговина људима како облик организованог криминала - основна феноменолошка обележја". *НБП - Београд, Vol.XII, 1* (2006): 116
[198] Мајкл Д. Лајман и Гари В. Потер. *Организиран криминал.* (Скопје: Магор, 2009), стр.210
[199] Саша Мијалковиќ. "Трговина људима како облик организованог криминала - основна феноменолошка обележја". *НБП - Београд, Vol.XII, 1* (2006): 117
[200] Louise Shelley. *Human Trafficking: A Global Perspective*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2010). p.94
[201] Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција. *Трговија со луѓе во регионот на Западен Балкан,* (Стразбур – Женева: 2006). стр.22

- Должничкото ропство, најчесто кога случаите на криумчарење мигранти преминуваат во трговија со луѓе.

Ваквата поделба јасно го негира мислењето и тврдењето дека сите жртви на трговијата со луѓе биле регрутирани преку лажни ветувања и дека не знаеле апсолутно ништо за тоа што би можело да им се случи во земјата на дестинација.[202]

Присилната регрутација е процес во кој жртвата и сторителот претходно немале никаков меѓусебен контакт, односно овој вид регрутација се случува при нивниот прв контакт. Во рамките на овој вид регрутација би ги спомենале киднапирањето и продажбата од страна на семејството.

Киднапирањето како метод, иако не е толку често употребуван од страна на сторителите, сепак не смее целосно да се исклучи од начинот на извршување. Имено, постојат случаи кога жртвите биле грабнати, и тоа биле и жени и деца, во случаи кога станувало збор за која и да било од можните експлоатации.

Грабнувањето се однесува на засновање фактичка власт врз едно лице, доведување на лицето во позиција да биде третирано како обичен предмет што сторителот може да го дислоцира, затвора, одведува и сл., или воопшто да располага со човекот со полна власт на господар.[203] Станува збор за акт кој опфаќа дејствија на лишување од слобода на едно лице, со или без одведување на друго (тајно) место, и користење на таквата ситуација, фактот имено дека тоа лице е во власта на грабнувачот, како средство за присила врз самото грабнато лице или врз трето лице.[204]

Во однос на продавањето од страна на семејството, би спомենале дека ваквиот метод е покарактеристичен за сиромашните земји и земјите со рестриктивна популациона политика, како што е Кина. Имено во Кина во која долги години се води политика на само едно дете во секое семејство, денес е појавен недостаток на женски деца. Извештаите на УНХЦР (UNHCR) покажуваат дека во 2005 година, во Кина на 100 женски деца, имало раѓања на 118 машки деца. Ваквата состојба доведува до појава на “увезување” на жени од другите соседни земји. Семејствата во Кина, пред се во руралните предели, си купуваат женски деца за да имаат невеста за нивните синови. Слична е и состојбата со Индија, каде

---

[202] Alexis A. Aronowitz. *Human Trafficking, Human Misery: The Global Trade in Human Beings.* (Westport – London: Praeger, 2009). p.2
[203] Владо Камбовски. *Казнено право: посебен дел,* (Скопје:Просветно дело, 2003) стр. 110
[204] Ибид. стр.111

во 2005 година на 100 раѓања на машки деца, имало само 93 женски. [205] Имено, семејството го продава своето дете заради тешката економска ситуација, надевајќи се дека преку неговото експлоатирање ќе добива одреден паричен надомест. Најчесто станува збор за семејства со поголем број деца.

Останатиот дел од методите на регрутирање се темелат на измамата како почетна точка на процесот за задоволување на потребата од нови жртви. Во зависност од тоа дали измамата го опфаќа целокупниот процес или само негов дел, регрутирањето може да биде делумно измамничко или целосно измамничко.

Измамата се однесува на лажното прикажување или прикривање на факти: сторителот изнесува како факт нешто невистинито, нешто што не постои, или прикрива постоење на некои факти, на нешто што постои.[206] Резултат на измамничкото дејствие е доведувањето на друг во заблуда или одржување во заблуда. На таков начин, кај жртвата се формира погрешна претстава за нештата, ја одржува во заблуда, сторителот не ја отстранува претходно создадената погрешна претстава, односно ја потхранува и јакне.[207]

Целосно измамничката регрутација како метод во својата основа ја содржи заблудата за целокупниот процес кој и се претставува на потенцијалната жртва. Имено, најчесто како методи се користат лажни понуди за работа во друга земја, од кој било сектор. Откако жртвите ќе ја прифатат понудата и тргнат на патување, веќе стануваат дел од лавиринтот на трговијата со луѓе.

Во рамките на оваа регрутација би го спомendале и методот на "љубовник" кој го практикуваат голем број на организирани криминални групи. Методот опфаќа љубовна врска или брак со потенцијалната жртва, за потоа жртвата да биде, најчесто, внесена во трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација.

Иницијалната виктимизација кај овој вид во најголемиот број случаи е од страната на членови на истата етничка група. Така на пример, Кинеските, Мексиканските, Нигериските и Руските организирани криминални групи, регрутираат лица во своите земји. Една од причините поради која се практикува овој начин е близината и полесниот влез меѓу луѓето. Но, исто така пред се заради довербата. Довербата е важна заради тоа

[205] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година*. Магистерска теза. 2011. стр.32
[206] Владо Камбовски. *Казнено право: посебен дел,* (Скопје:Просветно дело, 2003) стр. 326
[207] Ибид.стр.327

што луѓето најчесто се договараат со трговците за да бидат пренесени локално, да им исплатат одредена сума на пари, или да останат во должничко ропство одреден период. Понатаму, довербата се гради многу полесно во случаи кога лицата се од ист етникум, зборуваат ист јазик или се од иста културна група. Прекршувањето на врската воспоставена врз доверба, што всушност и се случува скоро при секој случај на трговија со луѓе, за жртвите може да има поголемо влијание и од самата физичка и психичка злоупотреба.[208]

Делумно измамничката регрутација исто така се базира врз измамата како средство за добивање на согласноста од страна на потенцијалната жртва, меѓутоа лажното претставување на фактите опфаќа само еден дел од процесот. Најчесто се појавува во случаите кога лицата не добиваат доволно информации околу условите во кои ќе работат, понатаму околу паричниот надомест, претходно знаејќи ја сомнителноста на дејноста во која би работеле.

Во рамките на измамничката регрутација, како добро познат и многу често користен метод е тој на поранешни жртви на трговијата со луѓе во улога на лица кои регрутираат нови потенцијални жртви.

Во вакви случаи, најчесто станува збор за жените, кои токму во оваа фаза се вклучени во рамките на процесот на трговијата со луѓе. Така, најчесто се праќаат во своите земји на потекло за да ги регрутираат своите пријатели притоа постојано под котрола на организацијата, а за возврат или се ослободени или стануваат дел од групата која ги експлоатира жртвите. Обединетите Нации овој начин на регрутирање го нарекува "среќна трговија со луѓе", иако во неа нема ништо среќно. Опишана е како човечка пирамидална шема во која мал број од жртвите се ослободени и добиваат финансиски средства за да одат дома и да регрутираат нови жртви. Придавката *среќна* е заради илузијата која ја создаваат новите лица кои регрутираат играјќи ја улогата на лица кои имале прекрасно искуство при законското работење во богата земја. На ваков начин, преку манипулација и поставување на поранешните жртви во улога на лица кои регрутираат, организацијата го намалува ризикот по себе и своето откривање.[209]

[208] Louise Shelley. *Human Trafficking: A Global Perspective,* (Cambridge: Cambridge University Press, 2010). p.95-96

[209] Alexis A. Aronowitz. *Human Trafficking, Human Misery: The Global Trade in Human Beings.* (Westport – London: Praeger, 2009). p.53

Една од можеби најважните карактеристики на фазата на регрутација е “должничкото врзување” на жртвите. Според погоре споменатото јасно е дека голем дел од лицата немаат доволно финансиски средства за да патуваат надвор од својата земја, па во тие случаи трговците се појавуваат со заеми, преку договор дека жртвите тие пари ќе ги вратат кога ќе успеат да заработат пари во земјата на дестинација. Но, за да може жртвите да бидат врзани со сторителите поголем временски период, покрај дадената сума на заем, тие пресметуваат и свои дополнителни трошоци, камати и други додатоци, за на крајот вкупната сума која жртвата ја должи да стане поголема за три и повеќе пати од таа која ја зела. На ваков начин должничкото врзување добива епитет на метод за профит и механизам за присила.

### 3.1.2.1.2. Транспорт

Транспортот, како втора фаза, во зависност од тоа дали трговијата со луѓе е внатрешна или транснационална, може да се одвива само во рамките на една земја или пак да се одвива преку границите на повеќе земји.

Трговците со луѓе се специјалисти кога станува збор за движењето на жртвите преку огромни пространства. Честопати рутите не се најдиректните, бидејќи трговците ги одбегнуваат патиштата по кои патролира полицијата, контролните пунктови на границите и државите каде органите на прогонот се ефикасни и кај кои не постои можност за подмитување. За да можат да ги избегнат ваквите пречки, криминалните групи имаат потреба од разузнавање. Иако нивното разузнавање не може да се спореди со тоа на криминалните групи кои се занимаваат со трговијата со дрога, сепак е доволно за сигурно организирање на движењето по предвидените патишта и доставување на човечкиот продукт. Најчесто, крајната цел, односно земјата на дестинација, е земја во која постои етничка заедница од таа која тргува или земја во која постои сојузничка криминална група која понатаму ги прифаќа и дистрибуира жртвите.[210]

Земјите кои се вклучени во текот на транспортот се земји на потекло, транзит и дестинација.

---

[210] Maggy Lee. “Introduction: Understanding Human Trafficking”. *Human trafficking*.(Cullompton: Willan Publishing, 2007). p.25

Под ***земја на потекло*** ја подразбираме земјата од која жртвата потекнува, односно земјата од која била регрутирана. Под ***земја на транзит*** подразбираме земја низ чија територија жртвата минува пред да биде одведена во земјата на дестинација. ***Земја на дестинација*** претставува земја во која жртвата е експлоатирана.[211] Карактеристиките кои ги имаат земјите на транзит, всушност ги прават подобни да бидат избрани за движење на жртвите низ нив, притоа користејќи дури и поголем број од нив. Смислата на ваквиот начин на функционирање треба да се бара токму во потребата да се изгуби трагата на нивната патека на движење се до земјата на дестинација. Таквите карактеристики кога ќе бидат сумирани се сведуваат на:

(1) географска близина преку земја, вода или воздух до атрактивните земји на дестинација;

(2) недоволно законодавство и органи на прогонот кои не се во можност да се справат со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти;

(3) либерална миграциона политика;

(4) постоење на операционална криминална инфраструктура која го олеснува нелегалниот влез во земјата и излезот од неа.[212]

Транспортот при транснационалната трговија со луѓе, вклучува две фази. Првата го опфаќа транспортот до одредено сигурно место во земјата на потекло, а во втората фаза жртвите се пренесуваат преку граница кон земјата на дестинација.

Дали кривичното дело исто така ќе вклучи земја на транзит зависи од географијата и начинот на оперирање на трговците. Во некои случаи, може да има само една земја на транзит, во други случаи може да има две или повеќе. Времето кое жртвите го минуваат во земјите на транзит исто така може да биде различно во зависност од начините на работење. Во некои случаи, жртвите престојуваат во земјата на транзит за време на периодот потребен за да се премине територијата на таа земја; во други случаи жртвите можат да поминат определено време во земјата на транзит, најверојатно чекајќи за да добијат нови документи или да бидат пренесени преку следната граница. Во некои случаи,

---

[211] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година.* Магистерска теза. 2011. стр.33

[212] Benjamin Perrin. “Trafficking in persons and transit countries”. *Trends of Organized Crime 14* (2011):237

земјата на транзит може да стане и земја на дестинација доколку трговците одлучат да ја транспортираат жртвата додека таа е во земјата на транзит.[213]

Начинот на кој се врши транспортот се менува во зависност од географските прилики, условите на границите, земјите кон кои се патува. Токму заради тоа транспортот варира од минување граници пеш, па се до користење копнен, воден и воздушен превоз.

Транспортот по почва е најлесниот начин да се пренесуваат лица од една до друга земја. Спектарот на движење почнува од пренесување преку “зелени површини” па се до комплицирани начини на пренесување со камиони и возови. Предноста кај овој начин на транспорт е фактот што, доколку се користи автобус или камион, бројот на лица кои можат да се пренесат е голем. Или пак доколку лицата ги минуваат границите тајно и преку ноќ, тогаш дури и нема потреба од корумпирање на официјалните лица на границите.[214]

Транспортот по воздух е најбрзиот метод, но е и метод кој во моментов се користи најмногу, пред се поради порастот на авионските линии и се подобрата поврзаност на земјите по воздушен пат. Бројот на лица кои може да се пренесат е ограничен, и се јавува потреба на добра подготовка на лицата за премин преку точките на проверка. Ваквиот начин на транспорт бара софистицирани патни документи или корумпирање на официјалните лица на границите, имиграционите офицери и персоналот во авионите. Во многу случаи, ваквиот транспорт е олеснет преку замената на патните исправи и билетите при транзитот на аеродромите.[215]

Најнискиот степен на ризик постои кај транспортот преку вода. Исто така, кај овој вид на движење постои можност за пренос на голем број лица, нема потреба од голема логистика, ниту пак има потреба од патни исправи или корумпирање на полициски службеници.[216] Доста често, минувањето граници се врши во многу лоши услови - во контејнери за стока на товарните бродови, во мали бродови без никаква заштита од атмосферските неприлики. Многу од лицата дури и се разболуваат, но трговците заради минимизирање на трошоците, многу ретко им овозможуваат лекарска помош. Ваквите

[213]Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција, *Трговија со луѓе во регионот на Западен Балкан,* (Стразбур – Женева: 2006), стр.23
[214] Andreas Schloenhardt. “Organized crime and business of migrant trafficking: An economic analysis”. *Crime, Law and Social Change 32* (1999):223
[215] Ibid. p.223-224
[216] Ibid.p.224

услови дури и наликуваат на тие во кои биле транспортирани робовите од Африка за време на Трансатлантската трговија со робови.[217]

Минувањето граници може да биде легално и нелегално.

Легалното минување граници е или со фалсификувани или со оригинални лични документи. Овој начин на минување на границите најчесто се користи во случаите на целосна или делумна измамничка регрутација.

Фалсификуваните документи може да бидат целосно нови, или пак, како што се случува во одредени случаи, во оригиналните документи да бидат изменети одредени параметри, како што се фотографијата, податоците за носителот на документот и сл.

Нелегалното минување на гранциите, почесто се користи кога станува збор за малолетни лица, иако тоа не е правило.

Но, важно да се напомене е тоа дека денес, организираните криминални групи преферираат границите да ги минат легално, користејќи ги документите на жртвата, бидејќи на таков начин ја добиваат слободата на понатамошно движење, а со тоа и можност да заработат максимална добивка од нејзината експлоатација.

Во однос на внатрешната трговија со луѓе, најчесто транспортот е по копнен пат, ако станува збор за помала земја, но не се исклучени и другите начини на движење. Исто така, во зависност од местото на потекло на жртвата, се избираат и местата до кои таа е транспортирана.

Светот на трговијата со луѓе може да се опише како мрежа во која што организаторите на одредени маршрути (или делови од маршрути) ги држат најважните функции. Освен најважните играчи, има и многу помали оператори кои се активни на терен, како што се одредени индивидуални “патни водичи” или “мазги”, кои се одговорни за преносот на лицата преку границите.[218] Рутите и нивното формирање се во нераскинлива врска со видот на трговијата со луѓе, потеклото на жртвите и големината на криминална мрежа која го врши кривичното дело (без притоа да се исклучи можноста делото да го вршат поединци).

---

[217] Louise Shelley. *Human Trafficking: A Global Perspective,* (Cambridge: Cambridge University Press, 2010). p.100-101

[218] Дина Зигел, Хенк Ван де Бунт, Дамјан Заит, *Глобален организиран криминал – трендови и случувања* (Скопје: Магор, 2009), стр.112

Така, рутите кои денес постојат во светски рамки, даваат патеки на движење од посиромашни кон побогати предели во една земја, понатаму од неразвиени кон развиени земји или континенти, добивајќи епитет на внатрешен, регионален или интерконтинентален транспорт.

На територијата на Азија рутите се движат од нејзиниот јужен дел преку Бангладеш, Индија (нејзините големи урбани центри) до Блискиот Исток и на крајот се разбира земјите на Западна Европа. Додека пак, рутите од источниот дел од регионот Меконг[219] преку Тајланд до дестинациите како Кина, Јапонија, Малезија, Западна Европа, САД, Австралија или Блискиот Исток.

Азија останува територија која е најголем извор на жртви за трговијата со луѓе. Најчести земји на потекло се Кина, Тајланд, Бангладеш, Камбоџа, Индија, Лаос, Бурма, Непал, Пакистан, Филипините и Виетнам. Тајланд покрај тоа што е земја на потекло, е и земја на дестинација. Јапонија, Израел и Турција се дестинација на жртвите од Југоисточна Азија и Комонвелтот на независни земји[220].[221]

Во однос на африканскиот континент, организираните криминални групи, своите жртви движејќи ги низ африканските земји ги пренесуваат кон Западна Европа, Блискиот Исток, богатите земји на Источна Азија или САД.

Истата судбина ја доживуваат и жртвите кои потекнуваат од земјите на Јужна Америка или Карибите.

Жртвите на трговијата со луѓе од територијата на Европа, поточно од нејзиниот источен дел, се транспортираат кон дестинациите во западниот дел на европскиот континент или пак кон Блискиот Исток.

Вака прикажани, патиштата по кои се движи кругот на трговијата со луѓе се делат на четири и тоа: Балканскиот пат, Централно – европската рута, Источната рута и Источно – медитеранската рута.

Балканскиот пат се користи за пренесување жртви од Турција, од некои од земјите на Азискиот континент, Блискиот Исток или од Африка, кон земјите на Западна и некои

[219] Регионот Меконг го сочинуваат Бурма, Лаос, Камбоџа и Виетнам.
[220] Комонвелтот на независни земји го сочинуваат Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Казахстан, Киргистан, Молдавија, Русија, Таџикистан и Узбекистан. Како неофицијални членки се сметаат Туркменистан и Украина, додека до 2009 година членка беше и Грузија.
[221] Francis T.Miko. ”International Human Trafficking”. *Transnational Threats.* (Wesport-London: Praeger Security International, 2007). p.41-44

земји од Централна Европа. Преку земјите на поранешна Југославија, жртвите се пренесуваат до Грција па кон ЕУ, или до Унгарија па кон другите земји на ЕУ или до Словенија па кон другиот дел на ЕУ.

Централно – европската рута започнува од Блискиот или Далечниот Исток, или Централна Азија, Авганистан или Бангладеш, се движи преку Русија, Украина и Литванија, кон Словачка, Чешка или Унгарија, и потоа кон некои други членки на ЕУ.[222]

Источната рута почнува од територијата на поранешниот Советски Сојуз, пред се од Русија и Белорусија, преминува преку Полска, за да заврши во западниот дел на ЕУ.

Источно – медитеранската рута која доаѓа од правецот на Турција, преку Бугарија и Романија кон Запад.

Имајќи ја во предвид географската положба на Балканскиот Полуостров, кој претставува мост меѓу Истокот и Западот, како и високото ниво на меѓузависност на побарувачката за илегална работна сила на Западот и понудата на илегална работна сила од Истокот, мора да се признае важното место на овој дел од Европа во процесот на поврзување на меѓународните со локалните криминални пазари. Токму заради тоа, многу криминолози, при изучувањето на трговијата со луѓе, но и на организираниот криминал воопшто, користат пристап, кој им овозможува полесно откривање на односот меѓу локалниот и глобалниот контекст.[223]

Во однос на Балканскиот Полуостров и рутите на транспорт на жртвите на трговијата со луѓе, најважно е да се напомене дека најчесто балканските земји играат улога на транзитни попатни станици. Јасно е дека дестинацијата на жртвите се земјите членки на Европската Унија, пред се нејзиниот поразвиен дел - западноевропските земји.

Патиштата преку Албанија, најчесто водат во четири правци. Првиот, кон Грција преку планинската граница која се минува илегално, потоа кон Македонија, третиот кон Косово, преку Србија, Хрватска или БиХ кон земјите на Европската Унија или преку Црна Гора кон Хрватска па ЕУ, и четвртиот кон Италија преку Јадранското Море.[224]

Патиштата од Бугарија водат во два правци и тоа кон Македонија па Грција кон другите земји на ЕУ или преку Романија, Унгарија кон Запад.

---

[222] Sanja Copic, “ Putevi trgovine ljudima u Evropi” *Spisanie Temida, br.4 (2008):* 56

[223] Vesna Nikolic – Ristanovic,“ Ilegalna trzista, trgovina ljudima i transnacionalni organizovani krimalitet” *Spisanie Temida, br.4 (2003):* 4

[224] Sanja Copic, “ Putevi trgovine ljudime u Evropi” *Spisanie Temida, br.4 (2008):* 55

Тука важно е да се напомене дека до влегувањето на Романија и Бугарија во Европската Унија, поранешните југословенски републики беа користени како транзитни земји кон ЕУ, но по 2007 година, најчесто рутите одат преку Романија кон останатите земји.

Истото се случува и со жртвите кои доаѓаат преку Турција, кои се пренесуваат или преку Грција кон другите ЕУ земји или кон Бугарија преку Романија, Унгарија и понатаму кон останатите ЕУ членки.




Мапата е преземена од http://www.imap-migration.org/fileadmin/Editor/Visualisations/MTM/i-Map_poster_ENGLISH_2012_FINAL_Outlines_04_05_2012.

### 3.1.2.1.3. Експлоатација

Последната фаза, која всушност е и крајната цел на целокупниот процес на трговијата со луѓе е фазата на експлоатација.

Според дефиницијата за трговијата со луѓе содржана во Протокотот од Палермо *експлоатацијата вклучува минимум експлоатација при проституција или каква било друга сексуална експлоатација, принудна работа или вршење на други услуги, ропство или сличен на него однос и трговија со човечки органи.*[225]

Иако најчесто експлоатацијата е поврзана со полот и возраста, сепак денес може слободно да се констатира дека видовите на експлоатација се толку разновидни што во одредени моменти се губи границата која постои меѓу реалноста и откривањето на нови начини за што поголема материјална добивка на организираните криминални групи.

Протоколот од Палермо при таксативното набројување на можните начини на експлоатација ги споменува најчестите, но притоа не ја затвора можноста од појава на други веќе постоечки или нови. Така, според таа дефиниција разликуваме:

- експлоатација при проституција или друг вид на сексуална експлоатација;
- принудната работа;
- ропство или сличен однос на него;
- трговија со човечки органи.

Но, притоа во своите рамки не ги дефинира видовите на експлоатација, давајќи можност за користење на дефинициите содржани во други меѓународни документи.

Ниту термините "проституција" и "каква било друга форма на сексуална експлоатација" не се дефинирани во Протоколот од Палермо. Причината за недефинирањето на терминот "проституција" треба да се бара во постоењето на двете различни теоретски струи оформени од неколку женски организации: радикален феминизам и феминизмот на сексуалната работа.[226]

Радикалниот феминизам смета дека проституцијата е насилство врз жените, односно дека таа ги виктимизира сите жени, го оправдува продавањето сексуални услуги и дека жените, т.е. нивното постоење, единствено ги сведува на секс. За разлика од радикалниот феминизам, втората струја смета дека постојат два вида на проституција –

[225] Член 1, Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе посебно со жени и деца
[226] Silvia Scarpa. *Trafficking in human beings: Modern slavery* (New York: Oxford University Press, 2008), p.6

принудна проституција и доброволна проституција. Според неа, принудната проституција и трговијата со луѓе се манифестации на насилство врз жените, тие се повреди на правото на самоопределување на возрасните лица. [227] Но, согласноста е категорија или на маргинална или на непостојна сигурност, па затоа тоа е само привид на слободен избор. Теоретски, присилата/принудата може да биде присутна само при “влегувањето” или само при “излегувањето” или и во едниот и во другиот случај. Првата можност е, најверојатно, само теоретска, останува прашањето дали ситуацијата во која присилата/принудата која е врзана за “излегувањето”, навистина е дел од процесот на трговијата со луѓе. Потврдниот одговор би ја изедначил трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација со присилната проституција, која судејќи по тежината на санкциите, во моментов се смета за помало општествено зло од другиот феномен.[228]

Проституцијата има општествени, морални и легални импликации и може да се дефинира како секоја сексуална размена во која наградата не е ниту сексуална ниту емоционална. [229] Таа претставува продавање на телото и љубовна вештина заради добивање на материјална корист. [230] Ото Вајнигер (Otto Weininger) смета дека проституцијата е својствена на човекот, додека во животинскиот свет таа не постои. Фукалт (Foucalt) смета дека сексуалноста секогаш е поврзана со општествената моќ и не секогаш постоела, туку била создадена низ процесот на развојот на општеството и станува сопственост на човекот дури во текот на модерното општество.[231]

Многу често трговијата со луѓе се набљудува како “агресивна варијанта на проституцијата”, што е сосема погрешно и неадекватно согледување на феноменот. Тоа е пред се заради повеќеслојната природа на трговијата со луѓе, нејзината социјална комплексност која може да биде посматрана во најразлични контексти: психолошки, криминолошки, виктимолошки, кривично – правен, морален, миграционен, работен и многу други.[232]

---

[227] Џо Доезема. “Распуштени жени или изгубени жени? Повторно појавување на митот за белото робје во современиот дискурс за трговијата со жени” *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004)*: 229

[228] Александар Штулхофер, " За поимот и за некои аспекти на трговијата со жени и деца заради сексуална експлоатација " *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 159

[229]Мајкл Д. Лајман и Гари В. Потер. *Организиран криминал.* (Скопје: Магор, 2009), стр.175

[230] Љупчо Арнаудовски, Трпе Стојановски, *Трговија со луѓе – криминалитет,*(Скопје: Скенпоинт, 2002), стр.51

[231] Velibor Lalic. Zhelimir Keshetovic. “Antropologija seksualne eksploatacije”. *Temida* (2009):19

[232] Vesna Nikolic – Ristanovic i Copic Sanja “ Krivicno djelo Trgovina ljudskim bicima – medjunarodni dokumenti, savremena zakonska resenja i Krivicni Zakon SR Jugoslavije” *Spisanie Temida, br.1 (2002):*35

Многу феминистички движења трговијата со луѓе ја дефинираат како купување и продажба на жени и деца заради сексуална експлоатација. Ваквата дефиниција ги вклучува сите форми на проституција, порнографија и некоја друга работа во секс индустријата и не бара да не постои согласност од страна на жртвите. Дефиницијата предвидува дека не постои лице (жена или дете) кое би избрало да врши таква активност доколку не е во прашање некоја форма на економска или социјална закана.[233]

За разлика од неа, дефиницијата од Протоколот од Палермо за трговијата со луѓе не се занимава со индустријата во која лицето е принудено да работи, туку со елементите на сила или закана како делови од работата. Станува збор за многу поширока дефиниција која ја вклучува принудната работа во која било индустрија. Како и да е, елементот на закана е централен во разбирањето на трговијата со луѓе, па во оваа дефиниција не може да се најде слободно работење во секс индустријата.[234]

Соединетите Американски Држави во Актот за заштита на жртвите на трговија со луѓе и насилство (Victims of Trafficking and Violence Protection Act)[235] од 2000 година, и Актот за заштита на жртвите на трговијата со луѓе (Trafficking Victims Protection Reauthorization Act)[236] од 2005 година, ги дефинираат квалификуваните форми на трговијата со луѓе, како и трговијата со луѓе за сексуална експлоатација.

Под квалификувани форми на трговија со луѓе според Актот за заштита на жртвите на трговијата со луѓе[237] се подразбираат:

(А) трговија со луѓе заради сексуална експлоатација во која комерцијалниот сексуален акт е извршен со примена на сила, измама или закана, или кога лицето кое учествува во сексуалниот акт сé уште не наполнило 18 години возраст; или

(Б) регрутирањето, трансферот, транспортот, прифаќањето, или задржувањето на лице заради работа или услуги, преку примена на сила, измама, или закана, со цел негово користење заради присилно слугување, должничко ропство, кметство или робување.

---

[233] Melissa Hope Ditmore, *Encyclopedia of Prostitution and Sex Work, Vol. 1&2*, (Westport-London: Greenwood Press, 2006), p.490

[234] Ibid

[235] Достапен на http://www.isisc.org/public/Trafficking%20Victims%20Protection%20Act%20of%202000%20-%20Banks.pdf

[236] Достапен на http://www.isisc.org/public/Trafficking%20Victims%20Protection%20Reauthorization%20Act%20of%202005%20(Public%20Law%20109-164)%20-%20Banks.pdf

[237] Отсек 103, член 8, од Актот за заштита на жртвите на трговија со луѓе и насилство на САД, од 2000 година

Додека, под трговија со луѓе заради сексуална експлоатација се подразбира регрутирањето, трансферот, транспортот, прифаќањето, или задржувањето на лице заради комерцијален сексуален акт.[238]

Како други форми на сексуална експлоатација, кои исто така го носат епитетот на квалификувани, би ги споменале секс туризмот, порнографијата и присилните бракови.

**Секс туризмот** ги опфаќа *патувањата во туристичкиот сектор, или од надворешноста на секторот со употреба на неговите структури или мрежи, со примарна цел за ефектуирање на комерцијална сексуална врска на туристите со жителите на земјата на дестинација.*[239]

**Порнографијата** денес опфаќа меѓународни рамки во нејзината продукција и дистрибуција, во трговијата со жени која ја олеснува, и во штетните ефекти кои ги има врз статусот на жените во не-западните култури, каде таа се уште го носи приматот на нова штетна пракса. Како што самата индустрија се проширува, таа бара нови и поевтини средини за да ги произведува своите материјали и нови пазари за да ги продава. Елементите од оваа индустрија решаваат да снимаат порнографски материјал во земјите каде жените се ранлива категорија, каде може полесно да се подложат на остри форми на експлоатација и каде е доволно да се плати како да се дава милостина [240] или воопшто да не се плати.

Трговијата со деца заради сексуална експлоатација и проституција е облик на феноменот кој денес привлекува најголемо внимание, пред се заради фактот што жртвите се деца. Во суштина **детската порнографија** може да биде дефинирана како визуелно прикажување на лица под 18 години во вистински или симулиран сексуален акт, или неморално прикажување на гениталиите на малолетно лице.[241]

Во однос на детската порнографија, Протоколот на Конвенцијата за правата на детето (Convention on the rights of the Child)[242] посветен на продажбата на деца, детска

---

[238]Отсек 103, член 9, од Актот за заштита на жртвите на трговија со луѓе и насилство на САД, од 2000 година

[239] *World Tourism Organization Statement on the Prevention of Organized Sex Tourism, Adopted by the General Assembly of the World Tourism Organization, 11th Session, Cairo (Egypt), Oct. 17-22, 1995.*

[240] Sheilla Jeffreys, *The industrial vagina: The political economy of the global sex trade*. (New York: Routledge, 2009), p.79

[241] Миле Шикман. "Трговина људским бичима као делатност транснационалног организованог криминалитета". *Безбједност-Полиција-Грађани бр.3-4* (2011): 415

[242] Достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/crc.pdf [31.01.2013]

проституција и детска порнографија (Optional Protocol of the Convention on the rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography)[243] во својот член 1 јасно го дефинира значењето на продажбата на деца, детската проституција и детската порнографија, и од земјите потписнички бара заштита на децата, како најранлива група, од ваквите дејствија, кои честопати знаат да се појават и како целна експлоатација на трговијата со луѓе.

**Присилните бракови** ја опфаќаат *секоја институција или практика во која*
*(1) жената, без право да одбие, е ветена или дадена во брак во замена за плаќање во пари или натура на нејзините родители, заштитници, семејството или некое друго лице од групата; или*
*(2) Сопругот на жена, неговото семејство или неговиот клан, имаат право да ја дадат неа на друго лице за добиен надомест или поинаку;или*
*(3) Жена која по смртта на својот сопруг станува наследство на друго лице.*[244]

Во однос на лицата помлади од 18 години, практиката се случува тогаш *кога детето од страна на неговите биолошки родители или од неговиот заштитник е предадено на друго лице, било да е за награда или не, со можност тоа да биде експлоатирано.*[245]

Во однос на трудовата експлоатација или принудната работа, Конвенцијата на Меѓународната Организација за работа бр.29 од 1930 година (Forced Labour Convention),[246] присилната или задолжителна работа ја дефинира како *работата или услугите кои наложени од друго лице под закана од казна и за кои лицето кое е под закана не се пријавило доброволно.*[247]

Како исклучоци, Конвенцијата ги наведува воената служба за работа која е од чист воен карактер, нормални граѓански обврски, работа на затвореници осудени од страна на

[243] Достапен на http://www2.ohchr.org/english/law/pdf/crc-sale.pdf [31.01.2013]
[244] Article 1 from the *Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, 1956.*
[245] Ibid
[246] Достапна на http://www.ilocarib.org.tt/projects/cariblex/pdfs/ILO_Convention_29.pdf [31.01.2013]
[247] Article 2 from the Forced Labour Convention of ILO N.29

судот и работа под контрола од страна на јавните власти, работа во итни случаи како што се воените конфликти, или мали комунални работи.[248]

Конвенцијата бр. 105 (Abolition of Forced Labour Convention)[249] од 1957 година објаснува дека присилната работа не може да се користи за економски развој или како средство за политичка едукација, дискриминација, работна дисциплина или санкција заради учество во штрајк. Присилната работа може да ги опфати и ситуациите како ропство, практики слични на ропство, должничко ропство или слугување.[250]

Всушност, присилната работа се случува кога луѓето се подложени на психичка или физичка закана (закана за казна) за да извршат работа или услуга која инаку не би ја прифатиле или не би ја прифатиле под дадените услови (отсуството на волунтаризам).

Меѓународната Организација за работа, принудната работа ја дели на три категории и тоа (шематски приказ бр.3):[251]

- Присилна работа наметната од страна на државата или вооружените сили, која вклучува три главни подкатегории и тоа присилна работа наметната од страна на војската или бунтовнички групи, задолжително учество во јавни работи, и присилна работа во затвор;
- Присилна комерцијална експлоатација, која вклучува жени, мажи и деца кои од страна на приватни агенти се присилени да работат во сферата на проституцијата или други форми на комерцијални сексуални активности - што директно и јасно ја оцртува трудовата искористеност при сексуалното експлоатирање на жртвите;
- Присилна работа за економска експлоатација (трудова експлоатација) која ги опфаќа сите форми на присилна работа наметнати од страна на приватни агенти или претпријатија во други сектори различни од секс индустријата. Тоа ја вклучува присилната работа во земјоделството, индустријата, други услуги, кои можат да бидат и нелегални.

[248] Forced Labour Convention of ILO n.29
[249] Достапна на http://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=1000:55:0::NO::P55_TYPE,P55_LANG,P55_DOCUMENT,P55_NODE:CON,en,C105,%2FDocument [31.01.2013]
[250] Article 1 from Abolition of Forced Labour Convention n.105
[251] International Labour Organization. *Forced Labour and Human Trafficking.* (Geneva: ILO Publications, 2005).p.3

***Шематски приказ бр.3*** [252]

***Поделба на присилната работа по сектори***




Карактеристичен вид на трудова експлоатација кој се среќава, пред се на територијата на Јужна Азија е ропската работа, која во основа го има должничкото врзување на жртвата.

Во својата основа, ропската работа (шематски приказ бр.4) вклучува врска меѓу ропската работа и кредитни договори меѓу двете страни. На една страна на договорот е лицето кое поседува капитал и кое му обезбедува кредит на другата страна, која заради недостаток на средства за да го врати кредитот прифаќа да го одработи. Тргнувајќи од недостатокот на баланс на позициите во општеството, скоро секогаш лицето кое зело кредит на крајот завршува во положба во која е експлоатирано. Всушност лицето се наоѓа некаде меѓу ропството и присилната работа. Лицето кое позајмило пари е присилено да работи за да го исплати долгот кој постојано му се зголемува. Најчесто каматите се движат од 10% до 20% месечно, додека кон долгот се додаваат и парите позајмени за медицински потреби, облека, и други основни потреби. Понекогаш долгот трае и по неколку години, но има случаи кога долгот преминува дури и до неколку следни генерации. [253]

[252] International Labour Organization. *Forced Labour and Human Trafficking.* (Geneva: ILO Publications, 2005).p.4
[253] Siddharth Kara. *Bonded Labor: Tackling the system of slavery in South Asia.* (New York: Columbia University Press, 2012). p.3-4

***Шематски приказ бр.4*** [254]

***Кругот на ропската работа (должничкото ропство)***




**Слугувањето** е *статус или состојба на зависност на лице кое незаконски е принудено или под закана од друго лице врши работи за истото лице или за други и кое нема друга алтернатива освен таа да ја исполни работата. Слугувањето вклучува домашно слугување и должничко врзување.*[255]

**Ропството** е *статус или состојба на лице над кое некое или сите сили поврзани со правото на сопственост се остварени.*[256] **Практиките слични на ропство** се однесуваат на *актите на пренесување или обидите за пренесување на робови од една во друга држава со кои било средства за транспорт, или како додаток; акти на обрежување, брендирање или други начини на обележување на робот или на сервилниот статус со цел*

[254] Siddharth Kara. *Bonded Labor: Tackling the system of slavery in South Asia.* (New York: Columbia University Press, 2012). p.4

[255] Article 1, paragraph b, from the Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery

[256] Article 1, paragraph 1, from the Slavery Convetion

*да се прикаже таквиот статус, или како казна, или за некоја друга причина, или како додаток на се претходно наведено.*[257]

**Трговијата со луѓе заради трговија со човечки органи** како форма на експлоатација е вклучена во Протоколот од Палермо и треба да ги опфати ситуациите каде лицето е тргувано заради целите на трговецот да се стекне со материјална добивка на "пазарот на човечки органи" и ситуациите каде лицето е тргувано заради отстранување на неговите органи или делови од телото заради магија или традиционална медицина.[258]

Во првата ситуација силите на пазарот се тие кои ја движат понудата и побарувачката; тие на кои им е потребна трансплантација на орган бараат орган од тие кои се очајно сиромашни, или од "брокери" кои со сила или со измама го добиваат органот. Додека, во втората ситуација "muti" (магична медицина која се практикува во Африка) вклучува отстранување на делови од телото вклучувајќи черепи, срца, очи и гениталии кои се продаваат и потоа се користат од страна на лекари за да го зголемат богатството, влијанието, здравјето или плодноста.[259]

## 3.1.3. Modus operandi кај трговијата со луѓе во Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година

Република Македонија со нејзината географска положба секогаш била на крстопатот на Истокот и Западот, и токму заради таа карактеристика никогаш не била одмината од ниту еден вид на кривични дејствија. Наоѓајќи се на Балканскиот пат, чие заживување се должи пред се на бурните години на распадот на поранешна Југославија проследени со воени конфликти кои продолжија и години подоцна, македонската почва во однос на трговијата со луѓе е или попатна станица или последна дестинација за нејзините жртви.

Во однос на начинот на извршување на кривичното дело, заради полесна анализа, но и подобра прегледност на целокупниот криминален процес, дејствието ќе биде поделено според претходно споменатите три фази.

---

[257] Article 1, paragraph c, from the Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery

[258] UN GIFT Background paper. *Human Trafficking for the removal of Organs and Body Parts*. p.2. available at http://www.unodc.org/documents/human-trafficking/2008/BP011HumanTraffickingfortheRemovalofOrgans.pdf [22.12.2012]

[259] Ibid

***Табела бр.13***

***Начинот на регрутацијата кај***

***к.д.трговија со луѓе (чл.418-а од КЗ на РМ) во периодот 2002 - 2012 година***

| | Регрутација | | |
|---|---|---|---|
| | Присилна регрутација | Делумно измамничка регрутација | Целосно измамничка регрутација |
| Година | | | |
| 2002 | / | / | 18 |
| 2003[260] | / | / | 42 |
| 2004[261] | / | / | 19 |
| 2005[262] | / | / | 12 |
| 2006 | / | 1 | 1 |
| 2007[263] | / | 3 | / |
| 2008 | / | 1 | / |
| 2009 | / | 1 | / |
| 2010 | / | / | / |
| 2011 | / | 2 | / |
| 2012 | / | 3 | / |
| Вкупно | / | 11 | 92 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[264]

[260] Во сите случаи се работи за реализации на кривични дела против сопственици на угостителски објекти на подрачјето на Тетово, Гостивар, Струга, потоа Кичево, Куманово, Скопје и Охрид, кои заради стекнување противправна имотна корист, купувале, засолнувале или прифаќале странски државјанки заради експлоатација по пат на проституција, принудна работа или слугување во нивните угостителски објекти каде работеле и како танчерки, додека сексуалните услуги ги давале и во други објекти на подрачјето. (Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Извештај за 2003 година, стр.4-5)

[261] Одреден број од жените кои оствариле влез во нашата земја на недозволен начин преку веќе етаблираните мрежи за илегален транзит на мигрантите се префрлуват во соседните земји, каде за одреден финансиски надомест се продаваат на криминалните организации од овие земји, а помал дел од нив се префрлаат во Италија и другите западно-европски држави. Во текот на 2004 година мал број на женските лица остануваа во западниот дел од државата каде по пат на најразлични лажни ветувања за работа во угостителски објекти се вовлекуваа во ланецот на нелегална продажба и подведување на проституција. (Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Извештај за 2005 година, стр.5)

[262] Во 2005 година карактеристична е појавата на драстично намалување на бројот на жртвите од трговија со луѓе од странско потекло, за да се појават случаи на жртви од домашно потекло. (Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Извештај за 2005 година, стр.5)

[263] На подрачјето на Тетово и Гостивар беа извршени 29 акциски контроли во 71 угостителски објекти, во рамките на кои беа откриени вкупно 249 женски лица. Од нив, 152 се странски државјанки (66 албански, 46 српски, 37 бугарски, две хрватски и една од БиХ), кои се сместени во Транзитниот центар за странци или депортирани во матичните земји, како и 97 македонски државјанки (девет се малолетни) од скопско, тетовско, битолско, кумановско, прилепско, велешко, гостиварско, кавадаречко, струмичко, делчевско, гевгелиско и пробиштипско. Поголемиот дел од женските лица нелегално престојувале и работеле во угостителските објекти како келнерки, пејачки или танчерки, додека на некои од нив им била ограничувана слободата на движење и биле принудувани да даваат сексуални услуги. (Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Извештај за 2007 година, стр.15)

[264] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

Во однос на видот на регрутацијата, односно начинот на врбување на жртвите, трговијата со луѓе во Република Македонија не се разликува по многу од таа во глобални рамки.

Најчест начин на регрутација кога станува збор за кривичното дело од чл.418-а од КЗ на РМ е целосно измамничката регрутација. Меѓутоа битно е да се напомене и тоа дека таквиот начин на врбување се среќава во случаите на трговија со луѓе случени заклучно со 2005 година, по која веќе на територијата на Република Македонија се појавува внатрешната трговија со луѓе. Од 2006 година, кога има еден случај на целосно измамничка регрутација, додека другиот е со делумно измамничка регрутација, понатаму се до 2012 година, трговците своите жртви ги регрутираат преку измама, но во однос на целокупната ситуација, туку само за одреден нејзин дел. Така, најголемиот дел од жртвите прифатиле да работат во угостителски објекти, каде подоцна со употреба на насилство и постојани закани биле сексуално и трудово експлоатирани.

Би заклучиле дека, кога станува збор за Република Македонија, начинот на регрутација се менува во зависност од видот на трговијата со луѓе. Така, во случаите на транснационална трговија со луѓе, странските жртви се пренесени во Република Македонија под измама дека ќе добијат работа во некоја од земјите на Западна Европа, но на крајот реалноста покажала сосема друго лице. Додека пак, во случаите на внатрешна трговија со луѓе, жртвите најчесто се регрутирани преку понуди за работа во угостителски објекти, за подоцна под насилство и закани да бидат експлоатирани.

***Табела бр.14***

***Начинот на регрутацијата кај***

***<u>к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г од КЗ на РМ)</u> во периодот 2002 - 2012 година***

| | Регрутација | | |
|---|---|---|---|
| Година | Присилна регрутација | Делумно измамничка регрутација | Целосно измамничка регрутација |
| 2008 | / | 8 | 1 |
| 2009 | / | 5 | 2 |
| 2010 | 1 | 2 | / |
| 2011 | / | 5 | / |
| 2012 | / | 1 | / |
| Вкупно | 1 | 21 | 3 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[265]

Кај трговијата со малолетно лице, состојбата е поинаква. Така, кога жртвите на трговијата со луѓе се малолетни и потекнуваат од земјата каде се експлоатирани доминира делумно измамничката регрутација.

Во случаите на делумно измамничка регрутација, жртвите потекнуваат од дисфункционални семејства, поголемиот број од нив побегнале од дома поради семејното насилство и се обиделе да најдат работа во угостителски објекти. Откако ја добиле работата, под присила биле експлоатирани.

Кога се работи за целосно измамничка регрутација во прашање се “договорени” бракови, кои уште се познати и како измамени бракови, во кои сопругот живее во странство. Па, откако жртвата ќе замине во земјата каде треба да започне нов живот покрај сопругот, таа е експлоатирана.

Мора да се напомене дека во периодот на 2010 година, постои еден случај на присилна регрутација, кога малолетна девојка е грабната, а потоа присилувана на проституција.

Во периодот на 2004 година, на 09/10.06.2004 година, Министерството за внатрешни работи извршило контрола во угостителски објект во Жеровјане, каде во направен бункер во близина на кујната биле пронајдени осум бугарски и две македонски државјанки, како и кутии со имињата на жртвите во кои имало парични износи кои ги имале заработено преку давање сексуални услуги. Девојките работеле како танчерки, но биле присилувани да даваат и сексуални услуги.

[265] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

Во 2005 година, МВР поднело кривична пријава против лице од Тетово за к.д. трговија со луѓе, бидејќи спротивно на нивна волја чувал две девојки и сексуално ги злоупотребувал, а и ги присилувал да даваат сексуални услуги во неговиот нерегистриран угостителски објект без никаков надомест за нив.

Во 2007 година при контрола на МВР, во Тетово, во пицерија била затекната 15 годишна девојка од кумановско која покрај под сериозни закани и физичко малтретирање била предмет на сексуална и трудова експлоатација.

МВР во 2008 година поднело кривична пријава против три лица за к.д. трговија со малолетно лице. Имено, првопријавениот заради лошата материјална состојба се договорил со второпријавениот, неговата ќерка да работи во локалот на вториот. Девојчето требало да добива по 500 денари секој ден. По разговорот со него, откако истото било откриено по извршената контрола дознато е дека нејзина задача била да ги придружува гостите и да пие коктели со нив.

Во однос на фазата на транспорт на жртвите, во случаите на транснационална трговија со луѓе, жртвите влегле на територијата на Република Македонија нелегално. Помал е бројот на такви кои влегле легално, но со фалсификувани патни исправи.

Странските жртвите дошле преку Балканскиот пат, бидејќи најголемиот дел од нив потекнуваат од Молдавија и Романија, и се тргувани во периодот по распадот на Советскиот Сојуз и кога Балканскиот Полуостров е во поствоена фаза, фаза кога е зголемено присуството на воени мировни сили.

Сите жртви, и тие од Македонија и од други земји, биле транпортирани по копнен пат. При преминот на границите, во случаите кога тоа било нелегално, жртвите минувале пеш во планински предели.

### *Табела бр.15*

### *Видови експлоатација кај*

### *<u>к.д.трговија со луѓе (чл.418-а од КЗ на РМ)</u> во периодот 2002 - 2012 година*

| Година | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 - а | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за сексуална експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а (за трудова експлоатација) | Вкупно пријавени кривични дела – чл.418 – а ( за незаконско посвојување) |
|---|---|---|---|---|
| 2002 | 18 | 18 | / | / |
| 2003 | 42 | 42 | / | / |
| 2004 | 19 | / | / | / |
| 2005 | 12 | 12 | / | / |
| 2006 | 3 | 2 | / | 1 |
| 2007 | 3 | 3 | / | / |
| 2008 | 1 | 1 | / | / |
| 2009 | 1 | / | 1 | / |
| 2010 | / | / | / | / |
| 2011 | 2 | 2 | / | / |
| 2012 | 3 | 1 | 2 | / |
| Вкупно | 104 | 100 | 3 | 1 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[266]

### *Табела бр.16*

### *Видови експлоатација кај*

### *<u>к.д.трговија со малолетно лице (чл.418-г од КЗ на РМ)</u> во периодот 2002 - 2012 година*

| Година | Вкупно пријавени к.д. чл.418 - г | Вкупно пријавени к.д. чл.418 – г (сексуална експлоатација) | Вкупно пријавени к.д. чл.418 – г (трудова експлоатација) | Вкупно пријавени к.д. чл.418 – г (мешовита експлоатација) | Вкупно пријавени к.д. (присилен брак) |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008[267] | 9 | 2 | / | 7 | / |

[266] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

[267] Во сите случаи, повеќето од жртвите, од страна на сопственици на угостителски објекти биле трудово експлоатаирани, односно работеле како келнерки, танчерки или придружнички на гости, четири од нив биле и сексуално експлоатирани и физички малтретирани, во еден случај, две од жртвите биле сексуално експлоатирани со знаење на родителот, додека во последниот реализиран случај, девојчето, откако било однесено во странство, било трудово и сексуално ексополатирано и физички малтретирано од „наводниот" сопруг и негови роднини.

Овие жртви, како награда за тоа што работеле како танчерки, келнерки и придружнички на гостите во угостителските објекти, од сопствениците добивале процент од испиените коктели, а доколку одбивале да работат биле физички малтретирани.

Во два случаи, како сторители се јавуваат родители на жртвите, кои препродавале и овозможиле сексуално експлоатирање на три малолетни жртви на возраст од осум, десет и 12 години. Во едниот случај, родителот овозможил осумгодишното девојче да биде сексуално злоупотребено од такси возач со кој се превезувале, кој и претходнот го злоупотебувал ова и 10-годишното девојче, додека во другиот случај, татко си ја продал 12-годишната ќерка да работи во угостителски објект на тетовското подрачје.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 7 | / | / | 7 | / |
| 2010[268] | 3 | 2 | 1 | / | / |
| 2011[269] | 5 | 3 | 1 | / | 1 |

Во последниот случај на „трговија со луѓе", жртва е 15-годишно девојче од Кавадарци, кое уште на 13-годишна возраст, од страна на пријавените кои ја искористиле тешката финансиска состојба на семејството и со родителите договориле венчавка со роднина на еден од пријавените, било однесено во Србија, каде била физички малтретирана и принудувана да врши кражби, а не и била дозволена телефонска комуникација со родителите. По кратко време, пријавените истата илегално ја однеле во Италија, а потоа и во Франција каде повторно била трудово и сексуално експлоатирана од наводниот сопруг и неговите родители, била ангажирана да работи во кафеана и да дава сексуални услуги на клиенти ( за износ од 300 до 500 евра), а воедно и да врши кражби во куќи. Откако девојчето успеало телефонски да го извести семејството за фактичката состојба, случајот бил пријавен во полиција од страна на нејзината мајка. (Национална Комисија за борба со трговијата со луѓе и илегалната миграција, Извештај за 2008 година, стр.5)

[268] **Случај 1:** Организаторот со закана и употреба на физичка сила им ги одзема мобилните телефони ги доведува во потчинета состојба и состојба на немоќ и истиот организира двете малолетни жртви да бидат превземени од лице (посредник) од Гостивар, со цел жртвите да даваат сексуални услуги за пари кои преку посредникот ќе му бидат исплаќани на организаторот. Организаторот преку посредникот од Гостивар (кој бил задолжен за чување, транспорт и сместување на девојките) обезбедува лица за користење на сексуалните услуги за паричен надоместок од 2000 – 3000 денари. Во еден момент посредникот, а со претходен договор со организаторот, овозможува користење на сексуалните услуги од жртвите во временски период од 3 дена на едно лице, кое лице истовремено овозможувало користење на сексуални услуги и на други лица за парична надомест од 30000 денари. Сексуалните услуги од страна на жртвите биле давани во хотели, мотели, приватни куќи и ПМВ, а секогаш траспортирани и контролирани од страна на посредникот кој ги земал паричните средства од корисниците на услугите и ги предава на организаторот.

**Случај 2:** Двете малолетни жртви поради лошата економска состојба на семејството од страна на посредници биле регрутирани, доведени во заблуда дека малолетните-жртвите можат легално да бидат вработени во УО со што ќе се стекнат со материјална корист. Од страна на сторителите (сопственици на УО) иако знаеле дека двете девојки се малолетни ги прифатиле, засолниле, сместиле и трудово ги експлоатирале малолетните жртви во континуитет од 3 недели, на тој начин што ги довеле во заблуда дека се легално вработени во УО. Од страна на сторителите на жртвите им било обезбедено сместување и храна во соба лоцирана во близина на УО. Малолетните жртви откако биле прифатени и работно ангажирани (работно време од 20.00-04.00 часот) во УО од страна на сторителите, работеле како келнерки и придружнички на масите со муштериите каде биле должни-обврзани да пијат коктели со цел обезбедување на поголема парична заработка за пријавените.

**Случај 3:** Малолетната-жртва поради економска немоќ на нејзиното семјство бега од дома со цел да најде работа во УО на подрачје на Западна Македонија при што неможејќи да најде работа и сместување остварува средба со лицето-регрутер (кој го познава од порано) кој со измама и доведување во заблуда и овозможува сместување во куќа на неговата сестра (сторител на КД- женско лице). Сторителот кој треба да ја експлоатира ја прифаќа и сместува малолетната-жртва во куќа каде истата живее под кирија, а со употреба на вербални и физички напади ја доведена во состојба на немоќ, со цел давање на сексуални услуги на лица-клиенти кои ги обезбедувала истата, а заради стекнување на противправна имотна корист. Паричните средства ги зема сторителот, а истите биле во висина од 2500-6000 денари. Доколку малолетната-жртва одбиела да даде сексуални услуги на клиентот од страна на сторителот-експлоататор била физички малтретирана (тепана) и врзувана (со леплива трака) или држена под присила додека клиентот ги користел сексуалните услуги од малолетната-жртва. Во еден наврат за сума од 6000 денари сторителот-експлоататор овозможува користење на сексуалните услуги од малолетната-жртва во временски период. од 3 дена на едно лице, кое лице истовремено овозможувало користење на сексуални услуги и на други лица. Сексуалните услуги од страна на жртвите биле давани во куќата каде била сместена жртвата и приватни куќи, а секогаш траспортирани и контролирана од страна на сторителот кој и ги земал паричните средства од корисниците на услугите. (Национален Известувач за борба против трговија со луѓе, Втор Извештај, 2010 година, стр. 5-8)

[269] Оваа година во однос на внатрешната трговија со малолетни лица, значајно за напоменување се откриените две криминални групи и тоа: 1) седумчлена организирана криминална група која вршела сексуална експлоатација по пат на проституција на три малолетни девојки во изнајмен стан во Скопје, нудејќи ги жртвите на клиенти за сексуални услуги за паричен надомест од 1.500 до 3.000 денари и 2)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 1 | / | / | / | 1 |
| Вкупно | 25 | 7 | 2 | 14 | 2 |

Извор: Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност. Сектор за аналитика, истражување и документирање[270]

Од табелите бр.13 и бр.14 можеме да заклучиме дека трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија во најголемиот број случаи е заради сексуална експлоатација. Притоа на почетокот на периодот од интерес, некаде до 2005 година, сексуалната експлоатација се врши во угостителски објекти, под маската на ноќни клубови, додека по 2005 година, се менува начинот на извршување, и жртвите се експлоатираат во изнајмени станови, куќи или викендички.

петчлена група чии членови ја злоупотребиле лошата состојба на малолетно немоќно лице кои со лажно ветување и измама ја сместиле во куќа во Гостивар и со сериозна закана и употреба на физичка сила трудово и сексуално ја експлоатирале. (Годишен Извештај на Националниот Известувач за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за 2011 година, стр. 7)

[270] Известувања од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со рег.бр.19.4 - 490 од 28.02.2011 година и рег.бр. 22.2 - 2486 од 28.09.2012 година.

***Шематски приказ бр.5***

***Процесот на трговијата со луѓе во Република Македонија***

***Шематски приказ на <u>modus operandi</u>***



## 3.1.3.1. Modus operandi кај трговијата со луѓе пред инкриминацијата на кривичното дело во Кривичниот Законик на Република Македонија

Ако проституцијата може да се именува како "најстар занает", тогаш трговијата со луѓе може да се одреди како најстар и најтежок облик на криминалитетот најчесто врзан за сексуалноста.[271] Низ историјата јасно е дека и двете постоеле. Но, во зависност од околностите и општественото уредување, биле или санкционирани или не било прифатено нивното постоење. Токму заради тоа, доколку постоеле некаков вид на статистики или содржат оскудни податоци или воопшто не ги содржат.

Иако периодот од 2000 до 2001 година, не е дел од периодот кој е од интерес на нашето истражување, сепак решивме да го споменеме и него, пред се заради фактот што во тие две години, кривичното дело трговија со луѓе не постоеше, па заради тоа големи криминални случаи на трговија со луѓе беа пријавени и подоцна санкционирани под инкриминации кои делумно го покриваа криминалниот процес.

Што се однесува на Република Македонија кратко време пред инкриминацијата на трговијата со луѓе, криминалистичките државни статистики не можат да ни дадат податоци што би биле релевантни за оценка на појавата, главно, од две причини: посебната методологија на евиденција и следење на овој криминалитет не е доволно разработена и не се води во согласност на новата феноменологија на појавата и второ, кривичниот прогон за оваа појава отсуствува и презентираните бројки во статистичките публикации не ја одразуваат реалната состојба за појавата.[272] Всушност, пред инкриминацијата на трговијата со луѓе во 2002 година, кон крајот на XIX и почетокот на XX век кривичните дела кои во дејствието на извршување ги содржеле сите карактеристики на модерното ропство и кај кои доколку се направи анализа на целокупниот процес би се заклучило дека се работи за феноменот, биле санкционирани како други кривични дела, најчесто како посредување во вршење проституција, денес член 191 од Кривичниот Законик на Република Македонија.

[271] Љупчо Арнаудовски. Трпе Стојановски. *Трговија со луѓе:криминалитет.* (Скопје:Скенпоинт, 2002). стр.75
[272] Ибид. стр.82

### 3.1.3.1.1. Случајот на Д.Б.Л.

Најголемиот процес кој се водеше во Република Македонија за периодот 2000 и 2001 година, период пред инкриминацијата на трговијата со луѓе, се темелеше на обвинителни акти за повеќе кривични дека за кои лицата беа обвинети за кривични дела од чл.191ст.1. Постапките првично беа водени како посебни, за потоа да бидат споени во една која се водеше во текот на 2003 и 2004 година пред Основниот Суд во Битола.[273]

- **Обвинителен акт I**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.1 и ст.3 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
2. Р.В. - чл.191 ст.1 и ст.3 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
3. К.П. - чл.191 ст.1 и ст.3 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година).

Д.Б.Л. во јануари 2000 година ја купил оштетената А од лице во Куманово, потоа ја однел во својот ноќен клуб во с.Велешта, каде ја држел затворена и со примена на физичка сила и сериозни закани по нејзиниот живот ја присилувал да се проституира (да дава сексуални услуги на машки лица за паричен надомест) се до јули 2000 година. Потоа ја предал на Р.В. и К.П., кои ја однеле во ноќниот клуб на Р.В., каде повторно била присилена да дава сексуални услуги, а нејзини најчесто клиенти биле војници на КФОР. Во ноември 2000 година, лицата повторно му ја вратиле на Д.Б.Л.кој продолжил да ја присилува на проституција се до јуни 2001 година, кога девојката успеала да побегне.

**Изјава на оштетената**

**Оштетената А (21 година - Молдавија)**, немајќи можност да пронајде вработување во својата земја, решила да се пријави на оглас во весник во кој било понудено вработување во Италија. Транспортот се движел од Молдавија, преку Романија, Унгарија, па Србија. Сите граници ги минувале легално, со нивните оригинални патни исправи. Од Србија преминале во Босна и Херцеговина, каде им било кажано дека оттаму ќе можат да одат во Италија, но илегално. Оштетената ја прифатила таа понуда, но не била

[273] Податоците се добиени преку увид во судските списи во Основниот Суд Битола (Известување СУ-690/12 од 20.11.2012)

одведена во Италија, туку од БиХ била пренесена повторно во Србија, каде и била одземена патната исправа и од каде нелегално била пренесена во Куманово. Таму наредниот ден дошле неколку лица, кои ги разгледувале девојките, по што ја избрале неа и ја одвеле во ноќниот клуб во с.Велешта. Таму Д.Б.Л. прво и кажал дека ќе работи како танчерка, но и дека доколку некој од муштериите посака и побара од неа да му пружи сексуални услуги, тогаш таа тоа мора да го направи, бидејќи тој како газда, веќе платил многу пари за неа. Цената за сексуалните услуги била 120 германски марки за еден час и од 200 до 300 германски марки за цела ноќ. Доколку одбиела била тепана.

После одреден период неа и другите девојки ги прашале која од нив сака да оди да работи во Охрид како танчерка, без да дава сексуални услуги. Оштетената прифатила, по што со уште една девојка била пренесена во новиот ноќен клуб. Но, и таму била присилена да дава сексуални услуги, пред се на војници на КФОР. Исто така и таму била тепана доколку одбиела. По неколку месеци повторно биле вратена во с.Велешта, каде продолжила присилно да се проституира. Во декември 2000 година, во ноќниот клуб била извршена рација, по што девојките кои биле странски државјанки биле протерани од Македонија и им била изречена забрана за влез на територијата на Република Македонија во период од две години. Биле пренесени до границата со Србија, од каде ги презело друго лице, кое ги измамило велејќи им дека не е сигурно пеш да ја минуваат границата, по што ги вратило повторно во с.Велешта.

Откако била вратена од границата, повторно била присилена да се проституира, за на крајот, на почетокот на 2001 година, да успее да избега, по што со автобус заминала за Скопје, каде случајот го пријавила во амбасадата на Молдавија.

Во текот на нејзиното проституирање во ноќниот клуб на Д.Б.Л. останала и бремена, по што била одведена во здравствена установа за да биде извршен абортус.

- **Обвинителен акт II**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.1 и ст.3 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
2. Р.В. - чл.191 ст.1 и ст.2 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година).

Оштетената работела месец и половина како келнерка во ноќниот клуб, но потоа Д.Б.Л. со примена на физичка сила ја присилил, прво да работи како танчерка, а подоцна и да дава сексуални услуги. И ја одзел патната исправа, за да спречи нејзино бегство. По одреден период, работела и во ноќниот клуб на Р.В., од каде во август 2000 година успеала да побегне.

**Изјава на оштетената:**

Во 2000 година, **оштетената Б** го запознала братот на Д.Б.Л. во Бугарија, кога тој и го дал неговиот телефонски број и ја поканил да дојде во Република Македонија, во неговиот хотел во Струга, каде би поминала неколку денови на одмор. Таму дошла во мај 2000 година, по што минала одреден период во хотелот на братот на Д.Б.Л. со кој била во сексуална врска. Подоцна, тој и понудил работа како келнерка во ноќниот клуб на неговиот брат, Д.Б.Л., во с.Велешта. Иако на почетокот одбивала, сепак на крајот прифатила да работи само месец и половина и потоа да се врати назад во својата земја. Во текот на тој период постојано го гледала братот на Д.Б.Л. и со него била во сексуална врска. Но, по истекот на тој месец и половина, Д.Б.Л. со примена на физичка сила ја присилил прво да работи како танчерка, а потоа и да дава сексуални услуги. Во текот на присилното проституирање пробала да се самоубие сечејќи си ги вените, но не успеала. Исто така, заболела и од Хепатит, но и тоа не била доволно причина за да престане со давањето сексуални услуги. По одреден период била префрлена во ноќниот клуб на Р.В., од каде на 27.08.2000 година, под изговор дека ќе оди да купи цигари, успеала да влезе во такси возило и да замине за Охрид, каде пријавила за нејзиниот случај.

- **Обвинителен акт III**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.6 во врска со ст.1 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
2. Ж.Н. - чл.191 ст.6 во врска со ст.1 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
3. Р.В. - чл.191 ст.6 во врска со ст.1 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);
4. К.П. - чл.191 ст.1 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година).

Д.Б.Л. во својот ноќен клуб во с.Велешта вработил поголем број женски лица, меѓу кои и седум странски државјанки и таму организирал давање сексуални услуги. Ж.Н. во својот ноќен клуб во Струга организирал давање сексуални услуги. Р.В. тоа го правел во својот ноќен клуб во Охрид. К.П. бил дел од тие активности.

**Изјави на оштетените:**

**Оштетена В (22 години - Молдавија) -** Од некоја жена која порано работела во Италија добила информација дека постои можност да и помогне и таа да оди таму и да работи како слугинка. Прифатила, по што била одведена во Кишињев, каде била предадена на некое машко лице. Со него заминала за Романија, каде влегла легално со својата оригинална патна исправа. Преку Романија, била пренесена за Србија, од каде преку планини нелегално била пренесена во Македонија.

**Оштетена Г (23 години - Молдавија) -** И таа од друга жена која претходно работела во Италија, добила информација дека може да и помогне и таа да работи во Италија. Откако прифатила била легално пренесена за Романија, потоа за Србија, од каде со неколку машки лица била нелегално внесена во Македонија. Патната исправа и била одземена и била присилена да дава сексуални услуги. Д.Б.Л. и дал копија од патната исправа, доколку сака да испраќа пари дома преку банка.

**Оштетена Д (23 години - Романија) -** Оштетената тргнала од Темишвар (Романија) со автобус за Белград (Србија) за да купи облека. Во автобусот сретнала жена која и рекла дека е од Романија. Во текот на патувањето двете разговарале. Кога пристигнале во Панчево, истата жена се сретнала со некој маж кој го претставила како свој близок пријател. Бидејќи оштетената планирала да остане неколку дека во Панчево, тој им понудил да останат во неговиот стан. Оштетената ноќта ја минала таму. Утрото во станот, покрај неа имало уште шест други девојки. Мажот кој бил сопственик на станот, за кого чула дека го викаат П, и ја одзел патната исправа и личните предмети. Во станот неколку дена доаѓале луѓе кои ги разгледувале девојките и ги купувале.

Оштетената била продадена во Р.Српска, во септември 2000 година. Таму заедно со уште неколку девојки успеала да побегне од станот и се упатила кон Бања Лука, каде го пријавиле случајот во полиција. Полицијата потоа им дала документи и парични средства и заедно со придружба од едно лице ги испратила со автобус до Белград од каде требало да се вратат во своите земји. Но, кога пристигнале во Белград, лицето кое било нивна придружба ги предало повторно на лицето П кое ги зело и ги вратило во станот во Белград. Оттаму била продадена на лица од Македонија, каде влегла легално, но со фалсификувана патна исправа, на која имало нејзина фотографија, но други лични податоци.

**Оштетена Ѓ (23 години - Молдавија) -** И неа и била ветена работа во Италија, но како бејбиситерка. Легално, со својата патна исправа влегла на територијата на Романија, од каде, исто така легално, била пренесена во Србија. Од Србија нелегално, преку планини влегле на територијата на Македонија и биле одведени во село близу Куманово. Потоа со уште една девојка заминале за Струга. Во ноќниот клуб на Д.Б.Л. била принудена да дава сексуални услуги и и била одземена патната исправа.

**Оштетена Е (20 години - Молдавија) -** Исто како и на другите девојки, и неа и било ветено вработување во Италија. Била пренесена легално во Романија, а оттаму во Србија. Потоа била продадена во Македонија, каде влегла нелегално. Таа изјавила дека никој не ја принудувал да дава сексуални услуги, дека доколку не сакала можеле да не се проституира.

**Оштетена Ж (19 години - Романија) -** Некоја жена и кажувала дека работела во Италија и дека добро заработувала. Истата таа и рекла и дека може да и помогне и оштетената да најде работа во Италија. Откако оштетената прифатила, била пренесена легално во Романија, каде во Темишвар минала неколку дена. Оттаму заминала за Панчево (Србија), каде била сместена во станот на П. Таму добила фалсификувана патна исправа, на која имало нејзина фотографија, но туѓи лични податоци. Со таа патна исправа легално влегла на територијата на Македонија. На граничниот премин ги чекал Ж.Н. кој ги одвел во с.Велешта. Не прифаќала да работи како сексуална работничка, па била тепана

од страна на Д.Б.Л. Потоа била принудена да прифати и имала клиенти од Албанија, но и војници на НАТО. По одреден период била префрлена во Струга, во ноќниот клуб на Ж.Н.

Оштетената исто така изјавила дека цариниците на граничниот премин со Србија ги прашале неа и другите девојки што ќе работи и кога им кажале дека ќе работат како танчерки, ги одвеле во друга просторија и ги натерале да им танцуваат.

**Оштетена Б (20 години - Бугарија)** - Во 2000 година, оштетената Б го запознала братот на Д.Б.Л. во Бугарија, по што тој и го дал неговиот телефонски број и ја поканил да дојде во Република Македонија, во неговиот хотел во Струга, каде би поминала неколку денови на одмор. Таму дошла во мај 2000 година, по што минала одреден период во хотелот на братот на Д.Б.Л. со кој била во сексуална врска. Подоцна, тој и понудил работа како келнерка во ноќниот клуб на неговиот брат, Д.Б.Л., во с.Велешта. Иако на почетокот одбивала, сепак на крајот прифатила да работи само месец и половина и потоа да се врати назад во својата земја. Во текот на тој период постојано го гледала братот на Д.Б.Л. и со него била во сексуална врска. Но, по истекот на тој месец и половина, Д.Б.Л. со примена на физичка сила ја присилил прво да работи како танчерка, а потоа и да дава сексуални услуги. Во текот на присилното проституирање пробала да се самоубие сечејќи си ги вените, но не успеала. Исто така, заболела и од Хепатит, но и тоа не била доволно причина за да престане со давањето сексуални услуги. По одреден период била префрлена во ноќниот клуб на Р.В., од каде на 27.08.2000 година, под изговор дека ќе оди да купи цигари, успеала да влезе во такси возило и да замине за Охрид, каде пријавила за нејзиниот случај.

- **Обвинителен акт IV**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.1 во врска со чл.22 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година);

2. И.Ф. - чл.191 ст.1 во врска со чл.22 од КЗ на РМ (пред измените од 2008 година).

Во текот на месец октомври 2001 година, па се до февруари 2002 година под присила ја држеле **оштетената А,** ја присилувале на сексуални односи со клиентите за што добивале парични средства.

- **Обвинителен акт V**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.1 од КЗ на РМ (пред измените во 2008 година).

Во периодот на 2001 година, Д.Б.Л. под присила држел две романски државјанки и под присила ги принудувал да даваат сексуални услуги, за што тој наплаќал парични средства од клиентите.

- **Обвинителен акт VI**

Обвинети лица:

1. Д.Б.Л. - чл.191 ст.1 од КЗ на РМ (пред измените во 2008 година).

Сите постапки кои биле водени врз основа на претходно споменатите обвинителни акти, во 2003 година се споени во една, единствена постапка пред Основниот Суд во Битола.

Обвинението е за извршено кривично дело по чл.191 ст.1 во врска со ст.2 и ст.3 од КЗ на РМ (пред измените во 2008 година).

Во текот на таа постапка како сведоци, покрај претходно наведените девојки кои сведочеле, сведочеле уште две други девојки.

**Оштетена З (24 години - Молдавија) -** Работела во бар во Молдавија. И била ветена работа како келнерка во Романија, но наместо тоа била пренесена во Србија, а потоа пренесена преку граница, на територијата на Македонија, во Куманово. Оттаму била купена од страна на Д.Б.Л., каде била принудена да дава сексуални услуги.

**Оштетена Ѕ (26 години - Молдавија) -** Заради лошата економска состојба решила да прифати понуда за работа во Србија, според која понуда требала да се грижи за стари,

изнемоштени лица. Но, завршила во Македонија, каде била донесена нелегално. Изјавила дека никој не ја принудил да има сексуални односи со клиентите. Била депортирана во својата земја, по полициска рација во ноќниот клуб во с.Велешта.

Кривичната постапка водена пред Основниот Суд во Битола завршила со изрекување санкција за обвинетите и тоа:

1. Д.Б.Л. - 3 години и 8 месеци;
2. Ж.Н. - 1 година;
3. Р.В. - 1 година;
4. К.П. - 1 година.

Во март 2007 година, Апелациониот Суд во Битола, донесе одлука со која го ослободи Д.Б.Л. шест месеци пред истекот на затворската казна. Одлуката била донесена, врз основа на позитивна оцена на поведението на затвореникот, а и врз основа на мислењето дека затвореникот ја сфатил казната и го исплатил својот долг кон општеството.

Анализирајќи ги обвинителните акти, како и изјавите на оштетените, односно жртвите на кривичното дело, би заклучиле дека несомнено станува збор за трговија со луѓе.

Низ ветувањата за подобар живот и заработка, можеме да ја откриеме целосната измамничка регрутација на жртвите. Всушност, анализираното кривично дело, според начинот на извршување, целосно се поклопува со делата од годините веднаш по инкриминирањето на феноменот. Жртвите потекнуваат од други земји, сексуално се експлоатираат во угостителски објекти во западниот дел на Република Македонија. Во нашата земја влегуваат најчесто легално со своите вистински, но и со фалсификувани документи.

Откако ќе пристигнат на местото каде треба да ја добијат работата, во најголемиот број случаи како танчерки, на девојките им се одземаат патните исправи, а потоа се присилуваат да даваат сексуални услуги, под изговор дека треба да го исплатат долгот за патувањето - должничко ропство.

Санкцијата од 3 години и 8 месеци ни најмалку не одговара на тежината на кривичното дело de facto, иако de jure обвинетиот бил осуден за друго кривично дело поради непостоењето на трговијата со луѓе како инкриминација во кривичното законодавство. Оперирањето на криминалната група на Д.Б.Л. опфаќа период во кој феноменот постои како таков, меѓународната организација е свесна за тоа, меѓународните документи се во фаза на изготвување или веќе се отворени за потпис на државите, но државите потписнички се уште ги немаат инкриминирано делата или се во фаза на прилагодување на обврските преземени со потписот на документот.

## 3.2. Instrumentum operandi кај трговијата со луѓе

Класичниот поим на средствата на извршување во своето јадро ја содржи врската на тој предмет со сторителот на кривичното дело.

Во криминалистиката под средства на извршување на кривичното дело се подразбира секое средство со кое е извршено кривичното дело.[274]

Кај трговијата со луѓе, пред се заради должината на самиот процес и неговата поделеност на повеќе фази и потфази, средствата се јавуваат и во нематеријална и во материјална форма, и се средства кои се користат само во одредена фаза, но и средства кои се користат во текот на целото криминално дејствие. Понатаму, за разлика од средствата со кои е извршено кривичното дело кај класичните кривични дела каде преку анализата на трагите кои ги оставиле и трагите кои биле оставени на нив според Локардовиот принцип[275], се добиваат информации за можните сторители, кај трговијата со луѓе тоа се случува поретко. Ваквата ситуација е резултат на фактот што скоро сите криминални групи ги користат истите средства за да го извршат делото, но и заради нивната нематеријалност, иако постојат случаи кога одредено средство е карактеристично за одредена криминална група која оперира на одреден географски регион.

[274] Ciril Zerjav. *Kriminalistika.* (Varteks: Ljubljana, 1983). str.224

[275] Како едно од големите откритија кои придонесоа во зголемување на важноста на увидот, односно истражувањето на местото на настанот, мораме да го спомeнеме Locard-овиот принцип на размена, кој во проста форма би гласел: Секој контакт остава трага. Всушност, Locard сметал дека при секој контакт на два предмета, првиот остава траги на вториот и vice versa. Токму како последица на овој принцип, се јавува потребата од увид. Без негово одржување не би било можно откривањето на трагите, а преку нив и на сторителот.

Начинот на извршување не би бил целосен, доколку не се споменат средствата за извршување, со кои тој е во тесна врска.

Самото дефинирање на трговијата со луѓе со себе ги носи и средствата кои се користат во текот на извршувањето на кривичното дело и кои го дополнуваат начинот на неговото извршување. Така, како најчести би ги спомeнале: измамата, заканата, заблудата, насилството, како и должничкото врзување, изолацијата, навлекување на употреба на дрога, кои најчесто се јавуваат како средства за одржување на контролата врз жртвата во текот на нејзината експлоатација.

**Насилството** сторителите на трговијата со луѓе го употребуваат во текот на сите фази, почнувајќи од регрутацијата, преку транспортот, до и во текот на експлоатацијата.

Жртвите на сите форми на трговија можат да бидат тепани и силувани, долго време чувани во изолација, лишени од храна и вода, дрогирани, или малтретирани со цел да се држат потчинети. [276]

**Заканата** најчесто се состои од закана за насилство врз самата жртва, или врз нејзиното семејство во земјата на потекло или нејзините деца, понатаму од казна кога таа ќе се врати во земјата на потекло, понатаму закана за депортација, или објавување во јавноста за природата на работата која жртвата ја врши.[277]

**Измамата и заблудата** се карактеристични за фазата на регрутација, каде жртвата добива целосно или делумно погрешна слика за она што ја очекува на крајот од патувањето кон подобар живот.

**Изолирањето** опфаќа лингвистичко и социјално одделување при кое жртвите не смеат да комуницираат на својот мајчин јазик, ниту пак да одржуваат контакти со други лица, доколку и тие не се жртви на трговијата со луѓе.

**Корупцијата** според најчесто користените дефиниции, кои се тие на Светската Банка (World Bank) и на Transparency International опфаќа *злоупотреба на јавната власт*

[276] Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција, *Трговија со луѓе во регионот на Западен Балкан*, (Стразбур – Женева: 2006), стр.28

[277] Cornelia Helfferich. Barbara Kavemann. Heike Rabe. “Determinants of the willingness to make a statement of victims of human trafficking for the purpose of sexual exploitation in the triangle offender-police-victim”. *Trends of Organized Crime 14* (2011): 130

*за приватен бенефит*, односно *злоупотреба на доверената моќ заради приватна добивка.*[278]

Таа претставува начин на живот во земјите на Латинска Америка, Африка, Евроазија и многу земји во Азија и Средниот Исток. Корупцијата претставува резултат на искривените економски политики преку кои бенефит чувствуваат само елитите, а која го кочи економскиот развој. Државните службеници како граничните службеници, полицијата, царинските службеници го овозможуваат процесот на трговијата со луѓе преку прифаќањето мито заради зголемување на сопствените приходи кои од нивната плата се доста ниски. Но, во некои земји, трговците не се задржуваат само на корумпирање на пониските слоеви од државните органи, туку си “купуваат” и обвинители, судии и други носители на високи функции во општеството.[279]

Ваквиот начин на олеснување на целокупниот процес ги опфаќа сите учесници присутни во текот на кој и да било дел на кривичното дело, како и по неговото откривање. Така, полициските службеници, трудовите инспектори, други работници во администрацијата, здравствени работници и многу други лица вклучени во борбата со трговијата со луѓе, се случува за “мал” надомест да “погледнат на другата страна” во одредени моменти.

Корупцијата создава можност трговијата со луѓе да остане високо профитабилен, но ниско ризичен криминален бизнис. Постоечките нивоа на корупција влијаат врз изборот на рутите за транспорт, нивниот начин на извршување на делото, како врз останатите параметри поврзани со успешното извршување на кривичниот акт. Исто така, корупцијата има важно место и по завршувањето на целокупниот криминален процес.

Во однос на трговијата со луѓе, лицата можат да бидат корумпирани или директно или индиректно. Директните начини на корумпирање се: учество во операцијата на тргување; дел од криминалната група – давање информации околу рации, слободно преминување на границите, снабдување со фалсификувани патни исправи и визи, или помагање на трговците да одржат контрола врз жртвата; учество во активности кои можат да бидат дел од модерното ропство; учество во активности поврзани со водење

---

[278] UN GIFT Background paper. *Corruption and human trafficking: The Grease that facilitates the crime*. p.3. available at http://www.unodc.org/documents/human-trafficking/2008/BP020CorruptionandHumanTrafficking.pdf [23.12.2012]
[279] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.46

криминална банда која се занимава со трговија со луѓе. Индиректните начини се однесуваат на: користење друго лице или осомничен; одбивање да се извршат одредени активности потребни за успешна истрага; непочитување и неупотреба на законски овластувања кои се есенцијални за спротивставување на феноменот; одбивање да се употребат претходно наведените овластувања.[280]

[280] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година.* Магистерска теза. 2011. стр.144

### *Шематски приказ бр.6* [281]

### *Врската меѓу можностите, вклучените страни и корупцијата во процесот на трговијата со луѓе*




[281] UN GIFT Background paper. *Corruption and human trafficking: The Grease that facilitates the crime*. p.4

## 3.3. Трагите кај трговијата со луѓе

Криминалот може да се сретне насекаде, да опфати каква било форма. Негов центар на случување може да биде улица, стан или куќа, автомобил, компјутерски хард-диск, па дури и неколку океански милји. Но, и покрај различната местоположба на различните видови криминал, постои една работа која ги поврзува сите нив, а претставува основа при неговото истражување – трагите. Тие претставуваат основа на понатамошната успешна работа на овластените службени лица и судската власт.

Се до крајот на XIX век, сите полициски дејствија се базирале врз сведочењето на очевидците и признанието на сторителите, кои понекогаш биле ретки или воопшто ги немало. Но, уште во првата година на наредниот век се појави првото големо откритие. Австриецот Карл Ландстајнер (Karl Landsteiner) го откри системот на ABO крвни групи. Истата таа 1901 година, Пол Уленхут (Paul Uhlenhuth) преку своите истражувања и откритие, овозможи да се прави разлика меѓу човечката и животинската крв. Во овој период материјалните докази, полека но сигурно ги истиснувале погоре наведените столбови на истрагата и почнале да се искачуваат кон врвот на, условно кажано, хиерархијата.

Како едно од големите откритија кои придонесоа во зголемување на важноста на увидот, односно истражувањето на местото на настанот, мораме да го споменеме Локардовиот (Locard) принцип на размена, кој во проста форма би гласел: Секој контакт остава трага. Всушност, Локард сметал дека при секој контакт на два предмета, првиот остава траги на вториот и vice versa.

Кај трговијата со луѓе, бидејќи станува збор за криминален процес составен од поголем број дејствија, трагите од кривичното дело се комплексна целина која може да се најде на поголем број медиуми поврзани со кривичното дело.

- ✓ Документација која се однесува на процесот на регрутација, односно документи каде се води евиденција за контактите со жртвите, барања за издавање визи упатени до одредени амбасади, потоа рекламен материјал, гарантни писма, документација за патни исправи, договори за работа и др.;
- ✓ Предмети и траги поврзани со фазата на транспорт, како што се на пример географски карти и мапи на кои се исцртани рутите по кои би требало да бидат пренесени жртвите, билети за превоз во јавниот сообраќај, моторни

возила со кои е вршен транспортот, патните исправи на лицата кои го вршеле транспортот;

- ✓ Предмети и траги поврзани со експлоатацијата на жртвите, како што се договори за изнајмување на објектите каде жртвите престојуваат, пари, кредитни картички, евиденција за услугите кои ги давале жртвите, рекламен материјал за корисниците на услугите, фото, аудио и видео материјал, и во зависност од видот на експлоатацијата други средства;
- ✓ Средства за контрола и одржување на жртвите во состојба на покорност: видео камери, наркотични средства, алкохол, средства за врзување, средства за физичко казнување, фото и видео материјал, алармни уреди и сл.[282]
- ✓ Траги кои може да се најдат на телото на жртвите, почнувајќи од настанати повреди до траги од биолошко потекло (повторно во зависност од начинот на кој жртвата била експлоатирана игра значајна улога за тоа кои траги ќе бидат пронајдени на нејзиното тело);
- ✓ Траги на телото на сторителот/сторителите.

## 3.4. Криминалната ситуација кај трговијата со луѓе

Криминалната ситуација се однесува на сите околности под кои е извршено одредено кривично дело. Кога се зборува за сите околности, се мисли од моментот на подготовката, па се до моментот на извршувањето на кривичното дело.

Зборот „ситуација" има латинско потекло (situs, situatio = положба, состојба) и означува систем од субјективни и од објективни околности и услови кои доведуваат до создавање на соодветни односи во одредена ситуација или положба.

Кај трговијата со луѓе, врските меѓу сторителот и жртвата може да се движат од тоа:

- ➢ Сторителот и жртвата претходно воопшто да не се познавале;
- ➢ Постоел едностран процес;
- ➢ Постоеле површни социјални односи;
- ➢ Тесни предделиктни контакти и односи.

[282] Sasa Mijalkovic. "Mogucnosti obezbedzenja dokaza o organizovanju seksualne eksploatacije". *Temida br.2 (2006): 28*

Во однос на територијалните, климатските и временските карактеристики на овој вид криминалитет, врз основа на расположливите податоци би заклучиле единствено дека делото најчесто се врши во урбаните средини, пред се пограничните градови и Западниот дел на државата, како и дека истото не е врзано со одреден период од годината и временски интервал.

## 4. Организирани криминални групи, со посебен осврт на тие кои се занимаваат со трговија со луѓе

### 4.1. Поим за организирана криминална група

Организираниот криминал во периодот по Студената Војна достигна ниво кое ги изненади сите. Многу криминални групи не само што станаа транснационални, туку покажаа висок степен на флексибилност и адаптација на нивните методи и начини на дејствување, притоа предизвикувајќи ги разузнавачките организации, полицијата, па и целокупното општество.[283] Не постои сомнение дека организираниот транснационален криминал, како нова димензија на "традиционалните" форми на организиран криминал, прерасна во предизвик по безбедноста на човештвото. Организираниот транснационален криминал, со капацитетот за проширување на своите активности и можноста за напад врз безбедноста и економиите на земјите, пред се тие во развој и тие во транзиција, претставува една од најголемите закани со кои Владите на земјите треба да се соочат за да ја осигураат својата стабилност, безбедноста на нивните жители, да ја зачуваат целокупната структура на општеството и одржливоста и понатамошниот развој на своите економии.[284] Токму затоа потребата од конечно дефинирање на организираниот криминал е повеќе од потребна, пред се заради неговото непознавање на меѓународните граници. Кога би постоела заеднички прифатлива реченица, за гонење на сите дела кои се дел од ваквиот вид на криминал не би постоела никаква пречка.

Меѓународните организации немајќи ја согласноста за донесување на дефиниција која би ги исполнила очекувањата на сите земји кои членуваат во нив, досега во меѓународните документи кои се однесуваат на оваа област своето внимание го насочила

[283] Phil Williams. Roy Godson. "Anticipating organized and transnational crime". *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 311

[284] Letizia Paoli. "The paradoxes of organized crime". *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 51-52

кон определување на јадрото и карактеристиките на главните носители на криминалната активност кога организираниот криминал е во прашање, т.е. организираните криминални групи.

Советот на Европа особено по Вториот Самит на шефови на држави и на влади (Second Summit of Heads of States and Government)[285] во 1997 година за заедничка активност во преземањето мерки против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, активностите ги посвети на создавање на дефиниција на организирана криминална група. Во телата на Советот на Европа е прифатена дефиниција за организирана криминална група, која е содржана во Препораката (2001)11[286] на Комитетот на министрите од 2001 година.[287]

Во оваа Препорака, организираната криминална група е дефинирана како *структурирана група од три или повеќе лица која постои за подолг временски период и презема заедничка активност заради извршување на едно или повеќе тешки дела со цел за стекнување, непосредно или посредно, на финансиска или друга материјална корист.*[288] Тешки дела се кривичните дела кои се санкционираат со казна затвор и тоа од најмалку четири години.

Важно е да ја спомeнеме и Групата на специјалисти за кривичноправните и криминолошките аспекти на организираниот криминал на Советот на Европа (The Group of Specialists on Criminal Law and Criminological Aspects of Organised Crime) која група секоја година изготвува Годишен Извештај за состојбите со организираниот криминал.

При изготвувањето на Извештаите, групата за прашалниците кои ги доставува до земјите членки како дефиниција на организираната криминална група ја користи таа од Препораката 11 од 2001 година, но заради различните пристапи и заради олеснување на анализите, Групата на земјите членки им нуди список од задолжителни и опциони критериуми од кои треба да тргнуваат при дефинирањето на организираниот криминал.

Задолжителните критериуми се:

- соработка на три или повеќе лица;

---

[285] Вториот Самит се одржа од 10 - 11 Октомври 1997 година, во Стразбур, Франција

[286] Rec (2001)11 of the Committee of Ministers of the Council of Europe concerning guiding principles on the fight against organized crime, достапна на http://www.coe.int/t/dlapil/codexter/Source/CM_Recommendation_2001_11_EN.pdf [22.12.2012]

[287] Владо Камбовски. *Организиран криминал.* (Штип: 2ри Август С, 2005). стр.44

[288] Анекс на Препораката (2001)11, Дел I (Дефиниции), достапна на http://www.coe.int/t/dlapil/codexter/Source/CM_Recommendation_2001_11_EN.pdf [22.12.2012]

- дејствување на групата во подолг или недефиниран временски период;
- извршување на сериозни кривични дела;
- извршување кривични дела со цел стекнување профит и/или моќ.[289]

Како опциони критериуми се наведени:

- постоење на специфична задача или улога на припадниците на групата;
- користење на некои форми на внатрешна дисциплина и контрола;
- користење насилство или други средства погодни за застрашување;
- вршење влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, полицијата и судството, или врз економијата со корупција или други средства;
- користење на комерцијални или други бизнис структури;
- ангажирање во перење пари;
- дејствување на меѓународно рамниште.[290]

За групата да биде окарактеризирана како организирана криминална група потребно е да ги исполнува сите задолжителни критериуми (1 - 4) и да има барем два од опционите.

Во Заедничката Акција на Европскиот Совет прифатена (Joint Action of the European Council) [291] на 21 декември 1998 година, криминалната организација е дефинирана како *постојана, структурирана асоцијација со повеќе од две лица, кои дејствуваат во насока на извршување кривични дела или други забранети дејствија кои се казниви со лишување од слобода или казна затвор од најмалку четири години или посериозна санкција, без разлика дали тие дела се цел сами за себе или претставуваат средство за стекнување материјална корист и, каде е можно, да влијаат врз операцијата на државните органи.*[292]

---

[289] Council of Europe. *Organized crime situation report for 2004.* p.7, available at http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/economiccrime/organisedcrime/Organised%20Crime%20Situation%20Report%202004.pdf [22.12.2012]

[290] Council of Europe. *Organized crime situation report for 2004.* p.8, available at http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/economiccrime/organisedcrime/Organised%20Crime%20Situation%20Report%202004.pdf [22.12.2012]

[291] JOINT ACTION adopted by the Council on the basis of Article K.3 of the Treaty on European Union, on making it a criminal offence to participate in a criminal organization in the Member States of the European Union, available at http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:1998:351:0001:0001:EN:PDF [22.12.2012]

[292] Letizia Paoli. "The paradoxes of organized crime". *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 62

Денес најприфатена и најчесто користена е дефиницијата содржана во Конвенцијата за транснационалниот организиран криминал на Обединетите Нации која беше донесена во 2000 година, а стапи на сила три години подоцна, донекаде многу потсетува на таа на Советот на Европа од Препораката 11 од 2001 година. Така, во Конвенцијата од Палермо, организираната криминална група е дефинирана како *структурирана група од три или повеќе лица, која постои за определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни кривични дела, или дела определени со Конвенцијата заради остварување директна или друг вид материјална корист.*[293] Сериозни кривични дела се делата кои се санкционираат со казна затвор од најмалку четири години.

Како структурирана група се смета групата што не е случајно формирана за моментално вршење криминал и што не мора да има формално дефинирани улоги на нејзините членови, континуитет во нејзиното членство или развиена структура.[294]

Разликата меѓу оваа дефиниција и таа на Советот на Европа од 2001 година е во транснационалноста на тие кои ги вршат организираните криминални дела во дефиницијата содржана во Конвенцијата од Палермо.

Всушност, членовите на криминалните организации се лица кои се поврзуваат заради извршување одредена криминална активност на повеќе или помалку одржлива база. Тие најчесто учествуваат во организиран криминал, пред се во обезбедување на нелегални добра и услуги, или пак на нелегални добра кои биле обезбедени со употреба на нелегални средства, како што се кражбата или измамата. Активностите на организирани криминални групи бараат одреден степен на соработка и организација за да обезбедат нелегални добра и услуги. Како и секоја бизнис активност, така и оваа на организираните криминални групи, бара економски способности, висок степен на специјализација, капацитет за координација, и употреба на насилство и корупција за олеснување на извршувањето на овие дејствија.[295]

---

[293] Член 2 (Употреба на термини), Конвенција против транснационален организиран криминал, достапна на https://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf [22.12.2012]
[294] Владо Камбовски. *Организиран криминал.* (Штип: 2ри Август С, 2005). стр.42
[295] Letizia Paoli. "The paradoxes of organized crime". *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 62

# 4.2. Структура на организираните криминални групи

## 4.2.1. Организирана криминална група: социјална мрежа или интерес

Во периодот на педесетите години на XX век антрополозите дошле до заклучок дека на најниско ниво, општеството се темели на врските меѓу единките. Имајќи ги во предвид социјалната улога, социјалниот статус, и социјалната позиција на индивидуалните актери, како и неизбежноста на формирање врски меѓу тие актери, заклучиле дека врските формираат патеки кон политичка и економска моќ на инволвираните лица. Есенцијалниот елемент за достигнување на поставените цели на секоја единка во општеството е социјалната мрежа.[296]

Според Стенли Васерман (Stanley Wasserman) и Кетрин Фауст (Katherine Faust) социјалната мрежа може да се дефинира како *структура на врски во одредена група или поголем социјален систем, кој содржи шема на врски меѓу актерите.*[297]

Социјалните мрежи се составени од два елементи: актерите и односите меѓу нив. Актерите се лица, со карактеристики како што се возраст, пол, образование, криминална историја, физичка сила или темперамент. Врските можат, но и не мора да постојат меѓу две лица. Кога постои некаква врска меѓу лицата, тоа значи дека тие се директно поврзани на некаков начин. Исто како и луѓето, така и односот меѓу нив има одредени карактеристики, како што се на пример, фреквенцијата на контакти, временската должина на односот меѓу актерите, степенот на нејзината ефективност, хиерархијата во односот, доколку постои, и нивото на хомогеност на врската.[298]

Една социјална мрежа се карактеризира со големина (бројот на лица кои се дел од неа), густина (пропорцијата на постоечките социјални врски споредена со бројот на можните врски во мрежата) и кохезијата на мрежата.[299]

Покрај карактеристиките кои ги споменавме погоре, важно е да напоменеме дека социјалните мрежи имаат и форма која може да е хиерархиска или централна. Првата, најчесто се среќава во бизнисот или политиката, додека во втората лицата со себе ги носат

[296] Jeffrey Scott Mcillwain “Organized crime: A social network approach”. *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 304

[297] Ibid

[298] Gerben Bruinsma. Wim Bernasco. “Criminal groups and transnational illegal markets”. *Crime, Law & Social Change 44* (2004): 81

[299] Ibid

карактеристиките и позициите кои ги имаа во други мрежи, па можно е да имаат или централна или маргинална позиција во мрежата.

Криминалните макро мрежи се создаваат пред почетокот на нелегалната активност, и останувaат по нејзиното завршување. Понатаму членовите на активните криминални колективитети одржуваат врски со индивидуи, со кои, во одредено време, не се во криминални односи, односно со кои не вршат кривични дела. Токму затоа социјалните врски се основата за поврзување на потребните способности и извори за извршување на одредена криминална активност. Пред лицата да бидат способни да започнат со криминален бизнис или да учествуваат во него, тие мораат да воспостават врски со лица кои мислат исто како нив и кои поседуваат квалитети како нивните или имаат приод до потребните средства.[300]

Во однос на организираните криминални групи и организираниот криминал од агол на социјалните мрежи, може да се каже дека станува збор за врски кои ги поврзуваат лицата од подземјето со институциите и индивидуите надвор од него. Тоа не е модерен, урбан или феномен на пониската класа; тоа е историска појава чии промени се огледало на промените во општеството, политичката економија. Токму заради тоа, природно е да се каже дека организираниот криминал зголемено ги претставува врските меѓу професионалните криминалци, клиентите и политичарите.[301]

Според социјалната хомогеност и позитивната корелација меѓу криминалните актери и квалитетот на криминалните можности. Така, колку е повисока социјалната позиција на сторителот на кривично дело, повисок е ударот на криминалот и помала е можноста за негово лишување од слобода и санкционирање. Општеството може да се подели на три слоеви: маргинализирани субкултури, основата на општеството, и политичките и економските елити.[302]

---

[300] Toine Spapens. “Macro Networks, Collectives and Business Process: An integrated Approach to Organized Crime”. *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice 18* (2010): 196-197

[301] Jeffrey Scott Mcillwain “Organized crime: A social network approach”. *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 307

[302] Klaus von Lampe. “Organized crime in Europe: Conceptions and realities”. *Policing: A Journal of Policy and Practice 2(1)* (2008): 13

***Шематски приказ бр.7*** [303]

***Криминалните организирани групи и нивното место во општествената структура***




Организираната криминална група која се занимава со трговија со луѓе може да биде структуирана во форма на ланец кој на двата краеви завршува со помали кластери: едниот се врти околу жртвите, додека другиот ги внесува во трговијата и ги експлоатира или продава на други лица во други земји. Кластерите се изолирани еден од друг: членовите на групата не се познаваат или се знаат површно, а врските меѓу кластерите се поставени од страна на неколку лица кои одржуваат инструментална поврзаност меѓу себе. Кохезијата на мрежата е слаба, исто како и нејзината густина. Токму заради тоа,

[303] Klaus von Lampe. “Organized crime in Europe: Conceptions and realities”. *Policing: A Journal of Policy and Practice 2(1)* (2008): 14

мрежите не се многу големи. Заедничките социјални мрежи, воглавно, се забранети и се карактеризираат со ниска фреквенција на договори, отсуство на афективни врски, доминација на инструменталните односи и отсуство на мултиплекс врски меѓу членовите. Исто така, ваквите врски не се ниту потребни, како што и веќе беше забележано, бидејќи финансискиот ризик за секој член е лимитиран единствено на дејствијата на експлоатација.[304]

***Шематски приказ бр.8***[305]

***Хоризонтална структура на организирана криминална група која врши трговија со луѓе***




## 4.2.2. Матрица на организираните криминални групи

Класификацијата на организираните криминални групи тргнува од десет варијабли, чие постоење, односно непостоење, влијае врз тоа на која од понудените структурни модели припаѓа одредена криминална група. Според пилот истражување извршено во 16 земји при што биле опфатени 40 организирани криминални групи во нив, од страна на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Нации (United Nations Office on Drugs and Crime) [306], кои резултати се објавени во публикација во 2002 година, тие карактеристики се десет и тоа: структура, големина, активности, прекугранични операции, идентитет, употреба на насилство, корупција, политичко влијание, пенетрација во економијата, соработка со други криминални групи.[307]

[304] Gerben Bruinsma. Wim Bernasco. "Criminal groups and transnational illegal markets". *Crime, Law & Social Change 44* (2004): 88-89
[305] Ibid. p.90
[306] достапно на http://www.unodc.org/pdf/crime/publications/Pilot_survey.pdf [23.12.2012]
[307] United Nations Office on Drugs and Crime. Global Programme against Transnational Organized Crime. *Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries.* p.16-17

Тргнувајќи од погоре наведените карактеристики, типологијата на организираните криминални групи опфаќа пет типови и тоа:

- ✓ стандардна хиерархија;
- ✓ регионална хиерархија;
- ✓ кластерирана хиерархија;
- ✓ јадрена група;
- ✓ криминална мрежа.

**Стандардна хиерархија**



Извор: UNODC

Организираните криминални кои се структурирани како стандардна хиерархија имаат еден лидер, строго дефинирана хиерархија, внатрешна дисциплина, имаат свој назив, силен социјален или етнички идентитет, насилството им е есенцијално за исполнување на поставените задачи, најчесто имаат влијание или контрола врз одредена територија. Големината на овие групи најчесто се движи од 10 до 50 членови, кои се строго контролирани и кои имаа обврска да ги почитуваат правилата на однесување кои може да бидат или собрани во вид на кодекс или пак да не бидат официјализирани на некаков начин, туку едноставно да постојат како такви.

**Регионална хиерархија**



Извор: UNODC

Регионалната хиерархија се карактеризира со структура, која како стандардната има еден водач, од кој поаѓаат насоките и наредбите. Автономијата им е на регионално ниво, со што и нивните активности географски се протегаат во одреден регион. Се карактеризираат со поголем број на различни активности, цврст социјален или етнички идентитет, и употреба на насилство при извршувањето на кривични дела. Важно е да се напомене дека иако станува збор за цврста хиерархија, сепак големината на географското подрачје кое е опфатено понекогаш влијае одредени делови да добијат

автономија во однос на центарот, која најчесто се однесува на одредени дневни активности.

**Кластерирана хиерархија**



Извор: UNODC

Кластерираната хиерархија во основа преставува збир на поголем број на криминални групи, кои се темелат на функционирање со право на подеднакво одлучување, а се управувани од едно тело. За разлика од поединечните групи, кластерите имаат поцврст идентитет кој е цврсто поврзан или во социјален или историски контекст. Иако се поретки, настануваат како резултат на поделба на пазарите на делување на организираните криминални групи, кои најчесто се од стандардна хиерархија.

**Јадрена група**



Извор: UNODC

Јадрената група е криминална група која е опкружена со лабава мрежа, која брои ограничен број на членови (околу 20, па и помалку), со структура која е тесна и рамна, без внатрешна дисциплина, и отсуство на социјален или етнички идентитет. Околу групата можно е да постојат други членови или криминални мрежи кои во случаи кога има потреба се активираат.

Како подгрупа на јадрените организирани криминални групи се јавуваат криминални организации кои како маска користат легални бизниси, а позади нив ги извршуваат своите нелегални активности. Бројат околу 20 членови, кои професионално се добро подготвени. [308]

[308] United Nations Office on Drugs and Crime. Global Programme against Transnational Organized Crime. *Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries.* p.4

**Криминална мрежа**



Извор: UNODC

Криминалните мрежи се определени преку активностите на своите членови како поединци, кои поединци се значајни и се утврдени преку способностите и вештините кои ги поседуваат. Мрежните врски се одржуваат заради ротирањето околу криминалните проекти.

***Шематски приказ бр.9***[309]

***Дијаграм на врски***



Матрицата прикажува три организации во кои членуваат по две лица кои имаат меѓусебни контакти, но, исто така, контактираат и со лица од други организации. На матрицата се забележуваат и врските што одделни членови на организациите ги остваруваат со надворешни лица. Контактите се потврдени, бидејќи врските се претставени со непрекината линија. На ваков начин може да се прикажуваат терористички организации кои меѓусебно се поврзани, илегални групи кои шверцуваат дрога, оружје, муниција, експлозиви и други материи.[310]

---

309 Марина Малиш Саздовска. *Прирачник за разузнавачки циклус.* (Скопје: График Мак Принт, 2005). стр.61 - 62

310 Ибид

## 4.2.3. Модели на организираните криминални групи

### 4.2.3.1. Трговијата со луѓе како пазар

Томас Ц.Шелинг (Thomas C.Schelling), тргнувајќи од начинот на кој се организирани нелегалните и криминалните пазари, го дефинира организираниот криминал со чисто економски термини, и верува дека за тоа постојат добри причини и дека економската анализа на организираниот криминал би помогнала во идентификување на иницијативите и ограничувањата кои можат да му се припишат на организираниот криминал, преку евалуација на различните видови трошоци и загуби заради криминалот, реконструкција на законите и програмите заради минимизирање на трошоците, загубите и неправдите кои ги нанесува криминалот, и преку реконструкција на бизнис средината во која се случува организираниот криминал со чекори за намалување на криминалот, или барем неговите најтешки последици.[311]

Економскиот пазар е место (физичко или виртуелно) кое ги поврзува купувачите (побарувачка) со продавачите (понуда) или директно или преку посредници. Кога станува збор за трговијата со луѓе, главна улога и централно место имаат посредниците кои ги поврзуваат актерите на пазарот едни со други (жртвите со клиентите).[312] За разлика од Беши (Becsi) кој учесниците во пазарот на трговијата со луѓе ги дели на криминалци (трговци со луѓе), некриминална популација (ранливата популација), бизнисот и владата, ние поделбата ја правиме според агентите кои го прават изборот на пазарот:

- ранлива популација;
- трговци со луѓе;
- работодавачи;
- корисници на услуги или производи од жртвите на трговијата со луѓе.[313]

Пазарот на трговијата со луѓе претставува монополистичко поле на кое постојат малку пречки за нови играчи. Иако новите криминални групи со леснотија можат да станат дел од пазарот на трговијата со луѓе, сепак неговата монополистичка димензија треба да се бара во неговата широчина, големата понуда на најразлични производи со

[311] Felia Allum. Jennifer Sands. “Explaining organized crime in Europe: Are economists always right?”. *Crime, Law & Social Change 41* (2004):133
[312] Elizabeth M. Wheaton. Edward J. Schauer. Thomas V.Galli. “Economics of human trafficking”. *International Migration 48 (4)* (2010): 116
[313]Ibid.p. 117

широк дијапазон на карактеристики, па така на крајот поедини групи имаат контрола врз цената на производите кои тие ги нудат.

Сепак, постои мислење според кое трговијата со луѓе најдобро се вклопува во монополистичкиот модел на конкуренција и натпревар. За тоа постојат неколку причини и тоа:

1. Има голема понуда и голем број на продавачи. Значи без разлика дали станува збор за организирани криминални групи или тоа се мали, затворени мрежи на претпријатија, добивката е толку голема што ги надминува трошоците. [314] Ваквиот пазар на криминалците им помага да бидат инвентивни, да работат во контекст на постојан натпревар, флексибилност и да се адаптираат брзо на новите услови или ќе ги снема од пазарот;
2. Постои голем број на купувачи кои бараат работна сила токму кај жртвите на трговијата со луѓе. Вработувањето на жртвите на трговијата со луѓе по природа е експлоатирачко, а во најголемиот број случаи жртвите немаат право да решат дали ќе работат, колку часа ќе работат, или каков вид работа би работеле;
3. Пазарот на трговијата со луѓе е карактеризиран со разновидност на производите. Атрибутите варираат во зависност од работните места или економските сектори во кои крајниот корисник има намера да ја искористи жртвата. Па, така тие се различни за сексуална експлоатација, за трудовата експлоатација, слугувањето и др.[315]

Побарувачката на пазарот на трговијата со луѓе е генерирана од три различни групи. Клиентите (примарна побарувачка), работодавачите (сопствениците на барови, фабрики, имоти и сл.) и инволвираните во процесот на трговијата со луѓе (лицата кои регрутираат, транспортерите). [316] Односот меѓу понудата и побарувачката е доста комплексен и поврзан. Додека традиционалните теории за пазарот велат дека

[314] Ibid. p.118
[315] Kevin Bales. *Understanding global slavery*. (Berkeley and Los Angeles:University of California Press, 2005). p.158
[316] Alexis A. Aronowitz, " Understanding and Addressing the Demand Side of Trafficking: Social and Cultural Contexts " *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010): 1

побарувачката ја создава понудата, кај трговијата со луѓе врската е vice versa. Постојаната понуда на жртви, доведува до побарувачка на услуги, присилна работа и сл.[317]

Побарувачката е под влијание на невработеноста, пред се младите лица, и тоа на младите женски лица во една земја; постои корелација меѓу нивото на невработеноста кај женските лица и бројот на жртви кои се тргувани надвор од една земја. Друг важен фактор кој влијае врз понудата е се разбира присуството на организираниот криминал, па затоа побарувачката за тргувани лица е поголема во земјите кои се поотворени кон глобализацијата.[318]

## 4.2.3.2. Трговијата со луѓе како бизнис

“Постојаниот криминален бизнис” е динамичен концепт; се организира нешто покрај кое мора да се додаде и постојана соработка, бидејќи ако не се направи тоа, бизнисот ќе заврши како продавница со еден човек. Клучните карактеристики можат да се најдат во неговите криминални аспекти. Криминалните бизниси се случуваат во пејсаж кој е постојано непријателски расположен кон нив, а тоа претставува постојана опасност за неговиот непречен континуитет. Тоа за ваквите активности значи дека нивната дневна организација не е фокусирана само кон материјалната добивка, туку и кон осмислувањето стратегии за одбегнување на ризиците. Добар криминалец - бизнисмен е и добар менаџер на ризици, кој секогаш се соочува со можни удари од две страни, полицијата и неговите конкуренти.[319]

Економските студии претпоставуваат дека криминалот може да се смета за илегална економска активност и дека криминалците се рационални и нормално калкулативни луѓе кои за да го максимизираат својот профит прават се да за ги одбегнат ограничувањата како и сите други луѓе. Со други зборови, тие ги пресметуваат можностите, профитот, ризикот и трошоците и потоа донесуваат одлуки. Можностите се генерирани од лицата кои сакаат да мигрираат од земјите на потекло и од побарувачката за нивните услуги во земјите на дестинација. Профитот е генериран од страна на криминалните организации преку експлоатација на жртвите. Добивката е многу висока,

[317]Ibid.p.3
[318] OSCE. *Analyzing the business model of trafficking in human beings to better prevent the crime*. (Vienna: Ueberreuter, 2010). p.24
[319] Petrus C. Van Duyne. “Mobsters are human too: Behavioral science and organized crime investigation”. *Crime, Law & Social Change 34* (2000): 370

додека трошоците се ниски - експлоатираните жртви се платени малку или воопшто не се платени. Ризикот е ограничен.[320]

Слично на законските бизниси, трговијата со луѓе е придвижена од профитот, а трговците ги следат силите на пазарот и постојано ја адаптираат својата методологија на средината во која работат и пазарите за присилна работа, односно експлоатација.[321] Шили (Shelley) ги компарира организациите кои тргуваат со луѓе со криминални претпријатија или бизнис модели, од кои секој рефлектира одреден географски регион, пазарните сили и историските и културните влијанија во групата. Групите се разликуваат меѓу себе преку луѓето кои ги експлоатираат, причините за транспорт, употребата на сила или насилство, злоупотребата на човековите права и слободи и инвестирањето на профитот стекнат преку извршување на кривичното дело.[322] Всушност криминалните организации кои се дел од бизнисот на модерното ропство не се вид на униформиран бизнис, туку нивното дејствување секогаш е во длабока корелација и директна зависност од културниот и политичкиот контекст на просторите каде групите се активни.

---

[320] Ibid

[321] Europol. *Trafficking in human beings in the European Union: A Europol Perspective*. p.2. available at http://ec.europa.eu/anti-trafficking/download.action;jsessionid=NQLJNzgQvDJQ17wdry4JqTqgdYRn38YDH1p5Vhrk23hphz6TmJ6N!855818409?nodeId=bb899d32-a683-4321-bd4b-f1a0d17ce88a&fileName=EUROPOL+2009_en.pdf [24.12.2012]

[322] Louise Shelley. "Trafficking in women: The business approach". *The Brown Journal of World Affairs 10(1)* (2003): 123

***Шематски приказ бр.10*** [323]

***Концептот на “претпријатие” кое се занимава со трговија со луѓе***




Како и секоја друга организација, така и криминалната, преку користење на софистицираните организациони шеми, оперира во согласност со поставените цели, а тоа се максимална стабилност, невидливост, профитабилност и раст.[324]

**Модел бр.1 - Модел на природни ресурси**

Овој модел на трговијата со луѓе најчесто се среќава кај организираните криминални групи на територијата на Источна Европа и Централна Азија. Криминалните групи се фокусираат на профит на краток период, притоа не обидувајќи се да го задржат бизнисот на долг период. Најчесто се дел од трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, продавајќи ги жените како да се природни суровини, а не човечки суштества.

Бизнисот им се фокусира на регрутирањето жени и нивна продажба на посредници кои потоа ги носат на пазарите каде тие им “служат” на клиентите. Најчесто жените се

[323] Andreas Schloenhardt. “Organized crime and the business of migrant trafficking”. *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 213
[324] Ibid

продаваат на блиски трговски пријатели, т.е. следна организирана криминална група. Овој модел не ја зголемува материјалната добивка до максимум и таа не се користи за понатамошен развој на бизнисот. Наместо тоа, добивката се троши преку сомнителна потрошувачка или се користи за добивање на некоја друга стока заради брзо движење на средствата.[325]

Кај овој модел значајно е кршењето на човековите права и слободи, кое е резултат на незаинтересираноста бизнисот да постои долго време, но и отсуството на врски на криминалните групи со семејствата на жртвите.

**Модел бр.2 - Модел на трговија и развој**

Вториот модел со своите карактеристики е спротивност на претходниот. Територијално може да се сретне во Источна Азија. Организираните криминални групи кои се раководат според овој модел на економско и бизнис функционирање ги извршуваат сите активности од почетокот до крајот на процесот на кривичното дело. На таков начин својот профит го доведуваат до максимум, враќајќи ги вложените средства преку подземно банкарско работење, најчесто преку отворање златари или барови. Во однос на кршењето на човековите права, овој модел е далеку помалку насилен од претходниот, пред се заради врската која постои меѓу жртвите и криминалните организации на долг рок. Најчесто се поврзува со криумчарењето на мигранти, но чести се и случаите на трговија со луѓе.

**Модел бр.3 - Модел на супермаркет**

Територијално моделот на супермаркет се простира во Северна и Централна Америка. Трговијата со луѓе кај овие модели на криминални организации претставува дел од многу поголем криминален процес кој вклучува префрлување преку граница на голема група луѓе. На таков начин организацијата има можност да наплаќа пониски цени за префрлување на едно лице преку граница.

Често знаат да ја искористат ранливоста на одредени групи на луѓе и токму нив да ги вклучат во процесот на трговијата со луѓе. За државните органи е тешка задачата да ја

[325]Louise Shelley. “Trafficking in women: The business approach”. *The Brown Journal of World Affairs 10(1)* (2003): 123

препознаат трговијата со луѓе, пред се заради обемните криминални операции на криумчарење мигранти преку границите.

Профитот до кој доаѓаат криминалните групи базирани врз овој модел на економско работење, најчесто го враќаат во своите земји, каде купуваат фарми и земја. Но, токму тој профит, најчесто е причината за големиот степен на насилство на кое се изложени жртвите. Нискиот профит од поединечните случаи, за криминалците значи дека за нив не постојат "правила" да се погрижат за безбедноста на жртвата.

**Модел бр.4 - Модел на насилство**

Балканскиот Полуостров познат по својата историја исполнета со насилство и во класификациите кои се однесуваат на криминалните дејствија го задржува тој примат. Моделот на насилство, кога станува збор за трговијата со луѓе, најчесто може да се пронајде кај организираните криминални групи кои оперираат на Балканската почва.

Оваа територија е позната и по инволвираноста на припадници на мировни сили на меѓународните организации во трговијата со луѓе. Обединетите Нации немајќи друг излез на крајот мораа да признаат дека припадници на нивните мировни сили биле учесници во процесот на тргување со луѓе, пред се заради сексуална експлоатација, на територијата на Босна и Херцеговина, во текот на повоениот период.

Овој модел е насочен кон трговијата со жени и вклучува голем број лица од земјите на Балканот, но и жени кои биле продадени на криминалните групи од Балканот, од поранешниот Советски Сојуз и Источна Европа. Жените се контролираат од базата која секогаш е на територијата на Балканскиот Полуостров, а кои жртви се експлоатирани во борделите во Западна Европа.[326] Бизнисот на овие групи им е интегриран и за негово одржување тие често посегнуваат кон коруптивни дејствија.

Станува збор за опортунистички модел кој го има и во земјите на потекло и тие на дестинација. Тоа се групи кои оперираат во рамките на семејни групи. Токму заради тоа, во најголемиот број случаи групите се под водство на мажи, иако поретко се среќаваат и случаи кога како водачи се јавуваат и женски членови на семејството или однадвор.[327]

[326] Louise Shelley. "Trafficking in women: The business approach". *The Brown Journal of World Affairs 10(1)* (2003): 126
[327] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.121

Профитот, трговците го пренесуваат кај своите семејства или кланови преку банкарски трансфери или курири. Со материјалната добивка или се финансираат други нелегални активности или пак групите инвестираат во легални бизниси со кои успешно ги затскриваат криминалните дејствија. Најчесто легалните бизниси се продажба на возила или туристички агенции.

Во однос на прекршувањето на човековите права, мора да се напомене дека, како што веќе кажува и самиот назив на овој модел, степенот на насилство кое го трпат жртвите на трговијата со луѓе е многу висок. Жртвите покрај постојаното физичко, психичко и сексуално насилство, исто така трпат и закани по безбедноста на нивните семејства.

**Модел бр. 5 - Модел на транснационално ропство и модерна технологија**

Поврзаноста на Трансатлантската трговија со робови со денешната трговија со луѓе е повеќе од јасна. Хронолошки тие две се далеку една од друга, но модерното кривично дело во својата основа секако дека своето потекло го должи на трговијата со робови. Па, така територијата од која во минатото биле пренесувани робови, кои биле тоа пред се заради бојата на својата кожа, денес е почва на која организираните криминални групи продолжуваат да оперираат на поинаков начин, користејќи ги придобивките на новото време.

Криминалните групи на територијата на Западна Африка покрај трговијата со луѓе се занимаваат и со други криминални активности. При регрутирањето користат жени кои регрутираат млади девојки со помош на вуду магијата, вршејќи психички притисок врз нив.

Дел од профитот го враќаат во локалните заедници или кај семејствата на жртвите на трговијата со луѓе.

Прекршувањето на човековите права е големо. Така, често децата се оставени сами на себе во државите каде се тргувани, додека жените се присилени да работат во опасни услови, придружени со физичко насилство.

**Модел бр.6 - Модел на рационален актер**

Овој модел е поврзан пред се со трговијата заради сексуална експлоатација, бидејќи е можен во земјите каде проституцијата е легализирана како професија. Најчесто криминалните организации се сопственици на легален бордел, кој ги исполнува потребните услови и законски обврски. Во борделот легално се вработени комерцијални сексуални работнички, кои легално ја работат својата професија. Но, заради максимизирање на својот профит, зад легалното работење, организациите користат и тргувани девојки кои работат нелегално и под присила.

**Модел бр.7 - Модел на макро**

Моделот на макро исклучиво е поврзан со трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, пред се со трговијата со жени. Станува збор за модел преку кој се доаѓа до значаен профит.

Макроата ги контролираат своите жртви од фазата на регрутација се до и во текот на експлоатацијата. Малку инвестираат во бизнисот и тој најчесто, наместо да се одвива во станови, се одвива на улиците.

Функционираат како мали претпријатија кои потоа се здружуваат во криминални мрежи.[328]

## 4.2.4. Внатрешна структура на организираните криминални групи кои се занимаваат со трговија со луѓе

Поделбата на функциите при трговијата со луѓе може да биде или хоризонтална или вертикална.

Вертикалната поделба е резултат на потребата од заштита на активностите на криминалната група, бидејќи колку е поголем бројот на нејзини членови кои имаат одредени информации, толку е поголема опасноста тие информации да преминат кај органите на прогонот.

[328] Louise Shelley, *Human Trafficking: A Global Perspective*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), p.125

Исто така, на ваков начин се штитат и изворите на материјални средства, а тие средства покрај за криминалниот процес се користат и за контрола на членовите на групата.

Хоризонталната поделба на функциите шематски претставена би добила изглед на ланец во кој секој член на криминалната група има своја специфична задача при исполнувањето на фазите на криминалниот процес.

Она што ги разликува мрежните структури од хиерархиите е капацитетот на единиците кои се на пониско ниво да воспостават врски со тие на повисоко ниво, како и врски со организационите единици на нивното организационо ниво. Понатаму, мрежните организации претставуваат структури кои ја одржуваат внатрешната дисциплина преку создавање репутација и очекувањата за реципроцитет. И на крајот, за разлика од хиерархиите каде односите се потпираат на авторитативни правила, флуидните мрежни организации се насочени кон директни индивидуални односи.[329] На ваков начин се отвора простор за одлучување преку консензус и заедничко прилагодување на условите на пазарот на криминално дејствување.

Иако постои мислење дека најголемиот дел од членовите на ваквите групи се лица со низок степен на образование, скоро никакви способности, и дека нивните задачи не бараат некои специфични знаења или способности, сепак мора да се признае дека во вакви современи услови, со толку висок степен на развиена технологија, криминалните организирани групи бараат лица кои се способни да работат специфични задачи, со цел адекватно реагирање на новите законски решенија. Денес, криминалните организации бараат лица кои поседуваат високо ниво на познавања на криминалната активност, знаења доволни за да пронајдат нови модули на функционирање, нови можности, рути, начини на експлоатација, и сето тоа како предизвик за органите на прогонот и законските мерки.

На почетокот од ланецот се наоѓаат инвеститорите, кои се лица кои инвестираат во криминалните операции и кои ја надгледуваат целокупната криминална активност.[330] Веднаш по нив започнуваат "работните места" кои се директно поврзани со кривичното дело и тоа: лицата кои регрутираат (имаат задача да пронајдат потенцијални жртви во

[329] Mette Eilstrup-Sangiovanni. Calvert Jones. "Assessing the dangers of Illicit Networks: Why al-Qaida may be less threatening than many think". *International Security 33(2)* (2008): 12

[330] Andreas Schloenhardt. "Organized crime and the business of migrant trafficking". *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 217

земјите на потекло), транспортерите (лицата чии обврски се состојат во целокупна организација на транспортот, средување на патните исправи, средства за транспорт, избор на рути за движење и др. Се работи за лица кои мора да бидат доволно подготвени и софистицирани за да можат во случај на опасност да ја променат шемата на движење), корумпирани официјални лица и заштитници (олеснување на процесот во сите негови фази), информатори (лица кои собираат информации околу надгледувањето на границите, процедурите и регулативите околу транзитот и имиграцијата, системот на азил, активностите на полицијата и сл.), водачи и членови на екипажот (лица кои ги пренесуваат жртвите од едно место на друго и играат улога на придружници), наметнувачи (лица кои се грижат за редот и мирот при транспортот, при кој најчесто користат насилство кон жртвите), собирачи на долг (лица кои ја собираат добивката од експлоатацијата), лица кои ги експлоатираат жртвите во земјите на дестинација, лица кои ги перат нелегално стекнатите материјални средства (пронаоѓаат законски можности за вложување на криминалните приноси), како и помошен персонал (најчесто лица кои се јавуваат како поддршка на одредени транзитни точки при транспортот).

Најкарактеристичниот пример за поставеноста на улогите и функциите на секој од членовите на организираната криминална група која се занимава со трговија со луѓе е таа на криминалните групи кои жртвите ги експлоатираат сексуално.

Карактеристичноста, се разбира, произлегува од комерцијализацијата на целната експлоатација, т.е. различните модели на учество во сексуалната индустрија, како и од степенот на вниманието насочено токму кон овој вид на трговија со луѓе.

Поставеноста на улогите е вертикална, со посебни нивоа во зависност од фазата во која се наоѓа криминалниот процес. Тргнувајќи од комплексноста на обврските, на секое од нивоата бројот на членови е различен.

Клучните улоги во една криминална организација која тргува со луѓе заради сексуална експлоатација се:[331]

1. На дното од пирамидата се **жртвите кои даваат сексуални услуги**;

[331] Georgi Petrunov. "Managing money acquired from human trafficking: case study of sex trafficking from Bulgaria to Western Europe". *Trends of Organized Crime 14* (2011): 170-172

2. Над нив се **лицата кои регрутираат** нови жртви. Откако ќе ги регрутираат постои можност да ги придружуваат до земјата на дестинација или да ги поврзат со други членови на организацијата;

3. **Контролорите** имаат за задача постојано да ги следат девојките додека тие ги извршуваат своите обврски, да водат пресметки околу нивната заработка, како и да се грижат за сместување на новите регрутирани жртви;

4. Заради заштита на нелегалниот бизнис, најчесто криминалните организации соработуваат со **сопственици на легални бизниси**;

5. **"Жителите"** ја собираат заработувачката која им ја предаваат контролорите. Исто така, овие лица се задолжени и за проверка на можностите за проширување на активностите на криминалната организација;

6. "Жителите" се во постојана комуникација со **менаџерите на земји**, кои се задолжени за активностите во одредена земја;

7. **Мафијашките тимови** се грижат за одржување на дисциплината во рамките на организацијата и се задолжени за контролата врз индивидуалните актери во криминалниот процес;

8. **"Заменикот директор"** му помага на директорот во супервизијата и менаџирањето на членовите на организацијата. Во некои од групите, заменикот директор има и улога на менаџер на земја;

9. **"Директорот"** го менаџира бизнисот на сексуални услуги, но постои можност истиот да биде задолжен и за други криминални активности, како што се на пример, трговијата со дрога, фалсификување документи, перење пари и сл. ;

10. На врвот од пирамидата на поставеност на криминалните обврски е **регионалниот шеф** кој се наоѓа во земјата од каде оперира криминалната група. Таму тој поседува легален бизнис и во одредени случаи е дел од политичката елита и е носител на одредена политичка функција. Носителите на ваква криминална функција постојано се во контакт и одржуваат стратешки врски со:

- **локални бизнисмени** на чие име е регистриран имотот на криминалната организација;

- **национални шефови** кои контролираат важни сегменти од легалните и илегалните пазари во земјата за која се задолжени;

- **претставници на јавните власти** (локални и национални политичари, судии, полициски службеници и др.).

Трговијата со луѓе е претставена како процес, кој во зависност од комплексноста на операцијата вклучува голем број “играчи”. Транспортот се врши од страна на поголем број лица, низ повеќе земји, во подолг период, па природно е да се очекува организираност на лицата вклучени во процесот. Бајрактаревиќ дискутира за хоризонталната поставеност на организациите кои се занимаваат со трговија со луѓе и криумчарење мигранти и смета дека тие се поделени на повеќе суб-единици кои се специјализирани за одреден сегмент од операцијата. Сите овие единици, освен две од нив се карактеристични и за трговијата со луѓе и за криумчарењето мигранти. Единицата за експлоатација и единицата за повторна придружба се единици кои се карактеристични единствено за организираните криминални групи кои се занимаваат со трговија со луѓе. Единицата за менаџмент има вертикална структура и знае за сите и ги контролира сите суб-единици. Суб-единиците се организирани хоризонтално и имаат ограничено познавање на другите единици и нивните членови.[332]

[332] Alexis A. Aronowitz. “The Organization of Smuggling and Trafficking Operations”. *European Journal on Criminal Policy and Research 9* (2001): 174

***Шематски приказ бр.11*** [333]

***Шематска поставеност на функциите кај криминална организација која врши трговија со луѓе заради сексуална експлоатација***




[333] Georgi Petrunov. "Managing money acquired from human trafficking: case study of sex trafficking from Bulgaria to Western Europe". *Trends of Organized Crime 14* (2011): 171

## 4.2.5. Некои карактеристични криминални групи кои тргуваат со луѓе

Монцини (Monzini) прави разлика меѓу три типа на криминални групи, мислејќи на криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе. Според него тоа се: мали и слабо поврзани криминални групи (кај кои регрутацијата, транспортот и експлоатацијата се вршат од страна на исти лица, најчесто пријатели на жртвите); групи со средна големина (кои функционираат како канали за снабдување со нови жртви за пазарите во странските земји), но и софистицирани криминални групи (кои се варијанта на претходно споменатите, и кои организираат мобилна проституција базирана на меѓународни трансфери и кои се карактеризираат со висок степен на интеграција на сите инволвирани актери); и транснационални криминални мрежи (кај кои во секој сектор постои задача за различни актери, почнувајќи од регрутацијата, а завршувајќи со експлоатацијата).[334]

Друга поделба криминалните групи ги дели според начинот на поврзувањето на нивните членови. Првиот тип се однесува на групите кои се поврзуваат врз основа на семејните врски, при што односите се темелат врз меѓусебната доверба. Ваквите криминални групи, пред се заради семејните врски, најчесто потекнуваат од една иста земја.

Вториот тип тргнува од апстрактните системи на доверба[335], каде криминалците контролираат одреден дел на територија или пазар, на кои поставуваат свои правила. Кај овие криминални групи се опфаќаат поголем број на држави.

Последниот тип е базиран врз заедничка доверба и признание на репутацијата која ја имаат одделните групи. На ваков начин се одбегнуваат и семејните врски и стриктната врзаност за одредена територија. Всушност ваквите криминални групи се најдобар пример за транснационалните криминални мрежи, бидејќи опфаќаат повеќе сектори и голем број држави.

---

[334] Johan Leman. Stef Janssens. “The Albanian and post-Soviet business of trafficking women for prostitution”. *European Journal of Criminology 5* (2008): 435
[335] Ibid. p.437

### 4.2.5.1. Албански организирани криминални групи

Албанските организирани криминални групи се хибридни организации, кои најчесто се инволвирани во активности од организиран криминал и политички активности, пред се во Косово.

Албанските криминални групи се тие кои се најдобар пример за криминални организации кои се темелат на семејните врски. Всушност, семејните врски се толку силни, што секој член има обврска да ги почитува правилата во него, притоа без обврска да се води по официјалните закони.

Семејната структура се карактеризира со силна внатрешна дисциплина, која се добива преку средства за казнување за какво и да било непочитување на внатрешните правила, па стравот е тој кој ја гарантира безусловната лојалност на секој член на кланот, со напомена дека официјалните закони имаат епитет на секундарни, неважни и необврзувачки. Членовите се крвно поврзани, со што на таков начин е ограничен бројот на членови, врските меѓу нив се силни, со што интеграцијата помеѓу е невозможна. Членовите од други етнички групи можат да бидат прифатени во кланот за работи поврзани со нечие егзекутирање или за секундарни работи. Албанските семејства се организирани во 3 - 4 нивоа или повеќе, што им овозможува да ја задржат организационата способност и во случаи кога нивни членови се заробени.[336]

Ваквата поставеност на семејствата во Албанија се должи на се уште големото влијание на Канонот на Лека Дукаѓини[337] од периодот на XV век. Овој Канон е познат во литературата како “Canun”, а со него во годините на веќе споменатиот век биле регулирани односите во општеството.

Со него се поставени правилата врз кои почива Албанската култура, кои пред се се фокусираат на концептот на честа, гостопримството и зборот на ветување (besa - чесен збор).[338] Влијанието кое тој го имал и се уште го има е кај сите етнички Албанци, иако

---

[336] Ioannis Michaletos. Shape of the Albanian Organized Crime. available at http://rieas.gr/index.php?Itemid=42&id=332&option=com_content&task=view [25.12.2012]

[337] Лека Дукаѓини бил господар од богато и моќно семејство од Северна Албанија и претставува современик на Скендербег. Денес постои мислење дека Скендербег го преставувал албанскиот сон, додека Дукаѓини албанската душа.

[338] Во еден дел од Канонот постојат правила со кои одредено лице може да ја заштити својата заедница од нападите од страна на трети лица. Оваа заштита ја вклучува моралната обврска за употреба на насилство и одмазнички напади, се додека честа на групата не е повторно воспоставена. Канонот вели: *Не постои казна за престапите против честа. Таков престап никогаш не смее да се прости. Лицето кое ја изгубило честа*

поголемо влијание е забележително кај Албанците од Северниот дел на Албанија, Косово и Македонија (Геги), а многу помало кај тие од Јужна Албанија (Тоски).[339]

Повеќето криминални активности се спроведуваат од страна на членовите на семејството - кланови (“FIS”) кои ги контролираат нивните територии. Клановите се поврзани и тесно соработуваат со слични криминални групи од другите европски земји, особено со тие од Турција и Бугарија, што се должи на фактот на поминување низ овие земји, на најглавните рути за трговија со дрога. Таквиот систем е идеален за воведување во организирана криминална мрежа.[340]

Албанските организирани криминални групи формираат група на кланови (до 20), кои ја сочинуваат линијата на мафијата, предводена од политички лидер. Албанската мафија нема пирамидална структура, со “кум” на врвот, туку таа е серија на пирамиди со неколку “кумови”. Моќта на албанската мафија се базира на послушност на кланови (“FIS”), но и на финансиската моќност, на финансиите од хуманитарни средства, влијателни и финансиски моќни организации кои се активирани во „перењето пари” генерирани од трговијата со дрога и други активности на мафијата. Според податоците на Интерпол, албанските групи користат, кога е тоа потребно, софистицирана мрежа на сметки и компании за проследување на протокот на пари.[341] Нивната предност е во семејните врски, но и во етничката основа поради која инфилтрирањето во нив е тешко, пред се заради јазичната бариера и културата.[342]

Во однос на трговијата со луѓе, пред се на трговијата со жени[343] заради сексуална експлоатација, важно е да се напомене дека таа станува важна за албанските криминални

---

*има право да ја одмазди неа; не се дава никаков залог, никаква жалба до Постарите, никаква пресуда, ниту пак казна. Силниот човек самиот ја извршува казната.* Тој кој ги следи правилата за одмазда се смета за чист, додека тој кој не ги исполнува е етикетиран како нечист и мора да страда и да ги трпи понижувањата на заедницата. Понатаму Канонот содржи правило кое вели: *Престап против честа не се плаќа со имот, туку со проливање крв или со многу големо извинување извршено преку медијација од страна на влијателни пријатели.*

[339] Jana Arsovska. *Social Confusion on the Road to Modernity: The Meaning of Violence and Crime in Ethnic Albanian Context.* p.14-15. available at https://iweb.cerge-ei.cz/pdf/gdn/RRCVI_54_paper_01.pdf [25.12.2012]

[340] Љупчо Тодоровски. *Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога.* Докторска дисертација. 2012. стр.81

[341] Ибид. стр.82

[342] Phil Williams. Roy Godson. “Anticipating organized and transnational crime”. *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 331

[343] Според Канонот, мажот има право да ја тепа и јавно да ја понижува својата жена, доколку таа не го послуша, а тој има право и да ја убие поради две причини: неверност и предавство на гостопримството. Ако жената не се *однесува како што треба кон својот сопруг,* тој има право да и ја пресече косата, да ја врзе

групи во периодот на 1999 година, кога голем број жени, како резултат на воените дејствија на територијата на Косово и Метохија, побегнале во Албанија.

Карактеристичен начин на регрутација кај овие групи е т.н. љубовник, кога некој од организацијата се јавува во улога на заљубен маж кој откако ќе ја освои девојката ја предава на групата за потоа таа да биде присилена на проституција.[344] Ваквиот начин на регрутација е бесплатен и би можело да се каже дека е и најпродуктивниот меѓу останатите методи.

Од 2000 година па наваму, некои од балканските земји од земји на транзит преминаа во земји на дестинација за жртвите на трговијата со луѓе. Присуството на меѓународниот персонал чија задача беше помош на администрацијата и државните органи по регионалните конфликти ја зголеми потребата[345], пред се од даватели на сексуални услуги.

Пред 2002 година, албанските трговци со луѓе ги пренесуваа своите жртви во Италија со помош на брзи чамци од поголемите албански пристанишни градови. Но, мерките кои ги презедоа полициските сили и зголемената контрола од страна на крајбрежната стража ги прекина тие патишта.[346]

Денес, трговијата со луѓе претставува семеен бизнис кој не бара големи инвестиции, а профитот подоцна или се враќа назад во Албанија или повторно се вложува во други криминални бизниси.

---

гола, да ја избрка од својот дом во присуство на роднини и потоа да ја тепа со камшик низ целото село. Понатаму се вели: *Ако мажот ја тепа својата жена, тој не сноси никаква вина...и нејзините родители не можат да се жалат за неговото однесување. Ако мажот крвнички ја тепа жената, а таа се пожали на своите родители, тогаш тој мора да им објасни зошто ја тепал.* Еден од најозлогласените членови вели: *жената е како вреќа, направена за да издржи колку што ќе живее во куќата на својот сопруг.* Вредноста на жената е како онаа на половина маж или на куче.

344 Johan Leman. Stef Janssens. “Albanian Entrepreneurial Practices in Human Smuggling and Trafficking: On the Road to the United Kingdom via Brussels, 1995-2005”. *International Migration 50(6)* (2012): 172

345 Jana Arsovska. “The Rise of Balkan Organized Crime”. *International Crime and Justice* (Cambridge: Cambridge University Press, 2011). p. 243

346 Rebecca Surtees. “Traffickers and trafficking in Southern and Eastern Europe: Considering the other side of human trafficking”. *European Journal of Criminology 5(1)* (2008): 54

***Шематски приказ бр.12***[347]

***Функционирањето на албанските организирани криминални групи***




## 4.2.5.2. Турски организирани криминални групи

Турскиот организиран криминал е оформен длабоко во корените на Турската и Курдската култура и од социјалниот и политичкиот контекст во кој се случува. Главно, на територијата на Турција оперираат помеѓу 12 и 20 тесно поврзани кланови. Клановите се поврзани врз основа на своите семејни врски. Традиционално, тие се хиерархиски структуирани, но и покрај тоа се доста флексибилни и успеваат да се прилагодат на тешкотиите и да ги искористат новите можности. Токму таа флексибилност на моменти ја менува нивната структура во полабава, составена од ќелии и соработка со други организирани криминални групи на територијата на Турција.[348]

Пред се поради географската положба на Турција, криминалните групи кои оперираат на нејзината територија, најмногу се инволвирани во бизнисот на трговијата со дрога. По елиминирањето на легалното производство на опиум во периодот на седумдесеттите години на XX век, интересот го промени правецот, и тоа кон Златниот триаголник[349] и Златната полумесечина.[350]

---

[347] Jana Arsovska. The evolution of Albanian organized crime groups: What has changed since 1996? (PowerPoint Presentation) , available at www.ciroc.nl/presentaties/20061220%20arsovska.ppt [25.12.2012]
[348] Felia Allum. Jennifer Sands. "Explaining organized crime in Europe". *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 146
[349] Златниот триаголник го сочинуваат четири земји во Југоисточна Азија: Мјанмар, Лаос, Виетнам и Тајланд.
[350] Златната полумесечина ја сочинуваат Авганистан, Иран и Пакистан.

Покрај на својата територија, етничките турски организирани криминални групи оперираат и во земјите на Европската Унија, каде и нивната миграциона популација е најголема.

Турските криминални групи доминираат во бизнисот со проституција во Германија; сопствениците им ги конфискуваат патните документи на жртвите и користат насилство, групни силувања и дрога за да ги присилат на проституција. Жените се виртуелни затвореници во борделите во Германија, опслужувајќи дури и до дваесет клиенти на ден.[351]

Во однос на трговијата со луѓе, турските организирани криминални групи најчесто се дел од таа чија цел е сексуалната експлоатација. Регрутацијата ја вршат преку туристички агенции, мамејќи ги жените да пристигнат во Турција туристички за да потоа да бидат присилени на проституција во турските бордели.

Жените кои патувале сами биле измамени од страна на своите пријателки кои им дале адреси, а кои адреси најчесто биле на бордели. Кога жените ќе пристигнат во Турција, тие се заробени во мрежа на макроа, сопственици на бордели, па дури и на нивни стари пријатели кои што им побарале пари за помошта и за врските. Исто така, од нив се барало да прават работи за кои што не се подготвени[352], односно да работат во сексуалната индустрија.

Турските криминални групи при пренесувањето на финансиската добивка во Турција го користат Hawala системот, како и курири. Средствата ги вложуваат во транспортниот сектор.

### 4.2.5.3. Руски организирани криминални групи

Организираниот криминал во Русија се издигна како резултат на слабоста на државата во транзицијата кон слободна пазарна економија, олицетворена во законскиот вакуум и слаби полициски органи. Не се карактеризира со единствена монолитна криминална организација; бројот на групи кои оперираат на територијата на Русија е проценет на некаде помеѓу 2 500 до повеќе од 8 000. Некои од групите се базирани врз

[351] Ursula Smartt. “Human Trafficking: Simply a European Problem?”. *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice 11(2)* (2003): 171

[352] Дина Зигел. Хенк ван де Бунт. Дамјан Заич. *Глобален организиран криминал: Трендови и случувања*. (Скопје: Магор, 2009). стр.91

етничка основа, други на територија; некои остануваат локални, други оперираат транснационално.[353] Русија територијално ја имаат поделено на зони, а секоја од групите е специјализирана за одреден вид на криминал.

Организираниот криминал во Русија не се базира на семејните врски, како во претходните два случаи. Наместо тоа, тука тој е структуиран преку ќелии или мали единици кои оперираат преку мрежна структура. На ваков начин добиваат на флексибилност за поуспешно вршење на криминалните активности.[354] Во основа организираните групи, т.е. нивната структура се движи од такви со дефинирана лидерска позиција и субординирани улоги на останатите членови, до мали и слабо организирани мрежни структури без хиерахиска формација.

Хиерархиски организираните групи се водени од страна на лица познати како *vory*. Тие лица најчесто не извршуваат кривични дела, наместо тоа се обидуваат да добијат социјална поддршка за нивните членови, да ја одржуваат криминалната традиција и да вршат арбитража на можните спорови. Една од најважните улоги на овие лица е одржувањето на нелегалните фондови наречени *obshchak*, кои се користат за извршување на нови кривични дела, поддршка на затворените членови и поткуп на официјалните лица.[355]

Регрутирањето на жртвите кај руските организирани криминални групи, најчесто е преку агенции за вработување, така што јасно е дека најчесто на удар се мигрантите[356] кои бараат подобра перспектива за својот живот. Цел на регрутирањето не се само сиромашните или ниско образованите. Честопати се случувало да бидат регрутирани

[353] Felia Allum. Jennifer Sands. "Explaining organized crime in Europe". *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 144

[354] Louise Shelley. "The trade of people in and from the former Soviet Union". *Crime, Law & Social Change 40 (2-3)* (2003): 244

[355] James O. Finckenauer,. Alexander Sukharenko. Eric G. Lesneskie "Russian Organized Crime". *International Crime and Justice* (Cambridge: Cambridge University Press). p.249

[356] Во периодот на постоењето на Советскиот Сојуз границите беа затворени. Внатрешниот пасошки систем водеше грижа сите граѓани да бидат евидентирани во полицијата. Вработувањето беше контролирано од страна на државата. На ваков начин патувањата беа лимитирани. Распадот на државата и отворањето на границите потоа доведе до неконтролирана миграција. (The trade in people in and from the former Soviet Union. p.232)

високо образовани лица од урбани средини кои поради фактот што го познавале јазикот прифатиле да мигрираат и да работат надвор од својата земја.[357]

Крајната експлоатација во најголемиот број од случаите е за принудна работа во секс индустријата, пред се присилно проституирање.

Најчесто криминалните групи не се задржуваат подолг период со иста група на девојки и не водат интегриран бизнис. Тргнувајќи од ваквата поставеност на нивните начела на работа и дејствување, тие, девојките ги продаваат при првата можност и тоа најчесто на други криминални групи од Источна Европа, пред се на тие од Балканскиот Полуостров.

Токму заради ваквата поставеност на криминалното дејствување, девојките се изложени на насилно однесување, сериозна злоупотреба во различните бордели, без никаква можност за комуникација со семејството.

Криминалните организации од територијата на поранешниот Советски Сојуз, пред се руските, материјалната добивка ја инвестираат во своите земји. За пренесување на парите се користи систем на курири. Учејќи од грешките, овие криминални организации, почнаа паричните средства да ги уплаќаат користејќи ги личните податоци на девојките, што за органите на прогонот го прават невозможно следењето[358], а и подоцнежната конфискација. Перењето пари го извршуваат користејќи туристички агенции, компании за транспорт, во малопродажната индустрија и хортикултурниот сектор.[359]

Влегувањето на организираните криминални групи во политиката, отсекогаш е придружено и со истовремено навлегување во економскиот систем, со помош на групи кои заземаат банки и бизниси со помош на насилство или закана. Се претпоставува дека помеѓу 70% и 80% од приватните банки во Русија се контролирани од овие групи и дека тие групи имаат под своја контрола околу 50 000 компании кои имаат удел од 40% во

[357] Brenda Carina Oude Breuil. Dina Siegel. Piet van Reenen. Annemarieke Beijer. Linda Roos. "Human trafficking revisited: legal, enforcement and ethnographic narratives on sex trafficking to Western Europe" *Trends of Organized Crime 14* (2011): 41

[358] Johan Leman. Stef Janssens. "The Albanian and post-Soviet business of trafficking women for prostitution". *European Journal of Criminology 5* (2008): 445

[359] Johan Leman. Stef Janssens. "Albanian Entrepreneurial Practices in Human Smuggling and Trafficking: On the Road to the United Kingdom via Brussels, 1995-2005". *International Migration 50(6)* (2012): 172

бруто домашниот производ на земјата.[360] На ваков начин, државата станува зависна од нив, а со тоа и немоќна во борбата со нив.

## 4.2.5.4. Бугарски организирани криминални групи

Корените на трговијата со луѓе во Бугарија не враќаат во првите години на распадот на комунистичкиот режим во земјата. На почетокот на деведесеттите години на XX век многу лица се вклучиле во криминални активности, додека друг дел почнал да патува често. На таков начин доаѓале во контакт со тамошните криминални групи и успеале да договорат влез во некои сегменти на секс индустријата.[361]

Бугарските организирани криминални групи при регрутирањето користат т.н. меки методи[362], што во основа значат дека употребата на насилство е сведена на минимум. Наместо физичката сила, тие употребуваат психичка и емоционална злоупотреба, манипулација, за на крајот жртвата сама да реши да го следи трговецот. Исто како и кај албанските криминални групи, и во овој случај најкористен е методот на љубовник, со кој жртвите се доведуваат до ситуација да се вљубат во трговците, а по тој чекор тие се предаваат на групата за понатамошна експлоатација.

Периодот по 2001 година, кога Романија и Бугарија добија визна либерализација, со што движењето низ Европската Унија стана многу полесно, трговијата со луѓе доби уште поголеми можности, пред се заради легалното минување на границите. Додека пак по 2007 година, кога Бугарија стана и членка на Унијата, за криминалните групи веќе престанаа да постојат било какви пречки.

Слично на руските криминални групи, и бугарските не се базирани врз семејни врски, иако етничката основа има влијание. Структурата им е хибрид на хиерархиската и таа со ќелии и помалку групи поврзани меѓусебно во мрежа. На ваков начин секоја фаза од процесот на трговијата со луѓе е покриена од група која е специјализирана за тоа, а над сите тие групи се луѓе кои тргувањето го затскриваат зад своите легални бизниси и кои добиваат најмногу од финансиската добивка.

[360] Felia Allum. Jennifer Sands. "Explaining organized crime in Europe". *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 145
[361] Georgi Petrunov. "Managing money acquired from human trafficking: case study of sex trafficking from Bulgaria to Western Europe". *Trends of Organized Crime 14* (2011): 167
[362] Ibid. p.168

Профитот криминалните групи од земјите на дестинација го пренесуваат во Бугарија преку физичко пренесување преку границите, преку курири, брзи трансфери (Western Union, MoneyGram), или преку купување стоки, нивно пренесување преку граница и потоа продавање во Бугарија. Најголем дел од незаконската добивка криминалците ја вложуваат во легалните сектори, пред се во земјоделството, градежништвото и недвижности, транспортот, индустријата, хотели, барови, ресторани, ноќни клубови, казина, продавници за автомобилски делови и др.

## 4.2.5.5. Кинески организирани криминални групи

Иако уште од многу одамна се присутни на европскиот континент, кинеските организирани криминални групи тешко се вклопуваат во целокупниот криминален поредок. Најчесто нивното влијание е во рамките на заедниците на кинеските мигранти.

Организацијата им е на етничка основа, со хиерархиска структура и вклучување на quanxi стратегијата (тоа е социјална стратегија преку која секоја индивидуа бара начин да си осигура влез до ресурсите кои се контролирани и распределени од страна на елитите) како механизам за социјална размена. На ваков начин индивидуите создаваат заеднички врски; формирајќи динамична релациона мрежа која ги одржува нив во време кога имаат некаква потреба и го подобрува нивниот социјален статус.[363]

Иако најчесто кога се именуваат кинеските организирани криминални групи се користи терминот “тријади”[364], сепак потребно е да се напомене дека тие се поголема мешавина од помали улични кинески банди и групи познати како “tong”. Овие групи често соработуваат меѓусебно, бидејќи делат заеднички вредности и норми кои произлегуваат од субкултурата на тријадите.[365] Зборот “тријада” го симболизира триаголникот формиран од трите објекти: рајот, земјата и човекот.

Тријадите се формално и хиерахиски структуирани, но без голема вертикална контрола од страна на лицата кои се на највисоките функции. Нивните членови носат

[363] Felia Allum. Jennifer Sands. “Explaining organized crime in Europe”. *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 137

[364] Тријадите се појавиле во периодот на XVII век како револуционерни движења, за потоа да преминат и до денес се одржале како криминални организации. Всушност, тие се појавиле како политичка организација со корени кои датираат од времето на Shoalin (млада шума), кога династијата Ching ги прогонувала калуѓерите Shoalin кои како одговор формирале тријада и се бореле за враќање на власт на династијата Ming.

[365] Felia Allum. Jennifer Sands. “Explaining organized crime in Europe”. *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 138

ритуална облека и однесување, користат знаци, лозинки, заклетви и најразлични церемонии.

Традиционалната структура на една тријада се состои од шеф (господар на планината) на врвот. Вториот дел се состои од заменик шеф, лице кое раководи со почетокот на ритуалите за промовирање, како и лице задолжено за регрутирање и асистирање во церемониите. Следната група се состои од борци, лица за генерална администрација и офицери за врски. На крајот, односно на дното се обичните членови.[366]

Во Кина, трговците со луѓе се познати како "snakeheads" и се карактеристични за криминалните групи во Хонг Конг, Тајван, Макао и други делови од Јужна Кина. Исто така, при процесот се вклучени и лица кои не се членови на тријадите, а најчесто се вклучуваат заради познавањето на јазикот или заради лозата од која потекнуваат.[367]

Трговијата со луѓе најчесто се јавува како последица на должничкото ропство во кое скоро секогаш запаѓаат мигрантите кои тријадите ги криумчарат преку меѓународните граници до одредената, сакана дестинација. На ваков начин добиваат профит на далеку подолг период. Степенот на насилство е помал во однос на тој кај албанските и руските криминални групи, но секако дека не отсуствува. Жртвите имаат право да комуницираат со своите семејства и имаат за обврска да регрутираат нови мигранти.

Исто така, како последица на Законот за едно дете, со кој на двојките во урбаните средини им е дозволено да имаат едно дете, додека на тие во руралните средини до две, доколку првото им е девојче, во последните години во Кина дојде до фаворизирање на момчињата, па често семејствата ги продаваат своите женски деца и воопшто не ги пријавуваат. Ваквиот начин на регулирање на високиот природен прираст, на крајот резултираше со зголемен број на машки лица во однос на женски, но и со нов, материјално исплатлив криминален пазар за криминалните групи. Трговијата со деца, не само денес, туку и години наназад е една од најисплатливите бизнис за кинеските организирани криминални групи.

Кинеските криминални групи, во зависност од територијата, јавуваат двоен интерес за вложувањата на добиените финансии. Во Кина, најзаинтересирани се за експорт -

[366] Leona Lee. "Organized crime in Asia". *International Crime and Justice.* (Cambridge: Cambridge University Press). p.269

[367] Louise Shelley. "The trade of people in and from the former Soviet Union". *Crime, Law & Social Change 40 (2-3)* (2003): 243

импорт бизнисот, како и продажбата на текстил во и од Италија, Шпанија, Франција и Белгија. На европскиот континент, најчесто инвестираат во недвижен имот, ресторани, како и салони за масажа во кои најдобро можат да ги користат жените и преку должничкото ропство да ги присилат да даваат сексуални услуги.[368]

## 4.2.5.6. Нигериски организирани криминални групи

Организираниот криминал во Нигерија е релативно понов феномен поврзан со падот на цените на нафтата во осумдесеттите години на XX век со што беше изгубен изворот на приходи за многу Нигеријци. Ваквата ситуација потоа доведе до зголемено учество во криминалните активности. Исто така, состојбата беше потпомогната и од постојаната политичка нестабилност во земјата.

Нигериските криминални групи, пред се, се занимаваат со трговија со дрога, а нивната структура се движи од хиерархиски поставена, па се до мали, флуидни групи.

Станува збор за групи, чија семејна или племенска поврзаност на членовите, ги прави тешки за инфилтрација или електронско следење. Групите се познати по тоа што регрутираат курири кои не се вклопуваат во нивниот профил и на таков начин ја намалуваат можноста да бидат сомнителни кај царината или полициските службеници.[369]

Трговијата со луѓе во Нигерија своите корени ги влече од времето на Нигериската Граѓанска Војна (1967 - 1970). За време на војната во Источниот дел на земјата, многу мажи, жени и деца биле раселени и сместени во бегалски кампови. Ова го искористиле криминални групи и затскривајќи го тргувањето зад хуманитарни акции, го создале прстенот на должничко ропство, проституција и детска порнографија. Додека по завршувањето на војната, тргувањето преминало во бизнис кон другите земји во Африка, преку Медитеранот и Атлантикот.[370] Трговијата со луѓе во овој дел на Африка е пред се заради проституција во домашните и меѓународните бордели, и заради порнографија. Голем дел од жените се тргувани во Либан, Египет, Саудиска Арабија, Италија и други земји. Проституцијата најчесто е поделена на повеќе делови, од кои секој дел е под

[368] Johan Leman. Stef Janssens. “Albanian Entrepreneurial Practices in Human Smuggling and Trafficking: On the Road to the United Kingdom via Brussels, 1995-2005”. *International Migration 50(6)* (2012): 173

[369] Felia Allum. Jennifer Sands. “Explaining organized crime in Europe”. *Crime, Law & Social Change 41(2)* (2004): 143

[370] Obbi N.I. Ebbe. “Studies of organized crime”. *Traditional Organized Crime in the Modern World. Studies of Organized Crime. Volume 11.* (New York: Springer, 2012).p.182

контрола на три до пет лица. Меѓусебно секој од деловите се поврзани и соработуваат. Слично како и албанските криминални групи, така и кај нигериските поврзаноста со дијаспората е многу голема. [371]

Начинот на извршување на делото започнува со регрутирањето кое го вршат лица кои најчесто го познаваат семејството на жртвата и кои ги раскажуваат познатите приказни околу добриот начин на живот во земјите на дестинација. Откако жртвата ќе прифати, тогаш е предадена на транспортер кој преку Нигер, Алжир и Мароко со брод се пренесува до Шпанија. Потоа оттаму жртвите се пренесуваат во различни земји на Европската Унија. Но, најинтересниот факт кога станува збор за нивниот modus operandi е претходното подведување на жртвите на juju ритуали, според кои од жртвата се бара даде заклетва дека ќе го исплати долгот за патувањето, нема да пријави кај полицијата и дека нема никому да каже за природата на нејзиното патување, а доколку го направи тоа тогаш тие кои би платиле со своите животи ќе бидат луѓето од нејзиното семејство. Ваквите ритуали создаваат силна врска на жртвата, така што многу мал е процентот на лица кои пробале да се спасат од ситуацијата во која се наоѓаат.[372]

## 5. Трговијата со луѓе и трговијата со дрога

Разгледувајќи ги патиштата по кои денес се движат жртвите на трговијата со луѓе до нивната дестинација, би можеле да констатираме дека трговијата со дрога и трговијата со луѓе се случуваат рамо до рамо, постојано користејќи го придобивките кои едната би можела да и ги даде на другата. И тоа трговијата со дрога не е поврзана единствено со трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, туку и со другите облици, како тие кога експлоатацијата е во земјоделството, друга тешка физичка работа, питачење и сл. Дури има случаи кога за да го исплатат долгот поради патувањето некои од жртвите дури и прифаќаат да пренесат дрога преку границите.

Се поголемата поврзаност на трговијата со дрога и таа со луѓе треба да се бара во влегувањето на криминални организации кои тргуваат со дрога во бизнисот на модерното ропство. Причините треба да се бараат во ниските трошоци, помалиот ризик, бидејќи

[371] Ibid.p.184
[372] Siddharth Kara, *Sex trafficking: Inside the business of modern slavery* (New York: Columbia University Press, 2009), p.90

голем дел од земјите се насочија кон спречувањето на трговијата со дрога, како и големата материјална добивка.

Кога станува збор за продуктот кој се пренесува важно е да се напомене дека тој кај трговијата со луѓе е нешто кое може да се продава многу поголем број пати отколку дрогата. Исклучок прават човечките органи и децата кога се продаваат за посвојување.

Дијаспората во Западна Европа е основата врз која се темели мешањето на водечките криминални бизниси на нејзината територија. Балканските и Турските криминални групи се тие кои заедно со дрогата, тргуваат и луѓе, пред се жени.[373] Често жртвите ги користат како предмети кај кои ја кријат дрогата, присилувајќи ги да ја пренесуваат во своите телесни отвори или преку голтање. Клучната улога, дрогата ја игра при експлоатацијата, пред се сексуалната, кога жртвите често се подведени под нејзиното дејство.

Понижувањето, изолацијата и дезориентацијата на жртвата се клучните средства за полесна контрола и експлоатација. Постојаното менување на територијата на продавање, не дава можност жртвата да воспостави врски со некои од лицата кои ги среќава, додека кога на сето тоа ќе се додаде и дрогата, тогаш штетата го добива целосниот лик. На таков начин жртвата станува целосно зависна од својот “сопственик” и прифаќа да работи се што ќе и биде кажано.[374]

[373] Louise Shelley. “The relationship of drugs and human trafficking”. *European Journal on Criminal Policy and Research 18(3)* (2012): 248
[374] Ibid.p.243

### *Шематски приказ бр.13*[375]

### *Поврзаноста на трговијата со луѓе и трговијата со дрога*




[375] Mangai Natarajan. "Drug Trafficking". *International Crime and Justice.* (Cambridge: Cambridge University Press, 2011).p.111

## 6. Трговијата со луѓе и трговијата со органи, ткива и клетки

Како и кај сите облици на трговијата со луѓе за најразличен вид целна експлоатација, така и жртвите на трговијата со луѓе со цел тргување со човечки органи се регрутираат од ранливите групи, а трговците се дел од транснационалните организирани криминални групи. Организираните криминални групи ги вовлекуваат лицата во нивните криминални намери преку лажни ветувања, убедувајќи ги да ги продадат своите органи. Од друга страна лицата кои ќе ги примат нивните органи мора да платат повисока цена од таа која ја добиваат донорите.[376]

На другата страна од бизнисот со човечкиот живот се наоѓа трговијата со човечки органи. Првиот случај на продавање човечки орган датира од почетокот на XIX век, кога Вилијам Бурк (William Buerke) од Велика Британија убил 16 лица и ги продал нивните органи.[377]

Основните термини поврзани со трговијата со органи се содржани во Декларацијата од Истанбул.

Трговијата со органи го опфаќа регрутирањето, транспортот, трансферот, засолнувањето или примањето живи или мртви лица или нивните органи со употреба на средства на закана или употреба на сила или други форми на присила, грабнување, измама, злоупотреба на моќ или на позицијата на ранливост, или на давање, или примање, од страна на трета страна на плаќањата или бенефитот за достигнување трансфер на контрола врз потенцијалниот донор, заради експлоатација со отстранување на органите за трансплантација.[378]

Во последните неколку декади сме сведоци на развојот на т.н. трансплантен туризам како профитабилен бизнис кој вклучува движење/патување на потенцијалните приматели на органите кон дестинациите, а тоа се земјите (познати како земји со традиција на продажба на органи), при што процедурата се извршува на самото место. Ова нелегалната дејност ја прави дури и покомплексна, бидејќи условите во кои се врши трансплантацијата се лоши (на пример, не се врши претходна анализа на компатибилноста

---

[376] UN GIFT. Background Paper. *Human Trafficking for the removal of organs and body parts*. p. 2. available at http://www.unodc.org/documents/human-trafficking/2008/BP011HumanTraffickingfortheRemovalofOrgans.pdf [31.01.2013]

[377] Ibid

[378] Declaration of Istanbul. http://www.hks.harvard.edu/cchrp/isht/study_group/2010/pdf/DeclarationOfInstanbul.pdf [31.01.2013]

на органот во продажба и неговиот примател, понатаму се појавуваат проблеми поврзани со оперативните и постоперативните услови итн.)[379]

Доста често, како што беше случајот со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, и овие две кривични дела се мешаат и користат како синоними.

Сличностите меѓу двете дела се содржани во недостатокот на органи за да се задоволи побарувачката, нееднаквоста во здравствената заштита и лошите економски и други услови, кои на крајот луѓето ги доведуваат во ранливи ситуации.[380] Последиците по индивидуите исто така се слични: се соочуваат со стигматизација и дискриминација во нивните заедници за тоа „што го направиле“ или „за тоа што им се случило“. Кога ќе се вратат во средината каде што живеат треба да се соочат со фактот дека другите луѓе знаат дека тие продале дел од нивното тело или дека тој дел (сексуалниот интегритет или органот) им биле одземени насилно. Исто така, чувствуваат и последици на долг рок по нивното физичко здравје и телесниот интегритет.[381] И двете дела се поврзани со комодификацијата на човечките суштества, претворајќи ги во објекти.

Комодификацијата е практика во која нештата се третираат како комодитети, т.е. како предмети кои можат да бидат купени, продадени или изнајмени. Да се комодифицира нешто значи истото да се замени за пари, односно да се купи или продаде.[382]

Фундаменталната разлика меѓу нив е фактот дека трговијата со човечки органи е кривично дело каде органот и неговата употреба се централните елементи; не е важно дали органот е изваден од мртов или жив донор. Од друга страна пак, трговијата со луѓе каде експлоатацијата на една индивидуа е централниот аспект и каде комбинацијата на трите елементи (акција, средства, цел) треба да постојат за да постои кривичното дело. Второто дело е извршено само ако донорот од кој е одземен органот е жив.

---

[379] Bachanovic, Oliver, and Angelina Bachanovic. “Trafficking in human organs and/or body parts – a form of human trafficking” *Security in the post-conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia (2011): 19*

[380] United Nations. Council of Europe. *Trafficking in organs, tissues and cells and trafficking in human beings for the purpose of the removal of organs.* (Strasbourg: United Nations/Council of Europe, 2009).p.55

[381] Ibid

[382] Stephen Wilkinson. *Bodies for sale: Ethics and exploitation in the human body trade.* (London: Routledge, 2003). p.44

# ГЛАВА V

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОРИТЕЛОТ И ЖРТВАТА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 1. Карактеристики на сторителот и жртвата на трговијата со луѓе

### 1.1. Личноста на сторителот на кривичното дело и неговите карактеристики

Личноста на човекот се состои од повеќе особини и форми на однесување кои сочинуваат една единствена и цврста структура, која се формира со взаемното влијание на поединецот и средината и го одредува неговиот карактеристичен начин на однесување во слични животни ситуации. Особините на личноста ја одредуваат рамката за споредување според која секој човек се разликува од другите луѓе со својот карактеристичен психофизички изглед и со својот специфичен начин на однесување. Особините на личноста се формираат во текот на животот на единката под влијание на неговата активност и социјалните услови, иако голем број на особини се наследени односно претежно органски детерминирани. [383] Станува збор за единствена организација на особини, која се формира со взаемното влијание на поединецот и средината и го одредува општиот, за поединецот карактеристичен начин на однесување.[384]

Личноста на секој поединец според психологот Радониќ ја дефинираат четири видови на црти или особини на личноста:

- особините на темпераментот што го покажуваат начинот на емоционално реагирање на личноста односно како некоја единка емоционално реагира;
- особините на карактерот, односно особините што покажуваат заради што некој нешто работи и така се однесува, и ги означува моралните и конативните (волевите) својства на личноста на поединецот;
- способностите, односно особините на личноста кои покажуваат колку добро и успешно некој поединец работи (посебно менталните способности);

[383]Стеван Алексоски. *Психологија со криминалистичка психологија.* (Скопје: Трекс Радовиш, 2005), стр.125
[384] Котески Марјан. *Криминалистички карактеристики кај убиствата.* (Скопје, 2005), стр.69

- телесните особини, односни особините на физичката конституција на човекот (што го одредуваат и психичкиот тип на личноста).[385]

Тука се поставува прашањето *дали криминалците се разликуваат од останатите луѓе?* Барајќи го и обидувајќи се да го изградат изгледот на личноста на сторителите на кривични дела, тргнувајќи од карактеристиките на личноста на кој и да било човек, а приспособувајќи ги на моментот пред, за време и по извршувањето на кривичното дело, психолозите потсетиле на неколку битни особини.

Така, како важни аспекти на личноста и психолошкиот профил на сторителите на кривични дела се:

- ✓ недостаток на свест за последиците на своите акти, пред се за лицата кои ќе ги чувствуваат тие последици;
- ✓ оправдување на забранетите дејствија и оправдување дека тие се оправдани;
- ✓ ниско ниво на самопочит, кое се редуцира со извршувањето кривични дела;
- ✓ размислување дека кривичното дело се "исплаќа", базирано врз верувањето дека кршењето закони носи лесна заработувачка;
- ✓ неможноста да се контролираат желбите;
- ✓ општа неспособност да се одложи неприфаќањето.[386]

Нормалната личност се карактеризира со емоционална, интелектуална и социјална зрелост. Ако поединецот нема достигнато интелектуална зрелост, тоа значи дека нема способност правилно да ја оцени средината и себеси, некритичен е во расудувањето и несамостоен при донесувањето одлуки. Доколку пак, тој не е емоционално зрела личност, не може реално да ги оцени ситуациите, не може да воспостави правилни, соодветни на ситуацијата емоционални односи и е премногу агресивен или анксиозен (неотпорен на фрустрации). Социјалната незрелост на личноста на поединецот се поврзува со неспособноста за комуникација со други луѓе, неспособноста да оствари одредени општествени цели и вредности, како негова неповрзаност и несогласување со поставените односи во општеството.[387]

---

[385] Ибид, стр.126

[386] David Canter. *Forensic Psychology: A very short introduction.* (Oxford: Oxford University Press, 2012), p.32

[387] Котески Марјан. *Криминалистички карактеристики кај убиствата.* (Скопје, 2005), стр.72

Кога сите погоре наведени карактеристики се соберат и вклопат во едно тогаш се добиваат три психолошки фази кои на крајот резултираат со кривично дело.

Првата фаза е поврзана со интерпретацијата на ситуацијата. Интепретацијата може да е погрешна, гестовите и коментарите на другите луѓе да бидат погрешно разбрани, како на пример секогаш познатата фраза која е предвесник на насилни ситуации - *што се гледаш?* Или сепак да станува збор за точна проценка на ситуацијата, но како единствена, нормална реакција да биде посегнато кон криминално дејствување. Заклучокот од интерпретирањето на сите околности поврзани со одредена ситуација го воведуваат потенцијалниот прекршител на законот во втората фаза, која пак претставува мешавина од емоции, реакции кои потекнуваат од навиките на лицето да реагира агресивно, т.е. забрането. На пример, отворениот прозорец би можел да му даде идеја за да изврши кражба, погрешен поглед во бар би го довел до употреба на насилство, или пак самата помисла на можноста да изврши некакво кривично дело би можело да резултира со претворање на мислите во конкретни акции. На крајот, целокупната ситуација, се разбира, резултира со извршување на кривичното дело без ниту трошка грижа за неговите последици.[388]

Трите фази, секоја посебно, но и заедно, го објаснуваат влијанието на карактеристиките на личноста, кога еден човек се наоѓа во различни ситуации и начинот на кој тоа лице би реагирало во секоја од нив.

Во однос на карактеристиките на личноста на индивидуалните сторители на трговијата со луѓе, трговците со луѓе се опишуваат како психопати, лица кои во меѓучовечките односи се величествени, арогантни, бесчувствителни, доминантни, површни и манипулативни. Во емотивните процеси се карактеризираат со ниско ниво на толеранција, неспособност да формираат силни емотивни врски со други лица, недостаток на вина или анксиозност. Овие карактеристики се среќаваат во комбинација со девијантно социјално однесување што вклучува неодговорност и импулсивност, како и тенденција кон игнорирање на општествените правила.

Овие лица се карактеризираат со површен шарм, зголемено чувство на висока вредност, патолошко лажење, манипулативно однесување, недостаток на вина, каење или емпатија, неможност да ги прифатат последиците на своето однесување,

[388] David Canter. *Forensic Psychology: A very short introduction.* (Oxford: Oxford University Press, 2012), p.32

недостаток на реални цели за подолг период, промискуитетно сексуално однесување, слаба контрола на однесувањето, неодговорност и голема потреба за стимулација.

Сложувалката не би била целосна, доколку сторителот на кривичното дело се набљудува од само еден агол. Одделувањето на психичките од физичките карактеристики при истражувањето и изградбата на "изгледот" на потенцијалните сторители на забранети дејствија на крајот би резултирало со погрешни заклучоци, а тоа пак би произвело грешки за време на градењето и преземањето идни акции. Токму заради тоа, заедно со личноста и карактеристиките на личноста на сторителите на кривичните дела, во чекор, неодделиво потребно е да се земат во предвид и нивните биолошки обележја, како што се полот и возраста, но и карактеристиките поврзани со социјалното битие: занимањето, образованието, брачната состојба, државјанството, етничката припадност.

Полот на сторителите на кривични дела никогаш не се јавува како самостојна детерминанта, туку секогаш е поврзан со оштествени, економски, културни, социјални и други детерминанти. Уште од минатото па се до денес, истражувањата на вкупниот криминалитет покажаа дека криминалитетот претставува занимање на припадниците на машкиот пол. Некои автори како закономерност го даваат бројот 1:5 како однос на жените и мажите како припадници на осуденичката популација, 1:10 кај затворската и 1:20 кај малолетничката популација во корист на припадниците на посилниот пол.[389]

Ваквата разлика, позната и како "полов јаз" или "сооднос пол - криминал", стана една од клучните теми на интерес на феминистичката криминологија и на пошироко поле на полови студии за криминалот. Одреден број признати истражувања за женското криминално однесување се и понатаму веродостојни: жените извршуваат помалку и полесни престапи; се откажуваат без многу колебање; девојките ја достигнуваат критичната возраст на извршување престапи порано од машките лица и многу поретко се впуштаат во професионален криминал.[390] Можеби тоа е резултат на различниот начин на социјално воспитување на половите. Така, девојките уште од мали се учат да бидат фини и мирни, додека од момчињата се бара да бидат силни. Автори ваквата состојба ја бараат во природната предодреденост девојките да

[389] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година.* Магистерска теза. 2011. стр.104

[390] Мајк Мегваер, Род Морган, и Роберт Рајнер. *Оксфордски прирачник за криминологија.* (Скопје: Нампрес, 2010), стр.391

забременат. Од тука не произлегува само нивното сексуално воспитување, туку и целокупниот социјален кодекс.[391]

***Табела бр.17***

***Полот на сторителите на трговијата со луѓе (чл.418-а, чл.418-г) во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупен број сторители | Жени | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 33 | 1 | 3.03 |
| 2003 | 78 | / | / |
| 2004 | 42 | 3 | 7.14 |
| 2005 | 6 | / | / |
| 2006 | 4 | 1 | 25 |
| 2007 | 4 | / | / |
| 2008 | 4 | 1 | 25 |
| 2009 | 1 | / | / |
| 2010 | / | / | / |
| 2011 | 6 | 2 | 25 |
| 2012 | 6 | 1 | 16.7 |
| Вкупно | 61 | 8 | 13.11 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Во однос на трговијата со луѓе, анализирајќи ги податоците содржани во табелата бр.16, би заклучиле дека полот на сторителите на ова кривично дело е во согласност со светските трендови. Односно од 61 регистриран сторител на кривичното дело од чл.418-а од Кривичниот Законик на Република Македонија, само 8 биле жени, односно 13.11% од вкупниот број на сторители.

Ваквата полова распределба, во Република Македонија, но и во светски рамки, првично се должи на најголемото процентуално учество на трговијата со луѓе заради сеексуална експлоатација, каде најчести жртви се лицата од женски пол.

Улогата на сторителите од женски пол во светски рамки може да се подели на три категории: сторители, криминални партнери и само-вработени. Како сторители, жените најчесто извршуваат специфични задачи, како што е контролата над други жени и собирање на средствата кои тие ги заработиле. Една од причините зошто жените се јавуваат во оваа улога е да покажат лојалност кон “трговецот”. Лојалноста се јавува како силен мотив и во втората категорија. Судбината некои жени да станат жртви на модерното ропство ги натерала да се вклучат во криминалните активности. Жените кои соработуваат со криминалната организација како криминални партнери се во тесна врска со сторителите од машки пол. Или се роднини на сторителите или се жртви кои станале дел од организацијата преку постепена соработка со неа. Третата

[391] Edwin H.Sutherland, Donald R.Cressey, *Criminology*, (Philadelphia-New York-San Jose-Toronto: J.P. Lippincott, 1978), p.135

категорија се однесува на жените како сторители на делото кои работат сами. Ваквиот вид сторители е карактеристичен за Африканските жени.[392]

Во вертикалните и хиерархиските структури, како што се некои од криминалните организации, каде има само неколку лица на врвот, нормално е да има уште помалку жени меѓу нив. Најчесто станува збор за следбеници и поддржувачи, лица кои не би убиле некого, но сепак помагаат во процесот на тргувањето, учествуваат во комуникацијата и пренесувањето на пораките, соработуваат во собирањето на материјалната добивка, го контролираат или помагаат во набљудувањето и држењето под контрола на жртвите.[393]

Најчестата улога на жените во процесот на тргувањето е во фазата на регрутација. Членовите на организацијата ги испраќаат жените назад во нивната земја на потекло да регрутираат нови жртви. На таков начин или ја купуваат својата слобода или стануваат дел од криминалната организација. Обединетите Нации ваквиот вид регрутација го нарекуваат "среќно тргување", иако нема ништо среќно во тоа. Претставена е како пирамида во која неколку жртви се ослободени, а понекогаш добиваат и материјална помош, за да се вратат дома и да регрутираат нови жртви. Терминот *среќна* произлегува од илузијата која тие ја создаваат лажејќи ги новите жртви за нивното прекрасно искуство работејќи во странство. На ваков начин членовите на криминалната организација го намалуваат ризикот од нивно откривање.[394] Алтернативно, жртвите можат, како Мадами (Madams) да започнат свој сопствен бизнис на тргување со луѓе, како што е случајот со жените сторители од Нигерија, од каде се тргуваат луѓе на територијата на Европа. Всушност, кругот во случајот на трговијата со луѓе се затвора во фазата во која жртвите преминуваат во сторители на кривичното дело (во делот на регрутацијата).

Ваквата "обврска" на жртвите, односно нивниот премин од поранешни жртви во сторители на кривичното дело, покрај другите причини поради кои доаѓа до ваквата промена на ситуацијата, честопати се поврзува и со *синдромот на Стокхолм*, психолошко растројство поврзано со тероризмот како кривично дело, но се разбира, во денешни услови, и со други кривични дела во кои сторителите и жртвите можат да дојдат до воспоставување на специфичен однос.

---

[392] Dutch Ministry of Foreign Affairs.*Trafficking in Human Beings: Seventh Report of the Dutch National Rapporteur*.(The Hague: Ministry of Foreign Affairs, 2009), p.357-358

[393] Giovanni Fiandaca. *Women and the Mafia.* (Springer, 2007).p.73

[394] Alexis A.Aronowitz, *Human Trafficking, Human Misery: The Global Trade in Human Beings,* (Westport-London: Praeger, 2009), p.53

Имено, синдромот на Стокхолм името го добил според еден терористички напад на банка во Стокхолм во 1973 година. Во заложничката драма во банката, една службеничка, која била заложник на еден од терористите, по одредено време се заљубила во него и почнала да соработува со него во целокупната ситуација, помагајќи му да ја избегне полицијата.[395]

Психолозите сметаат дека во таа повеќедневна блиска комуникација меѓу терористот и жртвата, можни се кохабитации, особено ако со жртвата не се постапува насилнички. Жртвата од почетокот го осудува актот, пасивно се бори против него, се плаши за сопствениот живот.[396]

Во други ситуации, преминот од жртва кон лице кое регрутира може да претставува подобрување на состојбата во која е лицето и може да се гледа како „промоција„. На пример, некои од жртвите се промовирани заради улогата на лица кои биле регрутирани меѓу првите жртви, па сега добиваат задача да ги контролираат останатите жртви.[397]

***Табела бр.18***

***Возраста на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година***

| | | Возраст | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно сторители | 18 – 25 години | Процент (%) | 26 – 35 години | Процент (%) | 36 – 45 години | Процент (%) | Над 45 години | Процент (%) | Непознато | Процент (%) |
| 2002 | 33 | 2 | 6.06 | 15 | 45.4 | 9 | 27.3 | 2 | 6.06 | 5 | 15.1 |
| 2003 | 78 | 6 | 7.7 | 23 | 29.5 | 26 | 33.3 | 7 | 9 | 16 | 20.5 |
| 2004 | 42 | 6 | 14.3 | 13 | 31 | 20 | 47.6 | 3 | 7.1 | / | / |
| 2005 | 40 | 1 | 2.5 | 1 | 2.5 | 2 | 5 | 2 | 5 | 34 | 75 |
| 2006 | 4 | / | / | 3 | 75 | 1 | 25 | / | / | / | / |
| 2007 | 4 | / | / | 3 | 75 | 1 | 25 | / | / | / | / |
| 2008 | 4 | 1 | 25 | 2 | 50 | 1 | 25 | / | / | / | / |
| 2009 | 1 | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 2010 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 2011 | 6 | 1 | 16.7 | 2 | 33.3 | 2 | 33.3 | 1 | 16.7 | / | / |
| 2012 | 4 | / | / | 2 | 50 | / | / | 2 | 50 | / | / |
| Вкупно | 216 | 18 | 8.3 | 64 | 29.6 | 62 | 28.7 | 17 | 8.9 | 55 | 24.5 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Од анализата на табелата бр.17 би заклучиле дека кај сторителите на кривичното дело од чл.418-а од Кривичниот Законик на Република Македонија, доминираат лица од две возрасни групи, таа од 26 - 35 години и таа од 36 - 45 години возраст.

[395] Георги Чадловски. *Криминологија и психијатрија.* (Скопје: Софија-Богданци, 2006). стр.106
[396] Ибид. стр.106-107
[397] United Nations Office on Drugs and Crime. *Profiling the traffickers.* 2008. p.6

Во секоја возраст човекот има одредена општествена и социјална позиција, одреден општествен, економски и социјален статус, што го детерминира неговото целосно поведение во тој ред и криминалното поведение.[398] Возрасните групи од 26-35 и 36 – 45 години, се двете најчести возрасни групи кога станува збор за целокупниот криминалитет. Првата го опфаќа периодот кога потребите на човекот се големи, а можностите се ограничени, па криминалот се гледа како излез во некои случаи. Втората го опфаќа периодот на зрелоста, кога човекот има веќе стабилизиран живот, па затоа умислените и добро планираните кривични дела се реалност за лицата на оваа возраст.[399]

***Табела бр.19***

***Државјански статус на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупно сторители | Република Македонија | Процент (%) | Република Албанија | Процент (%) | Република Хрватска | Процент (%) | Република Србија | Проце нт (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 33 | 33 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2003 | 78 | 78 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2004 | 42 | 41 | 97.61 | 1 | 2.39 | / | / | / | / |
| 2005 | 40 | 40 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2006 | 4 | 4 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2007 | 4 | 4 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2008 | 4 | / | / | / | / | 1 | 25 | 3 | 75 |
| 2009 | 1 | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2010 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 2011 | 6 | 6 | 100 | / | / | / | / | / | / |
| 2012 | 4 | 3 | 75 | / | / | / | / | 1 | 25 |
| Вкупно | 216 | 210 | 97 | 1 | 0.5 | 1 | 0.5 | 4 | 2 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Во однос на државјанскиот статус на сторителите, податоците содржани во табелата бр.18, покажуваат дека на територијата на Република Македонија, делото најчесто го извршуваат лица со македонско државјанство. Но, во однос на нивната етничка припадност, најголемиот број отпаѓа на припадници на албанскиот етникум, додека останатиот дел се Македонци.

Познавањето на етничката припадност на сторителите е важна заради запознавање со нивниот modus operandi и со улогата која тие ја играат во текот на криминалниот процес. На пример, регрутацијата е далеку полесна, доколку сторителот го зборува истиот јазик и потекнува од истата култура како и потенцијалните жртви.

[398]Љупчо Арнаудовски, *Криминологија* (Скопје: 2ри Август (Штип)), 2007, стр.288
[399] Магистерска теза.стр.107

Исто така, многу организирани криминални групи кои функционираат во дијаспората одржуваат врски со нивните земји на потекло.[400]

Ваквата етничка структура на сторителите, се поклопува со сликата за територијата на Балканскиот Полуостров како почва на која најчесто оперираат албанските криминални групи, и на териториите на земјите каде живеат, но и надвор од нив.

***Табела бр.20***

***Занимање на сторителите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година***

| | | Занимање | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно сторители | Сопственик на угостителски објект | Ѕидар | Општ работник | Земјоделец | Возач | Неодредено занимање | Невработено лице | Келнер | Трговец |
| 2002 | 33 | 18 | / | / | / | / | 10 | 5 | / | / |
| 2003 | 78 | 13 | / | / | / | / | 62 | ./ | 1 | 2 |
| 2004 | 42 | 24 | 1 | 1 | / | / | 4 | 12 | / | / |
| 2005 | 40 | 3 | / | / | / | / | 37 | / | / | / |
| 2006 | 4 | / | / | / | 1 | / | 1 | 2 | / | / |
| 2007 | 4 | / | / | 3 | / | 1 | / | / | / | / |
| 2008 | 4 | / | / | / | / | / | 4 | / | / | / |
| 2009 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| 2010 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 2011 | 6 | / | / | / | / | / | 6 | / | / | / |
| 2012 | 4 | / | / | / | / | / | 4 | / | / | / |
| Вкупно | 216 | 58 | 1 | 4 | 1 | 1 | 128 | 20 | 1 | 2 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Занимањето на сторителите е карактеристика која кај најголемиот број кривични дела е тесно поврзана со начинот на нивното извршување. Па, така преку анализа на она што може да се дознае од modus operandi кај едно кривично дело, се доаѓа до информации за професионалниот профил на лицата кои го извршиле тоа дело.

Знаејќи ја најчестата целна експлоатација на трговијата со луѓе на територијата на нашата земја, која е сексуалната, очекувано е најголемиот процент од професиите на сторителите кои имале одредена професија, да отпаѓа на сопствениците на угостителски објекти. Процесот на експлоатација на жртвите се одвивал во објектите на сторителите.

Како што споменавме и претходно, во рамките на нашето истражување се задржуваме и на кривичното дело “трговија со малолетно лице”, член 418 – г од Кривичниот Законик на Република Македонија, кое дело беше воведено како посебна инкриминација со измените на Законикот од 2008 година.

400 United Nations Office on Drugs and Crime. *Profiling the traffickers.* 2008. p.7

Во периодот од 2008 до 2012 година откриени се вкупно 78 сторители за 25 дела.

Во 2008 година откриен е 21 сторител. Според државјанскиот статус сите лица се македонски државјани, најмногу од подрачјето на Тетово - 10 сторители, Скопје – 5 сторители, Битола и Прилеп - по 2 и по еден од Гевгелија, Струмица и Велес. Според половата припадност 15 се мажи, а 4 се жени. Најголем број од нив се на возраст од 31 до 38 години – 10 сторители, 6 се на возраст од 19 до 27 години, 3 се на возраст од 42-49 години и по 1 на возраст од 18 и 60 години. Најголем број од нив, кривичните дела ги сториле во својство на сопственици на угостителски објекти- 8 сторители, нивнивработени – 4, пријателки – 4, роднини - 2, родители – 2, еден такси-возач, наводен „сопруг” и членови на неговото семејство.[401]

Сопствениците на угостителски објекти се извршители на седум од откриените кривични дела (на подрачје на Тетово - 6 и Гевгелија - 1), кои заедно со вработените во угостителските објекти и нивните пријателки, вршеле трудова или сексуална експлоатација на осум малолетнички на возраст од 14 до 17 години. Овие жртви, како награда за тоа што работеле како танчерки, келнерки и придружнички на гостите во угостителските објекти од сопствениците добивале процент од испиените коктели, а доколку одбивале да работат биле физички малтретирани.[402]

Во два случаи, како сторители се јавуваат родители на жртвите, кои ги препродавале и овозможиле сексуално експлоатирање на три малолетни жртви на возраст од 8, 10 и 12 години. Во едниот случај, родителот овозможил осумгодишното девојче да биде сексуално злоупотребено од такси возач со кој се превезувале, кој го злоупотребувал и 10-годишното девојче, додека во другиот случај, татко си ја продал 12-годишната ќерка да работи во угостителски објект на тетовското подрачје. [403]

Во последниот случај на „трговија со луѓе”, жртва е 15-годишно девојче од Кавадарци, кое уште на 13-годишна возраст, од страна на пријавените кои ја искористиле тешката финансиска состојба на семејството и со родителите договориле венчавка со роднина на еден од пријавените, било однесено во Србија, каде била физички малтретирана и принудувана да врши кражби, а не и била дозволена телефонска комуникација со родителите. По кратко време, пријавените истата

---

[401] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2008), стр.5
[402]Ибид
[403]Ибид

илегално ја однеле во Италија, а потоа и во Франција каде повторно била трудово и сексуално експлоатирана од наводниот сопруг и неговите родители, била ангажирана да работи во кафеана и да дава сексуални услуги на клиенти (за износ од 300 до 500 евра), а воедно и да врши кражби во куќи. Откако девојчето успеало телефонски да го извести семејството за фактичката состојба, случајот бил пријавен во полиција од страна на нејзината мајка.[404]

Во 2009 година, откриени се 15 сторители на 7 кривични дела од членот 418 - г.

Една година подоцна, во 2010 година, откриени се 12 сторители на 3 дела. Сите лица се македонски државјани. Дел од нив се сопственици на угостителски објекти, дел се такси возачи, бизнисмени, а дел се невработени, а еден сторител по занимање е полициски службеник.

2011 година е годината во која се откриени најголем број сторители откако постои оваа инкриминација и тоа дури 28. Оваа година во однос на внатрешната трговија со малолетни лица, значајно за напоменување е дека се откриени две криминални групи и тоа:

1) седумчлена организирана криминална група која вршела сексуална експлоатација по пат на проституција на три малолетни девојки во изнајмен стан во Скопје, нудејќи ги жртвите на клиенти за сексуални услуги за паричен надомест од 1.500 до 3.000 денари; и

2) петчлена група чии членови ја злоупотребиле лошата состојба на малолетно немоќно лице кои со лажно ветување и измама ја сместиле во куќа во Гостивар и со сериозна закана и употреба на физичка сила трудово и сексуално ја експлоатирале.[405]

Во 2012 година, откриени се двајца сторители на кривично дело „трговија со малолетно лице„ , за едно кривично дело.

Очигледно е дека сторители и на кривичното дело од чл.418 – г ги следат трендовите на оние од чл.418 – а. Имено, поголемиот дел од нив се припадници на посилниот пол, поголемиот дел се на возраст до 37 години, а нивно најчесто занимање е сопственик на угостителски објект.

[404] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2008), стр.5

[405] Национален Известувач. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2011). стр.6

## 1.2. Личноста на жртвата на трговијата со луѓе и нејзините карактеристики

Развојот на терминот жртва отсекогаш бил поврзан со процесот на жртвување во кој жртвите често биле женски лица. Врските меѓу овој збор и припадноста кон женскиот пол наметнува мислење дека пасивноста и слабоста се поврзани со терминот жртва, а на таков начин се поврзани и со среќата да се биде жена. Оваа врска и денес е проблематична за припадничките на феминистичките движења, кои го користат зборот преживеана.[406]

Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (United Nations Office on Drugs and Crime) констатира дека, пред се, во последната декада, трговијата со луѓе достигнала карактеристики на епидемија. Развивајќи се со голема брзина, овој феномен не остави ниту една земја надвор од нејзиниот лавиринт. Проценките на жртви на овој криминалитет се движат од околу 700 000 луѓе на светско ниво, и тоа пред се жртви на трговијата со луѓе заради присилна работа и сексуална експлоатација секоја година. 80% од оваа бројка се лица од женски пол тргувани преку меѓународни граници, а 70% од нив се тргувани заради сексуална експлоатација.[407] За разлика од пресметките на УНОДЦ (UNODC) и Стејт Департментот на САД (US State Department), Меѓународната Организација за работа (International Labor Organization – ILO) користејќи ја дефиницијата од Протоколот од Палермо за 2009 година дава бројка од 2 450 000 лица кои се наоѓаат во некој од видовите ропски однос.[408]

Концептот на ризик од виктимизација се поврзува со можноста одредено лице да стане жртва на кривично дело и е поврзано со предвидувањата за потенцијална повреда. Со негова употреба можат да се донесат заклучоци со помош на статистички анализи за групите кои би биле ранливи пред одреден вид кривично дело. Сепак, ваквите прогнози не секогаш се поврзани со посебните карактеристики на една потенцијална жртва или со интеракцијата и односите меѓу жртвата и сторителот.[409]

---

[406] Sandra Walklate, *Criminology: The Basics*, (London – New York: Routledge, 2005), p.98

[407] Lara Fergus, *Trafficking in Women for Sexual Exploitation.*(Melbourne: Australian Centre for the Study of Sexual Assault, 2005), p.1

[408] United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *The Globalization of Crime: A Transnational Organized Crime Threat Assessment.* (Vienna: UNODC, 2010), p.39

[409] Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година.* Магистерска теза. 2011. стр.121

**_Табела бр.21_**

**_Пол на жртвите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година_**

| Година | Вкупен број на жртви | Мажи | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 2002 | 41 | / | / |
| 2003 | 132 | / | / |
| 2004 | 17 | / | / |
| 2005 | 6 | / | / |
| 2006 | 4 | / | / |
| 2007 | 6 | / | / |
| 2008 | 1 | / | / |
| 2009 | 1 | 1 | 100 |
| 2010 | / | / | / |
| 2011 | 2 | / | / |
| 2012 | 3 | 2 | 25 |
| Вкупно | 213 | 3 | 1.4 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Податоците кои се однесуваат на жртвите, исто како и тие кога станува збор за сторителите на ова кривично дело, иако станува збор за многу понизок број, сепак се поклопуваат со тие кои се однесуваат на светските трендови на трговијата со луѓе. Најголемиот број жртви се лица од женски пол, додека лица од машки пол се среќаваат само во текот на две од 11 години кои се анализираат. Ваквата состојба е одраз на фактот што најчеста трговија со луѓе на овие простори е таа заради сексуална експлоатација, а во тој случај, најчести жртви се тие од женски пол. Во случаите кога експлоатацијата е чисто трудова, кај жртвите се јавуваат и лица од машки пол.

**_Табела бр.22_**

**_Возраст на жртвите на к.д. трговија со луѓе_**

**_(процентуално учество на малолетните жртви)_**

**_во периодот 2002 - 2012 година_**

| Година | Вкупно жртви на к.д. 418 - а | Малолетни | Процент |
|---|---|---|---|
| 2002 | 41 | 6 | 14.6 |
| 2003 | 132 | 24 | 18.2 |
| 2004 | 17 | 3 | 17.6 |
| 2005 | 6 | / | / |
| 2006 | 4 | 1 | 25 |
| 2007 | 6 | 3 | 50 |
| 2008 | 1 | 1 | 100 |
| 2009 | 1 | / | / |
| 2010 | / | / | / |
| 2011 | 2 | / | 75 |
| 2012 | 3 | / | 62.5 |
| Вкупно | 213 | 38 | 21.9 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

На почетокот од периодот кој го истражуваме, полнолетните жртви се тие кои учествуваат во најголем процент во бројот на откриени жртви, меѓутоа подоцна, пред се од 2008 година па се до денес, иако од табелата бр.21 не може да се забележи бројот на малолетни жртви, поради одделувањето на кривичните дела кога жртвата е полнолетна и кога е малолетна, нивниот број е значително опаднат и помал во однос на бројот на малолетните жртви.

***Табела бр.23***

***Државјанство на жртвите на к.д. трговија со луѓе во периодот 2002 - 2012 година***

| Година | Вкупно жртви на к.д. 418 - а | Македонија | Молдавија | Косово | Албанија | Романија | Украина<br>Белорусија (2003г) | Бугаија<br>БиХ (2003г) | Русија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 41 | 1 | 6 | / | / | 12 | 19 | 2 | 1 |
| 2003 | 132 | / | 51 | / | / | 56 | 10 | 15 | / |
| 2004 | 17 | 6 | 4 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | / |
| 2005 | 6 | 3 | 1 | / | 2 | / | / | / | / |
| 2006 | 4 | 3 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| 2007 | 6 | 6 | / | / | / | / | / | / | / |
| 2008 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| 2009 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| 2010 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 2011 | 2 | / | / | / | 1 | / | / | 1 | / |
| 2012 | 3 | / | / | / | 2 | / | / | 1 | / |
| Вкупно | 213 | 21 | 63 | 2 | 7 | 69 | 30 | 20 | 1 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Тргнувајќи од менувањето на начинот на извршувањето на делото на територијата на нашата земја, односно преминот од транснационална трговија со луѓе кон внатрешна трговија со луѓе, исто и државјанството кое го поседуваат жртвите низ годините на истражување, преминува од државјанство на некоја соседна или подалечна европска земја, кон државјанство на Република Македонија.

Во периодот до 2004 година доминираат странските жртви, за потоа се уште да се среќаваат, но со значително понизок број на учество. По 2006 година, бројот што се зголемува е тој на домашните жртви, меѓутоа пред се тој на малолетни домашни жртви.

*Табела бр.24*

***Возраст на жртвите на к.д. трговија со малолетно лице***

***во периодот 2008 - 2012 година***

| Година | Вкупно жртви на к.д. 418 - г | 1 – 7 години | 8 – 14 години | 14 – 17 години |
|---|---|---|---|---|
| 2008[410] | 11 | / | 4 | 7 |
| 2009[411] | 7 | / | / | 7 |
| 2010[412] | 5 | / | / | 5 |

[410]Во сите случаи, повеќето од жртвите, од страна на сопственици на угостителски објекти биле трудово експлоатирани, односно работеле како келнерки, танчерки или придружнички на гости, четири од нив биле и сексуално експлоатирани и физички малтретирани, во еден случај, две од жртвите биле сексуално експлоатирани со знаење на родителот, додека во последниот реализиран случај, девојчето, откако било однесено во странство, било трудово и сексуално експлоатирано и физички малтретирано од„водниот" сопруг и негови роднини.(Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2008), стр.5)

[411] Најчести елементи на експлоатацијата на сите жртви се склучување на присилни бракови, како и трудовата експлоатација во угостителски објекти,но има и комбинација од истиве елементи и со питачење и сексуална експлоатација. (Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2009), стр.5)

[412]**Случај бр.1** - Организаторот со закана и употреба на физичка сила им ги одзел мобилните телефони ги довел во потчинета состојба и состојба на немоќ и организирал двете малолетни жртви да бидат преземени од лице (посредник) од Гостивар, со цел жртвите да даваат сексуални услуги за пари кои преку посредникот ќе му бидат исплаќани на организаторот. Организаторот преку посредникот од Гостивар (кој бил задолжен за чување, транспорт и сместување на девојките) обезбедил лица за користење на сексуалните услуги за паричен надоместок од 2000 – 3000 денари.

Во еден наврат посредникот, а со претходен договор со организаторот, овозможува користење на сексуалните услуги од жртвите во временски период од 3 дена на едно лице, кое лице истовремено овозможувало користење на сексуални услуги и на други лица за парична надомест од 30000 денари. Сексуалните услуги од страна на жртвите биле давани во хотели, мотели, приватни куќи и ПМВ, а секогаш траспортирани и контролирани од страна на посредникот кој ги земал паричните средства од корисниците на услугите и ги предавал на организаторот.

**Случај бр.2 -** Двете малолетни жртви поради лошата економска состојба на семејството од страна на посредници биле регрутирани, доведени во заблуда дека можат легално да бидат вработени во угостителски објект со што ќе се стекнат со материјална корист. Сторителите (сопственици на УО) иако знаеле дека двете девојки се малолетни ги прифатиле, засолниле, сместиле и трудово ги експлоатирале малолетните жртви во континуитет од 3 недели, на тој начин што ги довеле во заблуда дека се легално вработени во УО. Од страна на сторителите на жртвите им било обезбедено сместување и храна во соба лоцирана во близина на УО. Малолетните жртви откако биле прифатени и работно ангажирани (работно време од 20.00-04.00 часот) во УО од страна на сторителите, работеле како келнерки и придружнички на масите со муштериите каде биле должни-обврзани да пијат коктели со цел обезбедување на поголема парична заработка за пријавените

**Случај бр.3** - Малолетната-жртва поради економска немоќ на нејзиното семејство избегала од дома со цел да најде работа во угостителски објект на подрачјето на Западна Македонија при што неможејќи да најде работа и сместување остварува средба со лицето-регрутер (кој го познава од порано) кој со измама и доведување во заблуда и овозможува сместување во куќа на неговата сестра (сторител на КД- женско лице). Сторителот-експлоататор ја прифаќа и сместува малолетната-жртва во куќа каде истата живее под кирија, а со употреба на вербални и физички напади ја доведува во состојба на немоќ, со цел давање на сексуални услуги на лица-клиенти кои ги обезбедувала истата, а заради стекнување на противправна имотна корист. Паричните средства ги земал сторителот-експлоататор, а истите биле во висина од 2500-6000 денари.Доколку малолетната-жртва одбиела да даде сексуални услуги на клиентот од страна на сторителот-експлоататор била физички малтретирана и тепана, врзувана (со леплива лента) или држена под присила додека клиентот ги користел сексуалните услуги од малолетната-жртва. Во еден наврат за сума од 6000 денари сторителот-експлоататор овозможува користење на сексуалните услуги од малолетната-жртва во временски период од 3 дена на едно лице, кое лице истовремено овозможувало користење на сексуални услуги и на други лица.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 6 | / | / | 6 |
| 2012 | 5 | / | / | 5 |
| Вкупно | 34 | / | 4 | 30 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

***Табела бр.25***

***Државјанство на жртвите на к.д. трговија со малолетно лице***

***во периодот 2008 - 2012 година***

| Година | Вкупно жртви на к.д. 418 - г | Република Македонија | Процент (%) | Други | Процент (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 11 | 11 | 100 | / | / |
| 2009 | 7 | 6 | 85.7 | 1 | 14.3 |
| 2010 | 5 | 5 | 100 | / | / |
| 2011 | 6 | 4 | 66.7 | 2 | 33.3 |
| 2012 | 5 | 5 | / | / | / |
| Вкупно | 34 | 91.2 | 64.7 | 3 | 8.8 |

Извор: Министерство за внатрешни работи - Сектор за аналитика, истражување и документирање

Во однос на возраста на малолетните жртви идентификувани како такви со откривањето на кривични дела од чл.418-г од Кривичниот Законик на Република Македонија, најголемиот број се лица на возраст помеѓу 15 и 17 години и тоа државјани на Република Македонија.

Високо ризична група остануваат деца на возраст од 13 - 18 години, од сиромашни и дисфункционални семејства, непридружувани малолетни лица, но и децата кои останале без родителска грижа. Карактеристично присутни се социо-економски проблеми, семејно насилство, присуство на повеке социјално - патолошки појави во кои се вклучени и самите деца (принудна проституција, питачење како вид на принудна работа особено на деца од ромската етничка заедница, кои живеат и работат на улица, нивна принуда во вршење на кривични дела, скитање, асоцијално однесување). Ризична група се и деца со слаб успех во училиште или почесто прекинат образовен процес.[413]

Малолетничките од ромска заедница се исто така ризична група поради традиционалното / обичајното право да „склучуваат брак“ на рана возраст, заминувајќи во западно европските земји каде лесно стануваат жртви на трговија со луѓе преку

Сексуалните услуги од страна на жртвата биле давани во куќата каде била сместена жртвата и приватни куќи, а секогаш траспортирани и контролирани од страна на сторителот-експлоататор кој и ги земал паричните средства од корисниците на услугите. (Извештај на Националниот Известувач за трговија со луѓе за 2010)

[413] Национален Известувач. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2012). стр.13

измамени или принудни бракови. Може да се истакне дека полнолетните невработени лица со ниско или без образование, на возраст помеѓу 18-33 години прифаќаат работа во земјава или во странство преку посредници при тоа недоволно се информирани за условите за работа и стануваат жртви на трудова експлоатација и спаѓаат во категорија на лица со можни ризици.[414]

## 2. Метод на профилирање

Како огледало за моралниот карактер, фразата "Џекил и Хајд" (Jekyll and Hyde), е насекаде прифатена за објаснување на темната страна на човекот, која е скриена некаде во него.[415] Профилирањето како метод преку употреба на најразлични алатки ги поврзува фактите од местото на кривичниот настан, карактеристиките на сторителот и жртвата, modus operandi и потоа гради профил на можниот сторител, но и на неговите идни, можни жртви.

### 2.1. Краток историски преглед на употребата на профилирањето

Историски, првичната документирана употреба на профилирањето датира уште од периодот на Римската Империја, поточно во периодот на владеењето на императорот Калигула. Имено, Апион, анти - Семит кој живеел и творел во Александрија, лажно ги пријавил Евреите кај Императорот, притоа обвинувајќи ги дека се одговорни за ритуални убиства и канибализам.

Понатаму, еден од постарите примери е тој кога Хомер го опишува ликот на Терзеј во неговата Илијада како грд и погрешно граден, чиј карактер бил индикација за неговата криминална диспозиција.[416]

Античкиот филозоф Платон исто така во Hippias Major сугерирал дека грдоста е знак за онтолошки имперфекции и дефицит на рационалност.[417]

Исто така, во периодот на Средновековна Англија, профилирањето се користело при ударот врз Евреите кои биле обвинети за ритуални убиства (blood libel). Па, доколку се случело некакво кривично дело, сторителите се барале врз основа на претходно изграден профил:

[414] Национален Известувач. *Годишен Извештај.* (Скопје, 2012). стр.14
[415] Don Jacobs. *Analyzing Criminal Minds: Forensic Investigative Science for the 21st Century.* (Santa Barbara-Denver-Oxford: Praeger, 2011), p.15
[416] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and Practice.* (Totowa: Humana Press, 2006), p.3
[417] Ibid

- Убиен е млад Христијанин;
- Во близина на местото на настанот постои Еврејска заедница;
- Лицето исчезнува за време или пред Пасха;
- Лицето на телото има повреди кои наликуваат како да се резултат на ритуал;
- Лицето има изгубено доста крв или изгледа така.[418]

Покрај во организираните напади врз Евреите, профилирањето низ годините се сретнува и во периодот на Средновековната Инквизиција, како и за време на Шпанската Инквизиција. Првата беше резултат на потребата на Католичка Црква да се справи со вештерките и останатите еретици, додека втората својата цел ја постави во гонењето на Муслиманите и Евреите, како и останатите не - Христијани. И во двата случаи лицата кои се гонеле биле “бирани” врз основа на претходно поставен профил:

- лицата на телото имаат точка, лузна или некој знак од раѓање, понекогаш на гениталиите и невидлив за очите на Инквизиторот (овој знак бил наречен знак на ѓаволот);
- живеат сами;
- имаат домашни миленици (демон во животинска форма);
- имаат симптоми како и болните од психичи болести;
- одгледуваат медицински растенија;
- немаат деца.[419]

Во однос на местото на профилирањето како модерен метод, првите чекори би требало да се бараат во криминологијата, која е науката која се занимава со феноменологијата, но и етиологијата на криминалот.

Тука, прво би го спомenале Чезаре Ломброзо (Cezare Lombroso) кој врз основа на испитувањата кои ги вршел врз 383 италијански затвореници заклучил дека постојат три вида криминалци: родени злосторници, луди злосторници и криминалоиди. Тој изградил листа од 18 физички карактеристики кои се среќаваат кај родените злосторници, а човек е роден злосторник, доколку поседува барем 5 од нив.

На почетокот на XX век, профилирањето се поврзува со Сер Артур Конан Дојл (Sir Arthur Conan Doyle) кој го изградил ликот на детективот Шерлок Холмс (Sherlock

[418] Brent E.Turvey. *Criminal Profiling: An Introduction to Behavioral Evidence Analysis.* (New York - London: Academic Press, 2012), p.7
[419] Brent E.Turvey. *Criminal Profiling: An Introduction to Behavioral Evidence Analysis.* (New York - London: Academic Press, 2012), p.9

Holmes), лик кој низ неговите новели случаите ги решавал со помош на овој метод. Но, најраната употреба на методот на профилирање заради поврзување на однесувањето со карактерот е поврзана со периодот на владеењето на кралицата Викторија во Англија. Имено, во овој период најпрепознатлив пример е профилирањето на еден од најпознатите и најраните сериски убијци Џек Мевосек (Jack the Ripper). Д-р Бонд (Dr. Bond) користејќи ги своите способности и трагите кои биле пронајдени на местата на кривичните дела ги опишал главните карактеристики на можниот сторител, како што се возраста, полот, професијата, однесувањето, стилот на облекување и можните ментални проблеми.[420] Во неговиот извештај било пишано дека убиецот бил маж со голема физичка сила. Не постоеле докази дека имало некој кој му помагал. Тоа бил човек кој од време на време бил под периодични напади на убиствена и еротична манија. Повредите кои биле пронајдени на телата на жртвите укажувале дека можно е да станува збор за лице кое пати од сатијаризам. Надворешно, човекот изгледал како тивок, ненападен во средна возраст и нормално, респектабилно облечен. Би требало да има навика да носи и палто, бидејќи со крвта на неговите раце и облека сигурно не би можел без проблем да се движи по улиците. Изгледа живее во близина на почитувани луѓе кои го знаат неговиот карактер и понекогаш се наоѓаат во ситуација да се сомневаат дека тој психички не е во ред.[421]

Знаејќи го периодот на Втората Светска Војна и интересот кој го предизвикувал Хитлер, би го спомenале и профилот кој го изградил Др.Волтер Лангер (Dr.Walter Langer). Така, во 1943 година Др.Лангер изработил профил на Адолф Хитлер во кој именувал повеќе можни реакции во случај на пораз, но го нагласил самоубиството како потенцијално најдобро решение. Хитлер бил опишан како антисоцијална индивидуа која своите лични чувства на нееднаквост и гадење ги проектирала на Евреите.

Историскиот осврт на профилирањето јасно укажува на фактот дека овој метод не е нешто ново и дека постоел уште одамна. Можеби на почетокот тој не бил користен за откривање на сторителите на кривични дела, но подоцна сепак го нашол вистинското место и ја исполнил целта на своето постоење.

[420] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and Practice.* (Totowa: Humana Press, 2006), p.4

[421] Scotia J.Hicks, Bruce D.Sales. *Criminal Profiling: Developing an effective Science and Practice.* (Washington: American Psychological Association, 2002), p.6

## 2.2. Поим на профилирањето

Криминалистичкото профилирање, како што и претходно споменавме, е метод за создавање профил на сторителот / сторителите на кривичното дело. Историскиот осврт покажа дека овој метод, можеби не во модернава форма, сепак се појавува уште од античко време.

Профилирањето подразбира создавање верзија за можниот сторител базирана врз информации кои потекнуваат од контекстот на кривичното дело, со цел во рамките на актуелните полициски обработки да го олесни пронаоѓањето на осомничениот или да состави листа на можни сторители.[422]

Криминалистичкото профилирање вклучува "колекција на насоки" и "биолошка скица на шеми, трендови и тенденции на однесување." Малку подетален опис на методот вклучува *форензичка техника која на истражните агенции им обезбедува информации кои би им помогнале да се фокусираат на индивидуите чии карактерни црти се паралелни на цртите на други сторители кои извршиле слични кривични дела.*[423]

*Процесот на идентификување на карактерните црти, тенденции на однесување и демографски варијабли на еден сторител базирани на карактеристиките на едно кривично дело.*[424]

Поновите описи на профилирањето него го дефинираат како *процес за идентификување на карактерните црти, тенденциите на однесување, географските локации и демографските или биолошките особини на сторителот базирани врз карактеристиките на кривичното дело. ...обид да им се обезбедат повеќе информации на инспекторите за сериски убиец кој се уште не е идентификуван.*[425]

Профилирањето на личноста на сторителот е технички констатирана особина на личноста и модел на однесување на непозната личност врз основа на анализа на кривичното дело, што треба да се индивидуализира. Тоа се состои од пронаоѓање и констатирање на особините на однесување поврзани за непознатиот сторител, што се доволно сигнификантни (карактеристички, значајни) за личноста која го извршила делото и јасно може да се разликува од другите луѓе.[426]

---

[422] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Соларис Принт: Скопје, 2009), стр.164 - 165
[423] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and Practice.* (Totowa: Humana Press, 2006), p.1
[424] Ibid, p.2
[425] Ibid
[426] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Соларис Принт: Скопје, 2009), стр.165

Конструкцијата од карактеристики поврзани со однесувањето - социјална и психолошка проценка - е базирана врз мислењето дека точната интерпретација на местото на кривичниот настан може да даде индиции за типот на личноста/ите која/кои го извршила/е кривичното дело. Човечката акција е *изразување на индивидуалната структура на личноста во рамките на конкретната рамка на просторот и времето*. Па, така профилирањето е обид да се генерира шема во согласност со личноста, и се темели на принципот дека карактерните црти можат да бидат забележани на местото на настанот, за потоа да бидат искористени за да предвидат други дејствија.[427]

Производот на профилирањето е изградениот профил на непознатиот сторител по кој истрагата се насочува кон одредена група луѓе.

Теоријата за цртите на личноста смета дека човечкото однесување е предвидливо и постојано, иако постојат и такви кои сметаат дека личноста на одреден човек не е добар предвесник на начинот на однесување во одредена ситуација. Тие сметаат дека фундаменталната грешка треба да се бара во анализата на однесувањето единствено како резултат на внатрешните диспозиции, додека влијанието на ситуацијата во моментот на извршување на кривичното дело се игнорира.[428]

Криминалистичкото профилирање преку својата структура и анализа дава одговори на три првични прашања, кои потоа резултираат со изградба на профилот на можниот сторител. Прашањата се однесуваат на тоа што се случило на местото на кривичниот настан, која е причината за тие случувања, и кој тип на личност би го сторил сето тоа. Самите одговори се поврзуваат со слични кривични дела кои веќе се случиле, статистички податоци добиени од слични случаи, како и со знаења добиени како резултат на многубројни истражувања со употреба на клиничкиот метод, и практична работа и искуство.

Всушност, профилите на сторителите кои се резултат на методот на профилирање ги содржат следните информации кои се поврзуваат со можниот сторител:

- демографски карактеристики, како што се возраст и пол;
- историја на претходни екцесни дејствија, т.е. извршени кривични дела;
- професионална определба / занимање;
- семејни карактеристики;

[427] D.Kim Rosmo. *Geographig profiling.* (Boca Raton - London - New York - Washington: CRC Press, 2000), p.90
[428] Ibid

- навики и социјални интереси;
- начин на транспорт (тип на возило, доколку го имало);
- карактеристики на личноста.[429]

***Шематски приказ бр.14***

***Процесот на криминалистичка анализа и утврдување на профил на сторителот на кривичното дело***




[429] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and Practice.* (Totowa: Humana Press, 2006), p.4

## 2.3. Видови на профилирање

Во зависност од појдовната точка во процесот на профилирањето, покрај алтернативните методи за кои ќе стане збор во понатамошниот дел од текстот, разликуваме два основни видови на профилирање. Појдовната точка тргнува или од општо кон посебно (дедукција) или од посебно кон општо (индукција), па така разликуваме практично - дедуктивно и научно - индуктивно утврдување на профилот на сторителот на кривични дела.

Појдовна точка за профилирањето секогаш е едно конкретно, се уште неразјаснето кривично дело. Врз основа на информациите кои се собрани од лице место (записници од увидот, вештачења, фотографии итн.), деталната анализа на виктимолошкиот однос и други информации кои се на располагање (искази на сведоци), со примена на криминалистичка, криминолошка и психолошка анализа (врз основа на искуствата и теоријата на повисоко и пониско ниво), се изработува фантом слика на непознат извршител или личен тип по кој треба да се трага.[430]

**Дедуктивното профилирање** е успешно единствено во случаите кога сите тангирани страни работат заеднички, анализираат и своите заклучоци ги темелат врз употребата на многуте научни дисциплини. Иако, многумина го напаѓаат и го квалификуваат како метод кој не се заснова врз научни основи, сепак неговата контрибуција при успешното заокружување на истрагите е неспорен факт.[431]

Всушност, дедуктивното размислување е дизајнирано на начин преку една точна претпоставка да не одведе до друга и друга, па се така до заклучокот. Ако премисите се точни тогаш не постои ни најмала можност заклучокот да е погрешен.

Профилот на сторителот на кривичното дело кој е производ на ваквиот вид на криминалистичко профилирање во ниту еден момент не е статична категорија. Неговите заклучоци треба постојано да бидат разгледувани и дополнувани со нови факти, нови физички докази, доколку ги има, користење на новините во технологијата. Можноста за променливост на крајните продукти од дедукцијата се резултат на нејзините карактеристики како метод кој функционира врз основа на веќе поставените закони и принципи, а не е резултат на самиот процес.

Вториот вид на криминалистичкото профилирање кој го носи епитетот основен е индуктивниот, уште познат и како научно - индуктивен метод. Станува збор за

[430] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Соларис Принт: Скопје, 2009), стр.173
[431] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and Practice.* (Totowa: Humana Press, 2006), p.4

процес кој се заснова врз статистичките податоци за одреден вид кривични дела, а од нив преку индуктивното анализирање резултира со поставување профил за сторителот на конкретното кривично дело.

Индуктивните аргументи водат кон поставување хипотези кои се јавуваат во неколку различни форми. Сепак, два типа на индуктивни аргументи се најчесто користени кога станува збор за профилирањето. Првиот е индуктивната генерализација, при чие користење заклучокот се донесува со набљудување на еден, конкретен случај или индивидуа или мал број настани или индивидуи. Другиот вид на индуктивниот тип на криминалистичко профилирање е статистичкиот аргумент, кој вид се темели врз статистичките бројки и заклучоците од нив.

Процесот на анализа кај индуктивното криминалистичко профилирање е поделен на шест фази, кои меѓусебно се тесно поврзани и без постоењето или завршувањето на претходната, следната не може да постои, т.е. започне.

Прикажан низ фази, целокупниот процес би изгледал вака:

- Собирање информации;
- Примена на научни инструменти за обработка на собраните податоци од првата фаза;
- Споредба и вреднување на податоците;
- Статистичка обработка и валидност на податоците;
- Формирање профил на определената категорија сторители на кривични дела;
- Проверка и усогласување на емпириски профили на сторителот низ идни случаи кои се појавуваат во практиката.[432]

[432] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Соларис Принт: Скопје, 2009), стр.175

***Шематски приказ бр.15***

***Изглед на процесот на научно - индуктивно профилирање***




## 2.4. Профили на сторителите и жртвите на кривичното дело трговија со луѓе

**<u>Профил на сторител на трговија со луѓе</u>**

**Пол:** машки;

**Возраст:** 18-35 години;

**Државјанство:** Република Македонија;

**Етничка припадност:** Албанец/Македонец;

**Образование:** основно / средно образование;

**Професија:** сопственик на угостителски објект/неодредено занимање;

**Криминално минато:** сторители на други кривични дела;

**Организирано извршување на делото.**

**<u>Профил на жртва на трговија со луѓе</u>**

**Пол:** женски;

**Возраст:** 7 - 30 години;

**Државјанство:** Република Македонија/странски државјани;

**Образование:** основно/средно образование;

**Професија:** без професија.

Вака изработени, и двата профила во однос на карактеристиките кои се заеднички за територијата на сите континенти го следат трендот на трговијата со луѓе.

Во однос на останатите карактеристики, целосно одговараат на моменталните случувања на Балканскиот Полуостров, а со тоа и во Република Македонија.

Токму затоа, почнувајќи од 2002 година, па се до 2012, карактеристиките флуктуираат и се менуваат заедно со промените во општествените односи и промените во однос на начинот на извршување на делото.

***Шематски приказ бр.16*** [433]

***Таргетирање на жртвите на трговијата со луѓе: субпопулации и популации каде се таргетираат жртвите на трговијата со луѓе***




## 3. Географско профилирање

Почетоците на географското профилирање се поврзани со средината на XIX век, пред се во работата на Андре Мишел Гуери (Andre-Michel Guerry) и Ламберт Адолф Квителет (Lambert-Adolphe Quetelet), кои на национална база изработувале географски мапи на кои ги бележеле кривичните дела на насилство и имотните кривични дела и притоа се обидувале да најдат врска меѓу нив и сиромаштијата.[434]

Станува збор за техника која се користи при истрагата преку која се анализираат поврзани кривични дела со нивните локации на извршување за како резултат да може да се добие местото на престојување / живеење на сторителот на кривичните дела.

[433] Guri Tyldum,. Anette Brunovskis. „Describing the Unobserved: Methodological Challenges in Empirical Studies on Human Trafficking“ *International Migration Vol.43 Issue 1-2 (2005)*: 23
[434] Kim Rossmo. *Geographical Profiling* (Boca Raton: CRC Press, 2000), p.117

Според начинот на кој профилирањето функционира воопшто, денес како забелешка доаѓа дискусијата според која тоа би можело да се подобри, доколку карактеристиките на кривичното дело, на сторителот и географските околности бидат земени во обзир.[435] Тоа е млада криминалистичка дисциплина формирана во англосаксонските научни области на полициски истражувања, кои се темелат врз утврдувањето на врската меѓу просторниот распоред на извршените кривични дела и психолошкиот модел на однесување на поединечни типови криминалци, што се однесува, пред се, на селекција на жртвата и избор на локација - место за остварување на криминалниот напад. [436]

Всушност, географското профилирање врзува седум различни области, за резултатот да биде локацијата која е предмет на истражување. Областите се поврзано со:

- Сторителот - типологија;
- Жртвата - виктимологија;
- Средината - соседството, теренот, ситуацијата;
- Сторителот / целта - профилот на потенцијалните жртви;
- Сторителот / средината - транспортот, менталната мапа на сторителот и просторот во кој активно функционира, просторот каде ги “лови” своите жртви;
- Целта / средината - местото каде е целта, животот во соседството, местото каде би ја сретнал жртвата; и
- Сторителот / жртвата / средината - кривичното дело и местото на кривичниот настан.[437]

[435] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: International Theory.* (Totowa: Humana Press, 2007), p.347
[436] Гоце Џуклески. *Вовед во криминалистиката.* (Скопје: Соларис Принт, 2009), стр.180
[437] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: International Theory.* (Totowa: Humana Press, 2007), p.132-133

***Шематски приказ бр.17***

***Односот на трите страни директно поврзани со кривичното дело[438]***




Географското профилирање се фокусира на утврдување на "можното просторно однесување на сторителот / сторителите на кривичното дело во контекст со локациите на кривичните дела, и просторната врска меѓу поголем број кривични дела." Преку него се претпоставува дека локацијата каде сторителот / сторителите престојуваат, односно живеат, или пак им се познати, можат да бидат откриени со помош на географското профилирање.[439]

Иако, географското профилирање најчесто се користи при реактивниот вид на истраги, сепак неизбежно е да се спомене дека со се почестото користење на проактивната истрага, и употребата на овој вид профилирање е се поголем при предвидувањето на просторот каде би можело да се планира одреден вид на кривично дело. При проактивните истраги, географското профилирање би можело да се користи за добивање индикации околу местото каде криминална активност се одвива или би се одвивала, кои индикации се темелат врз информациите за профилот на потенцијалниот сторител.[440]

Во врска со трговијата со луѓе, географското профилирање би можело да се користи за предвидување на идните места каде најчесто би се вршело кривичното дело,

---

[438] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: International Theory.* (Totowa: Humana Press, 2007), p.132-133
[439] Brent E.Turvey. *Criminal Profiling: An Introduction to Behavioral Evidence Analysis.* (New York - London: Academic Press, 2012), p.87
[440] Richard N.Kocsis. *Criminal Profiling: Principles and practice.* (Human Press: Totowa, 2006), p.191-192

како и за анализирање на активностите на организираните криминални групи и поврзувањето на нивните дејствувања со одредена територија.

***Табела бр.26***

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Организациона единица | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со луѓе | трговија со малолетно | трговија со луѓе | трговија со малолетно | трговија со луѓе | трговија со малолетно | трговија со луѓе | трговија со малолетно | трговија со луѓе | трговија со малолетно |
| ЦСОСК | | | | | | 2 | 1 | 6 | | 7 | | 3 | | 4 | 3 | 1 |
| Куманово | 3 | | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| Струга | | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | |
| Струмица | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | | | | | | | |
| Охрид | 3 | 3 | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| Скопје | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | 1 | | |
| Тетово | 1 | 16 | 9 | 2 | 1 | | | 3 | | | | | | | | |
| Гостивар | 8 | 12 | 4 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| Валандово | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| Битола | | 4 | | | | | | | | | | | | | | |
| Кичево | | 1 | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| Вкупно | 18 | 42 | 19 | 4 | 3 | 3 | 1 | 9 | 1 | 7 | | 3 | 2 | 5 | 3 | 1 |

Податоците од табелата бр.26 не наведуваат на заклучок дека трговијата со луѓе најчесто се извршува на територијата на Полошкиот регион, односно во Тетово и Гостивар, како и во пограничниот реон на Струмица. И повторно, навраќајќи се кај криминалната ситуација, уште еднаш би заклучиле дека трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија е врзана територијално, односно најчесто се врши во места каде населението по етникум е албанско, но и во пограничните региони, односно градовите во близина на границата со Република Грција, пред се Гевгелија, како и градовите во близина на границата со Косово.

# ГЛАВА VI

# МЕТОДИКА НА ОТКРИВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 1. Модели на криминалистичките истраги преку кои може да се открие кривичното дело трговија со луѓе

Долго време во борбата со криминалот се користел т.н.реактивен пристап, кој се состои во преземање мерки и дејствија кои се пропишани со закон, со цел негово откривање, расветлување и докажување. Во таков вид на кривични и криминалистички процедури, централно не е поставено доаѓањето до сознанија дека едно кривично дело е извршено, туку акцентот се става на пронаоѓање докази неопходни за неговото процесуирање. Меѓутоа, експанзијата на организираниот криминал и т.н. консензуални деликти, доведе до тешкотии при доаѓањето до информации за конкретно кривично дело.[441] Иако постојат бројни индикатори за нивното извршување во одредено подрачје (на пример, експанзијата на бордели во кои се нудат сексуални услуги за пари, каде сексуалните работнички се најчесто странски државјанки, од неразвиени и сиромашни земји, е индикатор за постоење на трговијата со луѓе), директните сознанија за времето и местото на извршување на делото, сепак изостануваат, најчесто заради немањето пријава од страна на жртвата (оштетеното лице), како и заради високиот степен на организираност и професионалност на престапниците. Од друга страна, во однос на поединците и криминалните групи, постои сомнеж дека се бават со незаконски дејствија, односно дека носат одреден степен на опасност за поединци и општеството. Меѓутоа, не постојат сознанија за вршење на поединечни, конкретни кривични дела, така што реактивниот пристап на спротивставувањето на криминалот не може успешно да се искористи во борбата против нив. Токму заради тоа во последните години, се заговара се поголемото искористување на проактивниот пристап.[442]

Идентификувањето осомничени е секогаш една од првите препреки со кои се соочуваат органите на прогонот, затоа што софистицираните средства за тргување многу им ја отежнуваат работата да го откријат идентитетот на прекршителите на законот. Користењето пирамидални хиерархиски структури и создавањето

[441] Саша Мијалковиќ. и Дарко Маринковиќ. "Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима" *Безбедност бр.1 (2010): 46*

[442] Ибид. стр.46-47

“криминални ќелии или мрежи” кои дејствуваат во различни земји, од кои секоја со посебни функции, па го прават “мозокот на организацијата” речиси невидлив.[443]

Всушност, која од можните истраги ќе се користи најмногу зависи од главните цели на дејствијата и мерките кои треба да се преземат. Така, важно е да се знае дали главните цели се да се уништи мрежата, едноставно да се намали нејзиниот капацитет за вршење криминални дејствија, или пак да се оддели мрежата од нејзиниот апарат за поддршка кој егзистира во законскиот свет. Целите може да варираат од отежнување на амбиентот за работа на мрежата преку предизвикување на нестабилност во опкружувањето, па се до директни напади на самата мрежа, насочени кон нарушување на нејзините активности, дислокација или деградација на нејзините способности, па дури и нејзино целосно уништување.[444]

Истрагите кои ги преземаат органите на прогонот, начелно, се делат на:

- реактивни истраги;
- проактивни истраги;
- истраги кои имаат за цел спречување или прекин на одредени активности на извршителите на кривични дела; или познати и како дисруптивни истраги.

Сите три вида на истраги можат подеднакво ефикасно да се спроведуваат во земјите на потекло, транзит и дестинација на жртвите, низ сите фази и подфази на трговијата со луѓе, од што и зависи и можноста за прибавување на докази: во земјите на потекло можно е да се прибават докази кои се однесуваат на злосторничко здружување и регрутација на жртвите; во фазата на транспорт кога се минува низ земји на транзит, може да се дојде до докази за транспортот, нелегалното минување на границите; додека во земјите на дестинација се добиваат докази околу сместувањето на лицата, контролата врз нив и одржувањето на нивната покорност, експлоатацијата, финансиските трансакции; во фазата на елиминација, доколку постои, може да се дојде до податоци околу убиствата на жртвите, итн.[445]

---

[443] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* стр.200

[444] Ибид

[445] Саша Мијалковиќ. и Дарко Маринковиќ. “Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима” *Безбедност бр.1 (2010): 47*

## 1.1. Реактивна истрага кај трговијата со луѓе

Под терминот реактивна истрага вообичаено се подразбира истрага заснована на извештаи од страна на физички лица за извршени кривични дела, или заснована на откривање кривично дело или која било друга околност која доведува до полициски одговор и последователна истрага.[446] Реактивната истрага е истрага која тргнува од жртвата и не секогаш доведува до успешно кривично гонење на сторителите на кривичното дело. Потребата од брза интервенција не остава простор за проактивна истрага насочена кон добивање дополнителни докази. Резултатот би можел да е недостаток на докази врз кои би се темелела постапката. Исто така, може да се случи жртвите првично да прифатат да сведочат во текот на постапката, а потоа да ја повлечат согласноста за соработка.[447]

Оваа истрага е постапка што се презема како одговор на одредена кривично - правна ситуација која веќе настапила, со цел сведување на минимум на последиците, откривање на траги и доказен материјал заради правилно толкување на појавата од кривично - правен и оперативно - тактички аспект и делување во правец на постигнување на превентивно - репресивен ефект. Реактивни реакции се оние каде постои детекција од страна на органите за спроведување на законот, поплака од жртва или други околности. Во ваквите случаи, веднаш се презема полициска акција.[448]

Реактивноста на истрагата започнува во моментите кога се откриени лица кои нелегално ги минуваат државните граници или тоа го прават легално, меѓутоа со фалсификувани документи; кога жртвите би биле откриени преку граничната контрола; откривање на жртвите за време на транспортот во земјата на транзит; идентификација на жртва на трговијата со луѓе во случај на преземање на други оперативно тактички мерки; кога самата жртва (на некаков начин) успеала да избега и случајот да го пријави во полиција.

Сепак, анализирајќи го реактивниот начин на функционирање би заклучиле дека полицијата, кога станува збор за овој вид на работа, е зависна од собирањето, примањето, анализата, обработката и потоа примената на информациите. Токму заради

[446] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* стр.201

[447] Jana Arsovska. and Stef Janssens. “Policing & Human Trafficking” *Strategies of human trafficking: The role of security sector (2009)*: 179

[448] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.17

таа потреба од информации, пред се во случаите кога кривичното дело е дело поврзано со организираниот криминал, како што е трговијата со луѓе, проактивната истрага се јавува како најдобра можност да се дојде до нив пред кривичното дело да се случи, давајќи им можност на органите на прогонот да реагираат навреме.

### 1.2. Истрага за прекин или спречување на активностите на извршителите на кривичните дела

Истрагата со која се спречуваат или прекинуваат активностите на сторителите на одредено кривично дело или уште позната како дисруптивна истрага (англиски disrupt - прекинува) е истрага која тргнува од полицијата во случаите кога ниту една од останатите (проактивна или реактивна) не се можни. Тие се користат во случаите кога е потребно да се преземат тактички мерки за прекин на процесот на трговијата со луѓе и да се присилат сторителите да се откријат. Прекинот, како и да е, на крајот не овозможува решенија на подолг рок и единствено може да влијае врз преместување на забранетите дејствија на друга локација.[449] Исто така истите може да се преземаат и во случаите кога степенот на ризик по безбедноста на жртвата бара моментална интервенција која ја исклучува проактивната истрага, т.е. кога проактивната истрага не е погодна од оперативни или законски причини, или кога не е можно на друг начин да се спречи организираните криминални групи да делуваат во дотогашниот обем и дотогашните локации.[450]

Користењето на опција на прекинување може да биде соодветна поради мноштво на причини:

- Онаму каде што нивото на ризик за жртвите бара непосреден одговор, што ја исклучува проактивната операција;
- Онаму каде што проактивната опција не е ,,способна за живот" поради оперативни причини, на пример, ако географските и/или топографските карактеристики го прават набљудувањето врз целните простории да биде непрактично, или каде што е невозможно да се оствари тајна пенетрација во мрежата;
- Онаму каде што легислативата, процедурите или ресурсите ја исклучуваат употребата на проактивните методи;

[449] Jana Arsovska. and Stef Janssens. “Policing & Human Trafficking” *Strategies of human trafficking: The role of security sector (2009)*: 179

[450] Саша Мијалковиќ. и Дарко Маринковиќ. “Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима” *Безбедност бр.1 (2010): 47*

o Онаму каде што прекинливата опција обезбедува побрзо / поефикасно адресирање на конкретните жалби од локалните жители или други заинтересирани групи.[451]

## 1.3. Проактивната истрага кај трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе е бизнис кој најчесто вклучува амбивалентна (љубовна) врска меѓу жртвите и сторителите. Како резултат на тоа, жртвите најчесто се плашат да ги обвинат сторителите или не сакаат да го направат тоа, на пример, бидејќи не се чувствуваат виктимизирано или затоа што се обвинуваат себеси за ситуацијата во која се.[452]

Второ, трговијата со луѓе, за разлика од другите кривични дела, не е единствен, статичен "настан", туку повеќе е процес. Овој процес може да вклучува поголем број на сторители и места на кривичниот настан (низ повеќе јурисдикции), на крајот доведувајќи до експлоатација на жртвата.[453]

Понатаму, мрежите се последователно глобални и локални. Нивната способност да ја искористат својата интернационална мобилност со огромна брзина, нивната поврзаност со локалните владини структури им дава огромна предност пред националните и локалните власти кои се обидуваат да ги запрат. Нивниот опстанок зависи од способноста на мрежата да се реорганизира со помош на соработка и да ја прекине соработката со леснотија, заземањето нови пазари и тоа што секогаш се чекор понапред.[454]

Токму заради ваквите карактеристики на трговијата со луѓе и заради комплицираната психичка состојба во која се наоѓаат жртвите, како најдобра опција од претходно наведени видови истраги, се јавува проактивната истрага.

Дејствијата што се преземаат пред да настане одредена ситуација што претставува закана и што има за цел да ги спречи или да ги сведе на минимум

[451] International Centre for Migration Policy Development. *Прирачник за органите надлежни за примена на законите за борба против трговијата со луѓе.* (Виена: УНДП, 2008). стр.201

[452] Maite Verhoeven. and Barbra van Gestel. "Human trafficking and criminal investigation strategies in the Amsterdam Red Light District" *Trends of Organized Crime 14 (2011): 149*

[453] Ibid.p.150

[454] Џон Бејлис. Џејмс Вирц. Колин Греј. и Елиот Коен. *Стратегија во современиот свет.* (Скопје: Нампрес, 2009). стр.199

негативните последици, а е водена од разузнавачки информации и вклучува истрага во очекување дека ќе се преземе кривично гонење.[455]

Проактивната истрага е истрага базирана на разузнавање, истрага која тргнува од полицијата, која на крајот доведува до успешно гонење на сторителите, без потреба целосната структура на доказите да се потпира на изјавите на самите жртви. Преку употреба на разузнавање, надзор и прикриени операции и истражни техники, овластените службени лица можат да ги идентификуваат трговците и да осигураат успешна постапка. Широко распространетата употреба на овој вид истрага само потврдува со какви потешкотии се сретнува полицијата во случаите кога својата стратегија ја темели врз изјавите на жртвите.

Целта на систематскиот полициски мониторинг на организираниот криминал е, меѓу другото, да и овозможи на полицијата да развие свое сопствено оружје со кое ќе го нападне овој вид криминал, така што започнувањето истрага да не мора да чека известување од приватни лица за веќе извршени дела. Намерата е да се овозможи на полицијата, независно од евентуалните известувања од физички лица, да започне истраги против групи од организираниот криминал врз основа на нејзини информации и анализи.[456]

### 1.3.1. Криминалистичкото разузнавање како елемент на проактивната истрага

Криминалците ги сметаат жените и децата, дрогата, оружјето, како комерцијални производи кои треба да се регрутираат, транспортираат и експлоатираат за профит. Тие можат да го менуваат својот modus operandi, да ги избегнуваат рутите, својот идентитет и да се користат со бројни други тактики за да ги избегнат полициските служби. Сепак постои една карактеристика на овој вид криминал од која тие не можат да се одвојат - нивниот криминален бизнис мора да биде профитабилен, а за да го направат таков својот производ треба да го изнесат на пазарот.[457]

Проактивната истрага најчесто тргнува од т.н. Ахилова пета на трговците со луѓе, а тоа е рекламата (оглас, памфлет, потсетница на клуб, гласина) преку кои тие се појавуваат на пазарот. Криминалистичкиот работник мора да ги собере сите

[455] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.20
[456] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* стр.205
[457] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.28

разузнавачки информации за локацијата на криминални групи и жртви, што не е неможно, имајќи во предвид дека на таа локација се јавуваат и потенцијалните жртви и потенцијалните клиенти.[458]

И кај разузнавањето разликуваме реактивен и проактивен период, во зависност од моментот кога се преземаат одредени мерки и активности.

Реактивниот приод во дејствувањето на припадниците на службите се состои во разузнавање, односно прибирање разузнавачки информации по дознавањето за постоењето на безбедносно интересно лице или појава. Во ваков случај работата на оперативците е насочена кон добивање одговор на деветте златни прашања на криминалистиката, со цел да се расветли кривичното дело, односно лицето или појавата што е предмет на интерес.[459]

Од друга страна, проактивниот приод во разузнавањето подразбира собирање и анализирање на информации, по што следува план за акција за спречување кривично дело или недозволена криминална активност. На тој начин информацијата до која се доаѓа со помош на разузнавачките активности, служи за превенирање од кривични дела и слични појави.[460]

Разузнавачките информации може да се дефинираат како продукт кој е резултат на собирањето, обработката, интеграцијата, анализата, евалуацијата и интерпретацијата на достапните информации кои се однесуваат на странските ентитети или внатрешните, домашни безбедносни закани.[461]

Кај трговијата со луѓе, до информации може да се дојде преку користење на информатори, кои најчесто се или лица кои се дел од организираната криминална група (во случај кога станува збор за флексибилни структури) или пак прикриени агенти.

[458] Саша Мијалковић. и Дарко Маринковић. “Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима” *Безбедност бр.1 (2010): 47*

[459] Марина Малиш - Саздовска. *Прирачник за разузнавачки циклус.* (Скопје: График Мак Принт, 2005). стр.22

[460] Ибид.стр.23

[461] Џефри Т.Ричелсон. *Разузнавачката заедница на САД.* (Скопје: Магор, 2009). стр.2

***Шематски приказ бр.18***[462]

***Модел на полициско дејствување врз основа на разузнавачки информации***




Аналитичарот мора активно да бара и да ги најде неопходните разузнавачки информации и мора да настојува да го разбере криминалното опкружување, наместо да чека информациите да му дојдат сами. Дури и кога ќе се случи тоа, толкувањето кое е резултат на информацијата нема никаква вредност ако не се искористи да се влијае врз размислувањето на носителите на одлуките така што разузнавањето да стане клучна компонента (на истрагата). Крајната фаза на полициското дејствување врз основа на разузнавачките податоци наложува истите да се искористат од страна на носителите на одлуките за да имаат позитивно влијание врз криминалното опкружување.[463] Често се случува носителите на одлуките да го насочуваат разузнавачкиот аналитичар, а понекогаш тоа го прави притисокот од медиумите и политичката нужност, која има поголемо влијание врз носителите на одлуките: меѓутоа, оваа основна структура е цел на разузнавачкиот процес во рамките на спроведувањето на законот.[464]

Разузнавачкиот круг или процес е циклус од пет чекори кој се состои од:

- планирање и насоки;
- собирање;

[462] Џери Х.Ретклиф. *Стратешко размислување во разузнавањето на криминалот.* (Скопје: Табернакул, 2009). стр.9

[463] Ибид

[464] Ибид

- обработка;
- создавање и анализа на извори;
- дистрибуција.

Првиот чекор се состои од идентификација, утврдување приоритети и верификација на барањата на разузнавањето, преведување на барањата во видливи цели, изработка на планови за прибирање на информации.[465] Од оваа фаза и започнува и завршува еден разузнавачки циклус.

Собирањето се состои од прибирање, на различни начини, на сурови податоци од коишто се произведуваат готови разузнавачки информации.[466]

Третата фаза ја опфаќа обработката, во која сите собрани информации се претвораат во форма која е соодветна за да се дојде до разузнавачки информации. За да се добие овој краен производ се користи интерпретација и мерење на слики и сигнали, јазично преведување, декриптирање, сортирање по предметна материја, редукција на добиените податоци.

Процесот на анализа го опфаќа претворањето на основните информации во готови разузнавачки информации. Оваа фаза се состои од интеграција, евалуација и анализа.

Аналитичарите ја разгледуваат сигурноста, валидноста и релевантноста на информациите. Тие ги интегрираат податоците во кохерентна целина, ги сместуваат проценетите информации во вистинскиот контекст и произведуваат готови разузнавачки информации, кои вклучуваат оцена на настани и судови за импликациите на информацијата.[467]

На крајот, откако ќе се добијат и обработат информациите и ќе преминат во разузнавачки информации, следува фазата на нивна дистрибуција. Во оваа фаза готовите информации се дистрибуираат до крајните корисници, кои потоа врз нив ги темелат одлуките за мерките кои треба да ги преземат во одреден случај.

Кај трговијата со луѓе, имајќи на ум дека станува збор за верижен процес кој не се состои од само еден, единствен акт, во зависност од фазите во кои се наоѓа кривичното дело, зависи и степенот на применливост на криминалистичкото разузнавање и успехот од неговата употреба.

---

[465] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* стр.175

[466] Џефри Т.Ричелсон. *Разузнавачката заедница на САД.* (Скопје: Магор, 2009). стр.4

[467] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* стр.176

***Шематски приказ бр.19***[468]

***Подрачја на собирање на разузнавачки информации***




Информациите доаѓаат од отворени, затворени и доверливи извори, и тоа:

- Медиумите;
- Од мониторинг на огласи во државите на регрутација и дестинација;
- Од релевантни меѓународни владини организации и невладини организации;
- Бази на податоци, што им припаѓаат на полицијата, граничната полиција, меѓународни агенции надлежни за примена на законите;
- Релевантни бази на податоци, што се одржуваат од страна на други агенции, како што се имиграционите служби, царинските организации, министерствата за надворешни работи, министерствата за внатрешни работи, кои постапуваат со апликацијата за и со издавањето на дозволи за престој, барања за азил и статусот на државјанство;
- Финансиски обелоденувања од страна на банкарските или други финансиски инстутуциии;
- Информации обезбедени од страна на тајни агенти;

[468] International Centre for Migration Policy Development. *Прирачник за органите надлежни за примена на законите за борба против трговијата со луѓе.* (Виена: УНДП, 2008). стр.135

- Информации обезбедени од страна на жртви на трговија со луѓе и нивното семејство / нивни роднини, кои не сакаат да сведочат или пак да учествуваат во кривичниот случај, но кои сакаат да дадат информации;
- Информации обезбедени од страна на регистрирани соработници.[469]
- Во фазата на регрутација, откривањето на организираните криминални групи и доаѓањето до информации околу нивните активности е потешко, пред се заради тежината да се идентификува постоењето на делото, бидејќи се уште во таа фаза не е целосно исполнето неговото законско битие и не настапил најочигледниот дел од него.
- Во претходно споменатата и фазата на транспорт е многу потешко да се дојде до информации и на крајот да се докаже сторувањето на делото, намерата за негово сторување или планот да се стори делото, бидејќи иако е можно и се случува во текот на фазата на транспорт, експлоатацијата се уште не е започната.
- Сепак, фазата на експлоатација, а следствено на тоа, земјите на дестинација се најпогодните места за проактивните истраги и добивањето информации и нивен премин во разузнавачки информации.

### 1.3.2. Специјалните истражни мерки како елемент на проактивната истрага

Со појавата на се помоќни мрежи на организираниот криминал кои делуваат на транснационално ниво, се почесто се користат новите истражни техники и форми на мултилатерална соработка помеѓу органите за спроведување на законот. Меѓутоа, крупен проблем претставува потребата да се оствари рамнотежа помеѓу истражувањето на криминалната активност и уставните права на лицето кое е предмет на истрага. Може да постојат домашни законодавства кои ја забрануваат употребата на одредени техники. Специјалните истражни мерки се се поинвазивни, така што условите за нивно користење треба да бидат прецизно регулирани.[470]

Специјалните истражни мерки биле дел од спектарот на тајни средства и методи кои ги користат тајните служби и претставувале нивен ексклузивитет. Но, во поново

---

[469] International Centre for Migration Policy Development. *Прирачник за органите надлежни за примена на законите за борба против трговијата со луѓе.* (Виена: УНДП, 2008). стр.137 - 138

[470] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.211

време како што веќе напоменавме, организираниот криминал е интернационален, па таква треба да биде и борбата против него. Затоа примената на овие мерки не е веќе тесно поврзана само со делувањето на тајните служби. Дотолку повеќе што овие мерки се инструментариум со кој се служат сите служби кои се борат со организирани криминални групи во сферата на делување и надлежности.[471]

Специјалните истражни мерки како чувствителни техники се користат во текот на проактивната истрага и се ефикасни во доаѓањето до потребните докази како важен сегмент за понатамошната постапка. Токму заради чувствителноста која е нивна главна карактеристика и задирањето во области од човековиот живот кои се сметаат за почувствителни, нивната употреба мора да се темели врз целосно почитување на законските прописи.

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал, како темелен документ врз кој сите земји потписнички ги прилагодуваат своите законодавства кои ја опфаќаат оваа област, во членот 20, ги предвидува специјалните истражни техники (мерки).

Според неа, ако е дозволено според основните принципи на нејзиниот домашен правен систем, секоја држава членка, според нејзините можности и под условите пропишани со нејзиното домашно право, ќе преземе неопходни мерки за да дозволи соодветна употреба на контролирана испорака и, каде тоа е соодветно, за употреба на други специјални истражни техники како што се електронското или други форми на набљудување и прикриени операции, од страна на нејзините компетентни органи на нејзината територија заради ефикасно сузбивање на организираниот криминал.[472]

Во Република Македонија, употребата на специјалните истражни мерки е опфатена во Законот за кривична постапка, каде се регулирани целта на нивната употреба, видовите истражни мерки, кривичните дела за кои може да се употребат, лицата против кои се определуваат, како и носителот на функција кој ги определува истражните мерки.

Така, кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат, може да се преземат следниве посебни истражни мерки:

---

[471] Марина Малиш - Саздовска. *Еколошка криминалистика.* (Скопје: График Мак Принт, 2007). стр.164

[472] Член 20. Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал

1) следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;

2) следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации;

3) тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;

4) таен увид и пребарување во компјутерски систем;

5) автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;

6) увид во остварени телефонски и други електронски комуникации;

7) симулиран откуп на предмети;

8) симулирано давање и примање поткуп;

9) контролирана испорака и превоз на лица и предмети;

10) користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;

11) отворање симулирана банкарска сметка; и

12) симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци.[473]

Првите пет мерки по образложено барање на јавниот обвинител ги определува судијата на претходната постапка, додека останатите седум се определуваат од страна на јавниот обвинител со писмена наредба.

Мерките ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под негова контрола, додека сите податоци, известувања, документи и предмети добиени со нивната употреба се користат како доказ во кривичната постапка. Нивната примена, законски, е ограничена на најдолго четири месеци, со можност за нивно продолжување (мерките од 1 - 4 за уште најдолго 4 месеци, додека тие од 9 - 12 до остварувањето на нивната цел, односно до завршување на истрага).

Физичкиот или електронскиот надзор може да се дефинира како специјализирана полициска техника со која систематски се следи одредено лице или

[473] Член 252. Закон за кривична постапка. Службен весник на Република Македонија, бр.150/2010

систематски се набљудува неговото живеалиште. Надзорот е систематски доколку овозможува добивање на повеќе или помалку целосна слика за одредени аспекти од животот на лицата, како на пример за нивните финансиски активности или структурирани лични контакти со одредени поединци.[474]

Многу е често во случаите на трговијата со луѓе повеќе осомничени или повеќе жртви да бидат предмет на следење. Идентификацијата на осомничените и на жртвите во досиејата треба да има континуитет и тој континуитет треба да се пренесува од еден офицер на друг, бидејќи е тоа важна компонента во иницијалната фаза на истрагата. Ако овој континуитет не се спроведе коректно од почетокот, може да настанат сериозни проблеми во идентификацијата во подоцнежната фаза на лишување од слобода и фазата на судење.[475]

Набљудувањето е систематско разгледување насочено кон некоја личност, правец и патека, објекти и капацитет, или кон некои други поединости за кои постои интерес.[476] Систематскиот надзор може да опфати набљудување на лице во тек на неколку дена со помош на тим за опсервација или следење на лице со помош на инструмент за пребарување. Несистематскиот надзор е обичен надзор или инцидентно набљудување на одреден број активности или настани.[477]

Во однос на тоа што во Република Македонија е законски регулирано, физичкиот и електронскиот надзор се опфатени со следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон; следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации; тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од превземено од домот или деловен простор означен како приватен; таен увид и пребарување во компјутерски систем; и увид во остварени телефонски и други електронски комуникации

Првата специјална истражна мерка содржана во Законот за кривична постапка претставува примена на технички средства за следење на комуникациите на сторители

---

[474] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.213

[475] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.120

[476] Колин Мек-Кју. *Проучување податоци и предвидувачка анализа.* (Скопје: Табернакул, 2009). стр.282

[477] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.213

на кривични дела од областа на организираниот криминал.[478] Станува збор или за прислушкување на телефонските разговори или за примена на средства за прислушкување во домот и во превозните средства на лицата кои се од интерес.

Втората мерка е поврзана и со таен влез во станбени простории или возила на безбедносно интересни лица за кои собираме податоци и сознанија, во врска со извршување на кривични дела од областа на организираниот криминал. Предмет на интерес на оперативните службеници во вакви случаи е содржината на туѓата комуникација. Целта е вршење на акустичен и оптички надзор над кој и да е облик на комуникација, и истовремено создавање технички (акустични и оптички) записи.[479]

Терминот „електронски надзор„ покрива поголема област на средства. За подобро да се разбере неговото значење, корисно би било да се подели на делови. Набљудувањето е детерминирано од нивото на контактот со целта, било таа да е директна или не.[480] Тоа е прислушкување на усната или електронска комуникација преку жица, телефон, компјутер итн. со цел да се слушнат и снимаат информации со помош на технички средства. Електронскиот надзор може ефективно да се користи како техника за собирање на докази во комплексни криминални случаи и е извонредно успешна техника. Снимањето на криминалци кои зборуваат за нивните кривични дела освен што помага како доказен материјал против нив, исто така им овозможува на органите за спроведување на законот да ги дознаат плановите на заговорниците за извршување на кривични дела и да поставaт стапица заради спречување на насилни кривични дела.[481]

---

[478] Марина Малиш - Саздовска. *Еколошка криминалистика.* (Скопје: График Мак Принт, 2007). стр.170

[479] Ибид

[480] United Nations Office on Drugs and Crime. *Current practices in electronic surveillance in the investigation of serious and organized crime.* (New York: United Nations, 2009). p.8

[481] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.213

***Табела бр.27***[482]

***Видови електронско набљудување***

| Аудио набљудување | Визуелно набљудување | Следење | Набљудување податоци |
|---|---|---|---|
| Прислушкување телефонски разговори | Прикриени направи за видео набљудување | GPS | Компјутери/интернет |
| Интернет прислушкување | Видео системи во автомобили | Мобилни телефони | Паметни телефони |
| Озвучување простории | Видео направи поставени на тело | Идентификација на радио фреквенција | Мониторинг |
| | Термално набљудување | Биометриска информациона технологија | |

Тајната видео опсервација опфаќа набљудување на криминалните групи или објектите во кои се собираат престапниците, местата каде се експлоатираат жртвите, понатаму надзор на жртвите на трговијата со луѓе и клиентите заради нивна идентификација, одредување на поединечните улоги во извршувањето на кривичното дело и во фазата на експлоатација. Во овој случај е важно да се запамети правилото дека ако се лоцира местото каде што се врши експлоатацијата, тогаш со сигурност ќе се откријат и сторителите на кривичното дело.[483]

Тајната акустична опсервација и опсервацијата на невербалната комуникација се однесува на надзорот и снимањето разговори, како и опсервација на комуникацијата која се одвива преку СМС пораки, e-mail, и други современи начини на комуникација со употреба на компјутери. Опсервацијата преку GPS лоцирање и следење лица и објекти во просторот исто така е резултат на промените и развојот на технологијата и може да се искористи во обликот и во рамката на контролираната испорака.[484] Одлуките за користење на контролирана испорака на нелегални или сомнителни пратки на меѓународно ниво може да опфати методи како на пример пресретнување и дозвола стоката да продолжи недопрена, да биде отстранета или заменета во целост или делумно.[485]

Преку употребата на надзорот се доаѓа до податоци за лицата кои ги посетуваат локациите и нивниот опис, понатаму на кој начин тие лица пристигнуваат или

[482] United Nations Office on Drugs and Crime. *Current practices in electronic surveillance in the investigation of serious and organized crime.* (New York: United Nations, 2009). p.2

[483] Саша Мијалковиќ. и Дарко Маринковиќ. "Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима" *Безбедност бр.1 (2010): 50*

[484] Ибид

[485] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.214

заминуваат од локацијата, кој ги отвора или затвора просториите, дали некој живее таму, како се внесуваат предмети, како се изнесуваат, каде се чуваат, дали жртвите имаат слобода на движење или не, кој контактира со нив и какви се нивните односи, начинот на работа и средствата кои се користат, бројот на клиенти на локациите.[486]

Информаторот е лице кое, насочувано од конкретен полициски службеник и со или без очекување за награда, врши законска услуга за органот за спроведување на законот во неговите истраги и операции. Информациите се добиваат од долгорочни или краткорочни човечки извори. Краткорочните информатори обезбедуваат информации поврзани со одреден случај, а нивната врска со органот за спроведување на законот обично завршува кога ќе се затвори случајот. Долгорочните информатори може да се користат како помош во определена долготрајна истрага на комплексни криминални активности или на криминална организација, или пак може да се користат заради нивната помош во повеќе од една истрага. Овие драгоцени извори ретко се откриваат во судските постапки.[487]

Тој е лице кое свесно, организирано и тајно, по задачи на овластеното службено лице, дава известувања и податоци за кривични дела и нивни сторители, како и за други факти кои се од значење за вршењето на работните активности од доменот на ресорот на службата.[488] Ангажирањето информатор подразбира доаѓање до информации, кои по правило имаат оперативно значење, од лица кои се или врбувани членови на криминалните групи кои се бават со трговија со луѓе, или кои по природата на својата работа располагаат со сознанија за овие дејности. Улога на информатори може да имаат и потенцијални или вистински клиенти на жртвите на трговијата со луѓе, пред се во случаите на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација.[489]

Организираноста во функционирањето на криминалните групи, карактеристиките како нивната транснационалност, затвореност, хиерархиска поставеност, кај некои и етнички предзнак, се само дел од атрибутите кои даваат предност на потребата од користење на оваа мерка.

[486] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.122 - 123

[487] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.216

[488] Гоце Цуклески. *Прирачник за соработничка мрежа.* (Скопје: График Мак Принт, 2005). стр.23

[489] Саша Мијалковиќ. и Дарко Маринковиќ. "Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима" *Безбедност бр.1 (2010): 51*

Во рамките на законската инкриминација која е поврзана со трговијата со луѓе (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти - чл.418-в), содржано е решение кое токму би можело да влијае врз добивањето информации за организираните криминални групи. Имено, во ставот 3 на претходно споменатиот член, е предвидено да се ослободи од казна припадник на организираната криминална група пред да стори кривично дело како дел од неа. Знаејќи ја затвореноста на транснационалните криминални групи, прашање е колку ова решение би било корисно во случаите на трговијата со луѓе.

Еден од проблемите во врска со користењето доверливи информации е тоа што инволвираните полициски службеници развиваат односи со познати криминалци, со што ризикуваат губење на интегритетот и корупција. Од полицијата може да биде побарано да им даде нешто на информаторите во замена на информации, или пак информаторите може да обезбедат сомнителни или неверодостојни информации. Затоа, користењето информатори мора да биде прецизно уредено и тоа не само поради аспектот на тајност. Односната регулатива треба да содржи детални правила за постапувањето со информатори, како и политики и специјални процедури во врска со договорите со информатори (вклучувајќи и плаќања).[490]

Основните начела кои се најважни за ефективно менаџирање на постапувањето со информатори се надзорот и контролата. Работата со информатори вклучува и ризик кој не се однесува само на полициските службеници, туку и на информаторите и на пошироката заедница, па затоа воспоставените основни начела треба да бидат доследно почитувани и применувани. За таа цел, органите за спроведување на законот треба да имаат политика и насоки за ефективно и ефикасно користење на доверливи полициски информатори, соодветно да ги документираат нивниот идентитет (систем на евиденција кој може заеднички да го користат и други органи на спроведување на законот, за информаторите да не може да ја продадат истата информација на неколку органи) и активности, да одржуваат ефективна контрола врз нивното финансирање и активности и да ги искористуваат нивните услуги во согласност со законот.[491]

[490] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.217

[491] Ибид

Лицата со прикриен идентитет или прикриени агенти се користат во случаи кога е потребно тајно, планско и систематско собирање на информации за одредени сомнителни субјекти.

Поставувањето на прикриените агенти е една од најопасните техники што се користат во борбата со организираниот криминал. Ризиците се драстично акутни во делата на трговијата со луѓе поради особената бескрупулозност и насилна природа на криминалните мрежи. Ризиците само повеќе се зголемуваат поради меѓународниот карактер на криминалот и неговото одвивање во повеќе од една јурисдикција.[492]

Покрај прикриениот агент, во борбата со трговијата со луѓе може да се користи и агент провокатор. Имено, лицето кое е во улога на агент провокатор може да испровоцира ситуација во која може да се докаже дека постои, на пример, давање сексуални услуги. Исто така, може да се искористи и оперативец да се јави во улога на потенцијална жртва која би се нашла во некој од начините на регрутација.

Ова подразбира ангажирање искусни, специјално обучени оперативци кои, симулирајќи клиенти на експлоатираната жртва, клиенти „заинтересирани„ за купување услуги, овозможуваат нелегален влез во друга земја на жртвата или припадникот на криминалната група, настојуваат да соберат докази за криминалното здружување во вршењето на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти. „Лажниот клиент„ може да биде опремен со оптички и акустични уреди со кои ќе ги документира контактите со припадниците на криминалната група, жртвата или корисниците на услугите.[493]

Во врска со одредени кривични дела, припадниците на криминалистичката полиција можат да водат прикриени операции со цел да приберат докази во врска со активностите на сторителите. На тој начин прикриените оперативци движејќи се во криминогени жаришта и во криминалното милје, можат да дојдат до информации до кои не би можеле да дојдат на друг начин или доаѓањето би било отежнато.[494]

Прикриениот агент може да користи и контролирани исплати, кои се тактика при која тој плаќа за понудените услуги во кеш, чек или кредитна карта, а потоа таа

---

[492] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.129

[493] Саша Мијаковиќ. Милан Жарковиќ. *Илегалне миграције и трговине људима.* (Београд: КПА, 2012).стр.395 - 396

[494] Марина Малиш - Саздовска. *Еколошка криминалистика.* (Скопје: График Мак Принт, 2007). стр.176

исплата може да се следи за да се утврди каде и кому на крајот парите му пристигнуваат.[495]

### 1.3.3. Финансиска истрага кај трговијата со луѓе

Пазарот на трговијата со луѓе претставува монопол кој се состои од многу продавачи и купувачи кои разменуваат производи. Без разлика дали трговијата е организирана од страна на организирана криминална група или пак помали, слабо организирани групи, добивката секогаш многу ги надминува трошоците.[496]

Во случаите кога постојат разузнавачки информации за припадниците на криминалната група, а не за нивната „реклама", се применува т.н. „Ал Капоне" теорија: прво, трагај по парите, следи ги и ќе ги пронајдеш трговците со луѓе; второ, доколку не е можно да се докаже кривичното дело трговија со луѓе, водењето на паралелна финансиска истрага би довело до утврдување на незаконските финансиски трансакции, стекнувањето пари, перењето пари и можеби откривање на други кривични дела. Истрагата на финансиските трансакции може да укаже на количината и локацијата на средствата кои потекнуваат од кривични дела, но и намерите на сторителите на кривичното дело.[497]

Материјалната добивка од криминалните процеси, а со тоа и од тргувањето со луѓе, скоро секогаш е во готови пари, па заради тоа, т.е. заради нивното нелегално стекнување, се јавува потребата од нивно „легализирање" преку пренос во легална форма.

Сложениот процес на „перење пари" најчесто може да се подели во три фази и тоа: во првата фаза се врши пласман на парите; втората фаза го опфаќа процесот на прекинување на врската со изворот на средствата; и третата фаза ја претставува интеграцијата со која вршителот на кривичното дело ги презема испраните пари.[498]

Првата фаза, го опфаќа воведувањето на криминалните парични износи во легитимната сфера. Во оваа фаза, криминалците користат методи, техники и средства преку кои вршат повеќе секундарни трансакции за да се покрие трагата на вистинските

---

[495] Злате Димовски. *Криминалистичко разузнавање.* (Скопје: Графотранс, 2007). стр.133

[496] Elizabeth M.Wheaton. Edward J.Schauer. Thomas V.Galli. "Economics of human trafficking" *International Migration 48 (4) (2010): 118*

[497] Саша Мијаковиќ. Милан Жарковиќ. *Илегалне миграције и трговине људима.* (Београд: КПА, 2012).стр.393

[498] Министерство за финансии на Република Македонија. Дирекција за спречување на перење пари. *Прирачник за спречување на перење пари и финансирање туризам.* (Скопје: Пронто Принт, 2006). стр.8

депоненти на паричните средства. За да може полесно да се вршат трансакциите, паричната добивка се дели на помали износи.

Откако ќе се воведат паричните средства во легитимната сфера, следува прикривање на тие парични средства, најчесто, преку формирање на фиктивни правни лица, пренос и враќање на средства во повеќеслоен процес, лажни трансакции, вложување на парите на финансиски пазари во акции или други хартии од вредност.

На крајот, парите стануваат легални, односно се интегрирани во системот и како такви сторителите на кривичното дело, финансиската добивка можат да ја користат без никаков ризик.

Денес, еден од најчесто користените системи за перење на нелегално стекнатите парични средства е хавала системот.

Во еден извештај на Интерпол се вели дека зборот хавала доаѓа од арапскиот корен за „трансфер“, но на јазиците хинди и урду значи „размена на пари“, или дури и „доверба“, поради големата доверба што е потребна за функционирање на системот.[499]

Станува збор за еден од најпроблематичните системи за трансфер, кој е поврзан со перењето пари и е раширен како ефективен метод за плаќање. Всушност, хавала претставува алтернативен или паралелен систем за трансфер на пари. Системот работи и функционира надвор или паралелно со банкарските и финансиските канали. Развиен во Индија, пред почетокот на западните банкарски практики, во моментов е најкористеното средство за перење пари во светот. Покрај него, добро познат систем е системот на „летечки пари“ развиен во Кина. И двата системи се наречени „подземно банкарство“; но овој термин не секогаш е точен бидејќи тие често оперираат на отворено со целосен легитимитет, а нивните услуги се тешко и ефективно рекламирани.[500]

Хавала - брокерот има мрежа на меѓународни врски што тој или таа ги користи за да обезбеди испорака на пари или на вредни предмети. Парите не ја преминуваат границата физички, ниту пак влегуваат во конвенционалниот банкарски систем. Трансакцијата е базирана на единствена комуникација меѓу хавала - дилери, која честопати не се снима ниту пак се нудат некакви гаранции по пат на писмен договор. Довербата меѓу двајцата банкари го осигурува долгот и овозможува тој да се случи без

[499] Филип Рајкел. *Прирачник за транснационален криминал и правда*. (Скопје: Дата Понс, 2009). стр.94

[500] Zlate Dimovski. Ice Ilijevski. Kire Babanoski. “Maze of the financial assets in the process of money laundering in the function of the financing of terrorism”. *Zbornik radova. Suprotstavljanje terorizmu - medzunarodni standard i pravna regulativa: 119*

правна можност за тужба. Долгот меѓу двајцата банкари со текот на времето се расчистува или преку плаќање за кое се согласиле двете страни или преку разни методи за движење на пари.[501]

[501] Филип Рајкел. *Прирачник за транснационален криминал и правда*. (Скопје: Дата Понс, 2009). стр.94

***Шематски приказ бр.20***[502]

***Процесот на „легализирање“ на нелегално стекнатите средства од трговијата со луѓе***




[502]Zlate Dimovski. Ice Ilijevski. Kire Babanoski. “Maze of the financial assets in the process of money laundering in the function of the financing of terrorism”. *Zbornik radova. Suprotstavljanje terorizmu - medzunarodni standard i pravna regulativa: 121*

Хавала системот е меѓународна финансиска мрежа која е регулирана преку специфични пишани правила и многу често употребувани кога индивидуите имаат потреба да пренесат пари до други лица кои можат да отворат банкарска сметка. Основните форми на хавала системот се хавала - брокерот (на претходната шема ХБ А и ХБ Б). Тој има мрежа од меѓународни врски кои се употребуваат да обезбедат пренос на парите или други средства. Функционирањето, просто, би било објаснето како: лице А треба да пренесе одредена сума пари која треба да стигне до лице Б во друг град или друга држава. Хавала - брокерот кој го контактирало лицето А, контактира друг хавала брокер кој потоа преку методи во легалната зона, ги пренесува парите до лицето Б.[503]

Финансиските истраги во врска со организирана криминална активност ги покажуваат врските преку кои може да се дојде до финасиските трансакции, а преку нив може да се лоцира скриениот капитал и да се утврди идентитетот на сторителите на кривичното дело.

Целта на финансиската истрага е да се идентификуваат, следат, запленат и конфискуваат приходите стекнати од криминал паралелно со кривичната постапка на кривичното дело кое резултира со материјална корист. Целта на мерките за спречување и детекција на перење пари, кои обично се спроведуваат од страна на специјализирани одделенија за финансиски трансакции е да се набљудуваат и анализираат финансиските трансакции и да се открие постоењето на типови на перење пари. На основа на постоењето на сомнителна трансакција, мора да се утврди врската со основното кривично дело. Затоа преку надзорот врз (сомнителните) трансакции, ќе се утврди нивното нелегално потекло.[504]

Алатките и мерките што се користат во истрагата треба да содржат овластување за:[505]

- ✓ идентификување, наоѓање и проценка на имот што подлежи на заплена;
- ✓ спроведување привремени мерки како што се замрзнување и заплена на имот, кои имаат за цел спречување на евентуална продажба, пренос или располагање со таков имот;

---

[503] Zlate Dimovski. Ice Ilijevski. Kire Babanoski. “Maze of the financial assets in the process of money laundering in the function of the financing of terrorism”. *Zbornik radova. Suprotstavljanje terorizmu - medzunarodni standard i pravna regulativa: 120*

[504] Совет на Европа. *Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати од криминал.* (Скопје: Совет на Европа, 2006). стр.41

[505] Совет на Европа. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* (Женева: ИОМ, 2006). стр.221

- ✓ преземање чекори што ќе се спречат или ќе направат ништожни какви било дејства со кои и се одзема можноста на државата да поврати имот што подлежи на заплена;
- ✓ користење алатки и преземање соодветни истражни мерки.

Доказната вредност на финансиската анализа е двојна. Прво, тоа е доказ за голема финансиска добивка и трошоци кои не можат да ги покријат легалните извори на приходи и, второ, може да биде основа за конфискација на нелегално стекнат имот.[506]

---

[506] Саша Мијаковиќ. Милан Жарковиќ. *Илегалне миграције и трговине људима*. (Београд: КПА, 2012).стр.394

## 2. Истражување на сознанијата на студентите за криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе

Покрај веќе наведените методи, како техника за собирање на податоци го користевме и писмениот анкетен прашалник со прашања од отворен и затворен тип. Анкетниот прашалник се однесува на криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе во нашата земја и има за цел да провери колку студентите на Факултетот за безбедност (оние кои по сите логични поставки би требало да работат на откривањето и сузбивањето на овој вид криминалитет) ги познаваат овие карактеристики.

Целна група при собирањето податоци, како што веќе напоменавме, беа студентите на Факултетот за безбедност - Скопје. Анкетирањето беше извршено на ден 01.10.2013 година, на студенти од втора, трета и четврта студиска година.

***График бр.6***

***Пол на испитаниците***




Со анкетирањето беа опфатени 129 испитаници (студенти) од втора, трета и четврта студиска година. Од нив 40 испитаници се од машки, додека останатите 89 од женски пол.

***График бр.7***

***Студиски години на испитаниците***




Студентите од прва година се изземени од анкетирањето заради фактот што се уште се на почетокот од своето студирање и само што почнуваат со изучување на основните поими поврзани со криминологијата, криминалистиката и останатите безбедносни и правни науки.

Анкетирани се 78 испитаници од втората студиска година, 38 од третата и 13 од четвртата студиска година. Во однос на половата припадност, кај машкиот пол, 26 лица се во втора година на студии, 9 во третата и 5 во четвртата, додека кај испитаничките, 52 се во втора година, 29 во трета и 8 во последната, четврта студиска година на додипломските студии.

***График бр.8***

***Студиски години на испитаниците од машки пол***



*График бр.9*

*Студиски години на испитаниците од женски пол*




Првото прашање од дваесет и четирите содржани во анкетниот лист, се однесува на тоа **дали испитаниците досега се сретнале со терминот трговија со луѓе и трговија со малолетно лице, односно дали слушнале за тие кривични дела.** Очекувано, сите 129 испитаници одговориле потврдно, односно потврдиле дека слушнале за кривичните дела трговија со луѓе и трговија со малолетно лице.

Следните три прашања се однесуваат на видовите истраги кои можат да се искористат при откривањето на овие кривични дела.

*Табела бр.28*

| | Прашање / Испитаници | **Во однос на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице, кој вид истрага најчесто се применува?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 129 | 27 | 21 | 14 | 10.5 | 88 | 68.5 |
| Машки | 40 | 12 | 30 | 6 | 15 | 22 | 55 |
| Женски | 89 | 15 | 16.9 | 8 | 9 | 66 | 74.1 |
| | | **Реактивна истрага** | Процент (%) | **Проактивна истрага** | Процент (%) | **И двете** | Процент (%) |

Најголем процент од испитаниците сметаат дека и двете видови истраги се битни и се користат во случаите на овие две кривични дела, притоа не давајќи и предност на ниту една од нив.

*Табела бр.29*

| | Прашање<br>Испитаници | Во однос на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице, кој вид истрага најчесто се применува? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | II година | 7 | 26.9 | 4 | 15.4 | 15 | 57.7 |
| | III година | 2 | 22.2 | 2 | 22.2 | 6 | 56.6 |
| | IV година | 3 | 60 | / | / | 2 | 40 |
| Женски | II година | 11 | 21.1 | 5 | 9.6 | 36 | 69.3 |
| | III година | 2 | 6.9 | 1 | 3.4 | 26 | 89.7 |
| | IV година | 2 | 25 | 2 | 25 | 4 | 50 |
| | | **Реактивна истрага** | Процент (%) | **Проактивна истрага** | Процент (%) | **И двете** | Процент (%) |

Иако испитаниците од сите три студиски години, сметаат дека и проактивната и реактивната истрага можат да се користат при откривањето на трговијата со луѓе, сепак во наредните две прашања доаѓаме до заклучок дека единствено сите испитаници од четвртата студиска година и 25% од третата студиска година знаат што опфаќаат реактивната и проактивната истрага.

Имено, на прашањето **Во случаите на проактивна истрага, од каде најчесто доаѓаат сознанијата за почеток на полициските дејствија?** половина од испитаниците од втората година на студии воопшто не одговориле, додека другата половина тоа го направила погрешно, најчесто одговарајќи дека неа ја нема во Република Македонија или пак поврзувајќи ја со погрешни извори. Ситуацијата е слична и во третата студиска година, каде 30% воопшто не дале одговор на прашањето, додека од останатите 70%, половината проактивната истрага ја поврзале со погрешен извор на информации. Единствено, сите испитаници од четвртата студиска година, односно 100%, проактивната истрага ја поврзале со точниот извор на сознанија за почеток на полициските дејствија.

Исто така, на наредното прашање **Во случаите на реактивна истрага, од каде се добиваат првите сознанија за постоење на кривичното дело?** дури 75% од испитаниците од втората студиска година не одговориле на прашањето, додека само 10% од останатите 25% знаат што во основа опфаќа реактивната истрага. Истата слика постои и кај студентите од третата академска година, каде 64% не одговориле на прашањето, додека само 21% од останатите 36% точно ја поврзале реактивната истрага со изворите на првите сознанија за постоењето на кривичното дело. Во рамките на

испитаниците од четвртата година на студии, сите испитаници дале одговор кој ја содржи смислата на реактивната истрага.

*Табела бр.30*

| | Прашање / Испитаници | На територијата на Република Македонија, овие кривични дела најчесто ги вршат: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 76 | 97.4 | 2 | 2.6 | / | / |
| | III година | 35 | 92.1 | 1 | 2.6 | 2 | 5.3 |
| | IV година | 13 | 100 | / | / | / | / |
| | | **Организирани криминални групи** | Процент (%) | **Поединци** | Процент (%) | **И двете** | Процент (%) |

*Табела бр.31*

| | Прашање / Испитаници | Во случаите на организираното извршување на кривичното дело, што мислите, дали постојат семејни врски помеѓу сторителите? | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 56 | 71.8 | 22 | 28.2 |
| | III година | 26 | 68.4 | 12 | 31.6 |
| | IV година | 11 | 84.6 | 2 | 15.4 |
| | | **Да** | Процент (%) | **Не** | Процент (%) |

Тргнувајќи од поврзаноста на трговијата со луѓе и организираниот криминал, на прашањето **На територијата на Република Македонија, овие кривични дела најчесто ги вршат,** најголемиот број испитаници одговориле дека тоа се организираните криминални групи. Ваквиот одговор е очекуван, пред се заради фактот што во годините кога трговијата со луѓе беше поставена во фокусот на меѓународниот интерес, истата беше поврзувана единствено со организираното извршување. (Табела бр.29)

Следното прашање, се уште е поврзано со организираното извршување и се однесува на семејните врски меѓу сторителите, односно дали **во случаите на организирано извршување на кривичното дело, постојат семејни врски помеѓу сторителите?** Најголем процент испитаници и кај трите студиски години одговориле потврдно на ова прашање, поврзувајќи ги семејните врски со организираните

криминални групи. Повторно би рекле дека одговорот е очекуван, заради постоењето на семејни врски кај организираните групи на овој простор, пред се кај албанските криминални организирани групи.

***Табела бр.32***

| | Прашање / Испитаници | Дали сторителите/сторителот ги познавале жртвите? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 54 | 69.2 | 24 | 30.8 | / | / |
| | III година | 35 | 92.1 | 3 | 7.9 | / | / |
| | IV година | 9 | 69.2 | 4 | 30.8 | / | / |
| | | Да | Процент (%) | Не | Процент (%) | Не знам | Процент (%) |

Податоците содржани во табела бр.31, покажуваат дека најголемиот број од испитаниците и кај трите студиски години сметаат дека сторителите и жртвите пред случувањето на кривичното дело се познавале.

Во вториот дел на анкетниот лист, прашањата се однесуваат на криминалистичките карактеристики на кривичното дело, пред се на начинот на кој е извршено кривичното дело. Ваквиот пристап е избран, заради централната тема на наш интерес, но и заради тоа што modus operandi е важен сегмент од операциите за успешно откривање на кривичното дело.

На прашањето поврзано со средствата за извршување на кривичното дело, односно за **средствата кои сторителите ги користат за регрутација на жртвите**, во втората студиска година најголемиот број одговори, односно 28% се однесуваат на измамата и присилата како најчести средства преку кои се регрутираат идните жртви. Но, во оваа студиска година, останатите 72% воопшто не дале одговор на прашањето, што не доведува до заклучок дека голем дел од студентите воопшто не ја познаваат оваа проблематика. Во останатите две студиски години, сите студенти дале одговор на ова прашање, а 64.2% ги посочиле измамата и присилата како најчести средства за регрутација на жртвите. Останатиот процент смета дека при процесот се користат наркотични средства, дека се искористува лекомисленоста на жртвите, нивната желба за напредок.

Наредното прашање **На каков начин, најчесто се пренесуваат жртвите до дестинацијата, т.е. местото на експлоатација?** е поврзано со начинот на извршување. Најчесто, како што можевме да видиме од анализата на податоците во

Главата посветена на криминалистичките карактеристики, транспортот на овие простори се врши по копнен пат, и тоа со нелегално минување граници или пак легално, но со фалсификувани документи.

На ова прашање, испитаниците, слично на резултатите добиени од анализата на секундарните податоци изработени од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, фазата на транспорт на жртвите ја поврзале со пренесувањето по копнен пат и легалното минување граници, но со фалсификувани патни исправи.

Па, така од втората студиска година, 43 испитаници или 55.1% дале одговор со кој копненото пренесување на жртвите го посочиле како најчест вид на транспорт. Останатите 44.9% или 35 студенти воопшто не дале одговор на прашањето.

Испитаниците од третата академска година, процентуално анализирано дале повеќе одговори на ова прашање и тоа 68.4% или 26 испитаници. Останатиот процент, 31.6% не дале одговор на поставеното прашање.

Ситуацијата е подобра, кај студентите од четвртата студиска година, каде сите 13 испитаници или 100% го одговориле прашањето, посочувајќи го копненото пренесување како најчест начин на транспорт на жртвите.

***Табела бр.33***

| | Прашање / Испитаници | **Минувањето државни граници, доколку ги има, најчесто е:** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 23 | 24.5 | 43 | 55.1 | 10 | 20.4 |
| | III година | 12 | 31.6 | 17 | 44.7 | 11 | 23.7 |
| | IV година | 2 | 15.4 | 7 | 53.8 | 4 | 30.8 |
| | | Легално (со оригинални патни исправи) | Процент (%) | Легално (со фалсификувани патни исправи) | Процент (%) | Нелегално | Процент (%) |

Во однос на прашањето поврзано со легалноста или нелегалноста на минувањето граници, студентите од сите три студиски години го избрале како одговор легалното минување граници и тоа со фалсификувани патни исправи. Во втора година

тоа се 43 испитаници или 55.1%, во трета 17 или 44.7%, и во четврта година 7 или 53.8%.

Минувањето на границите е поврзано со употребата на превозните средства, па така најчест одговор од страна на испитаниците е автомобилот, а по него и камионот како превозно средство кое дава поголеми можности за полесен пренос на повеќе лица. Но, тука мора да напоменеме дека камионот најчесто се употребува при извршувањето на кривичното дело криумчарење мигранти, па не се исклучува можноста, некои од испитаниците двете дела да ги користат како синоними.

***Табела бр.34***

| | Прашање / Испитаници | **Дали во текот на транспортот се користат некои објекти за сместување на жртвите?** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 65 | 83.3 | 13 | 16.7 |
| | III година | 27 | 65.4 | 11 | 34.6 |
| | IV година | 13 | 100 | / | / |
| | | Да | Процент (%) | Не | Процент (%) |

Се уште задржувајќи се на фазата на транспортот ги прашавме испитаниците што мислат, **Дали во текот на транспортот се користат некои објекти за сместување на жртвите?** Одговорите кои ги добивме од студентите кај сите три студиски години се поклопуваат со заклучоците дека при транспортот, најчесто, сторителите користат „сигурни куќи“ за сместување на жртвите, доколку станува збор за подолга фаза на транспорт. Имено, 65 испитаници од втора година или 83.3% одговориле потврдно, 65.4% или 27 од трета и сите 13 или 100% од четврта студиска година.

***Табела бр.35***

| | Прашање / Испитаници | **Која е најчестата експлоатација на жртвите?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 78 | 100 | / | / | / | / |
| | III година | 38 | 100 | / | / | / | / |
| | IV година | 12 | 92.3 | 1 | 7.7 | / | / |
| | | Сексуална експлоатација | Процент (%) | Трудова експлоатација | Процент (%) | Друго | Процент (%) |

Во однос на прашањето кое се однесува на најчестата експлоатација на жртвите, најголемиот број испитаници и тоа по 100% и кај тие од втората студиска година и кај тие од третата година на студии, и 92.3% кај четвртата академска година, одговориле дека најчеста експлоатација е сексуалната.

Одговорот е очекуван заради фактот што се уште и покрај постоењето на најразлични начини на експлоатација, кога се зборува за феноменот на трговијата со луѓе, истата се поврзува единствено со сексуалната експлоатација и тоа онаа со проституција.

***Табела бр.36***

| | Прашање / Испитаници | **Како најчесто сторителите го затскриваат кривичното дело?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 54 | 69.2 | 24 | 30.8 | / | / |
| | III година | 23 | 60.5 | 15 | 39.5 | / | / |
| | IV година | 8 | 61.5 | 5 | 38.5 | / | / |
| | | Преку легален бизнис | Процент (%) | Корумпирање на официјалните лица | Процент (%) | Друго | Процент (%) |

Кај прашањето поврзано со начинот преку кој сторителите успеваат да го прикријат кривичното дело, добивме одговор кој се поклопува со заклучоците добиени преку анализа на секундарните податоци добиени од Министерството за внатрешни работи. Имено, 69.2%, 60.5% и 61.5% по студиски години одговориле дека сторителите најчесто го затскриваат делото преку легален бизнис, што во најголемиот број случаи е поврзан со угостителски објекти. Останатите испитаници, како средство за прикривање го навеле корумпирањето на официјалните лица.

Во однос на прашањето поврзано со територијата **каде најчесто се извршува кривичното дело во Република Македонија**, најголемиот дел од одговорите на испитаниците (64%) го посочуваат западниот дел на државата како територија каде најчесто се врши кривичното дело, додека останатите ги посочуваат пограничните делови на земјата како места каде најлесно би можело да се извршува кривичното дело. И двата одговори се очекувани, пред се заради поврзаноста на албанските криминални групи со извршувањето на делото, поврзаноста на конфликтите во соседството, пред се

тој на Косово, но и со експанзијата на туристичкото користење на пограничните зони, пред се таа кај Гевгелија.

***Табела бр.37***

| | Прашање | **Што мислите, дали досега постоел случај во кој биле вклучени и овластени службени лица?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Испитаници | | | | | | |
| Година на студии | II година | 74 | 94.9 | 4 | 5.1 | / | / |
| | III година | 36 | 94.7 | 2 | 5.3 | / | / |
| | IV година | 13 | 100 | / | / | / | / |
| | | Да | Процент (%) | Не | Процент (%) | Не знам | Процент (%) |

Тргнувајќи од поврзаноста на процесот, а и во одредени негови фази и од неговата зависност, т.е. зависноста на организираните криминални групи од помошта од страна на официјалните службени лица, на испитаниците им го поставивме прашањето **Што мислите, дали досега постоел случај во кој биле вклучени и овластени службени лица?**

Одговорите на испитаниците се повеќе од очекувани, односно сите 13, т.е. 100% од четвртата година на студии одговориле потврдно на прашањето, додека високи 94.9% од втора и 94.7% од трета година, исто така одговориле позитивно на прашањето. Ваквите одговори би требало да се поврзат првично со информираноста на студентите околу комплексноста на кривичното дело, а можеби и со фактот дека и во Република Македонија при извршувањето на кривичното дело има вклученост и од страна на службени лица.

*Табела бр.38*

| | Прашање / Испитаници | **Имајќи ја предвид комплексноста на кривичното дело, што мислите дали се случува Јавното обвинителство да ја промени законската инкриминација на кривичното дело која претходно ја навела полицијата?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на студии | II година | 63 | 80.8 | 3 | 3.8 | 12 | 15.4 |
| | III година | 32 | 84.2 | 6 | 15.8 | / | / |
| | IV година | 12 | 92.3 | / | / | 1 | 7.7 |
| | | Да | Процент (%) | Не | Процент (%) | Не знам | Процент (%) |

Неможноста да се докаже делото, често пати е причина Јавното обвинителство по добивањето на кривичната пријава да ја промени првичната инкриминација содржана во неа. Ваквите постапки можеби се добри заради тоа што на крајот сторителите добиваат некаква санкција за стореното, макар и таа да ја нема острината која ја заслужуваат, но од друга страна е негативно за жртвите, затоа што тоа, иако ништо не може да го избрише она што им се случило, сепак повисоката санкција за сторителите донекаде би било задоволување на правдата.

Испитаниците на ова прашање повторно ја следат тенденцијата од претходното во однос на високиот процент на потврдни одговори. Имено, 80.8%, 84.2% и 92.3% по студиски години, почнувајќи од втората до четврта, се процентите на испитаници кои сметаат дека Јавното обвинителство ја менува инкриминацијата која првично ја добило во поднесената кривична пријава од овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи.

Последното прашање содржано во анкетниот лист е поврзано со претходното и се однесува на инкриминацијата на кривичните дела која се споменува во случаите кога таа од 418-а или 418-г од Кривичниот Законик на Република Македонија се отфрла или се променува. Односно, **што мислите, во чија инкриминација се преименува отфрлената од првично поднесената кривична пријава?**

Најголемиот број од одговорите од испитаниците или 75%, кои одговориле потврдно на претходното прашање се однесуваат на кривичното дело **Посредување во вршење проституција**, што уште еднаш докажува дека трговијата со луѓе најчесто се поврзува со сексуалната експлоатација како цел. Останатите го посочуваат

**криумчарењето мигранти** како можна инкриминација која се користи во случаите кога трговијата со луѓе не може да се докаже.

Од анализата на одговорите на испитаниците, т.е. студентите, би заклучиле дека најголемиот број од нив ги имаат потребните, почетни сознанија за криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе. Единствено варијации има кај одговорите на испитаниците од втората студиска година, што е за очекување, бидејќи истите се се уште на почетокот на студиите и се уште не толку често се среќавале со феноменот и неговите карактеристики.

Исто така, би заклучиле дека најголемиот број од одговорите се поклопуваат со моменталната ситуација со кривичното дело на територијата на Република Македонија, што од друга страна повторно ја потврдува првичната теза, дека студентите се добро информирани околу случувањата со овој вид криминалитет.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

Трговијата со луѓе, како и секоја друга појава во општеството, целосно ги приспособила своите карактеристики на моменталните случувања, односно во зависност од можностите во рамките на заедницата зависи и нејзиното функционирање.

Тргнувајќи од фактот дека феноменот претставува сложен криминален процес, неговото изучување повлекува потреба истото да се разгледува од повеќе аспекти. Сите тие се однесуваат на една страна на појавата, притоа поврзувајќи ја истата со исти или слични на неа дејствија, оставајќи ни простор да дискутираме за постоењето на синоними, антоними или хомоними.

1. Денешниот облик на трговијата со луѓе, вака поставен целосно ни дава можност истиот да го поврзуваме со сличните на него практики од минатото и токму таму да ги бараме неговите корени. Затоа еден од аспектите од кои, денес се проучува трговијата со луѓе е тој каде таа се поврзува со трговијата со робови и ропството од времето на Трансатлантската трговија со робови. Низ целокупната анализа на тогашните и денешните случувања би заклучиле дека содржината останува иста, се менуваат формата, донекаде и улогите на субјектите и објектите на делото.

2. Промените во општественото уредување следствено со себе повлекуваат низа други промени. Привлекувањето на различни култури на едно место, технолошкиот развој, маргинализирањето на деловите од страна на центарот кој во ерата на глобализацијата го има приматот на водечки сегмент, всушност и создадоа погодна почва на трговијата со луѓе. Таа, според многу автори, претставува школски пример за глобализирањето на криминалот, пример преку кој можеме да видиме како во практика организираните криминални групи ги собираат плодовите од современото живеење преку зголемените можности за комуникација на меѓународно ниво, олесното формирање и одржување на мрежите без проблемот наречен граници, топењето и буквално кажано, топењето во легалноста на најразлични професии.

3. Токму поради претходно наведеното, третиот аспект, целосно ја поврзува трговијата со луѓе со организираниот криминал, во повеќе наврати правејќи ја дури и зависна од него и организираните криминални групи. Иако, последните неколку години регистрираните случаи на трговија со луѓе покажаа дека транснационалноста и учеството на организираниот криминалитет не се неопходност за делото да постои,

сепак се уште, на светско ниво, криминалните мрежи се тие кои го диктираат пазарот на понуда и побарувачка на најразличен вид услуги од страна на жртвите на феноменот.

4. Услугите од најразличен вид кои „ги нудат“ жртвите претставуваат најдлабоко навлегување во сферата на човековото достоинство, флагрантно кршење на основните права и слободи на човекот и граѓанинот, па затоа, иако најнов, сепак аспектот на проучување на трговијата со луѓе од страна на човековите права е доста важен, па можеби и не би погрешиле доколку и му го дадеме епитетот најважен. Без разлика дали во одреден случај постои согласност или не, феноменот со сите свои карактеристики несомнено преставува појава со која целосно се игнорираат правата на секое човечко суштество. Не случајно сите меѓународни документи кои се однесуваат на промовирањето и заштитата на човековите права, го забрануваат ропството, штитејќи ја слободата на луѓето.

5. Исто така, поврзан со услугите, е и аспектот кој трговијата со луѓе ја поврзува со проституцијата. Иако, денес постојат низа можни видови на експлоатација на жртвите, сепак се уште сексуалната експлоатација е таа која и по статистичките податоци, и по мислењата на авторите, но и на лаиците, најчесто се врзува за процесот на тргувањето со луѓе. Токму заради тоа, но и заради фактот што првичните меѓународни документи од оваа област се однесуваат на проституцијата и заштитата на жената, овој аспект е еден од основните шест.

6. И на крајот, но не со помала важност од претходните, а поврзан со отворањето на границите и постојаните обиди на луѓето за подобар живот, е аспектот на поврзувањето на миграцијата и трговијата со луѓе. Несомнено е дека нивната поврзаност постои, бидејќи во времето кога интересот на меѓународната заедница во однос на овој феномен беше во зародиш, трговијата со луѓе своите потенцијални жртви ги црпеше токму од лицата кои преку миграцијата очекуваа подобрување на својата економска состојба. Заради тоа честопати денес, некои автори знаат за трговијата со луѓе да кажат дека претставува дел од т.н. „миграциски криминал“. Исто така, важноста на овој аспект ја потврдува и постоењето на криумчарењето мигранти како кривично дело кое честопати знае да биде помешано со трговијата со луѓе.

7. Првичното повеќедимензионално разгледување и понудата на решенија датира од последната година на минатиот век, а е крунисан со создавањето на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал и двата нејзините дополнителни Протоколи од кои едниот е тој посветен на трговијата со луѓе, уште

попознат и како Протокол од Палермо, донесени од страна на Обединетите Нации. Овие документи за прв пат во поновата историја од меѓународно правното регулирање на оваа област нудат решенија, обврски и чекори за понатамошното оперирање во процесите на сузбивање и превенција на појавата.

8. Од таа страна и произлегуваат и чекорите на Република Македонија, од потпишувањето на горенаведените меѓународни документи во декември 2000 година, па се до првичното инкриминирање на кривичното дело. Дванаесет години подоцна, денешната инкриминација е одраз на посветеноста на нашата земја на борбата против ова кривично дело, но и рефлекс на желбата, како и потребата од постојани промени заради веќе претходно споменатата способност за промени, препознатливата променливост која е една од многуте карактеристики на трговијата со луѓе.

9. Обемот и динамиката на делото од 2002 – 2012 година ни ја отсликуваат неговата променливост, укажувајќи ни ја прилагодливоста на условите во опкружувањето преку преминот од транснационална трговија со луѓе чии жртви најчесто беа странски државјанки, во внатрешна трговија со луѓе, чии жртви се државјанки на Република Македонија и тоа жртви кои се малолетни.

10. Кај ова кривично дело, спектарот на средства кои сторителите ги користат за да стигнат до својата цел, односно експлоатацијата на жртвите, варираат од регрутација преку измама, закана, заблуда, искористувањето на позицијата на моќ, искористувањето на немоќта на одредено лице, итн.

11. Во однос на криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе на територијата на Република Македонија во периодот 2002 - 2012 година, би заклучиле дека истите се разликуваат меѓусебно во двата периоди кои се јавуваат како временски подфази на целиот временски период од единаесет години кои се предмет на истражувањето. Имено, временските делови ги опфаќаат двата периоди од кои во едниот трговијата со луѓе е транснационална и е трговија со полнолетни лица, а во другиот е внатрешна и е трговија со малолетни лица.

12. И покрај ваквата „поделеност“ истите во својата основа ја задржуваат заедничката, глобална, изработена скица за начинот на извршувањето на делото, средствата кои се употребуваат за исполнување на дејствието на извршување, криминалната ситуација, оние веќе добро познати, претходно добро проверени профили на потенцијални жртви, жртви чии виктимогени предиспозиции ги прават поранливи од другите, но сепак не во толкава мерка за тој ист, најчесто на удар профил, да остане единствен и непроменливо изграден.

13. Органите задолжени за заштита на безбедноста во Република Македонија се повеќе своите сили и средства ги насочуваат кон употребата на мерки кои го откриваат кривичното дело уште во текот на својата подготвителна фаза или пак кога истото е се уште во текот на фазата на регрутација. Сепак, не се исклучуваат ниту случаите кога истото се открива дури кога ќе стигне во рамките на својата фаза на експлоатација на жртвите. Но, за разлика на реактивната истрага, употребата на проактивната истрага не само што доведува до сосема поинаков начин на работа, туку не учи за можностите за превенирање на криминалитетот, негово спречување пред истиот да достигне одредена фаза во која жртвите веќе ги почувствувале во голема мера тешките последици од криминалното дејствие.

14. Студентите на Факултетот за безбедност во Скопје, во зависност од студиските години покажуваат одредени познавања за областа, онолку колку што е доволно да познавате за истата да ве заинтересира и потоа да продолжите да ја истражувате.

Би заклучиле дека Република Македонија ги има потребните капацитети, се мисли на законски, но и на материјални за да се спротивстави на овој вид криминалитет. Инкриминацијата претставува добро законско решение кое секако дека мора да ги следи светските и домашните трендови, решение кое ги опфаќа сите можни начини на извршување на делото, ги санкционира поголемиот број можни улоги кои одреден сторител може да ги има, притоа оддавајќи слика кон останатите земји и актери вклучени во борбата против трговијата со луѓе дека нашата земја е доволно зрела за успешно да му стави крај на ова кривично дело.

Тргнувајќи од претходно наведените заклучоци, би дале неколку **предлози**, како основа за промени во насока на подобрување на институционалните капацитети за откривање на кривичното дело и зголемен степен на помош на жртвите на делото. Предлозите ја опфаќаат потребата од промени или подобрувања на одредени аспекти во неколку **различни нивоа** на соработка.

***Шематски приказ бр.21***
***Препораки на меѓународно ниво***






Постојана меѓународна соработка и размена на информации помеѓу државите

Соработка меѓу државите во процесот на кривичното гонење на сторителите на кривичното дело

Постојано следење на промените на организираните криминални групи, територијата на дејствување, начинот на извршување на кривичното дело, нивната хиерархија

Обуки на полициски персонал, лица од останатите органи на прогонот, социјални работници, членови на невладини организации и др.

Подобрување на положбата на жртвите и работа кон губење на стереотипите поврзани со вината на жртвите

Употреба на современи методи на откривање на кривичното дело

***Шематски приказ бр.22***
***Потребни чекори на регионално и државно ниво***



Постојано следење на трговијата со луѓе, неговата динамика, промените во структурата

Кампањи за подобрување на информираноста на граѓаните

Анализа на законските решенија во националното законодавство и подобрување на истите

Образован и професионален кадар во органите на кривичниот прогон

Нивоата на соработка се меѓународното, како основа на сите досега донесени и оние кои во иднина ќе треба да се донесат документи, ниво во кое егзистираат поголем број меѓународни организации во рамките на кои државите соработуваат, ги подобруваат своите законодавства, работата на превенцијата и спречувањето на трговијата со луѓе.

Од друга страна, регионалното ниво ја стеснува соработката на помала територија, притоа тргнувајќи од карактеристиките на еден регион, од она по што истиот е различен од другите, од начинот на кој делото се врши на таа територија и сл.

На трето место, со не помала важност е државното ниво во рамките на кое се гради основниот скелет за понатамошна успешна борба со трговијата со луѓе.

**<u>На меѓународно и регионално ниво</u>**

1. Нови меѓународни документи од областа и прилагодување на некои од старите на новите услови;

2. Обуки на полициски персонал, лица од останатите органи на прогонот, социјални работници, членови на невладини организации и др.;

3. Подобрување на положбата на жртвите и работа кон губење на стереотипите поврзани со вината на жртвите;

4. Постојано следење на промените на организираните криминални групи, територијата на дејствување, начинот на извршување на кривичното дело, нивната хиерархија;

5. Постојано следење на трговијата со луѓе, неговата динамика, промените во структурата;

6. Постојана меѓународна соработка и размена на информации помеѓу државите;

7. Соработка меѓу државите во процесот на кривичното гонење на сторителите на кривичното дело.

**<u>На државно ниво - Република Македонија</u>**

Во Република Македонија, препораките би ги поделиле на две нивоа, прво тоа нормативното во чии рамки влегуваат препораките поврзани и со законската регулатива, но и тие поврзани со органите на кривичниот прогон, пред се полицијата, и

тоа на општественото ниво, акцентот ставајќи го врз информираноста и образованието како главни алатки за превенција на виктимизацијата на одредени групи луѓе.

**<u>На нормативно ниво</u>**

1. Усогласување на националното законодавство со препораките содржани во меѓународните документи;
2. Постојано подобрување на законските инкриминации на трговијата со луѓе и трговијата со малолетни лица, нивно проширување со новите начини на регрутација или пак експлоатација на жртвите;
3. Подобрување на законските прописи поврзани со положбата на жртвите во текот на кривичната постапка, пред нејзиниот почеток, но и потоа;
4. Подобрување на процесот на идентификација на жртвите;
5. Поголема заштита на жртвите на трговијата со луѓе во национални рамки;
6. Соодветно санкционирање на сторителите на кривични дела, а не искористување единствено на законскиот минимум при одредувањето на казната затвор;
7. Почеста употреба на проактивната истрага, разузнавањето и специјалните истражни мерки за откривање на кривичното дело;
8. Се јавува потребата од подобрување на координацијата и соработката меѓу институциите на централно со тие на локално ниво, соработка која треба да донесе полесна идентификација на жртвите, а после тоа и помош за потенцијалните жртви;
9. Децентрализација на голем дел од чекорите кои се преземаат единствено на централно ниво од државните органи (добар пример е формирањето локални групи на Националната Комисија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција).

**<u>На општествено ниво</u>**

1. Кампањи за информирање на јавноста за организираниот криминал и видовите кривични дела асоцирани со него;
2. Почести кампањи кај ризичните групи (оние кои имаа предиспозиции да станат жртви на ова кривично дело);
3. Чекори за губење на мислењето и стереотипите поврзани со вината на жртвите;

4. Образовни програми на повисоките степени на образование (втор и трет циклус студии) кои го обработуваат проблемот со трговијата со луѓе;

5. Напуштање на постојаното вработување на секакви профили во органите на кривичниот прогон, а единствено не на профилот криминалист (со овој чекор би се задоволила потребата и правилото од образован и обучен кадар кој е еден од битните предуслови за успешно спречување и превенција на трговијата со луѓе).

Со примена на горенаведените предлози, би се зајакнале капацитетите на институциите надлежни за откривање на кривичното дело, би се овозможила поголема помош на жртвите, а со тоа можеби истите тие полесно би биле убедени да учествуваат во текот на кривичните постапки кои се водат за овие дела.

# АНЕКСИ

**А Н К Е Т Е Н  П Р А Ш А Л Н И К**

**Напомена:** Целта на истражувањето е да се добијат информации околу криминалистичките карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија, пред се начинот на нејзиното извршување, за потоа во согласност со добиените резултати да се преземат идни активности за превенција на феноменот.

Прашалникот е анонимен и служи само за исполнување на целите на докторскиот труд **"Криминалистички карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија, со посебен осврт на начинот на извршување (modus operandi)".**

Ве молиме на прашањата да одговарате искрено заради точност на податоците, а и точност на истражувањето. Ви благодариме.

**Пол** **М** **Ж**

**Година на студии** **II** **III** **IV**

**Националност** ________________

**1. Дали досега сте слушнале за к.д. Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице?**
а) Да
б) Не

**2. Што мислите, во однос на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со малолетно лице, кој вид истрага најчесто се применува?**
а) Реактивна истрага;
б) Проактивна истрага;
в) И двете.

**3. Што мислите, во случаите на проактивна истрага, од каде најчесто доаѓаат сознанијата за почеток на полициските дејствија?**

______________________________________________________________________________
__________________________________________________________.

**4. Што мислите, во случаите на реактивната истрага, од каде се добиваат првите сознанија за постоењето на кривичното дело?**

______________________________________________________________________________
__________________________________________________________.

**5. На територијата на Република Македонија, овие кривични дела најчесто ги вршат:**
а) Организирани криминални групи;
б) Поединци;
в) Друго________________________.

**6. Во случаите на организираното извршување на кривичното дело, дали постојат семејни врски помеѓу сторителите?**
а) Да
б) Не

**7. Дали најчесто сторителот/сторителите ги познавале жртвите?**
а) Да;
б) Не;
в) Друго__________________.

**8. Што мислите кои средства најчесто ги користат сторителите за регрутација на жртвите?**

__________________________________________________________________________________________
______________________________________________________________.

**9. На каков начин, најчесто се пренесуваат жртвите до дестинацијата, т.е. местото на експлоатација?**

__________________________________________________________________________________________
______________________________________________________________.

**10. Минувањето на државни граници, доколку ги има, најчесто е:**
а) Легално – со легални патни исправи;
б) Легално – со фалсификувани патни исправи;
в) Нелегално;
г) Друго________________________________.

**11 Дали во текот на транспортот се користат некои објекти за сместување на жртвите?**
а) Да;
б) Не.

**12. Дали во текот на транспортот се користат некакви објекти за сместување на жртвите?**

__________________________________________________________________________________________
______________________________________________________________.

**13. Која е најчестата експлоатација на жртвите?**
а) Сексуално;
б) Работно;
в) Друго_______________________.

**14. Како најчесто сторителите го затскриваат кривичното дело?**
а) Преку легален бизнис;
б) Корумпирање на официјални лица;
в) Друго__________________________.

**15. Што мислите во кој дел на Република Македонија најчесто се извршува кривичното дело?**

__________________________________________________________________________________________
______________________________________________________________

**16. Што мислите дали досега постоел случај во кој биле вклучени и овластени службени лица?**
а) Да;
б) Не.

**17. Имајќи ја предвид комплексноста на кривичното дело, што мислите дали се случува Јавното обвинителство да ја промени законската инкриминација на кривичното дело која претходно полицијата ја навела?**
а) Да;
б) Не.

**Ви благодариме**




***Продукти произведени како резултат на трговија со луѓе во светот***

# БИБЛИОГРАФИЈА

**<u>Книги</u>**

1. Aas, Katja Franko.*Globalization and crime.*Los Angeles, London, New Delhi and Singapore: SAGE Publications, 2007;

2. Алексоски, Стеван. *Психологија со криминалистичка психологија.* Трекс: Скопје, 2005;

3. Allain, Jean. *The Slavery Conventions: The Travaux Preparatoires of the 1926 League of Nations Convention and the 1956 United Nations Convention.* Martinus Nijhoff Publishers: Leiden - Boston, 1965;

4. Ангелевски, Методија. *Криминалистика.* НИО Студентски збор: Скопје, 1993;

5. Аристотел. *Политика.* Скопје: Слово, 2006;

6. Аристотел. *Реторика.* Скопје: Ѓурѓа, 2010;

7. Арнаудовски, Љупчо. *Криминологија.* Штип: 2-ри Август С, 2007;

8. Арнаудовски, Љупчо, и Трпе Стојановски. *Трговија со луѓе – Криминалитет.*Скопје:Скенпоинт, 2002;

9. Aronowitz, Alexis. *Human Trafficking, Human Misery: The Global Trade in Human Beings.* Praeger: Westport - London, 2009;

10. Askola, Helli. *Legal Responses to Trafficking in Women for Sexual Exploitation in the European Union.* Oxford: HART – Publishing, 2007;

11. Bales, Kevin.*Disposable people: New slavery in the global economy.* Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2004;

12. Bales, Kevin. *New Slavery.*Santa Barbara: ABC-CLIO, 2004;

13. Bales, Kevin.*Understanding Global Slavery.*Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2005;

14. Bales, Kevin. *Ending slavery: How we free today's slaves.* Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2007;

15. Bales, Kevin, and Roon Soodalter. *The slave next door.* Berkeley and Los Angeles: University of California Press, 2009;

16. Бејлис, Џон, и Џејмс Вирц, Колин Греј, Елиот Коен. *Стратегија во современиот свет.* Нампрес: Скопје, 2009;

17. Bhattacharyya, Gargi. *Traffic: The illicit movement of People and Things.* London: Pluto Press, 2005;

18. Бикс, Карен, и Дилајла Амир. *Глобалната секс – индустрија и препродажбата на луѓе.* Lanham: Lexington books, 2009;

19. Bjerkan, Lise, Linda Dyrlid, Vesna Nikolic – Ristanovic, i Biljana Simeunovic – Patic. *Samo moj zivot: Rehabilitacija zrtava trgovine ljudima u cilju seksualne eksploatacije.* Beograd: Prometej, 2005;

20. Боба, Рејчел. *Криминалистичко истражување со мапирање на криминалот.* Скопје: Нампрес, 2010;

21. Busek, Erhard, and Björn Kühne. *From Stabilization to Integration. The Stability Pact for South Eastern Europe.* Wien – Köln – Weimar: Böhlau, 2010;

22. Calderoni, Francesco. *Organized Crime Legislation in the European Union: Harmonization and Approximation of Criminal Law, National Legislations and the EU Framework Decision on the Fight Against Organized Crime.* Dordrecht: Springer, 2010;

23. Cameron, Sally, and Edward Newman.*Trafficking in humans – Social, political and cultural dimensions.* Hong Kong: United Nations University Press, 2008;

24. Canter, David. *Forensic Psychology: A very short introduction.* Oxford University Press: Oxford, 2012;

25. Cornwall, Andrea, Sonia Correa, and Susie Jolly. *Development with a body: sexuality, human rights and development.* London & New York: Zed Books, 2008;

26. Cullen – DuPont, Kathryn.*Human trafficking.* New York: Facts on file, 2009;

27. Dauvergne, Catherine. *Making people illegal: What globalization means for Migration and Law*. Cambridge: Cambridge University Press, 2008;

28. Destefano, Anthony M..*The war on Human Trafficking*. New Brunswick: Rutgers University Press, 2007;

29. Di Nicola, Andrea, Andrea Cauduro, Marco Lombardi and Paolo Ruspini.*Prostitution and Human Trafficking*. New York: Springer, 2009;

30. Димовски, Злате. *Криминалистичко разузнавање*. Скопје: Графотранс, 2007;

31. Ditmore, Melissa Hope. *Encyclopedia of Prostitution and Sex Work, Vol. 1&2*. Westport-London: Greenwood Press, 2006;

32. Ebbe N.I., Obbi, and Dilip K.Das.*Global trafficking in women and children*. Boca Raton: CRC Press, 2008;

33. Fergus, Lara. *Trafficking in Women for Sexual Exploitation.* Melbourne: Australian Centre for the Study of Sexual Assault, 2005;

34. Fiandaca, Giovanni. *Women and the Mafia.* Springer, 2007;

35. Fijnaut, Cyrille, and Letizia Paoli. *Organized Crime in Europe: Concepts, Patterns and Control Policies in the European Union and Beyond.* Dordrecht: Springer, 2004;

36. Giusta, Marina Della, Maria Laura Di Tommaso and Steinar Strom. *Sex Markets: A denied industry*. New York: Routledge, 2008;

37. Guinn, David E., and Julie Di Caro. *Pornography: Driving the Demand in International Sex Trafficking.* International Human Rights Law Institute & Captive Daughters Media, 2007;

38. Hicks, Scotia J., and Bruce D.Sales. *Criminal Profiling: Developing an effective science and practice.* American Psychological Association: Washington, 2002;

39. Holmes, Leslie. *Trafficking and Human Rights: European and Asia-Pacific Perspective.* Edward Elgar Publishing Limited: Cheltenham - Northampton, 2010;

40. Hughes, Donna M..*Demand for Victims of Sex Trafficking.* Women’s Studies Program, University of Rhode Island, 2005;

41. Jacobs, Don. *Analyzing Criminal Minds: Forensic Investigative Science for the 21st Century*. Santa Barbara - Denver - Oxford: Praeger, 2011;

42. Jeffreys, Sheilla.*The industrial vagina: The political economy of the global sex trade*. New York: Routledge, 2009;

43. Камбовски, Владо.*Казнено право, посебен дел*. Скопје: Просветно дело, 2003;

44. Камбовски, Владо. *Меѓународно казнено право*. Скопје: Просветно дело, 1998;

45. Камбовски, Владо. *Организиран криминал*. Штип: 2ри Август, 2005;

46. Kara, Siddharth. *Sex Trafficking: Inside the Business of Modern Slavery*. New York – Chichester: Columbia University Press, 2009;

47. Kara, Siddharth. *Bonded Labor: Tackling the System of Slavery in South Asia*. New York - Chichester: Columbia University Press, 2012;

48. Kelly, Robert J., Jess Maghan and Joseph D. Serio. *Illicit Trafficking*. Santa Barbara: ABC-CLIO, 2005;

49. Keppel, Robert D., and William J.Birnes. *Serial Violence: Analysis of Modus Operandi and Signature Characteristics of Killers*. CRC Press: Boca Raton- London - New York, 2009;

50. Kocsis, Richard N. *Criminal Profiling: Principles and Practice*. Humana Press: Totowa, 2006;

51. Kocsis, Richard N. *Criminal Profiling: International Theory*. Humana Press: Totowa, 2007;

52. Koser, Khalid. *International Migration: A Very Short Introduction*. New York: Oxford University Press Inc., 2007;

53. Котески, Марјан. *Криминалистички карактеристики кај убиствата*. Скопје, 2006;

54. Laczko, Frank, and Marco A. Gramegna. *Developing Better Indicators of Human Trafficking*. Vienna: IOM, 2003;

55. Лајман, Мајкл Д., и Гари В. Потер. *Организиран криминал*. Скопје: Магор, 2009;

56. Lee, Maggy. *Human Trafficking*. Willan Publishing: Cullompton, 2007;

57. Lee, Maggy. *Trafficking and global crime control*. SAGE Publications: London, 2009;

58. Мегваер, Мајк, Род Морган, и Роберт Рајнер. *Оксфордски прирачник за криминологија.* Скопје: Нампрес, 2010;

59. Малиш - Саздовска, Марија. *Еколошка криминалистика.* График Мак Принт: Скопје, 2007;

60. Малиш - Саздовска, Марина. *Прирачник за разузнавачки циклус.* График Мак Принт: Скопје, 2005;

61. Мек-кју, Колин. *Проучување податоци и предвидувачка анализа.* Скопје: Табернакул, 2009;

62. McCabe, Kimberly, and Sabita Manian. *Sex Trafficking.* Lanham: Lexington Books, 2010;

63. Мијалковиќ, Саша, и Милан Жарковиќ. *Илегалне миграције и трговина људима.* Београд: Криминалистичко полицијска академија, 2012;

64. Milutinovic, Milan. *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije.* Beograd: Savremena administracija, 1973;

65. Morrison, Wayne. *Theoretical Criminology: from Modernity to post-Modernism.* (Cavendish Publishing Limited: London - Sydney, 1995;

66. Munro, Vanessa E., and Marina Della Giusta.*Demanding Sex: Critical reflections on the Regulation of Prostitution.* Hampshire: Ashgate, 2008;

67. Natarajan, Mangai. *International Crime and Justice.* Cambridge: Cambridge University Press, 2011;

68. Ниче, Фридрих. *Волја за моќ.* Скопје: Ѓурѓа, 2008;

69. Obokata, Tom.*Trafficking of Human Beings from Human Rights Perspective.* Leiden – Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2006;

70. Outshoorn, Joyce.*The politics of Prostitution: Women's movements, Democratic States and the Globalization of Sex Commerce.* Cambridge: Cambridge University Press, 2004;

71. Penttinen, Elina.*Globalization, Prostitution and Sex-Trafficking.* New York: Routledge, 2008;

72. Peric, Vlado. *Kako se prikljupljaju i provjeravaju obavjestenja o krivicnim djelima za koja se goni po sluzbenoj duznosti*. Beograd: Savremena administracija, 1971;

73. Рајкел, Филип. *Прирачник за транснационален организиран криминал и правда*. Скопје: Датапонс, 2009;

74. Ретклиф, Џери Х. *Стратешкото размислување во разузнавањето на криминалот*. Скопје: Табернакул, 2009;

75. Ричелсон, Џефри Т. *Разузнавачката заедница на САД*. Скопје: Магор, 2009;

76. Rosmo, Kim D. *Geographic Profiling.* CRC Press: Boca Raton, 2000;

77. Roth, Mitchel P. *Global Organized Crime.* Santa Barbara: ABC-CLIO, 2010;

78. Savona, Ernesto U., and Sonia Stefanizzi. *Measuring Human Trafficking: Complexities and Pitfalls*. New York: Springer, 2007;

79. Scarpa, Silvia. *Trafficking in human beings: Modern slavery.* New York: Oxford University Press, 2008;

80. Shanty, Frank G. *Organized Crime: From Trafficking to Terrorism.* Santa Barbara: ACB-CLIO, 2008;

81. Siegel, Dina, Hank Van de Bunt, and Damian Zaitch. *Глобален организиран криминал – трендови и случувања*. Скопје: Магор, 2009;

82. Siegel, Dina, Hank Van de Bunt. *Traditional Organized Crime in the Modern World.* Studies of Organized Crime. New York: Springer, 2012;

83. Siegel, Dina, and Hans Nelen. *Studies of organized crime*. New York: Springer, 2008;

84. Sollov, Barbara L. *Slavery and the rise of the Atlantic System.* Cambridge University Press: Cambridge, 1991;

85. Станојоска Ангелина. *Феноменолошки карактеристики на трговијата со луѓе во Република Македонија, во периодот 2004 - 2010 година*. Магистерска теза. Скопје, 2011;

86. Sullivan, Mary Lucille.*Making sex work.* Melbourne: Pinifex, 2007;

87. Sutherland, Edwin H., and Donald R.Cressey. *Criminology*. J.P. Lippincott: New York, 1978;

88. Tanaka, Yuki.*Sexual Slavery during the Second World War.* New York: Routledge, 2002;

89. Territo, Leonard, and Rande Matteson. *The International Trafficking of Human Organs: A Multidisciplinary Perspective.* Boca Raton - London - New York: CRC Press, 2012;

90. Thachuk L., Kimberly.*Transnational threats – Smuggling and trafficking in Arms, Drugs and Human Life.* Westport: Praeger Security International, 2007;

91. Тодоровски, Љупчо. *Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога*. Докторска дисертација. Скопје, 2012;

92. Truong, Thanh-Dam, and Des Gasper. *Transnational Migration and Human Security: The Migration-Development-Security Nexus.* Springer: New York - London, 2011;

93. Turvey, Brent E. *Criminal Profiling: An Introduction to Behavioral Evidence Analysis.* Academic Press: New York - London, 2012;

94. Walklate, Sandra. *Criminology: The Basics.* Routledge: London - New York, 2005;

95. Weitzer, Ronald.*Sex for sale: Prostitution, pornography and the sex-industry.* New York: Routledge, 2010;

96. Wilkinson, Stephen. *Bodies for sale: Ethics and exploitation in the human body trade.* London: Routledge, 2003.

97. Zerjav, Ciril. *Kriminalistika.* Varteks: Ljubljana, 1983;

98. Zhang, Sheldon X. *Smuggling and Trafficking in Human Beings: All roads lead to America.* Westport: Praeger, 2007;

99. Чадловски, Георги. *Криминологија и психијатрија.* Софија: Скопје, 2006;

100. Џуклески, Гоце. *Вовед во криминалистиката.* Скопје: Соларис Принт, 2009;

101. Џуклески, Гоце. *Прирачник за соработничка мрежа.* График Мак Принт: Скопје, 2005.

**<u>Трудови во списанија, зборници, меѓународни конференции</u>**

1. Anastasijevic, Dejan. “Organized Crime in the Western Balkans”. *Trends of Organized Crime 11* (2008): 430 - 436;

2. Allum, Felia, and Jennifer Sands. “Explaining organized crime in Europe: Are economists always right?”. *Crime, Law & Social Change 41* (2004): 133 - 160;

3. Арнаудовски, Љупчо. “Криминалитетот "Трговија со луѓе" – проблеми во дефинирањето" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 45 – 70;

4. Aronowitz, Alexis A. “Overcoming the Challenges to Accurately Measuring the Phenomenon of Human Trafficking”*10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

5. Aronowitz, Alexis. “Smuggling and trafficking in human beings: The phenomenon, the markets that drive it and the organizations that promote it”. *European Journal on Criminal Policy and Research 9* (2001): 163 - 195;

6. Aronowitz, Alexis A. " Understanding and Addressing the Demand Side of Trafficking: Social and Cultural Contexts " *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

7. Arsovska, Jana. “Social Confusion on the Road to Modernity: The Meaning of Violence and Crime in Ethnic Albanian Context” *Final results of a 2006 CERGE-EI GDN Project.* 2007;

8. Bassiouni, Cherif., " Addressing International Human Trafficking in Women and Children for Commercial Sexual Exploitation in the 21st Century " *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC (2010);*

9. Бачановиќ, Оливер. *Жртви на трговијата со луѓе, Организиран криминал – Проект на програмата на ТЕМПУС и КАРДС.* Скопје, 2002;

10. Бачановиќ, Оливер.  " Правата, заштитата и помошта на жртвите во Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе " *Годишник на Полициската Академија (2007):* 68 – 80;

11. Бериша, Елда Багавики. "Сиромаштијата и војните во Југозападна Европа – импликации за трговијата со луѓе" *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 199 – 204;

12. Breuil, Brenda Carina Oude, Dina Siegel, Piet van Reenen, Annemarieke Beijer, Linda Roos. “Human trafficking revisited: legal, enforcement and ethnographic narratives on sex trafficking to Western Europe”. *Trends of Organized Crime 14* (2011): 30 - 46;

13. Bruinsma, Gerben, and Wim Bernasco. “Criminal Groups and trasnational illegal markets: A more detailed examination on the basis of Social Network Theory”. *Crime, Law & Social Change 41* (2004): 79 - 94;

14. Cheloukhine, Seguei. “The roots of Russian organized crime: from old-fashioned professionals to the organized criminal groups of today”. *Crime, Law & Social Change 50* (2008): 353 - 374;

15. Copic, Sanja. “ Putevi trgovine ljudime u Evropi” *Spisanie Temida, br.4 (2008):* 49 – 68;

16. Danailova-Trainor, Gergana, and Frank Laczko. “Trafficking in Persons and Development: Towards Greater Policy Coherence”. *International Migration 48(4)* (2010): 38 - 83;

17. Dimovski, Zlate, and Ice Ilijevski, Kire Babanoski. “Maze of the financial assets in the process of money laundering in the function of financing terrorism” *Zbornik radova - Suprotstavljanje terorizmu - medzunarodni standard i pravna regulative* (2011):

18. Duyne, Petrus C.Van. “Mobsters are human too: Behavioral science and organized crime investigation”. *Crime, Law & Social Change 34* (2000): 369 - 390;

19. Доезема, Џо. " Распуштени жени или изгубени жени? Повторно појавување на митот за белото робје во современиот дискурс за трговијата со жени " *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 213 – 256;

20. Eilstrup-Sangiovanni, Mette, and Calvert Jones. “Assessing the dangers of Illicit Networks: Why al-Qaida may be less threatening than many think”. *International Security 33(2)* (2008): 7 - 44;

21. Erez, Edna. " Women as Victims and Survivors in the Context of Transnational Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation ". *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

22. Филиповски, Зоран. " Криминолошки и кривично – правни аспекти на трговијата со луѓе во Република Македонија " *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 133 – 154;

23. Friesendorf, Cornelius. " Strategies against Human Trafficking: The Role of Security Sector ". *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

24. Фреца, Федерико. "Истражувачки техники од областа на трговијата со луѓе – Инволвираноста на организираниот криминал во криумчарењето и трговијата со луѓе " *Twinning project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor’s Office, Collection of texts (2009):* 304 – 327;

25. Gallagher, Anne, and Paul Holmes. “Developing an Effective Criminal Justice Response to Human Trafficking: Lessons from the Front Line”. *International Criminal Justice Review 18 (3)* (2008): 318 - 343;

26. Gallagher, Anne. ”Recent Legal Developments in the Field of Human Trafficking: A Critical Review of the 2005 European Convention and Related Instruments”. *European Journal of Migration and Law 8* (2006): 163 - 189;

27. Helfferich, Cornelia, Barbara Kavemann, Heike Rabe. Determinants of the willingness to make a statement of victims of human trafficking for the purpose of sexual exploitation in the triangle offender - police - victim”. *Trends of organized crime 14* (2011): 125 - 147;

28. Icduygu, Ahmet, and Sule Toktas. “How do Smuggling and Trafficking Operate via Irregular Border Crossings in the Middle East? Evidence from Fieldwork in Turkey”. *International Migration 40(6)* (2002): 25 - 54;

29. Kaneti, Marina. “Project Trafficking: Global Unity in Addressing a Universal Challenge?” *Human Rights Review 12* (2011): 345 - 361;

30. Kara, Siddharth. “Designing More Effective Laws Against Human Trafficking" *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

31. Kelly, Liz. “You can find anything you want: A critical reflection on research on trafficking in persons within and into Europe”. *International Migration 43 (1/2)* (2005): 235 - 265;

32. Korvinus, Dien, Dagmar Koster, and Heleen de Jonge van Ellemeet. “Trafficking in Human Beings: The concept of exploitation in the Dutch trafficking provision” *Trema, Nr.7 (2006):* 286 – 290;

33. Krieg, Sarah H. “Trafficking in Human Beings: The EU Approach between Border Control, Law Enforcement and Human Rights”. *European Law Journal 15(6)* (2009): 775 - 790;

34. Lalic, Velibor, i Zelimir Kesetovic. “Antropologija seksualne eksploatacije”. *Temida 1* (2009): 17 - 32;

35. Lampe, Klaus von. “Organized Crime in Europe: Conceptions and Realities”. *Policing: A Journal of Policy and Practice 2(1)* (2008): 7 - 17;

36. Leman, Johan, and Stef Janssens. “Albanian Entrepreneurial Practices in Human Smuggling and Trafficking: On the Road to the United Kingdom via Brussels, 1995–2005”. *International Migration 50(6)* (2012): 166 - 179;

37. Leman, Johan, and Stef Janssens. “The Albanian and Post-Soviet Business of Trafficking Women for Prostitution: Structural Developments and Financial Modus Operandi”. *European Journal of Criminology 5(4)* (2008): 433 - 451;

38. Lobazs, Jennifer K. “Beyond Border Security: Feminist Approaches to Human Trafficking” *Security Studies 18* (2009): 319 - 344;

39. Месколини, Марко. " Трговијата со луѓе како нова форма на ропство: димензиите на појавата и одговори на интернационално ниво " *Twining project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor’s Office, Collection of texts (2009):* 328 – 363;

40. McCreight, Matilde Ventrella. “Smuggling of Migrants, Trafficking in Human Beings and Irregular Migration on a Comparative Perspective”. *European Law Journal 12(1)* (2006): 106 - 129;

41. Mcillwain, Jeffrey Scott. “Organized crime: A social network approach”. *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 301 - 323;

42. Meyer, Silke. “Trafficking in human organs in Europe”. *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice 14(2)* (2006): 189 - 215;

43. Michaletos, Ioannis. “The Shape of the Albanian Organized Crime”. *Research Institute for European and American Studies*;

44. Мијалковиќ, Саша, и Дарко Маринковиќ. „Криминалистичка методика доказивања кривичног дела трговина људима“. *Безбедност 1* (2010): 41 - 61;

45. Mijalkovic, Sasa. “Mogucnosti obezbedzenja dokaza o organizovanju seksualne eksploatacije”. *Temida 2* (2006): 21 - 32;

46. Мијалковиќ, Саша. „Теоријско одређење појма трговине људима“. *НБП - Београд 9(2-3)* (2004): 173 - 192;

47. Мијаковиќ, Саша. „Трговина људима као облик организованог криминала - основна феноменолошка обележја“. *НБП - Београд 12(1)* (2006): 109 - 130;

48. Mijalkovic, Sasa. “ Vidovi i oblici trgovine ljudima “*Spisanie Temida, br.1 (2005):* 33 – 42;

49. Milivojevic, Sanja, i Sharon Pickering. “ Football and Sex: the 2006 FIFA World Cup and Sex Trafficking” *SpisanieTemida, br.2 (2008):* 21 – 46;

50. Nikolic – Ristanovic, Vesna. “ Ilegalna trzista, trgovina ljudima i transnacionalni organizovani kriminalitet” *Spisanie Temida, br.4 (2003):* 3 – 13;

51. Nikolic – Ristanovic, Vesna, i Copic Sanja“ Krivicno djelo Trgovina ljudskim bicima – medjunarodni dokumenti, savremena zakonska resenja i Krivicni Zakon SR Jugoslavije” *SpisanieTemida, br.1 (2002):* 34 – 46;

52. Nikolic – Ristanovic, Vesna. “ Trgovina zenama u Srbiji i okolnim zemljama: obim, karakteristike i uzroci” *SpisanieTemida, br.1 (2002):* 3 – 11;

53. Неткова, Бистра. "Анализа на трговијата со луѓе од аспект на организираниот криминал"*Организиран криминал – правни аспекти (2008):* 137 – 155;

54. Obokata, Tom. " A Human Rights Framework to Address Trafficking of Human Beings " *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

55. Olsen, Harald Haugom. "The Snake from Fujian Province to Morecambe Bay: An Analysis of the Problem of Human Trafficking in Sweated Labour". *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice 16* (2008): 1 - 37;

56. Paoli, Letizia. "The paradoxes of organized crime". *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 51- 97;

57. Perrin, Benjamin. "Trafficking in persons and transit countries". *Trends of Organized Crime 14* (2011): 235 - 264;

58. Petrovic – Mrvic, Natasa "Trgovina ljudskim bicima kao specificna forma zenske migracije" *Spisanie Temida, br.1 (2002):* 13 – 33;

59. Petrunov, Georgi. "Managing money acquired from human trafficking: case study of sex trafficking from Bulgaria to Western Europe". *Trends of Organized Crime 14* (2011): 170-172;

60. Пикоти, Лоренцо. "Борбата против трговијата со луѓе во глобалниот свет – кривично – правен преглед - " *Twining project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor's Office, Collection of texts (2009):* 291 – 303;

61. Радовиќ, Ненад. „Трговина женама и децом у циљу сексуалне експлоатације". *НБП - Београд 12(3)* (2007): 95 - 112;

62. Richards, Kathy. "The Trafficking of Migrant Workers: What are the Links between Labour Trafficking and Corruption". *International Migration 42(5)* (2004): 147 - 168;

63. Рози, Елизабета. " Кон усогласување на одредбите за трговија со луѓе и крумчарење мигранти: Борба против трговијата со луѓе, стратегии и соработка во истрагата " *Twining project: Fight against Organized Crime and Corruption Unit – Public Prosecutor's Office, Collection of texts (2009):* 364 – 382;

64. Sangiovanni, Mette Eilstrup, and Calvert Jones. “Assessing the Dangers of Illicit Networks: Why al-Qaida May Be Less Threatening Than Many Think”. *International Security 33(2)* (2008): 7 - 44;

65. Scarpa, Silvia. “Fighting Against Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation: The Actions in Western Europe".*10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

66. Scheper Hughes, Nancy. “The ends of the body: Commodity fetishism and the Global Traffic in Organs”. *SAIS Review 22(1)* (2002): 61 - 79;

67. Scheper Hughes, Nancy. “The Global Traffic in Human Organs”. *Current Anthropology 41(2)* (2000): 1-59;

68. Schloenhardt, Andreas. “Organized Crime and the business of migrant trafficking: An economic analysis”. *Crime, Law & Social Change 32* (1999): 203 - 233;

69. Shelley, Louise. “Trafficking in Women: The Business Model Approach”. *The Brown Journal of World Affairs 10(1)* (2003): 119 - 131;

70. Shelley, Louise. “The Relationship of Drug and Human Trafficking: A Global Perspective”. *European Journal on Criminal Policy Research 18* (2012): 241 - 253;

71. Shelley, Louise. “The trade in people in and from the former Soviet Union”. *Crime, Law & Social Change 40* (2003): 231 - 249;

72. Siegel, Dina. “Human trafficking and legalized prostitution in the Netherlands” *Spisanie Temida, br.1 (2009):* 5 – 16;

73. Siegel, Dina. “Mobility of Sex Workers in European Cities”. *European Journal on Criminal Policy Research 18* (2012): 255 - 268;

74. Smartt, Ursula. “Human Trafficking: Simply a European Problem?”. *European Journal on Crime, Criminal Law and Criminal Justice 11(2)* (2003): 164 - 177;

75. Smith, Linda. “The Problem of DEMAND” *10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

76. Surtees, Rebecca. “Traffickers and Trafficking in Southern and Eastern Europe: Considering the Other Side of Human Trafficking”. *European Journal of Criminology 5(1)* (2008): 39 - 68;

77. Spapens, Toine. “Macro Networks, Collectives, and Business Processes: An Integrated Approach to Organized Crime”. *European Journal of Crime 18* (2010): 185 - 215;

78. Stanojoska Angelina. “Theory of push and pull factors: A new way of explaining the old” Book of International Scientific Conference (Archibald Reiss Days), Belgrade, 2012;

79. Stanojoska Angelina.“Trafficking in Human Beings and the post – conflict Balkans as suitable grounds for continuous criminal process” Book of the International Conference (“Security in the Post-Conflict (Western) Balkans: Transition and Challenges by the Republic of Macedonia”), Skopje, 2011;

80. Станојоска, Ангелина. “Компаративен преглед на кривично – правните решенија на трговијата со луѓе и крумчарењето мигранти во поранешните југословенски републики”*Годишник на Факултетот за безбедност (2010):* 365 – 376;

81. Станојоска, Ангелина. "Поимно разграничување на трговијата со луѓе од други девијантни појави " *Годишник на Полициската академија (2008):* 460 – 470;

82. Станојоска, Ангелина. "Трговијата со луѓе и жените како нејзини најчести жртви " *Годишник на Полициската академија (2007):* 448 – 462;

83. Стојановски, Трпе. "Елементи за превенција и сузбивање на трговијата со луѓе" *Родова перспектива на трговијата со луѓе* (2004): 111 – 126;

84. Tavakoli, Nina. “A Crime that Offends the Conscience of Humanity: A Proposal to Reclassify Trafficking in Women as an International Crime”. *International Criminal Law Review (9)* (2009): 77 - 98;

85. Tyldum, Guri, and Anette Brunovskis. “Describing the Unobserved: Methodological Challenges in Empirical Studies on Human Trafficking”. *International Migration 43(1/2)* (2005): 17 - 34;

86. Verhoeven, Maite, and Barbra van Gestel. “Human Trafficking and criminal investigation strategies in the Amsterdam Red Light District”. *Trends of Organized Crime 14* (2011): 148 - 164;

87. Vermuelen, Gert. International Trafficking in Women and Children. *International Review of Penal Law, AIDP* (2001):837 – 883;

88. Vermuelen, Gert,Y. Van Damme, W. De Bondt. “Perceived involvement of “organized crime” in human trafficking and smuggling".*10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, ISISC* (2010);

89. Voorhout, Jill E.B. Coster van. “Human Trafficking for labour exploitation: Interpreting the crime” *Utrecht Law Review, Vol.3 (2007):* 44 – 69;

90. Wheaton, Elizabeth M., Edward J.Schauer, Thomas V.Galli. “Economics of Human Trafficking”. *International Migration 48(4)* (2010): 114 - 141;

91. Williams, Phil, and Roy Godson. “Anticipating organized and transnational crime”. *Crime, Law & Social Change 37* (2002): 311 - 355;

92. Шикман, Миле. „Трговина људским бичима као делатност транснационалног организованог криминалитета“. *БПГ 7(3-4)* (2011): 409 - 422;

93. Штулхофер, Александар. " За поимот и за некои аспекти на трговијата со жени и деца заради сексуална експлоатација " *Родова перспектива на трговијата со луѓе (2004):* 155 – 166.

**<u>Публикации на меѓународни и домашни организации</u>**

1. Council of Europe. *Organized Crime situation report.* 2004;

2. Dutch Ministry of Foreign Affairs. *Trafficking in Human Beings: Seventh Report of the Dutch National Rapporteur*. Ministry of Foreign Affairs: Tha Hague, 2009;

3. Europol. *Trafficking in human beings in the European Union*. Knowledge product. The Hague, 2011;

4. Global Alliance Against Traffic in Women. *Collateral Damage: The impact of Anti – Trafficking Measures on Human Rights around the World.* Bangkon: Amarin Printing and Publishing, 2007;

5. International Centre for Migration Policy Development. *Прирачник за органите надлежни за примена на законите за борба против трговијата со луѓе.* УНДП: Виена, 2008;

6. International Labour Organization. *Forced labour and human trafficking.* ILO Publications, Geneva, 2005;

7. International Labour Office. *Globalization and the illicit market for human trafficking: an empirical analysis of supply and demand.* Geneva: ILO, 2006;

8. Меѓународна Организација за Миграција. *Казнено – правна регулатива и анализа на случаи на трговија со луѓе и крумчарење на мигранти од Македонија,Србија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.* Скопје: ИОМ, 2007;

9. Меѓународна Организација за Миграција. *Компаративна анализа на меѓународните инструменти и македонското законодавство за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција.* Скопје: IOM, 2007;

10. Меѓународна Организација за Миграција. *Кон Прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговијата со луѓе.* Скопје: IOM, 2005;

11. Меѓународна Организација за Миграција. *Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција*. Скопје: IOM, 2005;

12. Министерство за финансии на Република Македонија. Дирекција за спречување на перење пари и финансирање тероризам. *Прирачник за спречување перење пари и финансирање тероризам*. Пронто Принт: Скопје, 2006;

13. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2005;

14. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2007;

15. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2008;

16. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2009;

17. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2010;

18. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2011;

19. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. *Годишен Извештај*. Скопје, 2012;

20. Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за периодот 2005 - 2008 година*. Влада на РМ: Скопје, 2006;

21. Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија за периодот 2009 - 2012 година*. Влада на РМ: Скопје, 2009;

22. Национален Известувач. *Годишен Извештај*. Скопје, 2011;

23. Национален Известувач. *Годишен Извештај*. Скопје, 2012;

24. Организација за безбедност и соработка во Европа. *Прирачник за ревизија на законските регулативи против трговијата со луѓе.* Скопје: OSCE/ODIHR, 2001;

25. OSCE. *Analyzing the business model of trafficking in human beings to better prevent the crime.* Ueberreuter: Vienna, 2010;

26. Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција. *Нелегална миграција и криумчарење мигранти во регионот на Западен Балкан.* Стразбур – Женева: 2006;

27. Совет на Европа, и Меѓународна организација за миграција. *Трговија со луѓе во регионот на Западен Балкан.* Стразбур – Женева: 2006;

28. Совет на Европа. *Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати од криминал.* Совет на Европа: Скопје, 2006;

29. United Nations. Council of Europe. *Trafficking in organs, tissues and cells and trafficking in human beings for the purpose of the removal of organs.* United Nations/Council of Europe: Strasbourg, 2009;

30. United Nations. *Criminal justice responses to the smuggling of migrants and trafficking in persons: links to transnational organized crime.* 12th United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice.Salvador, Brasil, 12-19 April 2010**.**Working paper prepared by the Secretariat;

31. United Nations Office on Drugs and Crime. *International Framework for Action to Implementing the Trafficking in Persons Protocol.*New York: United Nations, 2009;

32. United Nations Office on Drugs and Crime. *Legislative Guides for Implementation of the United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocol thereto.* New York: United Nations, 2004;

33. United Nations Office on Drugs and Crime. *Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries.* Global Programme against Transnational Organized Crime;

34. United Nations Office on Drugs and Crime. *Trafficking in Persons: Global Patterns.* Vienna: UNODC, 2006;

35. United Nations Office on Drugs and Crime. *Toolkit to Combat Trafficking in Persons.*Vienna: UNODC, 2008;

36. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *An Introduction to Human Trafficking: Vulnerability, Impact and Action.* New York: United Nations, 2008;

37. UN GIFT. *Corruption and human trafficking.* Background paper;

38. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *Global Report on Trafficking in Persons.* New York: United Nations, 2009;

39. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *Human Trafficking: An overview.* New York: United Nations, 2008;

40. UN GIFT. *Human Trafficking for the removal of organs and body parts.* Background paper;

41. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *Needs Assessment Toolkit on the Criminal Justice Response to Human Trafficking.* New York: United Nations, 2010;

42. UN GIFT. *Profiling the traffickers.* Background paper;

43. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *Trafficking in Persons: Analysis in Europe.* Vienna: UNODC, 2009;

44. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *Trafficking in Persons to Europe for sexual exploitation.* Vienna: UNODC, 2010;

45. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking. *The Globalization of Crime: A Transnational Organized Crime Threat Assessment.* Vienna: UNODC, 2010;

46. United Nations Office on Drugs and Crime. UN Global Initiative to Fight Human Trafficking.*UN Handbook for Parliamentarians.*Vienna: UNODC, 2009;

47. Vermuelen, Gert, Y. Van Damme, W. De Bondt. *Organized crime involvement in trafficking in persons and smuggling of migrants.*United Nations Office on Drugs and Crime, Antwerpen – Apeldoorn – Portland: Maklu, 2010;

**<u>Закони и меѓународни документи</u>**

1. Council of Europe. *Convention on Action against Trafficking in Human Beings*;

2. Council of Europe. *Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse;*

3. Council of Europe. *European Convention on Human Rights*;

4. Закон за кривична постапка. Службен Весник на Република Македонија, бр.150/2010;

5. International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic;

6. International Convention for the Suppression of the White Slave Traffic;

7. International Convention for the Suppression of the Traffic of Women and Children;

8. International Convention for the Suppression of Traffic in Women of Full Age;

9. International Labour Organization. *Convention concerning Forced or Compulsory Labour;*

10. League of Nations. *International Slavery Convention*;

11. Кривичен законик на Република Македонија. Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09;

12. Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery;

13. United Nations. *Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others;*

14. United Nations. *Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women;*

15. United Nations. *Optional Protocol to the Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women;*

16. United Nations. *Convention against Transnational Organized Crime*. 2000;

17. United Nations. *Convention on the Rights of the Child and it's optional protocols;*

18. United Nations. *International Covenant on Civil and Political Rights*;

19. United Nations. *International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights*;

20. United Nations. *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children,* supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, 2000;

21. United Nations. *Protocol against Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air*, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, 2000;

22. United Nations. *Universal Declaration of Human Rights*;

23. United Nations. World Conference on Human Rights (Vienna, 14 – 25 June, 1993).*Vienna Declaration;*

24. United Nations. World Conference on Women (Beijing, 4 – 15 September, 1995).*Beijing Declaration;*

25. U.S. Congress. *Victims of Trafficking and Violence Protection Act of 2000.*Public Law 106 – 386 – Oct. 28, 2000;

26. U.S. Congress. *Trafficking Victims Protection Reauthorization Act of 2005.*Public Law 109 – 164 – Jan. 10, 2006.